ALEXANDER THE GREAT

Славе Катин
Георги Еранов

АЛЕКСАНДЪР МАКЕДОНСКИ

ALEXANDER THE GREAT

СЛАВЕ КАТИН
ГЕОРГИ БРАНОВ

АЛЕКСАНДАР МАКЕДОНСКИ

МАКЕДОНСКА ИСКРА
МИ
1997

ИЗДАВАЧ „МАКЕДОНСКА ИСКРА“ – СКОПЈЕ

ЕДИЦИЈА: ИСТОРИЈА

ULRICH WILCHEN

ALEXANDER THE GREAT

(превод од англиски на македонски јазик)

СЛАВЕ КАТИН
ГЕОРГИ БРАНОВ

АЛЕКСАНДАР МАКЕДОНСКИ

РЕЦЕНЗЕНТИ:
Д-р. Владан Велков
Александар Донски

Сите права се задржани. Ниту еден дел од оваа книга неможе да се репродуцира или пренесува во која било форма или на кој било начин, електронски или механички, вклучувајќи фотокопирање, снимање или какви било информации за складирање и пронаоѓање систем без писмена согласност од авторот, освен за вклучување на кратки и документирани цитати во списание.

СЛАВЕ КАТИН
ГЕОРГИ БРАНОВ

АЛЕКСАНДАР МАКЕДОНСКИ

ВОВЕД

КОЈ Е АЛЕКСАНДАР III МАКЕДОНСКИ (ВЕЛИКИ)?

Александар Македонски во историјата ќе остане запаметен како најголем светски војско-водец и непобеден воин, творец на новиот свет, на новиот поредок. Римјаните кои ќе тргнат по стапките на античките Македонци, ќе го наречат „Alexander Magnus“ (Александар Велики). Така и германскиот научник Улрих Вилкен (Ulrich Wilcken) во историскиот роман ќе го нарече ALEXANDER THE GREAT (Александар Велики), кој е преведен и приспособен од англиски на македон-ски јазик како „Александар Македонски“ од Славе Николовски-Катин, а во издание на Издавачката куќа „Мисла“ од Скопје, во 1988 година, на 390 страници, во кое посебен придонес имаа Христо Андоновски и Божо Стефановски. Овој превод беше прво дело за Античка Македонија на македонски јазик.

Во ова дело како втор автор е приклучен Георги Бранов, доктор по ветеринарни науки кој педесетина години живее во Канада и ја брани вистината за Македонија, особено за Античка Македонија. Тој е еден од Македонците кој најмногу се запознал и го почитува историскиот развој и вистината за Александар Македонски и Античка Македонија од автори кои пишуваат за оваа проблематија на англиски јазик. Затоа него-вите сугестии и придонес имаат големо значење во ова дело, насловено „Александар Македонски“.

Според историските документи Александар III Македонски е роден на 22 јули 356 година во македонската престолнина Пела, на 20 години станал македонски цар, а починал во Вавилон на 13 (според некои на 10) јуни 323 година пред Христа. Неговото воено дело, според кое е познат во целиот свет, се изучува во воените академии на сите држави. Мнозина војсководци по него се обидувале да ги повторат неговите дела, од Цезар, преку Јустинијан Први, Наполеон Бонапарта до Хитлер. Ромеија (Византија) и Османлиското (турско) Царство го применија системот на военото устројство и начинот на изборот на император - најдобриот од најдобрите.

Александар Македонски детството го минал на дворот во Пела. Во 343 година бил испратен во малото место Миеза, каде се школувала младата античка македонска аристократија. Во селото кое било оддалечено околу 40 километри југозападно од Пела и во кое се наоѓал гимназиум каде младите антички Македонци го вежбале своето тело и го развивале својот ум, тогаш работел 40-годишниот филозоф Аристотел.

Во Миеза, Александар останал три години, а за тоа време се стекнал со познавања од: поезијата, астрономијата, геометријата, реториката и др. Покрај својот ум, Александар го вежбал и своето тело натпреварувајќи се во гимнастички вежби, јавање и лов.

Времето поминато со учителот Аристотел, имало големо влијание во психофизичкиот развој на Александар. Аристотел ја поттикнал неговата љубов кон природните науки, историјата и уметноста, а како иден владател и првосвештеник ќе го подготви за општественото уредување на државата, односот кон поданиците и верата, животот и смртта. Покрај учењата на Аристотел,

врз развојот на Александар огромно влијание имале неговата мајка Олимпија, татко му Филип и војсководецот Антипатер.

Воспитуван во духот на славните јунаци Хераклe и Ахил, за кои сметал дека се негови предци, Александар Македонски никогаш не се одвојувал од Илијадата. Во текот на источната кампања,Илијадата ќе му биде вечна инспирација, мотив да ги издржи и најголемите животни премрежиња. Стекнатите спознанија во младоста во Миеза и желбата да се спознаат и разоткријат тогашните светски мистерии, а поттикнати од јуначките дела на неговите предци, подоцна ќе предизвикаат воениот поход на Исток повеќе да личи на научна експедиција отколку вистинско освојување на светот.

Инаку, Античка Македонија на Филип Македонски била унија на кралства и кнежества под негова врховна власт. Филип со меч и со дипломатија го покорил целиот Балкан и извршил подготовки за походот на Исток. Со наметнатиот договор за мир со покорените хеленски полиси, Филип нив ги обврзал на верност кон царот и врховната власт и подреденост на военото командување; давање даноци; квота на војници заедно со синовите на највидните првенци и нивна издршка, и учество во задушување на бунт на кој и да е од потписниците на мирот со царот.

Филип II Македонски (359–336 година пр. н.е.) бил македонски крал од династијата Аргеади, син на кралот Аминта III. На 23-годишна возраст станал крал на античката Македонска држава. Се стекнал со слава на генијален стратег, храбар војсководец и одличен дипломат. Во бракот со Олимпија се родил синот Александар III Македонски, а од бракот со Филина го добил синот Филип III Аридеј. Како македонски крал и војско-

водец спроведува воени реформи, создава професионална војска, пешадија (македонска фаланга) и од придружниците и другарите на кралот благородничка коњица (хетајри).

Филип II Македонски бил избран за главен војсководец на Коринтскиот сојуз, по што тој се подготвувал да ја поведе македонската војска и војската на Елините против Персиското Царство. Но во 336 година пр.н.е бил убиен во престолнината Аjга. Во историјата тој е забележан како најголем крал во Европа.

Александар Македонски, пак, го применил моделот на мир на својот татко, но многу посуптилно. Тој три пати нудел мир, а четвриот пат уништувал. На доброволно приклучените кон него им давал релативна слобода и власт, па дури и поголеми територии отколку што имале претходно. Но, насекаде, без разлика, оставал свој благајник и свој командант со воен екипаж, иако се прогласувал за ослободител.

Филип Македонски прв ги покорил Хелените (античките Грци). Тоа бил на 2 август 338 година пред Христа кај Херонеја, каде тој се одмаздил на непослушните антички Грци. Ропството траело 170 години, сé до 168 година пред Христа кога е ставен крај на македонскиот ропски јарем над Хелените.

Првиот воен поход на Александар Македонски му бил против племето Мајди, кое живеело во горниот тек на реката Стримон. Во знак на својата прва победа, тој го основал градот Александрополис. Со воена слава се стекнал на 18-годишна возраст, кога учествувал во битката кај Херонеја и заедно со својот татко, во 338 година ги победуваат здружените сили на Хелените.

Во 336 година, бил убиен македонскиот крал Филип II. По кампањата за ликвидирање на заговорниците, Македонското собрание, кое било

под оружје, во летото го прогласило Александар за владетел на Античка Македонија. Александар Македонски имал 20 години кога се устоличил на македонскиот престол.

Веста дека бил убиен Филип, најголемиот непријател на Хелените, предизвикала радост во Атина, а Демостен со големо потценување престолонаследникот Александар го нарекол маргит (глупчо). Но, радоста во Атина била со краток век. Првата воена акција на Александар била насочена токму кон хеленските полиси кои се обидувале да ја отфрлат македонската власт. Истата година тој организирал поход низ Тесалија и Делфиската амфиктионија, Теба и Атина, до Пелопонез и ги присилил да го почитуваат Коринтскиот договор, според кој тој ја наследил титулата „Хегемон на Хелените“.

Во 335 година Александар тргнал во поход кон Тракија, Дарданија, сé до реката Дунав и ги поразил Трибалите и нивните сојузници Гетите. По примањето на нивното поклонство, ги поразил и илирските племиња, па преку Пајонската територија се спуштил во Хелада, каде што повторно избувнувало антимакедонско востание, поттикнато од Демостен. Александар ја срамнил со земја побунетата Теба, а исплашената Атина го прифатила понудениот мировен договор.

Откако го осигурал мирот на Коринтската лига, Александар ги приклучил хеленските кон македонските војски, Со тоа Александар, покрај другото, имал за цел да ги намали хеленските воени ефективи кои евентуално би можеле да го искористат неговото отсуство и да ја загрозат Античка Македонија. Меѓутоа, Александар Македонски во нив никогаш немал доверба, а во текот на борбите на хеленските војници им доверувал маргинална улога.

По навлегувањето во Мала Азија, првиот воен судир со персиската војска се случил во 334 година кај реката Граник. Првата победа му го отворила патот низ Мала Азија. Ги освоил Милет и Халикарнас кои дале отпор и лидискиот град Сард кој се предал без борба, а потоа и градовите на Ајолида и на Јонија, меѓу кои е Ефес, каде што е дочекан како ослободител од персиското ропство.

Во 333 година пр..н.е. во Гордион, Александар го пресекол со меч легендарниот јазол на јаремот на кралот Мида. Пресекувањето на неразврзливиот јазол, било знак дека тој ќе го исполни пророштвото и дека ќе загосподари со Азија.

Првиот знак бил големата победа кај Ис во 333 година со персиската војска, во која персискиот цар Дариј избегал од бојното поле. Оваа победа му го отворила патот на Александар кон Египет. На тој пат Александар ја освојил Сирија, Феникија и Палестина, а единствено водел борби за освојување на феникискиот град Тир и палестинскиот град Газа, додека без борба го зазел египетскиот град Мемфис.

Во Египет, Александар бил дочекан како ослободител. Египетските свештеници од храмот во оазата Сива, го прогласиле за син на Амон и наследник на фараоните. Во зимата 332/331 година пр.н.е. на делтата на реката Нил го основал градот Александрија. Обликот на градот бил направен според хламидата, наметка на мекедонскиот војник, а според древниот македонски обичај територијата на градот Александар ја исцртал со брашно од јачмен.

Походот го продолжил во пролета 331 година. Преку Сирија македонската војска влегла во Месопотамија. Ги минал реките Еуфрат и Тигар и повторно се судрил со персијската војска кај

Гавгамела. Во оваа битка тој ја извојувал третата голема победа, во која катастрофално ја поразил војската на Дариј III. По оваа победа Александар се прогласил за цар на Азија и без борба, царски влегол во древниот град Бабилон, главен центар на Персиското Царство. Потоа ја освоил втората персиска престолнина Суза и главниот град Персепол во кој била запалена палатата на Ксеркс.

Откако Дариј бил погребан со царски почести, Александар продолжил да го гони, овојпат сатрапот Бес кој се прогласил за персиски цар под името Артаксеркс IV. Патот го водел кон север, во областите на југ од Касписките Планини, каде ги освоил Екбатана, Хирканија, Партија, Арија, Дрангијана и Арахосија.

За време на овој дел од кампањата ги изградил градовите Александрија во Арахосија (Кандахар) и Александрија во Кавказ. Александар во освоените територии најчесто ја задржал домашната воена и цивилна власт. Античките Македонци единствено ја имале финансиската власт, додека, пак, македонската војска ја контролирала освоената територија.

Од 330 до 327 година пр.н.е. Александар Македонски престојувал во Бактрија и во Согдијана. Во потрага по сатрапот Бес, Александар заминал кон Бактрија преку преминот Хинду Куш. Во 330 година, Бес кој ја преминал реката Окс (Аму Дарја) бил фатен и убиен на персиски начин..

На својот пат кон крајот на светот, Александар Македонски во 327 година во Бактрија се оженил со Роксана една од најубавите жена на Иран. Потоа, во 326 година, тој заминал во поход кон Индија. Во пролетта ја минал реката Инд, а саканата Роксана му родила машко дете кое наскоро починало. Дури по смртта на Александар,

Роксана или „ќерка на светлината“, која ќе го роди синот Александар IV.

Во летото истата година, на реката Хидасп, Александар ја водел последната голема битка со Абисар кралот на Кашмир и Пор кралот на Пенџаб. По големата величествена победа, кон своето царство ги присоединил и земјите од онаа страна на Инд. Во чест на големата победа го основал градот Никаи (Победа), а во негова близина го изградил и градот Букефала во спомен на својот починат славен и верен коњ Букефал.

Александар имал намера да ја освои државата Ганг и да го открие „крајот на светот“. Тргнал кон исток, но по пристигнувањето на бреговите на реката Хифас, војската која била психофизички исцрпена, одбила да продолжи. Александар ја послушал античката македонска војска, а на брегот на реката подигнал дванаесет олтари на македонските богови и столб на кој пишувало: „Овде застанал Александар“.

Враќањето на војската започнало со давање жртви на боговите. На враќање, на брегот на реката Инд, основал нов град Александрија, кој бил уште еден од 17 градови кој ќе го носи неговото име. На брегот на Индискиот Океан, Александар ја поделил војската на два дела. Војската под негово водство се движела по тешкиот пустински предел покрај брегот, додека другиот дел под водство на Неарх пловел 80 дена со флотата.

Во 324 година, по тешки искушенија, целата македонска војска се собрала во Суза. Воден од мислата да создаде светска држава, притоа почитувајќи ги другите култури, Александар во Суза ја организирал „Големата свадба на народите“, на која се венчавале 10.000 антички

Македонци со Персијки. Меѓу нив бил и самиот Александар, кој се оженил со ќерката на Дариј.

Александар Македонски починал на 11 јули 323 година пр.н.е. во Вавилон, од каде неговото тело е пренесено во Александрија. Тој останува запаметен како најголем светски војсководец и непобедив воин, творец на новиот свет, на новиот поредок...

Исто така, во ова дело се приклучени наслови за Македонија со кои авторите се потрудија да фрлат светлина, особено на висината за античкиот период. Така, во додатокот под наслов „Македонска голгота“ се вели дека Маке-донија има долга и макотрпна историја проткаена со бескрајни страници, но и со премрежиња и турбуленции кои оставиле длабоки траги кај населението што со векови живее на овие простори. Таа е земја каде древните Македонци и римската цивилизација оставиле бројни траги, а потоа христијанството и исламот долго се бореле за превласт.

Иако наклонетоста на судбината на Македонецот најчесто го заобиколувала, сепак, сета логика на долгата и вековната исцрпувачка борба, проследена со востанија и порази, со пркоси и победи, ги научила Македонците успешно да ја совладуваат суровата школа на опстанокот.

Својата вековна слобода, но само во Вардарскиот дел, Македонија ја извојувала во Народоослободителната борба што ја водела во текот на Втората светска војна против германско-бугарско-италијанските фашистички окупатори. Во текот на, речиси, петгодишната крвава борба, во која Македонија дала преку 20.000 жртви, во заедница со другите југословенски и балкански народи, македонскиот народ, за првпат во својата историја се здобил со своја државно-правна

заедница, тогашна Народна Република Македонија, подоцна трансформирана во Социјалистичка Република, а по распаѓањето на бившата Сојузна Република Југославија – во Република Македонија, како самостојна и независна држава, а денес како Република Северна Македонија.

И покрај негативните појави на политички, општествен, стопански, културен и друг развој, Македонецот, како библиски народ има верба, надеж и љубов кон иднината и се надева дека ќе опстои сé додека светот светува и векoв векува.

Во текстот за потеклото – етногенезата на древните Македонци се вели дека древните или античките Македонци припаѓаат на семејството на индоевропските народи, кои се творци на неолитската култура на Централниот Балкан во периодот меѓу 6 500 - 5 500 години п.н.е. Како проиндо-европски народ, Македонците ја населиле „Стара Европа" најпрво деловите на Средно Подунавје. Потоа, од Панонската Низина нивните племиња се доселувале на југ и го населувале теснецот на Централниот Балкан по должината на сливот на реките Бистрица, Вардар, Струма и Термајскиот Залив, кога биле создадени погодни климатски услови, по последниот леден период.

Зборот македон е од протоиндоевропско потекло и припаѓа на палеоглосологијата на Балканот. Етимолошки постојат две варијанти. Според прата, како сложен збор, што значи богат, блажен, среќен, добростоечки и суфиксот ар, навистина, точно. Другиот дел кеднос, грижлив, чесен, т.е. благороден.

Во делот за Македонија во периодот на Филип Втори Македонски се вели дека тој владеел со Македонија во периодот 359-336 година п.н.е. Филип Македонски многу брзо ги ликвидирал династичките борби и покажал високи државнички

и воени способности. Појавата на оваа цврста личност во историјата, е поврзана со најголемите политички и воени успеси кои почнала да ги доживува Македонија, која многу брзо ја претворил во најмоќна држава на тогашниот свет.

Филип II Македонски ја проширил својата држава на исток и ги ослободил Амфипол (357 година п.н.е.), Метона (354 година п.н.е.), Пинд, Потидеја и други градови на македонските брегови на Егејското Море, со што обезбедил излез на Средоземјето. Енергичниот крал на Македонија, уште на почетокот на владеењето, радикално го неутрализирал влијанието на Атина во внатрешната политика на Македонија и обезбедил влијание над соседните Илири, Пеони, Трибали, Тракијци, Тесалци, Олинчани и Епирци. Со растот на авторитетот на Филип и во самата Елада, се појавило промакедонско движење.

Чувајќи ја старата македонска традиција на својата Аргеадска династија, Филип II Македонски бил врховен војсководец, судија, како и првосвештеник. На собрание на војската се решавале сите важни прашања.

Централизацијата на власта која ја спровел Филип имала општествена и интегративна функција. Ова многу критички го изнел Демостен (384-322) од Атина, кој рекол дека „Филип Македонски бил истовремено војсководец, благајник, политичар, дипломат и дека никој никогаш така не ја зоврел Европа како синот на Аминт".

Во 348 година п.н.е. Демостен ја одржал „Првата Филипика", каде првпат отворено истапил против Филип и ги повикал Елините во борба против „македонските варвари". Тој отворено истакнувал дека секој е варварин ако не е Елин, што уште еднаш потврдува дека Елините од тој период, Македонците не ги сметале за Елини.

Непријателствата се ределе и покрај „Филократовиот мир", кој следел меѓу Атина и Македонија, во 346 година п.н.е.

Филиповата смрт била ненадејна. Но неговите дела биле грандиозни. Тој пред сè ја изградил моќна Македонија, со сила ги смирил Елините и зад себе го оставил достојниот наследник Александар Македонски, чија слава не ја помрачила славата на неговиот истотака голем татко, Филип II Македонски.

Во ова дело е поместена рецензијата на авторот на овие редови за историскиот роман „Александар Македонски" од д-р Владан Велков, чиј рецензенти се Славе Николовски-Катин и Александар Донски, е луксузно издание на Книгоиздателството "Македонска искра" од Скопје. Тоа претставува значаен придонес и прилог кон осветлувањето на голем број аспекти за древноста и континуитетот на историската вистина за Античка Македонија.

Кај нас, за жал, античкиот период не бил често и континуирано истражуван, затоа бројот на делата кои се занимаваат со оваа прашање е многу мал, за разлика од нашите јужни и други соседи, кои со векови копаат по "нивната", за да ја замаглат и покријат нашата вистина. Меѓутоа, вистината неможе да се закопа во земја, кога тогаш таа ке излезе на површина. Таков е случајот со вистината за Античка Македонија и древните Македонци, за кои е напишано толку многу литература што може да се спореди со литературата за Светото писмо-Библијата.

Славе Катин

1.
УЛРИХ ВИЛКЕН: ВОВЕД ВО СТУДИИТЕ ЗА АЛЕКСАНДАР ТРЕТИ МАКЕДОНСКИ (ВЕЛИКИ)

Денес, ние Македонците, правдољубивите научници и реалниот свет сме сведоци на тоа дека одреден број земји, „потковани“ со ненаучни факти и невистини, а поддржани од некои глобални политики на одредени големи сили, за жал, сакаат да ни го одземат нашето минато, сегашност и иднина и да ја изменат античката македонска библиска и денешна историја, култура, религија, јазик и македонската вистина

Александар Македонски е еден од најпочитуваните меѓу големите луѓе на историјата, бидејќи неговото дело било остварено во многу краток период. Неговото име и дело се раширило од Античка Македонија до Индија. Како голем освојувач ја импресионирал човечката имагинација на сите раси. Го подјармил Исток и навлегол во Индија. На тој начин неговата моќ влијаела врз историјата на човештвото па дури и до наше време.

Често се поставуваат прашањата: Од каде потекнува Александар Трети Македонски? Кој е Александар Велики? Какво е неговото потекло, образование, воспитание? На која нација ѝ припаѓал? Кои биле неговите знаења, умеења, намери, погледи, постигнувања?

Каков бил неговиот однос кон културите надвор од античката Македонска Империја кон античките Елини-Грци и кон нивните градови-држави (полисите), кон империите и кон глобалниот свет, воопшто? Како тој станал најголем освојувач во историјата на човештвото?

Следувале многу прашања, многу одговори од илјадници научници, намерници и вљубеници на ликот и делото на големиот Александар Трети Македонски, кој оставил вечни траги и за кој се напишани милиони страници почнувајќи од дамнешните папируси па до денешните современи средства за информирање.

Затоа, ние имаме цел да ги запознаеме читателите со дел од вистината за Александар и неговата античка Македонска Империја, за политичките, културните, интелектуалните и економските прилики, неприлики и тенденции на античките Елини-Грци и тогашниот свет во IV век пред Христа. Да ги запознаеме како Александар Трети Македонски отворил една нова страница во историјата на светот и со своето животно дело го определил развитокот во многу наредни векови.

Во 75 продолженија кои предходно беа објавени во порталот „Македонска нација“, ќе се обидеме да го претставиме историскиот роман „Александар Велики“ од германскиот научник Улрих Вилкен (Ulrich Wilcken ALEXANDER THE GREAT), преведен и приспособен од англиски на македонски јазик како „Александар Македонски“ од Славе Николовски-Катин, а во издание на Издавачката куќа „Мисла“ од Скопје, во 1988 година, на 390 страници. Овој превод беше прво дело за Александар Македонски на македонски јазик.

Тој широко ги отворил портите ние денешните Македонци да се запознаеме со нашето минато, а таа дејност да ја продолжат бројни

интелектуалци, затоа што во овој долг временски период, богат со настани, само два народа се нарекле Македонци: античките Македонци и сегашните Македонци кои денес живеат на просторот на етничка Македонија и на сите континенти во светот.

Често за преведувачот на вака голем, значаен и одговорен превод, на латински се вели – „traduttore, traditore„ („преведувачот е издајник“), сепак, авторот на овие редови се потрудил да биде реален и преводот на романот од англиски на македонски јазикда го приспособи за читателите на македонски јазик, со цел истиот да биде најсоодветен на оригиналот на преводот од германски на англиски јазик.

Уште на почетокот авторот Урлих Вилкен во романот „Александар Македонски“, пишува дека откако се појавила од донекаде заостанатата античка македонска нација, за да присвои за себе поголем дел од античка Елада-Грција и Азија, Александар Македонски сигурно загосподарил со човековата имагинација.

Природата на оваа појава е комплексен феномен. Доволно е да се каже дека има многумина со името Александар, веројатно, толку многу колку што ги има и оние што покажуваат голем интерес за него. Сложената природа на Александар бара јасно испитување на дилемата во која современиот научник често се наоѓа самиот себеси.

Се доаѓа до сознанието дека навистина се работи за тројца Александровци, или подобро речено, Александар на три понекогаш јасни, понекогаш нејасни посебни нивоа. Првиот од нив е митолошко-романтичниот Александар. Тој е Александар Македонски кој се појавува во литера-

турата на осумдесет нации од Британските Острови до Малајскиот Полуостров.

Тој е херој во многу религиозни и световни дела во европскиот средновековен романтичарски период, квазипосветен човек во талмудската литература, Бог во Коптската црква на Египет, а и нов Ахил во грчката традиција.

Неговото персиско име Искандар, сé уште предизвикува необични реакции кај некои народи кои се населени во пустите предели што се протегаат од Касписко Море до горните притоки на реката Инд.

Горчливите спомени за Александар Македонски како освојувач сé уште се многу силни во народниот фолклор. Така, еден патник од Запад, со цел да го проследи патот на Александар преку Азија бил изложен на пцости на некои Авганистанци, само поради тоа што прашал дали Александар поминал оттаму.

Според многу легенди, тој е крал, херој, бог, освојувач, филозоф, научник, пророк, државник и визионер, чиишто идеали за универзалното братство се сметаат како основа на стоицизмот, кој датира три века пред христијанството. Тој, исто така, е пијаница, убиец на родителите, арамија и колач.

Од развратниците е обвинуван дека не ги почитува чувствата на сите возрасти. Накратко, тој е џин во литературата и во народната традиција и неговото име и подвизи, измислени или вистинити, веројатно, нашироко се познати повеќе од кои да било до денешно време.

Вториот Александар е историскиот Александар. Познато е дека со својот татко Филип Втори Македонски, потчинил и скарал многу грчки градови на кои во тоа време им бил поминат златниот период. Следејќи го Филип Македонски, преминал од Европа во Азија, а на бојното поле го

уништил древното, но колебливо величество на Персиската Империја.

Бидејќи ја исполнил својата улога како водач на света војна против традиционалниот непријател, Александар ја довел војската дури до реката Инд, крајот на тогашниот познат свет, а се вратил за да умре во Вавилон, во својата триесет и трета година од животот. За овој неверојатен поход се познати оскудни податоци со несредена хронологија.

Сигурно е дека тој го променил делот на светот низ кој поминал, поставувајќи ги темелите за евентуално воведување на елинската (грчката) цивилизација во огромниот дел на Западна Азија. Процесот на елинизација делумно довел до развој на институции кои, покрај другото, овозможиле ширење на римската хармонија и на христијанската религија.

Неговата оставнина го опфаќа важниот и фасцинантен град во Египет, кој сé уште го носи неговото име, како и други дваесетина Александрии, расфрлени во Централна Азија. Потомците на неговите војници можеби влијаеле врз антропоморфната форма што, евентуално, ја прифатил Буда.

И во некои оддалечени долини на Каракорум и денес живеат луѓе кои, веројатно, се Ариевци, зборуваат индо-ариевски јазик и водат потекло од војската на големиот Александар Македонски.

Историски, тој е рангиран меѓу најважните луге кои некогаш живееле врз основа на неговото духовно и телесно совршенство и оставајќи големи и значајни траги врз промените што ги направил во историјата на тој дел од светот.

Третиот Александар е Александар човекот. Она што овозможува да се сфатат вистинските

тешкотии на човекот е постојаниот конфликт меѓу митолошките и историските фигури. Александар III Македонски станал легенда на своето време, која се проширила во античкиот свет и го направи загатка, влијаејќи како и секое делче од сериозните или од лекомислените текстови за него.

Така, секој што сака да го изучува Александар Македонски се соочува со митолошките и со историските ликови. Она што ќе го протолкува од тоа, за него тоа е вистинскиот Александар, интерпретација што станува лична.

Проблемите со кои се соочува биографот на Александар, иако не се ретки, сепак, се темелат врз многу скудни податоци. Биографот на Винстон Черчил или на Франклин Рузвелт се среќава со премногу материјали што овозможуваат вистинско и сестрано проучување што ќе му дозволи на некој начин да ги редуцира многуте податоци.

Интерпретацијата чии резултати ќе зависат не само од тоа како авторот ги чита податоците, како ги селектира, туку, исто така, и од условите за самото почетно селектирање, од стандардите на вештината и приоритетот на податоците.

Меѓутоа кога се работи за древни настани, тогаш не е возможен таков произволен избор на податоци. Времето и текот на настаните си го сториле своето и неколкуте податоци што останале, целосно мора да се прочитаат..

Почетните неусогласени портрети на Александар што произлегуваат од современите историчари можат да им бидат припишани повеќе на психолошките лични склоности на научниците отколку на состојбата на доказите.

2.
УЛРИХ ВИЛКЕН: СОВРЕМЕНИ ПРОУЧУВАЊА ЗА ГОЛЕМИОТ АЛЕКСАНДАР (ДЕЛ I)

Улогите на Филип и на Александар Македонски како обединувачи и новатори поединечно влијаеле врз личноста на Дрејзен во Германија во средината на XIX век. За него, Филип е најголемиот обединувач на Античка Македонија и на Античка Елада-Грција

Сакаме да ги информираме читателите на ова дело дека продолженијата за Александар Македонски се дел од истоимениот роман на Улрих Вилкен. Уште во Воведот тој јасно признава дека проблемот е личен и вели: „Секој научник има еден Александар за себе“. Еден од поактивните научници кој во најново време работеше на Александар го потврдил случајот кога напишал: „Ние сите ја интерпретираме големата драма на Александар Македонски во прифатливите услови на нашето искуство и во нашите соништа“.

Тоа потсетува на Теодор Момсен кој еднаш, во една малку поинаква смисла, напишал: „Оние што живееле низ историските настани, како мене, почнуваат да гледаат дека историјата не е напишана и направена ниту без љубов, ниту без омраза...“

Може да се рече дека современото проучување за Александар почнало во 1833 година, со првата публикација на една биографија од Јохан Густав Дрејзен. Дрејзен е ученик на германската

историографска школа од XIX век, која ги развила принципите на современиот критичко-историски метод. Но, уште поважно е што Дрејзен длабоко ги следел историските настани на своето време.

Тој ја видел Прусија кога се појавила како моќна германска држава и, во текот на својот живот, се борел за унификација на германските народи под пруско водство. Дрејзен, особено бил оптимист во 1848 година и, навлегу-вајќи во политиката (во периодот во кој истори-чарите немале волја да учествуваат во пишува-њето на историјата), тој станал член на Парламентот.

Неговите надежи за германско единство наскоро биле уништени, и, со исклучок на едно кусо навраќање на политичката сцена во 1859 година, тој својот живот го поминал во пензија, повторно работејќи врз материјалот на древната историја и енергично пишувајќи за Прусија и за германското единство.

Во светлината на своето лично историско искуство и политичката ориентација како пруски националист и жесток монархист, концепцијата на Дрејзен за Александар дошла без изненадување. Заплетканите проблеми на грчките градови-држави во класичниот период, заедно со нивните судири и крвави конфликти, не биле интересни за Дрејзен.

Античките Елини-Грци успеале да ја задржат персиската закана надвор од грчката земја, но со големи напори, и не можеле да претпостават како Дрејзен подоцна ќе ја сфати нивната историска мисија. Меѓутоа, случајно се појавил Филип Македонски. За Дрејзен, Филип Македонски е најголемиот обединувач на Античка Македонија и Античка Елада-Грција, а неговиот син Александар е посредник во ширењето на грчката цивилизација. Александар е светска личност, историски херој кој завршува една и почнува нова, прослвна ера. Така,

нацијата и големиот нацио-нален водач се појавуваат како доминантни историски теми.

Улогите на Филип и на Александар Македонски како обединувачи и новатори поединечно влијаеле врз личноста на Дрејзен во Германија во средината на XIX век. Згора на тоа, Дрејзен е тој кој го објаснува поимот на елинизмот, односно спојувањето на грчката со ориенталските култури што го направи Александар и што влијаело врз курсот на медитеранската цивилизација во наредниот период од античкото време.

Концепциите на Дрејзен се изнесени толку убедливо што биле прифатени од сите подоцнежни стручњаци за оваа тема. За многу следбеници на Дрејзен, Александар Македонски остана двигател на светот, иако се разликуваат мислењата за неговите лични мотиви и за точниот опсег на неговите достигања.

Сериозните биографски истражувања за Александар Македонски не биле карактеристични за класичните проучувања при крајот на XIX век и во почетокот на XX век. Во овој период повеќе внимание ñ се обрнувало на зголемената софистичка техника на историското учење, а особено на развојот на бројните помошни дисциплини како што се папирологијата, палеографијата, нумизматиката и епиграфијата.

Уште повеќе, тоа билое период на класифицирање и каталогизирање на разните видови податоци. Десетина илјадници ракописи биле собрани, уредени и публикувани, текстовите од најпознатите грчки и латински писатели биле ревидирани според последните филолошки и палеографски техники. Потоа, биле составени значајни лексикони за древните јазици, а биле собрани монументални енциклопедии и извршени библиографски прегледи.

Британските и германските универзитети, каде што постоел силен дух за класичното учење, успеале да го средат големиот број вредни податоци и на истражувачите да им обезбедат подетално запознавање со антиката, зазеле став, дека техничката методологија употребена во изучувањето на историјата докажала дека сите подоцнежни биографи на Александар Македонски четиристрано се потпирале врз Дрејзен.

Што се однесува до Александар на Вилкен, Валсер оди малку подалеку отколку новото издание на Дрејзен. Валсеровата статија обезбедува добро подредени податоци за историските студии за важните аспекти на кариерата на Александар Македонски.

Уште повеќе, следејќи го современиот „татко на античката елинска-грчка историја“, Џорџ Грот, се појавиле голем број разбирливи истории за Античка Елада-Грција. Бидејќи Александар Македонски е важен дел од античката елинска-грчка историја, тој му дава истакнато место. Имињата на историчарите Белох, Бусолт, Мајер и Берве, исто така, се значајни.

Во 1926 година, Хелмут Берве ја објавил книгата „Александриски просопографски основи“ на германски јазик. Германската традиција за педантно класифицирање е присутна и во ова време и во ова вредно дело во кое сите податоци за имињата од античките извори за Александар се собрани и средени во енциклопедиска форма. Така, за да се добие информација за Хефестион, другарот на Александар потребно е само да се побара името Хефестион во Берве и ќе се најде сé, вклучувајќи ги и цитатите од сите извори на информации и коментар за карактерот на податокот.

Потоа, во 1927 година се појавил првиот том од серијата „Фрагменти од грчката историја“

(изд. Ф. Јакоби), која содржи нови средени текстови и коментари на стотици фрагменти од непознати историчари од времето на Александар Македонски. Како резултат на оваа голема активност, сега на располагање постои добро среден документарен материјал кој служи за нови проучувања на Александар Македонски.

Биографијата на Александар имаше нов тек во XX век со појавата на шесте тома на книгата „Античка историја“ печатена во Кембриџ, во која В. Тарн дава голем број податоци за младиот македонски монарх. Тарн, кој остана најголем елинистички историчар на овој век, напишал неколку кратки студии за Александар Македонски, во кои ги развил идеите определени да го направат неговиот Александар човек за кој најмногу се зборува, најславен човек во современиот век.

Тарн ја земал основната концепција на Дрејзен за Александар како двигател на светот и на тоа му додал димензија на една нова социјална филозофија. Аристотел сметал дека само античките Елини-Грци можат да владеат, а странците да бидат потчинети.

Но, кога Александар се заканил да ги обедини срцата и да направи сојуз меѓу античките Македонци и Персијците, тој првпат го проклами-рал братството на народите, братството меѓу луѓето...

Александар ја прифатил визијата на Зено за свет во кој сите луѓе треба да бидат членови здружени еден со друг, граѓани на една држава без разлика на раса и државно уредување да се покорат и во слога со основниот закон што постои во светот, да бидат обединети во еден социјален живот, не со принуда, туку по сопствена волја или (како што тој прокламирал) со љубов.

3.
УЛРИХ ВИЛКЕН: СОВРЕМЕНИ ПРОУЧУВАЊА ЗА ГОЛЕМИОТ АЛЕКСАНДАР (ДЕЛ II)

Александар Македонски на Ф. Шахермаер е брилијантен, иако немилосрден, човек со амбиција кој ја определил и границата на Античка Македонија, која била малечка, па затоа решил да го прошири својот свет и своето кралство. Поседувајќи силно его и неограничена моќ да дејствува решително, овој Александар успешно ги отфрлил ограничувањата на македонското феудално благородништво и во Азија се покажал како немилосрден

Според Улрих Вилкен, Александар е човекот за кој најмногу се зборува, најславен човек во современиот век. Меѓутоа, кога критиката го нападнала Александар на Тарн затоа што бил премногу идеалистичен, тој во еден научен труд одговорил дека Александар бездруго, бил првиот човек кој размислувал за обединување на човештвото. Неговата унија ја опишал (употребувајќи го терминот „хомонија“) како една од најголемите револуции на човечката мисла.

Тарн, по занимање бил адвокат, а големо внимание им посветил на овие настани со цел да го поддржи својот став и да покаже бистроумност во работата. Неговата лоша здравствена состојба го присилила да се повлече во 1905 година, а со тоа бил спречен останатиот дел од својот живот да

го посвети на историските работи. Тарн бил добро ситуиран и не сметал дека треба да бара универзитетска позиција. Сместен на својот шкотски имот, повремено пату-вал во Лондон за да прибере материјал. Тој живеел „добар“ живот како повисоката британска класа.

Една критика се однесува на: „мирниот џентлменски и спортски Александар на Тарн“, дополнета „со извонредни погледи за животот, смртта и честа, како и за воздржаноста во љубовта и виното кои се здружени во англиското благородништво“. Тарновиот идеалистички Александар Македонски станал доминантен портрет. Покрај тоа, пореалната и поточната (иако можеби помалку интересна) концепција на Вилкен избледела кај поголемиот број проучувачи на оваа материја.

Делумно, како одговор на критиката кон него, а сигурно во одбрана на делото на својот херој, во 1948 година, Тарн ја издал книгата „Александар Велики“ во два тома. Првиот том претставува кратка биографија за Александар, малку ревидирана верзија на неговите поранешни статии од книгата „Античка историја“ издадена во Кембриџ, во која главните тези за мотивите и концепциите на Александар енергично се презентирани.

Вториот том со поднаслов „Потекло и студии“, е серија на проучувањата на главните промени во учењето на Александар, како и детално размислување за потеклото на проблемот. Иако следбениците не се сложуваат целосно со погледите и заклучоците на Тарн, општа е оценатa дека ова дело претставува чекор напред во проучувањето на Александар, манифестирајќи ја внимателната истражувачка дејност и ерудицијата со која авторот го изградил неговиот портретот.

Спротивно на идеализираниот лик од Тарн, А. Р. Брн врз Александар фрла друга светлина.

Одличен генерал, моќен владетел, силна личност, Александар на Брн остава послаб впечаток надвор од античкиот грчко-римски свет. Неговата империја пропаднала, па дури и мито-логијата ја опкружила неговата личност, која фор-мирала широка традиција во азискиот фолклор, и била единствен производ на класичната романтичност.

За Брн единствена заслуга на Александар е проширувањето на македонското и грчкото влијание на Исток, но ова го исцрпел елинизмот и ги спречил античките Елини-Грци да се здобијат со доволна моќ за да ја одбијат римската доминација. Можеби ниту еден од современите писатели не се спротивставувал силно на стандардната интерпретација за Александар, како историски херој.

Во 1949 година, Ф. Шахермаер ја издал книгата „Александар Велики, неговата природна надареност и моќ“ на германски јазик и претставил таков Александар кој, според еден критичар, е како „концепција што би била невозможна пред Хитлер и Втората светска војна“. Александар на Шахермаер е брилијантен, иако немилосрден, човек со амбиција кој ја определил и границата на Античка Македонија, која била малечка, па затоа решил да го прошири својот свет и своето кралство.

Поседувајќи силно его и неограничена моќ да дејствува решително, овој Александар успешно ги отфрлил ограничувањата на македонското феудално благородништво и во Азија се покажал како немилосрден. Немилосрден, моќен и мистичен, тој го урнал стариот поредок и создал нова светска држава, според своето сопствено убедување. Однесувајќи се „како млад нацист што се изгубил во Алпите“, се покажал способен да го исполни сонот за освојување на светот.

Ваква е концепцијата на Шахермаер, која делумно е предание започнато од Дрејзен, но,

секако, речиси поинтензивирано врз искуството во Германија. Шахермаер на крајот се зазема за тоа дека светот видел многу титани, па нека се соочи уште со еден.

Во последниве години делото на Ернс Бадијан придонело да се разбере Александар преку претставување на делото на Тарн и друг вид критика. Бадијан како и Шахермаер го поддржува мислењето дека Александар Македонски барал пошироки хоризонти отколку неговото кралство во античка Македонија.

Издигнат на престолот од благородниците, кои се надевале да владеат преку него, Александар наскоро сфатил дека треба да ја зачува својата независност од различните античко-македонски фракции на кои тој им бил играчка.

Редејќи успех по успех на бојните полиња во Азија, Александар почнал да ги заменува постарите антички Македонци со други луѓе. Многумина протерал од својот двор и станал крал со свое сопствено владеење. Меѓутоа, цената што ја платил за својата слобода била бариера што ја изградил меѓу себе и европските традиции, бидејќи самиот тој се однесувал како ориенталски деспот.

Тој не бил способен да се повлече од врвот на моќта, кој во исто време бил и врв на осаменоста. Бадијан не дава точни биографски податоци (а се очекувало дека тој ќе го стори тоа), но Александар кој почнал да се појавува во неговиот популарен напис е човек кој се искачил на врвот со цел да се пронајде себеси, но, притоа, се одделил од своите сопствени обичаи, а станал немилосрден поради несигурноста.

Александар на Бадијан е чист прагматист без да поседува филозофски погледи на светот што му ги дава Тарн. Кај Бадијан тој е со особена волја одвреме-навреме да го искористи секој

погоден миг за да ја постигне својата цел. Ова е еден неморален Александар, целосно окупиран со борбата за да ја осигури својата позиција како апсолутен господар.

Со цел да го добие ова, а поттикнат од својот огромен талент, тој ја завршува едната и достигнува друга ера. Тоа е сé уште слика на светски подвижник, чии мотиви се поврзани со неговите сопствени амбиции и намери за опстанок.

Џори Радет направил мистичен Александар, убеден за своето потекло од Бога, барајќи ја својата апотеоза во Индија, а однесувајќи се како во „Илијада“. Пленувачката приказна на Радет е современ роман, ставен во религиозни и политички рамки, но дава особености на карактерот на Александар што го привлекува современиот читател. Тоа помага да се објасни харизматичното држење на субјектот што секогаш се манифестирал за време на приемите.

Ц. А. Робинсон, помладиот, пак, следејќи ја традицијата на Тарн, ја прифатил идејата за сонот на Александар за братството меѓу луѓето. Портретот што го направил Робинсон за Александар фрла поголема светлина, а избегнува многу од преданијата непријатни за кралот. А има и други Александровци.

Испитувањето на литературата покажало дека до биографијата на Вилкен (1931), се појавиле повеќе од педесет серии биографски проучувања, поголем број белетристика, вклучувајќи ги и романите, поезијата и драмата, а и бројни преводи и критички есеи за постари епски песни. Нема сомневање дека популарноста на Александар продолжува со несмалено темпо и во сегашно време.

4.
КОЈ Е УЛРИХ ВИЛКЕН, АВТОРОТ НА РОМАНОТ „АЛЕКСАНДАР ВЕЛКИ“?

Улрих Емил Елијас Фридрих Вилхелм Вилкен е роден во Стетин (сегашен Шчецин) на 18 декември 1862 година. Тој го започнал своето редовно школување во Тибинген, потоа се преселил во Лајпциг каде што студирал египтологија и асириологија, од каде што на крајот дошол во Берлин да работи со Теодор Момсен

Дисертацијата за историјата на римскиот Египет му овозможила на младиот научник да добие звање - асистент за египетски студии на Берлинскиот музеј, каде што од 1883 година бил одговорен за една пристојна колекција од папирусни документи.

Во текот на наредните три децении Вилкен со успех предавал во Бреслав (каде што станал универзитетски професор во 1891 година), потоа во Вирзбург, Хале, Лајпциг, Бон и Мидхен, пред да се врати во Берлин како следбеник на Ото Хиршфелд. Во 1921 година, Вилкен станал член на Германската академија во Берлин. Тоа било во текот на почетната фаза на неговата научна кариера, станувајќи еден од основачите на папирологијата. Во тоа време песокот на Египет открил поголем број прецизни папирусни документи, а папирологијата била сé уште непозната во последната деценија од XIX век.

Користејќи го своето одлично познавање и на египетските и на класичните студии, тој станал првокласен самоук експерт. Многу години подоцна, во признанието на неговата пионерска работа во оваа егзактна дисциплина, Меѓународното братство на научниците на неговиот седумдесетти роденден го прогласила за главен папиролог.

Интересот на Вилкен се проширил многу брзо. Во 1899 година ги публикувал двата тома за античките грчки граѓани прогонети во Египет и Нубија, научен труд кој веднаш бил признат како значаен есеј во економската историја. Многу рано овој брилијантен Германец открил дека проучувањето на документите за прогонетите граѓани не биле цел сама за себе, туку средство за поголемо разбирање на големата историска сцена. Тој сé повеќе навлегуваше во проучувањето на Египет и во 1917 и 1921 година објавил материјали за Александар, за елинистичкиот економски систем и за птоломејскиот меркантелизам.

Економските погледи на Вилкен во книгата „Александар Велики“ очигледно се јасни за читателот. Во последната глава, посебно е предадена, веројатно, најширокатa економска ориентација на Александар и на неговите следбеници. Вилкен е во таа група на европски историчари кои ја согледале важноста на примената на новата дисциплина за проучување на историјата.

Во 1924 година, Вилкен го напишал своето дело „Грчката историја во рамките на стариот век“, прирачник за студенти и наставници, кое до 1958 година доживеал осум изданија! Триесеттите години за Вилкен биле особено плоден период. Историјата, папирологијата, правните науки, палеографијата и епиграфијата, сето тоа биле негов делокруг. Тоа било во таа деценија кога се поја-

вила неговата книга „Александар Велики“, заедно со кратки студии за македонскиот крал.

Втората светска војна ги спречила активностите на Вилкен, како што бил случајот со многу европски научници. Ни беше речено дека политичките настани од тој период го разлутиле и го разжалостиле. Наскоро, по прославата на неговиот осумдесетти роденден во 1942 година, Вилкен го напуштил Берлин поради лошата здравствена состојба и поради интензивираните сојузнички воздушни напади. На 10 декември 1944 година умрел во Баден-Баден.

Книгата „Александар Велики“ била публикувана во Лајпциг во 1931 година, а две години подоцна била преведена на англиски и на француски јазик. Таа брзо била примена со ентузијазам. Критиките во тоа време ја прогласиле како „восхитувачко целосна и точна слика“, „најдобра биографија за Александар дотогаш“ и „ремек-дело на историска интерпретација“. Имало и неповолни коментари во ревиите кои забележале грешки во помали детали или се спротивставиле на скудните забелешки или несогласувања со одделни интерпретации на личноста и на плановите на Александар.

Тешко е да се најде публикуван биографски материјал за Вилкен. Тој имал лоша среќа (ова би одговарало на неговиот поглед кон историјата) што ги поминал своите последни години во хаосот на военото време на Германнја. Во текот на тој период многу европски весници, кои во друг случај би ја забележале неговата смрт, биле или исклучени или им била редуцирана нивната публицистичка активност.

Веднаш по воениот период често било тешко да се обноват научните проучувања, особено кај оние нации кои во голема мера страдале во

големата несреќа. Така, смртта на важниот научник привлекла помало внимание отколку обично. Доволно е да се спомне дека Вилкен ја продолжил традицијата установена од Дрејзен.

Вилкенсоновиот Александар е важна историска личност. Тој, меѓутоа, не ги поседувал сите идеализми што Тарн му ги припишал. За Вилкен, Александар е битно немотивиран од некој голем предомислен план, но тој е оној што во многу случаи реагирал рационално во овие историски околности, кои го сместиле во позиција на голема сила.

Нашите литературни податоци за животот на Александар се скудни, потпирајќи се, речиси, целосно врз пет биографски и историски извори, плус еден роман кој потекнува од античкото време. По хронолошки ред писателите се следните:

Диодор, Елин (антички Грк) од Сицилија, од средината на I век пред н.е., кој напишал општа историја во четириесет книги, од кои петнаесет се зачувани, а една од нив (седумнаесеттата) целосно се однесува на Александар.

Квинтус Куртиус е латински автор од средината на I век од н.е., од кого е познат само научниот труд „Историја за Александар“ во десет книги, од кои поголем број се зачувани.

Веројатно, најславниот од древните автори за Александар е моралниот есеист и биограф Плутарх, чија книга „Животот на Александар“ е напишана во почетокот на II век. Исто така, од II век датира скратената верзија за Александар во трудот на Јустин, кој, имал фундаментално различни интерпретации за Александар, мегутоа, тоа не е ништо повеќе од епитом на раната општа историја од Помпеј Трог. За несреќа Трог е изгубен, затоа Јустин се смета дека има слаб одраз од оригиналот.

На крајот целосно е зачувана книгата „Војничкиот успех на Александар“ од Аријан, која е напишана во средината на II век, а е најцелосен и најточен извор што постои. За одбележување е и верзијата на популарниот роман за Александар од почетокот на IV век. Интересен е и класичниот роман за Александар, во кој може да се сретне малку нешто како сериозна историја.

Треба да се спомне дека меѓу најраните зачувани извори, оној од Диодор, е напишан, речиси, три века по смртта на Александар, а најдобрата верзија е од Аријан, околу два века подоцна. Најсуштествените прашања со кои се соочуваат современите научници, меѓутоа, се однесуваат на изворите и традициите кои ги следеле живите автори.

Изданието е комплицирано поради фактот што најголем дел од литературата од елинистичкиот период е изгубена, вклучувајќи ги многуте познати дела напишани за Александар во периодот веднаш по неговата смрт. Но, сепак, има останато некои преданија за Александар. Илјадници фрагменти од десетици историчари на Александар кои веќе се изгубени постојат во трудовите на подоцнежните класични автори.

На пример, Плутарх вели: „Кар од Митилен раскажува дека еднаш за време на еден банкет, Александар по пиењето му го дал пехарот на еден од своите пријатели...“. Почетокот на овој пасус покажува дека Плутарх знаел или од прва или од втора рака за исказот на поранешниот писател за Александар чие име е Кар, кого тој го наведува како извор за приказната на банкетот, а чиј труд е загубен, со исклучок на околу дваесетина вакви или слични фрагменти.

5.
ИЗВОРИ ЗА ВИСТИНАТА НА АЛЕКСАНДАР МАКЕДОНСКИ (ВЕЛИКИ)

Според Улрих Вилкен, Александар го добил епитетот „Велики“ од Римјаните. Имено, се знае дека Александар е многу популарна личност во сериозни историски пишувања и во приказните, дека тој го заслужувал епитетот „Велики“, дека славните Римјани се споредувале со него и дека неговиот вечен дом во Александрија станал место на аџилак за многу прочуени луѓе

Приказните за Александар Македонски очигледно се едноставни и вистинити или невистинити, евентуално го формираат главниот дел на литературата, односно само оној дел што е зачуван.

Оригинален извор за походот на Александар Македонски во Азија е Калистен од Олинт, кој бидејќи бил внук на Аристотел, бил препорачан на Александар. Калистен си обезбедил место како славен историчар за Античка Елада-Грција во IV век пред н.е. и во тоа учествувал со силна желба, станувајќи хроничар на амбициозниот млад крал.

Задачата што му била дадена од Александар Македонски има две значења: да води официјална историја за походот во Азија, односно да води белешки и кога ќе се врати да ги публикува во Античка Елада-Грција. Но, македонскиот

владетел не бил во најдобри односи со Античка Елада-Грција.

Иако имале желба да го поддржат Александар Македонски во Азија, каде што би бил помал проблем за нив, тие вистински не го сакале. Така, задачата на Калистен била да го направи Александар поприфатлив кај античките Елини-Грци, да ги објавува извештаите за активностите на кралот кои ќе ги убедат Елините дека нивниот владетел не е примитивен македонски селанец.

Меѓутоа, со време односот меѓу кралот и историчарот се изменил откако Александар присвоил некои церемонијални обичаи од Азија, карактеристика на животот во дворот против кои дури и ласкавецот Калистен бил против.

Смртта на Калистен во 327 година пред н.е. силно се одразила врз пренесувањето на кажувањата за Александар Македонски. Прво, дошло до застој на „официјалните“ податоци, како што била пропагандата што се испраќала во Античка Елада-Грција и хрониката што ја водел Калистен. Второ, неговата смрт, веројатно, предизвикала реакција против Александар Македонски меѓу членовите на школата на Аристотел.

Се спомнува дека мнозина од следбениците на Аристотел, меѓу кои биле вклучени и некои од најдобрите писатели и мислители од тоа време, го прифатиле непријателскиот став спрема Александар Македонски, поради егзекуцијата на внукот на големиот филозоф. Антиалександровата предрасуда се задржала дури и до денес. Така, многу од последните преданија за Александар не се темелеле само врз ласкавото пишување на Калистен, туку и врз посткалистеновото непријателство.

Други елинистички преданија се темелат врз лични сеќавања. Александар Македонски не

успеал да номинира наследник. Набргу по неговата смрт, целиот Источен Медитеран и Западна Азија биле зафатени со непријателска војна помеѓу неговите војсководци. Борбата за наследство продолжила и траела околу две децении.

Меѓутоа, во почетокот на III век пред н.е., потомците решиле да се изврши поделба на старата Александрова Империја во бројни елинистички кралства. Освен тоа, кога војната завршила, некои од генералите кои се бореле на страната на Александар, започнале да ги пишуваат своите мемоари (генералите во секое време не се воздржувале од пишување).

Во целост, раскажувањето на Плутарх е поволно за Александар Македонски, на некои места е многу трогателно и е изведено од бројни извори, од кои некои тој ги именува. Ако се суди според бројот на другите писатели што тој ги цитира, Плутарх бил еден од најчитаните писатели во античко време. Никој толку многу не успеал во формирањето на преданијата на својот „Александар“. Изгледа дека неговиот одбран начин на композиција го прави ова возможно.

Диодор презентирал дури и поголеми проблеми. Никаде во книгата за Александар Македонски не ги спомнува изворите на податоците, иако има доста заедничко и со Плутарх и со Аријан.

Диодоровото кажување обично е бледо, често конфузно во одговорите на прашањата за хронологијата и географијата и заостанува во идентификацијата за големата тема или за мотивот во животот на Александар Македонски, зад улогата што Фортун ја игра во определувањето на курсот на човековите дејства.

Тој е автор кој дава многу подобар материјал, но кој мора да се употребува со

внимание сé додека не се каже за неговите методи и традициите што ги следел.

Куртиус, пак, ни дава најколоритни зачувани историски податоци. Неговата книга History of Alexander (Историја за Александар) е високо реторична, загонетна со невозможен јазик, а содржи добро определени неласкави преданија. Во содржината на неговата книга се дадени и информации за бројот на настаните, забележани на различни места, иако често е тешко да се определи до која мера се веродостојни ваквите кажувања.

Природата на книгата History (Историја) од Куртиус е таква што ги поведе современите критичари да се сомневаат дека неговиот главен извор е Клитарх, како многу популарен автор кој, веројатно, пишувал во III век пред н.е., а чија лага за значењето на подвизите на Александар Македонски можела да биде најшироко позната во класичниот свет.

Освен тоа, Куртиус дури и го спомнува Клитарховото име во две пригоди, и доколку Куртиус, навистина, се потпирал врз Клитарх, за кого класичната антика има лошо мислење како сигурен историчар, тогаш изворот на Куртиус е сомнителен.

6.
ВИЛКИНСОНОВАТА БИОГРАФИЈА ЗА АЛЕКСАНДАР МАКЕДОНСКИ (ВЕЛИКИ)

Авторот на историскиот роман за Александат Трети Македонски и Македонската Империја се служел со различна и огромна литература. Затоа, може да се рече дека горе изнесеното е состојбата на литературните податоци за животот на Александар Македонски

Интерпретациите на неговата кариера се потпираат само врз оваа мала група извори. Биографите на Александар Македонски се разликуваат во зависност од тоа кој извор го избрале: се прифаќа Куртиус овде, или се одбива Аријан таму, се прифаќа Диодор овде, се одбива Плутарх таму итн.

Некои современи писатели го достигнаа врвот на своето истражување, каде што концептот за Александар Трети Македонски стана повеќе определен, а тие почнаа да го одбиваат или да го прифаќаат податокот во зависност од тоа дали тој се содржи во нивната карактеризација.

Овде нема потреба да се нагласува таа опасност. Стапицата лесно се поставува ако се има предвид дека податокот е брзо прифатен и конфузен. Освен тоа, современиот научник, веројатно, под влијание на други научници, понекогаш присилно бара модел во карактерот на Александар. Но, зошто Александар Македонски (или која да било друга историска личност) мора да

се однесува секогаш исто? Зарем мора да има некаков систем во Александровите акции?

Може да биде вистина, на пример, дека Александар Македонски можел да биде и брутален и љубезен, во зависност од своето расположение, или според она што било погодно за неговите намери во моментот. Можеби во неговиот карактер доаѓале до израз и малку мистика и нерационално однесување, но не во нормалниот портрет како лукав војник и пресметлив државник.

„Вилкенсоновата биографија за Александар Македонски е трајна, бидејќи содржи комплексност на човек. Таа не настојува да го прикаже како посебен модел. Го опишува како индивидуа со различно расположение и амбиции, чии хоризонти се проширile со постигнување на успехот кој му донел моќ. Вилкенсоновиот Александар Македонски не е обичен човек. Никој што има направено толку многу и во толку кус период не може да биде обичен, но за Вилкен тој, сепак, останува човечен.

Тоа е судбината на Александар да се однесува како човечко суштество, да се движи на голем простор, учествувајќи врз животите на безбројните луѓе во своето време и предизвикувајќи фантазии кај оние што живееја по него", ќе напише Еуген Н. Борза, кој е автор на англискиот предговор на романот „Александар Велики" од Урлих Вилкен, а Славе Катин е автор на преводот на македонски јазик на истиот предговор.

Според Урлих Вилкен, не е лесно да се пишува за посебниот живот на Александар Македонски во континуитет, поради празнините и искривеноста на настаните кои преминале во преданија. Без сомнение, тешко е кога описот е наменет во прв ред за широкото население и за

образованите читатели со нивните различни интереси и различни склоности и ставови кон древниот свет.

Не е лесно да се сфати личноста на Александар Македонски. Откако Драјзен во 1833 година го поплочил патот за идните истражувачи со своето извонредно дело, правејќи го првиот чекор, ваквите различни концепции на големиот монарх биле забрзани и затоа не би било претерано ако се рече дека секој истражувач има еден Александар за себе.

Како дојде до тоа и по еден век на ревносно проучување, Александар Македонски сé уште да биде проблем и предмет на расправа? На прво место треба да се земе предвид фрагментарниот карактер на нашите традиции.

Како последица на доминантното влијание на класицизмот во времето на кралевите голема загуба претрпела, главно, елинистичката проза, а особено литературните дела за Александар, посебно помеѓу неговото време и владеењето на Августин.

Зашто подоцнежните автори ги искористиле и создале идеи приближни на старите автори кои пишувале или во времето на животот на Александар или веднаш потоа, како што се Калистен, Онесикрит, Неарх и други, или Клитарх, кој околу 310 година пред н.е. го направил, веќе делумно легендарниот Вулгате, или Аристобул и Птолемеј, синот на Лаг, кој како крал на Египет, од лично сеќавање и со употреба на официјалниот дневник на Александар Трети Македонски, ги напишал своите мемоари, кои се толку многу важни од војнички аспект.

Разбирливите кажувања кои се зачувани почнуваат само од периодот на Августин. Најнапред, тука се Диодор и Помпеј, последниот

само во бледите цитати на Јустин од II век, потоа доаѓа Куртиус Руфус во текот на владеењето на Веспазијан и на крајот Плутарх и Аријан во II век.

Првите тројца ги црпат податоците од Клитарх. Аријан најдобро информирал за воените подвизи на Александар, бидејќи неговиот најдобар извор му е Птолемеј. Меѓутоа, штом се сака да се даде оценка за Александар Македонски како државник или економист, или да се навлезе во неговиот живот или во неговата личност во целина, веднаш се соочуваме со тоа што треба да се опише една натрупана урнатина.

Второ, во самата древна литература има дијаметрално спротивни концепции и оцени за Александар Македонски. Од една страна, има погодни, не панегирички слики, од друга страна, пак, омаловажување, дури и непријателски судови кои го прикажуваат како извештачен деспот од Исток, или како авантурист што се здобил со среќа. Ова двокарактерно предание придонело да се има широко несогласување меѓу современите автори.

Најголемата тешкотија лежи во личноста на Александар Македонски. Покрај тоа што неговиот карактер е многу комплексен и содржи јасно непомирливи спротивности, има и натчовечки квалитети. Неговиот гениј никогаш докрај не може да се објасни и затоа некои работи остануваат неразјаснети.

Загатката за неговиот живот не може да се реши само со разум, бидејќи, покрај чистиот трезвен интелект, тој во себе има и многу нешто што не е разбирливо. Доколку Александар Македонски, едноставно, биде опишан како ладен пресметлив политичар, ќе се запостават романтичните и мистичните црти во неговиот карактер.

Најпосле, неговите достигања предизвикуваат голема збрка поради тоа што прерапата смрт го прекинала во средината на неговата активност. Пред нас имаме еден сјаен почеток, но во ниеден момент не е кажан последниот збор.

Изучувањето на историјата често може да биде потешка задача отколку обидите да се добие вистинската слика за личноста на Александар Македонски. Никој не може да претпостави дека го добил вистинскиот портрет. Но, приближно на тоа е искушението како обид што претставува лична награда на авторот затоа што се занимавал со тоа.

Ова бара многу испитувања во нашево време, па така тоа стана моја преокупација уште од млади денови. Мојата цел во оваа книга е да го прикажам растењето и развојот на личноста на Александар Македонски, која е во постојан процес на еволуција, и да покажам како идеите постојано се шириа и се создаваа во неговиот ум.

Во врска со тоа се обидов да му презентирам на читателот поврзано раскажување за неговиот живот. Тоа го претставувам со описот на времето во кое тој се родил и на крајот додавам преглед на ефектите од неговото животно дело врз идните периоди. Ова го напиша Урлих Вилкен во Берлин, во јануари 1931 година.

Исто така, тој напишал дека Александар Македонски отворил една нова ера во историјата на светот и со своето животно дело го определил развитокот во многу наредни векови. Тој е еден од највпечатливите меѓу големите луѓе на историјата, бидејќи неговото дело е остварено во многу кратко време.

Кога умрел, тој сé уште немал наполнето триесет и три години. Како голем освојувач ја импресионирал човечката имагинација на сите раси. Го подјармил Истокот и навлегол во Индија,

земјата на чудата. Легендата за него, подеднакво прифатена на Исток и на Запад, го довела до тогашните граници на Земјата, па дури и до вратите на рајот.

Трајниот резултат на неговиот живот, меѓутоа, не е импресијата што ја освоил со тешка борба, туку со развој на цивилизацијата широко во светот. На овој начин неговата моќ влијаела и влијае врз историјата на човештвото дури и до наше време.

Прво, имал желба да создаде своја империја, решен на бојното поле да создава услови за проширување на новата цивилизација.

Во дискутабилното прашање, кои се силите што ја создавале и ја формирале историјата, Александар е најочигледен пример во корист на погледот што ја определува решавачката улога на личноста. Не може да се сфати Александар како генијод околината во која живеел, или како продукт на неговото време и на државата.

Тој како и секој друг човек е под влијание на своето време и родното место, но неговиот дух зазел таков тек, до кој природниот развој на неговото време и околина никогаш немало да доведат до крај.

Како и секој голем водач на луѓе, тој самиот се уфрлил во текот на епохата, но, не си дозволил да биде понесен или издигнат од брановите, спротивни на неговите идеи на кои жестоко им се спротивставувал.

Несомнено, тој може да се смести како феномен во IV век и може да се смета како претходница на елинизмот - име на кое му се додава подоцнежната трансформација на класичниот елинистички свет што тој го започнал - претходница на која тој прв и дал целосен сјај. Се

покажа дека во многу случаи тој ги исполнил задачите на своето време.

Почетната работа на неговиот голем татко Филип Втори Македонски била најзначајна. Од него тој не само што го наследил инструментот за победа, неспоредливата македонска војска, туку и решението на античкото грчко прашање во Коринтската лига и идејата за панелинистичка војна на освета против Персија.

Несомнено, во исполнувањето на своите идеи, Александар постепено го модифицирал она што го наследил, односно, отстапил од татковата врвица. Но без Филипа, кој, исто така, е една од големите личности на светската историја, Александар не може да се сфати.

Затоа, прво треба да се претстават политичките, интелектуалните и економските тенденции на тогашниот свет во IV век, односно во колкава мера тие придонесуваат да се оцени издигнувањето на Македонија под Филип Втори Македонски и нашата почит кон Александар Трети Македонски.

7.
ДЕЛ ОД ВИСТИНАТА ЗА АНТИЧКИТЕ ЕЛИНИ (ГРЦИ) ВО IV ВЕК

По пропаста на Атина и на Атинската Империја во Пелопонеската војна, Спарта станала победник и продолжила со брутална жестина да ја воспоставува својата врховна власт над античките Елини (Грци) и да воведе олигархиски институции наместо демократиите што претходно им биле омилени на Атињаните

Меѓутоа, победата, не била извојувана со сопствени сили, туку преку скандалозниот сојуз со Персија, откажувајќи се од своите братства во Мала Азија, потомците на аеолијанските, ионијанските и доријанските колонии, во полза на Големиот персиски крал.

Иритирани од бесмисленият став на радикалните демократи на Атина, наместо да го обноват Мирот на Калијас со Дариј II, се вплеткале во внатрешните работи на Персиската Империја, а Големиот персиски крал од 412 година, ги помагал Спартанците со своите неисцрпни средства.

За возврат на тоа, тие биле подготвени, без национално гнасење, да се откажат од античките Грците во Мала Азија, за чија слобода Делијанската лига што била организирана од Атина се борела активно сè до 448 година, која се зема за датум на Мирот на Калијас.

Персиското злато е тоа што ја изградило флотата со која Спартанците го совладале отпорот

на Атина, и најпосле (404) се истоштила и капитулирала, и така во еден напад Персиската Империја, и покрај внатрешната слабост, станала значаен фактор во античката грчка историја.

Вистина е дека Спарта, која наскоро се скарала со својот сојузник, веќе се компромитирала во Суса со тајната помош на принцот Кирус во нападот со славните десет илјади против својот брат Артаксеркс Мнемон и го кренала мечот против Персија, според официјалните извори, со цел да ги заштити азиските антички Грци, кои биле казнети за нивното учество во таа експедиција.

Но, патриотските мотиви одвај можеле да бидат решавачки фактор за тоа, зашто пред тоа тие ладнокрвно ги наградиле градовите на Персијците. Тоа, всушност, било повеќе алчност да се задржи силната позиција што ја освоиле во Мала Азија, главно, пред големиот Лисандер, а можеби, исто така, желбата, како што сакалебоговите на Античка Грција, да се исчистат самите себеси од дамката на сојузот со Персија.

Меѓутоа, додека спартанските војски, најпрвин, под други команди и на крајот под командата на Агесил се бореле против Персијците преку море, дома владеела омраза од бруталното владеење на силата. Затоа, се појавило заедничко движење во Спарта, Теба, Атина, Коринт и Аргос, кое го принудиле Агесил да ја прекине војната со Персија и да се бори во Елада против сојузниците.

Потоа, повторно персиското злато ја одиграло својата улога, меѓутоа, овојпат на страната на сојузот. Повеќе решавачки ефекти од победата на Агесил кај Коронеја имала победата над персиската флота во Книд под команда на Атињанинот Конон (394); тоа значело пропаѓање на моќта на Спартанците на море, а Конон можел

да ги обнови ѕидовите околу своите градови со помош на персиското богатство.

Меѓутоа, оваа меланхолична граѓанска војна, која увредливо ја покажала бедата и неизлечливите делби на античката грчка групација, продолжила многу години со променлив успех.

По бунтот во Атина, Атињаните биле охрабрени и го поддржале револтот во Персија на кипарскиот принц Еугора и непослушноста на Египет, а со новото групирање на силите ја довеле Спарта во врска со Персија, па таканаречениот Кралски мир бил склучен во 386 година, што, исто така, бил именуван според вештиот Спартанец кој го договори мирот со Анталкид.

Уште во 392 година, тој Анталкид, заедно со намесникот Тирибаз имал дебатни расправи со претставниците на сојузите на Сардис. Тогаш Атињаните сѐ уште биле доволно силни да бидат единствена сојузна држава која, врз патриотска основа, го одбила персиското барање за отстапување на брегот на Мала Азија и не признавала дека античките Грци кои живееле во Азија му припаѓале на Големиот персиски крал.

Поради тоа и поради други причини, спогодбата била прекината. Меѓутоа, сега Анталкид, кој, исто така, бил вешт адмирал, успеал со дополнителна поддршка на бродовите на Дионисиј I од Сиракуза да ги затвори Дарданелите за Атињаните и да ги притисне исто како и во 405 година.

За отпор повеќе немало можност. Античките Грци покорно го примиле мирот што Големиот крал им го испратил од Суса до Сардис во најпонижувачка форма преку Анталкид, со кој тој ги имал поставено своите услови.

Кралскиот проглас содржел два параграфа и едно одобрение. Првиот параграф вели дека

сите антички грчки градови во Азија, како и островите на Клазомена и Кипар треба да му припаднат на Големиот персиски крал, а според вториот параграф сите други антички грчки градови, големи и мали, треба да се слободни и независни, а исклучок да бидат Лемнос, Имброс и Скирос, кои и биле оставени на Атина.

Одобрението, пак, потврдило дека кралот во сојуз со градовите што биле со ист дух би водел војна на море и на копно против секој оној што не го прифаќа мирот.

Врз основа на овој проглас мирот бил потврден во Спарта по пат на заклетва на сите присутни на конгресот. Така, елинистичките братства од другата страна на морето најпосле му припаднале на Големиот крал.

Параграфот за автономија се однесувал не само на интересите на Персиската Монархија, во која влегла и дел од Античка Грција со безбројни суверени заедници, (полиси), туку и поединечно на интересите на Спарта, уште повеќе што биле укинати сите лиги на државите на кои не им се гарантирала автономијата.

Според тоа, Тебанската лига веднаш била распуштена, додека Пелопонеската лига, чии членови само по името биле автономни, останале да постојат под раководство на Спарта. Во таа смисла, Кралскиот мир бил триумф за Спарта, која сега требало да врши надзор над точното извршување на условите во жална улога на персиски застапник.

Несомнено, многу кусогледите партикуларисти, кои биле неспособни да научат од практиката, биле против тоа стариот идеал за слобода и независност да му биде загарантиран на секој полис. Така, подобрите елементи паднале во немилост, зашто овој мир, кој, како што Исократ го

поставил, не бил договор, туку диктатура, им бил наметнат од персискиот крал, а тој сега како официјален заштитник вршел врховна контрола над античката грчка политика.

Срамот бил уште поголем откако војничката супериорност на античките Грци била загрозена по експедицијата на Десетте илјади, и можела да го направи можно освојувањето на Персија, доколку наместо нивното неединство се постигнело обединување на силите.

За да се разбере IV век од најголема важност е да се сфати дека срамниот мир од 386 година бил основен закон во Елада во период од половина век, а товарот сега бил многу поголем.

Филип Втори Македонски прв ја поткопал основата на овој мир со обединување на нацијата во неговата Коринтска лига, а Александар Трети Македонски целосно го укинал со уништувањето на Персиската Империја.

Крајот на Кралскиот мир бил проследен со тешки години за Античка Грција, во кои Спарта ја искористила својата нова хегемонија за да ја прошири својата сила уште подалеку. Како заштита од спартанското напредување, Атина успеала во 377 година да формира една нова Атичка морнаричка лига, во која според условите на Кралскиот мир им гарантирала слобода и автономија на секој член на Лигата.

Со претпазливост кон грешките кои предизвикале разединување на Првата морнаричка лига во V век, била формирана друга организација, чија главна цел била во тоа што секој член требало да испраќа претставник во Федералниот совет (Синедрион) со седиште во Атина, а кој требало да биде во врска со Собранието на атинскиот народ.

Додека оваа Лига во неколкуте наредни години се проширила во Северна и во Централна Античка Грција и на островите на Исток и на Запад, со успешни операции на атичките генерали Камбриј и Тимотеј,

Теба во меѓувреме брзо зајакнала во борбата со Спарта, под раководството на Епаминонда, со обнова на тврдината Кадмеја, која Спартанците ја зазеле во времето на мирот со брутално насилство според тогашните правила.

Непосредната цел на Епаминонда била формирање на една обединета Ботијанска држава, и кога Мировниот конгрес во Спарта во 371 година се спротивставил на ова, врз основа на Кралскиот мир, тој го налутил конгресот и кај Леуктра му задал силен пораз на спартанскиот крал Клеомброт, така што спартанската воена надмоќност завршила засекогаш.

Оваа борба кај Леуктра, исто така, била од најголемо значење за развојот на македонскиот воен систем: со таканаречената „коса борбено-постројување“, кое Епаминонда - неговиот пронаоѓач и еден од најголемите воени гении на сите времиња, најпрвин, го применил овде, а подоцна било приспособено и проширено од кралот Филип Македонски, Александар Македонски кој победувал во своите најголеми битки, како што направил и Фредерик Велики кај Леутен.

8.
КОНФЛИКТИ НА ЕЛИНИСТИЧКИТЕ (АНТИЧКИТЕ ГРЧКИ) ГРАДОВИ - ДРЖАВИ

Спарта била понижена и не можела да се меша во наредните години, кога Епаминонда со повторни походи во Пелопонез ја направил целосно немоќна, со ограбувањето на Месенија, врз чии плодови и снабдување со работна сила се потпирала неговата економска и политичка моќ, и со организирањето на Федерална аркадијанска држава со новосоздадениот главен град Мегалополис

Меѓутоа, целите на Епаминонда биле поголеми; тој работел за хегемонијата на цела Античка Грција. Доколку, како што било погрешно претпоставено, неговата намера била панелинистичка национална политика, како што во тоа време била политичката ситуација, тој ќе побарал соединување на Елада под раководство на Тебанците за војна против Персија и за уништување на врховната власт на Големиот персиски крал. Наместо тоа, тој се чувствувал како жртва на проклетството на своите години.

Со цел да воспостави доминација над другите антички Грци, тој преговарал со персискиот крал, кому јакнењето на атичката морска сила, колку што било непријатно за око, толку му било пречка на неговиот пат, па Епаминонда го задолжил својот амбасадор Пелопид да внимава во Суса и понизно да моли за соработка со Големиот крал.

Но, во 362 година, кога Епаминонда загубил кај Мантинеј во битка која Големиот крал повторно генијално ја водел, политиката на Тебанците како голема сила пропаднала, бидејќи тоа не одговарало на вистинската моќ на државата која се потпирала и се одржувала само врз личноста на Епаминонда.

Оваа епизода на тебанската хегемонија не била од големо значење за античките Грци, туку само предизвикала болна празнина во воената моќ на нацијата со уништувањето на Спарта. Во оваа ситуација и Втората атичка морнаричка лига не можела да егзистира. И покрај ветувањата од 377 година, Атина почнала повторно да ја води политиката на Прва лига во нејзината работа со членовите, па во 357 година Киос, Родос и Кос, побудени од интригите на Маусол од Карија, креналевостание и се отцепиле.

Ништо не можело да фрли поголема грозна светлина врз слабите услови на Античка Грција од фактот дека по неуспешната борба во 355 година Атина била принудена, со закана за објавување на војна од персискиот крал, да им дозволи на отпадниците да си одат: тоа било новиот и силен крал Артаксеркс III Окус. Така, Атина се откажала од положбата на голема врховна сила, а како резултат на тоа се создал општ хаос во Античка Грција.

Наспроти античките Грци застанала Персиската Монархија. Бездруго, понекогаш изгледало дека ќе дојде до раскин преку револтот на намесниците и провинциите, но со помош на античките грчки наемници таа постојано го одржувала своето постоење; единството на Империјата било прво и единствено, бидејќи во Античка Грција имало постојана поделба која изгледа не водела кон обединување на силите.

Во овој конфликт на античките грчки држави со меѓусебен немир, не биле полесни ни внатрешните состојби на различните полиси. Дали моќта ја задржале демократите или олигарсите, опозиционерите од непријателските партии ја изразувале огорченоста, а доминацијата на победата станала дури подеструктивна од поразот.

Радикалната склоност на демократите, како во Атина, што започнала во V век станала уште поекстремна. Пролетаријатот под раководство на своите демагози се развивал сè повеќе во доминантна класа, а популарните трибунали, кои, поради покачувањето на паричниот надоместок на членовите, биле составени од победени граѓани, поделени во класа на правдата, биле насочени не само против големите политички противници, туку посебно и против сопствениците на имоти, со намера да се конфискуваат.

Тоа било основа за борба на бедните против богатите, и во тој процес се спротнале многу радикални барања, како што биле поделбата на земјата, укинувањето на долговите итн. Војната на класите во олигархиските држави се водела со ист занес. Така, оние што биле прогонети и што банкротирале постојано го зголемувале пролетаријатот без закани и сила, како што Исократ го опишал тоа во 380 година, а со поголема нагласка во 346 година.

Тоа станал опасност за цела Елада. Притоа, немало големи индустриски капацитети во кои ќе се обезбеди работа за широките народни маси. Многумина станале разбојници по патиштата, а пиратите го направиле морето несигурно, но најголем број од нив биле гонети од желбата да се запишат како наемници во служба на некој управувач кој нудел највисоки примања.

Овој наемнички систем бил големо зло што влијаело врз целата нација. Златото на персискиот крал било главната атракција. По шокот на походот на „Десетте илјади“, тој настојувал сè повеќе да се потпре врз армијата антички грчки наемници. Меѓутоа, неговите напори делумно биле неостварени, бидејќи непослушните наемници и земјите, како што бил Египет, се запишале како антички грчки наемници за да се борат против него.

Античка Грција не давала само војници, туку и офицери. Мнозина од најглавните генерали во тоа време, доколку биле невработени или имале чувство на одвратност спрема домашните политички услови, се приклучувале кон странските служби и често му го вртеле грбот и се бореле против Големиот крал. Ова растурање на националната моќ одела во корист на странците!

Комотноста што наемниците можеле да ја најдат имала друга злонамерна последица; во Античка Грција многумина од заедниците започнале да се запишуваат наемници, со цел повеќе или помалку да ја избегнат обврската за служење војска за својата земја. Дури кога атинскиот Ификрат организирал едно ново тело на лесно вооружени припадници, изгледало дека граѓаните мислеле дека е подобро да се отиде во тешка вежба што е потребна за оваа нова формација отколку да се регрутираат во наемници.

Најлошо било пропаѓањето на старата идеја на државата што еднаш ги инспирирало граѓаните со гордо сознание дека нивната највисока и благородна обврска е да ја бранат својата држава со својот имот и со својата крв. Државата станала сè повеќе почитувана и поддржувана институција, чија главна задача била да ги убеди граѓаните за можниот лесен и удобен

живот и да им организира величествени фестивали.

Така, во Атина, по спомнатиот неславен крај на социјалната војна во педесеттите години, неизбежен резултат бил еден пацифизам, кој ја напуштил политиката на империјалната сила, поттикнувајќи ги и зголемувајќи ги материјалните интереси.

Но, идејата на полисот не само што ослабел во тешката борба за живот, туку била разнишана и од теориите на водечките интелектуалци. Индивидуализмот проповедан од софистите во далеку поинтензивната интелектуална револуција на V век, повеќе го јакнело чувството што дотогаш преовладувало кај припадниците на државата.

На највисоката вредност на животот, според законите донесени за граѓаните на полисот, и се спротивставиле софистите, ги оспориле природните права на единката и ги прогласиле законите како конвенции на луѓето.

Прокламирајќи го правото на посилниот, тие удриле на корените на полисот. Колку опасно би било оживотворувањето на овие доктрини во практиката, се покажало од намерните настојувања на Алкибијад да изигрува супермен. Сократ, се разбира, се борел за оддалечување од таа доктрина, но додека неговите барања за професионална обука на граѓаните и за формирање на власт од експерти, одговарала за целосна трансформација на древниот полис, вистинското пропаѓање на полисот, што се случило во IV век, водело само кон зајакнување на индивидуализмот и напуштање на идејата да управува државата.

9.
МОНАРХИЈАТА - СИСТЕМ НА ВЛАДЕЕЊЕ КАЈ ЕЛИНИТЕ (АНТИЧКИТЕ ГРЦИ)

Концептот според кој личноста е доволна сама за себе со своето знаење и моралност и нема потреба од држава, го довела Сократовиот Антистен, основачот на циничното училиште, синот на Тракијка која не можела да стане граѓанка на Атина, до идеалот за една целосна заедница на човечкиот род

И така се појавила космополитската идеја, која понатаму ја развил неговиот ученик Диоген од Синоп, кој го исковал зборот космополити, „граѓани на светот“. Таа фатална фраза со својата волшебност трае до денешни дни.

Меѓутоа, светската империја создадена од Александар Трети Македонски била поинаква од овој космополитизам. Нема сомневање дека оваа идеја на циниците била еден од елементите со кои се карактеризира IVвек, кој го подготви елинистичкото мислење за универзалната империја.

Во античките грчки полиси имало реакција против идејата за индивидуална склоност. Се појавиле многу мислители, кои, и покрај негативното чувство кон тогашната држава, не ја негирале идејата за држава, туку сакале да ги лекуваат душевните болести на полисите со предлагање реформи.

Најрешителна и најрадикална била извонредната творба, што Платон, најславниот

Атињанин од тоа време, ја изградил во своето дело „*Република“* во кое го зацртал идеалот на државата и правдата.

Подоцна, тој бил приморан да согледа дека таа конструкција била единствена што одговарала на боговите, а на крајот од животот тој ја претставил новата идеална слика, земајќи го предвид повеќе вистинскиот свет, ја ставил во *„Законите“* најнапред точно правната кохезија што ја отфрлил во *„Република“*.

Иако почетоците и заклучоците на теориите се разликувале во голема мера, многумина се сложиле со идејата дека монархијата е идеална форма на власт. Ова пробудување на монархистичката идеја е едно од влијанијата кои го трасирале патот на Филип Втори Македонски и Александар Трети Македонски во Античка Грција.

Тоа може да произлезе и од индивидуализмот на Vвек. Во практиката тоа било унапредено не само со смалувањето на полисот, туку и со појавата на здрави закони на периферијата на античкиот грчки свет, кои ги штителе или ги проширувале античките грчки интереси, како Дионис I од Сиракуза, кој ги заштитил западните антички Грци од Картагена, или Јасон од Фера, моќниот господар на Тесалија, на кого многу се сметало, па дури и Еугора од Кипар.

Првиот од теоретичарите што дошле до монархистичкото решение бил гореспомнатиот циник Антистен. Тоа било последица на неговите погледи што ги нашол во циничкиот модел на еден совршено умен човек, чии идеали воделе во овој свет на здружено човештво.

Стилот на времето бил да се погледа во минатото за да се најде основата за потребите на иднината, па така Антистен го претставил Хераклe

како митски шаблон, кој со своите постојани услуги бил добродетел на човештвото.

Од историјата на светот Антистен го избрал големиот Кирус, основачот на Ахеменидската Империја и го прикажал како да го познавале и персиските легенди, како идеален монарх кој се грижел за своите потчинети, како татко за своите деца, или како овчар за своето стадо.

Исто така, Ксенофон во својата *„Киропедија“* го претставил Кирус како иден антички грчки освојувач на Азија, како идеал на светски владетел. Така ја презентирал монархијата како правилна форма на владеење, бидејќи таа сама - спротивно на мрачното механичко изедначување на демократите - знаела како да ги пресмета индивидуалните постигнувања.

Платон во својата *„Политика“* го изнел идеалот на апсолутната монархија на мудриот човек, кој можел тешко да се реализира, и на крајот во своето дело *„Закони“* тој му дал предимство на ограничувањето на монархијата со закони и на конституционалното управување. Колку силен интерес чувствувал кон монархијата како вистинско постоење покажуваат неговите повторни посети на Сиракуза и неговите ревносни но и заразни напори да ја облагороди нејзината власт.

Во успешните години Исократ, големиот политички памфлетист, се здружил со оние што во монархијата виделе лек за мизеријата. Во неговите пишани преписи до киприотскиот принц Никокле (во седумдесеттите години од четвртиот век) тој зборувал сосема јасно за предностите на монархијата, но тврдел дека самите антички Грци не би можеле да поднесат крал. Токму оваа монархиска идеја го довела до неговиот крај.

И во овие политички мрачни денови на IV век античката грчка цивилизација ги продолжила

големите традиции на V век и била во целосен процут. Како во интелектуалните, така и во уметничките сфери постигнала извонредни резултати кои останале вечни. Неспротивставувајќи се на својата политичка пропаст на крајот од Пелопонеската војна, особено Атина сè уште ја одржувала водечката централна положба, што ја стекнала во V век во Јонија.

Доколку атичката цивилизација примила панелинистички карактер, Атичката Империја од V век, и покрај краткиот век на траење, не малку придонела во таа насока. Од Атина, главата на Империјата од стотина вазални градови, широка река на атичка цивилизација се пролеала во Елада на островите и во крајбрежните делови на Егејското Море: атичките закони и атичките институции, атичкиот говор и носии надалеку се проширile, особено во Јонија.

Но, ова влијание не било ограничено само на Империјата. Штом Атина, со пристаништето Пиреј станала економски центар не само на сојузниците туку и на целиот елински свет, таа, исто така, како центар на цивилизацијата, како со магнет ги привлекувала истакнатите интелектуалци и уметници од сите делови.

Софистите го нашле својот центар во Атина, работеле на атичкиот говор и дури помогнале да се создаде уметнички атички прозен стил, покрај тоа што тешко имало софист кој бил роден во Атина.

Сите овие влијанија навлегле многу длабоко за да можат да бидат отстранети со пропаѓањето на Империјата, Исократ, господарот на новиот ораторски стил, можел да се фали во своето дело „*Панегирик*“ (380) дека неговиот роден град го оставил зад себе другиот свет во мислењето и говорот - во филозофијата и

реториката - што неговите учени луѓе станале учители на другите, дека градот е причина терминот Елин да не значи повеќе расно потекло, туку начин на мислење, а оние што се нарекувале Елини биле тие што ја земале атичката култура од оние што имале обично потекло.

Тоа значело дека Исократ го видел вистинскиот Елин само кај античките грчки воспитаници на атички начин и според тоа го стеснил концептот за Елинот. Но, тоа не значи, како што обично се претпоставува, дека варварите со атичко образование ги сметал за Елини.

Оваа подоцнежна идеја, што ја менува расната разлика на Елинот и варварот, спротивно на цивилизациите, била сосема туѓа за него поради неговата омраза кон Персија, наследниот непријател, за која тој многу остро се изразил во самата расправа. Секако, тоа е манифестирано во елинистичкото време по формирањето на Светската Империја на Александар Трети Македонски.

Сепак, уште кога Исократ го напишал тоа, веќе имало многу варвари кои повеќе или помалку биле под влијание на античката грчка цивилизација. Во наредните неколку десетлетија таа навлегла подалеку и во негрчките предели, а во некои делови дури и целосно.

Доколку овој феномен имал свои причини во ширината и потребата од експанзија на античката грчка цивилизација, тоа имало најголемо значење за разбирањето на делото на Александар Македонски.

Тој ги вложил сите сили не претпоставувајќи ги можностите на стварноста. Но, феноменот имал и други причини. Едната била безнадежниот услов на мајката земја која протерала многу силни елементи да ја бараат својата среќа во други земји. Веќе ние зборувавме за масите кои

отишле преку море и кои служеле како наемници во Мала Азија или во Египет за или против Големиот крал.

Тажни од загубата на мајката земја, овие многу илјадници наемници, кои живееле во други држави, во период од многу децении, биле приморани, свесно или несвесно, да придонесуваат за ширењето на античките грчки обичаи и живот во туѓите земји.

Од друга страна, пак, овие антички Грци од најразлични области на мајката земја, живееле заедно во војнички единици и не биле подготвени да го прифатат тоа ниво на локалните особености, што, според Александар Македонски било надминато.

Не биле само наемниците и трговците, кои отишле во други држави поради своите потреби, туку биле прогонети и уметниците кои не можеле да најдат работа во своите сиромашни места.

На Пелопонез, каде цветало училиштето на Сикион, на почетокот од овој период слушавме за изградбата на славниот храм на Атина Алеа во Тегеа, изграден од Скопа, славен според својата големина и убавина, слушавме за прекрасните нови згради на Херон од Епидаурус. Но, Атина тогаш била толку сиромашна, што само се граделе потребните згради и затоа често атичките уметници ги среќавале во други земји.

10.
РАЗЛИКИТЕ И ЕДНАКВОСТА МЕЃУ ЕЛИНИТЕ И ВАРВАРИТЕ

Напливот на бегање од Елада предизвикал и други соодветни барања, бидејќи намесниците и династиите од Мала Азија сакале да ги китат своите градови со античка грчка уметност и да ги привлечат античките грчки поети, музиката и ораторите во своите дворци

Причината за овој феномен, кој всушност се сметал како „претходник на елинизмот“, е во фактот што со векови античката грчка цивилизација, постепено од Јонија, многу длабоко навлегувала во Лидија, Карија и Лиција, подгревајќи ја амбицијата на нивните самосвесни династии.

Најсилен од сите нив бил Мавзол од Карија. Тој го проширил својот простор на владеење, со рапидно зголемување на населението, каде од античките грчки уметници биле изградени убави палати и храмови. Како вљубеник во античката грчка уметност, тој го издигнал својот двор во дворец на музите, повикувајќи антички грчки уметници и поети. Кога умрел во 352 година, неговата вдовица Артемида одржала натпревар на античките грчки поети и реториканти на неговиот закоп и започнала да го гради гигантскиот гроб, кој, веројатно, самиот го имал испланирано.

Гробот се сметал меѓу седумте светски чуда и бил наречен мавзолеј, термин кој сè уште се употребува за големи гробови, а се употребувал и во античко време. Ова извонредно здание било дело на првите уметници од античкиот грчки свет.

Архитекти биле Питеј и Сатур, а скулпторски го декорирале Скоп и Леохар, Тимотеј и Бријакс. Друг пример на античката грчка уметност од тој период на Исток е еден убав мермерен саркофаг, кој бил направен од атичките уметници за кралевите на Сидон во IV век.

Но, веројатно, највозбудливиот пример за навлегувањето на античката грчка култура во овие земји се содржело во она што го направил помалку значајниот персиски вазал Хермија од Атарнеј (во Тројад), кој живеел во услови на блиска врска со платонистите Ераст и Кориск и како благодарност кон нив е именуван градот Асос. По смртта на Платон, Аристотел се сместил таму каде што престојувал три значајни години од својот живот што ги посветил на истражување и учење, во тесна врска со Хермија.

Додека ги набљудуваме почетоците на мирното и тивко навлегување на античката грчка култура на Исток, како и во Италија и во Картагена на Запад, идејата за национална војна на обединетите антички Грци против Персија се развила во исто време и билае многу пропагирана.

Оваа панелинистичка идеја, како што ние ја нарекуваме суштествената црта на тоа движење, е од фундаментално значење за да се сфатат Филип Втори Македонски и Александар Трети Македонски. Бидејќи тоа биле тие кои, во интерес на својата политика, најпосле го прифатиле тој концепт и во свој стил почнале да го извршуваат. Старата мисла на спротивност помеѓу Елин и варварин поттикнала нов начин на живеење.

Во големата Персиска војна дошло до израз тоа силно самосвесно национално чувство што во голема мера придонело за огромното зголемување на нацијата во V век. Оваа спротивност била намалена и ја почувствувале оние што се бореле

да ја одвратат војната на античките Грци, а тоа дошло до израз по 412 година, кога Персија повторно почнала да се меша во внатрешните работи на Античка Грција. Тој пат на античките Грци не бил погрешен. Во меѓувреме софистите, почнувајќи од Законот на природата, прокламирале еднаквост кај луѓето, а со тоа и на Елините и варварите.

Тоа го барало времето и ги натерало луѓето да ја прифатат панелинистичката идеја. Прв кој јавно ја прокламирал оваа идеја бил елоквентниот Горгија, кој кога античките Грци биле собрани на Олимписките игри - за жал, не знаеме точно во која година - ги наговорил да се сложат („*Хомоноиа*“) да војуваат против Персија и ги повикал да ги изберат не античките грчки градови, туку територијата на варварите како награда за оние што се бореле.

Таа војна за освојување на Персија барала брзо обединување на античките Грци. Панелинистичката програма на Горгија брзо била пренесена од реторичарите по него, а е оправдана затоа што тоа го зголеми интересот кај народот. Тоа, најпрво, беше издигнато до историско зна-чење од Исократ, ученик на Горгија, чие огромно значење како политички писател до скоро не било признато.

Во 380 година, шест години по Кралскиот мир, тој го создал своето дело „*Панегирик“,* ремекдело на епидеиктичката ораторија, што ја потврдила неговата слава како прв политички писател на тоа време. По форма тоа бил говор пред Олимпискиот празничен собир, по моделот на Горгија, а реално тоа бил памфлет кој циркулирал и се читал низ цела Античка Грција.

Од панелинистичката програма за помирување на античките Грци со цел да се обедини националната борба против Персија, Исократ одговорил на прашањето што не било поставено од неговите претходници: кој требало да ја поведе

оваа војна. Исократ ги посочил Атина и Спарта. Меѓутоа, поради големите услуги што Атина ѝ ги дала на Елада, тој побарал, најпосле, да се каже дека Атина имала поголемо право на самостојно раководење. Се разбира, Атина морала прво, да воспостави поголема контрола на мориња та, а со тоа гледиште тој многу итро ја дал идејата за нова Атичка поморска лига.

Тој ја оправдувал националната борба, која, како и Горгија, ја сметал за војна на освојување, не само поради материјалните резултати на победата - богатството од територииите во Азија би било пренесено во Грција. Со тоа би се надми-нала бедата во Елада, коренот на сите крвави караници.

Од гледиштето, пак, на националната чест, срамниот Кралски мир би бил поништен, а Елините во Мала Азија би биле ослободени. Крајниот благодет од војната, меѓутоа, би било тоа што со поделбата на опасноста и добивките античките Грци за себе би добиле сигурен и постојан мир.

Пропагандата на Исократ била извонредно успешна, исто колку и заинтересираноста на Атина како нова поморска сила. Три години подоцнабила формирана Втората атичка военопоморска лига. Од друга страна, пак, идејата за смирување на Атина и Спарта и поделбата на управувањето на копното и морето, било сметано како утопија.

Сепак, било понесфатливо дека Спарта ќе се откаже од примарноста во раководењето. Во наредните години, откако антагонизмите на водечките држави се зголемиле, Исократ наскоро признал дека Елада не ќе има внатрешен мир, па затоа таа ги исполнувала условите за општа национална војна. Партикуларизмот претставен со идејата за слободен и независен полис бил многу длабоко всаден кај античките Грци.

Така, Исократ, како и многу други, како што видовме, се свртел кон монархиско решение и сред елинскиот свет се сметале за силен човек кој не бил врзан со законите и конституцијата на полисот, туку имал сила и склоност кон панелинистичката идеја. Тој својата програма им ја претставил поединечно на неколку владетели, на Јасон од Фера, моќниот обединувач на Тесалија, на кого му била дадена доверба во војната со Персија, а потоа на Дионис I, најголемиот владетел на Запад. Но, првиот од споменативе наскоро бил убиен (370), а вториот, за кого ваквите планови биле многу туѓи, умрел во 367 година.

Меѓутоа, Исократ, можел да чека. Наспроти неговите разочарувања, наспроти неговите одрекувања од Атичката поморска сила во свечениот говор „*На мирот*“ од 355 година, до што бил доведен по пропаста на Социјалната војна, тој жилаво се поврзал со панелинистичката идеја.

Меѓутоа, во 346 година, кога по многу години војна Атина го склучила Мирот на Филократ со Филип Македонски врз основа на статус кво, старецот тогаш имал деведесет години - со големо задоволство од обновата на мирот, го зел перото и во своето дело „*Филип*“ напишал отворено писмо до кралот, ставајќи ја пред него својата панелинистичка програма со покана да ги помири Елините и да ги води против Персија, традиционалниот непријател. Кој бил тој Филип и во кого Исократ се надевал дека ќе му се исполнат желбите?

11.
КОИ БИЛЕ ЕЛИНИТЕ, А КОИ МАКЕДОНЦИТЕ - ВАРВАРИТЕ?

Почетоците на македонската историја се завиени во целосна темнина. Има остри полемики за етнолошкиот проблем, дали Македонците биле Грци или не. Лингвистичката наука има на располагање многу ограничен број македонски зборови, а археолошките истражувања во Македонија се вршат со тешкотии

И уште кога ќе се земат предвид политичките услови, религијата и моралот на Македонците, нашето убедување е зајакнато со тоа што тие биле едно племе блиско до Дорианите.

Останувајќи на крајниот Север, тие немале можност да учествуваат во прогресивната цивилизација на племињата кои отишле подалеку на Југ, и така во времето на Персиската војна се појавиле на хоризонтот како и Елините, но тие не се појавиле како антички Грци, туку како варвари.

Александар I Македонски, кој, иако вазал на Ксеркс, во Персиската војна докажал дека чувствува симпатии кон Елините и сакал да учествува на Олимписките игри, на кои само Елините имале пристап, најпрво бил одбиен како варварин, но кога го докажал педигрето на својот дом, Аргеада, на Тераклид Темен од Аргос, бил примен како натпреварувач.

Оттогаш кралевите на Македонија имале третман на Елини, како потомци на Херакле; но,

како и порано, така и потоа, народот бил сметан како варвари - дури и од Исократ во неговиот *„Филип“* - иако во меѓувреме мнозина кралеви имале направено многу за воведувањето на античката грчка култура во своите држави.

Дури во времето на Филип Македонски, Елините виделе во Македонците негрчки странски народ, а морале да го сфатат тоа ако сакале да се разбере историјата на Филип Втори Македонски и на Александар Трети Македонски, особено отпорот и пречките на кои наишле од страна на Елините. Овој елемент е многу поважен од современото убедување дека античките Грци и античките Македонци биле браќа по вера. Тоа било подеднакво непознато и за едните и за другите и затоа ова тврдење не би имало политички ефект.

Одделно од локалната разлика на двата народа, впечатокот што античките Македонци како варвари го оставиле кај античките Грци се објаснува со блиското сродство во кое античките Македонци живееле со векови со нивните варварски соседи Илирите на Запад и Тракијците на Исток. Во рамниот дел на Долна Македонија, северно од планината Олимп, во долните текови на реката Халиакмон и Аксиус, навлегле античките Македонци источно од планината Бермион надвор од планинскиот дел на Горна Македонија, а западниот дел бил окупиран од Илирите, додека источниот дел од Тракијците.

Античките Македонци постепено морале да го освојуваат тој простор со борба. Ова е докажано со имињата на два антички македонски главни градови, Егеј и Пела, кои се македонски преводи од оригиналните илирски имиња Едеса (воден град) и Буномус. Покрај тоа што голем број антички жители биле истерани, сепак, како што обично се случува, многу останале и во текот на времето и на

кој и да е степен на цивилизација, биле асимилирани и ставени во пониски класи од освојувачите. Истото се случило и со античките Грци кои отишле подалеку на Југ и со месното анадолско население што таму го нашле.

Силното илирско и тракиско влијание можело да се види во античкиот македонски говор и во односите. Но, тоа се само дреболии во споредба со античкиот грчки карактер на македонската националност. На пример, имињата на вистинските чистокрвни антички Македонци, особено на принцовите и на благородниците се чисто антички грчки во нивното формирање и изговор.

Меѓутоа, основните карактеристики на античките македонски политички институции не се само антички грчки, туку и примитивно грчки. Старата патријархална монархија над населението и војската завршила во времето на Филип Македонски и Александар Македонски, монархија која еднаш постоела кај сите антички грчки племиња, додека не отстапил пред аристократските форми на владеење под влијание на полисот. Еден од факторите со кој се објаснува долготрајното задржување на старата монархија е тоа што напредната идеја на полисот не навлегла во Античка Македонија.

Од другата страна, пак, силата на кралот кој бил највисок генерал, судија и поп, кој бил приспособен на фактот дека старата античка грчка заедница и војска, во чии очи кралот бил прв меѓу еднаквите што еднаш во примитивните времиња постоеле кај Елините, се одржала до времето на Александар Македонски и потоа со помош на собранието на војската која имала определени привилегии.

Ова собрание на војската, покрај поврзаноста кон наследното право на Аргеадскиот

дом, имало право и обврска да избира нов крал, кој се потврдувал со акламација. Ниеден не бил сметан за законски крал освен оној кого собранието на војската го избрало.

Другото право што тој го имал било тоа што истрагите за велепредавство морале да се извршуваат пред него. Исто така, имало работа и со пресудите и со егзекуцијата. Во друг поглед кралот бил претставник на правдата, а неговите поданици се докажувале кон него со своите дела и личен пример на вистински патријархален начин на живеење.

Но, Аргеадите не биле првите господари на целата античка македонска нација. Првобитно, племињата во Горна Македонија, Линкеста, Ореста и Елимиота имале свои принцови и кралеви. Биле потребни мачни борби за да се спојат во македонската држава и веројатно е дека медијацијата на овие кнежевски куќи била извршена од Филип Македонски, кој ја обединил македонската држава.

Војската, првобитно, се состоела од дворјанството приврзано на земјата, кое било обврзано да му служи на кралскиот принц, секогаш подготвено за дејствување. Нивното лично сродство со кралот било изразено преку патријархалната титула *„хетаирои“,* кралски следбеник, титула што порано се употребувала во Елада, како што 2.500-те Мирмидони на Ахил во Илијада биле наречени, исто така, кралски следбеници.

Кога кралот формирал совет со неколкумина од овие свои следбеници, членовите биле нарекувани следбеници на кралскиот „ентоираге“. Но, тоа не било вистинското потекло на титулата, како што до скоро се претпоставувало. Старата Хомерова почесна титула опстојувала во Македонија многу векови, а ја добивале дворјаните што го следеле кралот.

Ова е карактеристично сродство на кралот по дворјанството, бидејќи тој не се разликувал од нив според облеката. Тој немал посебно кралски амблеми, а пурпурна боја на наметките и широки шапки носеле и дворјаните. Покрај оваа кралска коњица, слободните селани и овчари можеле да дојдат одвреме-навреме во неорганизирани групи и да се борат. Тоа било само во IV век кога тие се појавиле како организирана регуларна пешадија, регрутирана и уредена коњица, во зависност од подрачјето.

Потоа, почесната титула кралски следбеник, исто така, ѝ била, давана и на пешадијата во форма на пешадиски придружник. Според една двосмислена изјава, ова било направено од Филиповиот постар брат Александар. Но, тоа, веројатно, било употребено само при Филиповата реорганизација на војската. Секако, воведувањето на титулата пешадиски придружник означува дека пешадијата оттогаш дошла во исто лично сродство со кралот чија дворјанска пешадија подолг период имала поголеми права.

Значи, владетелот се движел во долните класи на луѓето, за да го подига нивниот морал и да ја зацврстува својата сила и моќ. Тоа се случило, веројатно, само по добивањето на титулата пешадиски придружник кога на пешадијата ѝ било дозволено да учествува во собранието на војската и да ги користи нејзините привилегии.

Во стекнувањето на правата и слободите античката македонска монархија цврсто се потпирала врз народот. Иако понекогаш имало судири меѓу кралот и гордото дворјанство, античките Македонци целосно му биле лојални на својот крал и покажувале голем респект кон него. Вообичаено било војникот да го симне шлемот кога му зборувал на својот крал, додека, пак,

кралот бил во добри односи и другарувал со офицерите.

Античките Македонци биле наполно здрав народ, не биле тренирани како античките грчки атлети, туку биле тренирани како Римјаните со воjнички навики. Но, покрај овие добри особености, тие имале многу лоши навики останати од дамнешни времиња, како што било неумереното пиење, со што во очите на Елините биле вистински варвари. Антагонизмот бил реципрочен, бидејќи античките Македонци биле израснати во една горда и самосвесна нација, која со презир гледала на Елините. Овој факт, исто така, е од големо значење за разбирање на подоцнежната историја.

Натамошното проширување на источната граница на Античка Македонија, што под Александар I дошла до реката Стримон (Струма), било запрено од големиот развиток на Атина која била на чело на Делијанската лига. Атина како држава се утврдила и на северниот брег на Егејот, вклучувајќи го македонскиот морски брег.

Таа ги потчинила градовите на полуостровот Халкидики, а на крајот ја зазела и колонијата во Амфипол, близу до планината Струма, и така стекнала голема благосостојба. Но кога страотната несреќа на Сицилија (413) го предизвикала уништувањето на Атина како голема сила, Античка Македонија како и другите држави нашле нови подрачја.

12.
ГОЛЕМИОТ ГЕНЕРАЛ, ДРЖАВНИК И ДИПЛОМАТ ФИЛИП ВТОРИ МАКЕДОНСКИ

Архелај, кој потоа ја земал круната, користејќи ја положбата, на својата држава ѝ дал зголемена милитаристичка и политичка важност. Тој изградил тврдини и патишта од воен карактер и темелно ја реорганизирал војската, посветувајќи посебно внимание на опремувањето на пешадијата

Во пресудата на Тукидитците, тој сам направил повеќе од своите претходници заедно. Неговото вклучување во конфликтите со тесалиското дворјанство сведочело за зголемената ударна сила на Античка Македонија. Архелај имал заслуги и за воведувањето на античката грчка култура во својата земја, дури за тоа настојувал повеќе од Александар I, Филелинот.

Во својот дворец во главниот град Пела, Архелај успеал да развие богат интелектуален живот, поканувајќи најславни поети и уметници од тоа време. Еврипид ги поминал со него последните години од својот живот и таму го напишал делото „*Бахатки“,* а во чест на својот кралски покровител го напишал делото „*Архелд“*

Тимотеј, големиот и славен музичар и поет, бил еден од неговите гости. Тој дозволил дворецот во Пела да биде украсен со цртежи од Зевс. На Дион во Пиерија под планината Олимп, каде што имало стар култ на музите, тој поставил сценска приредба во чест на Олимпискиот Зевс и музите.

Не се знае каков бил ставот на античките македонски дворјани кон воведувањето на античката грчка култура од нивниот крал, што наведувало да се мисли на последните дворци на Диадохите (наследниците на Александар). Не било лесно тие да се помират со навлегувањето на античката грчка култура. Но, историјата покажува дека семето не било фрлено залудно.

Престижот достигнат од Архелај имало краток век. По неговото убиство (399) започнал еден мачен период од четириесетина години. Жестоките борби внатре и надвор на соперничките кандидати за престолот и ненадејните напади од Илирија и Тракија, толку ја ослабиле античката македонска држава што на крајот таа станала зависна на постапните предоминантни сили на Елада, а под Аминта станала должник на Илирите.

Вистинското постоење на државата било доведено до просјачки стап, кога во 359 година кралот Пердика, синот на Аминта, бил поразен од Илирите во големата битка и погубен со своите 4.000 луѓе. Од сите страни непријателот навлегувал во земјата и не помалку од три освојувачи, поддржани од странски сили, се кренале против Филип Македонски, најмладиот брат на Пердика, кој како регент ги земал во свои раце уздите на владата во корист на својот внук Аминта, младиот син на Пердика.

Во тој најкритичен момент на македонската историја, Филип Македонски, кој тогаш бил дваесет и четиригодишен, поседувал огромна енергија и вештина. Со брилијантните оружени подвизи и со суптилна и итра дипломатска вештина, тој брзо успеал во отстранувањето на опасностите однадвор и однатре и наскоро се прогласил за крал на античката македонска војска.

Во првата година од своето владеење Филип Македонски со своите сили постигнал голем успех. Неговите извонредни способности како генерал, државник и дипломат, кој ѝ обезбедил брз и целосен спас на државата, ни го објаснуваат и извонредниот успех на неговата кариера. Сепак, величината на овој човек не била сфатена сè до XIX век.

Единствено, извонредните успеси на неговиот син Александар Трети Македонски ја осветлуваа неговата слава до тој период. Сеќавањето за него било спречувано од најголемиот оратор на Античка Грција, Демостен, кој бил негов политички противник, кој жестоко го напаѓал во своите извонредни говори и во интерес на својата политика сред Атињаните, искривено и со омраза го претставил ликот на Филип „варваринот“.

Особено во времето на класицизмот, сите биле заслепени од она што се случувало за времето на Демостен и прифаќајќи го сето тоа буквално, животниот пат на Филип Втори Македонски бил оценет единствено врз атинското гледиште, а, исто така, и од становиштето на Демостен. Тоа било нагласено од политичките карактеристики на периодот.

Бартолд Георг Наибур имал голема омраза спрема Филип Македонски, кого во својата концепција на историјата, го споредувал со Наполеон, а пред Аустерлиц го објавил преводот на првото дело „*Филипик“,* на Демостен, за да направи политички ефект против „бунтовникот“ како што е прикажан со мотото што стои на него.

За да се создаде вистинска слика за Филип Македонски, историчарите требало, прво, да се ослободат од атинското и од Демостеновото гледиште. Тоа иследување, според примерот на

J.Г.Драјзен, сè повеќе било насочено кон едно правилно гледиште дека македонскиот крал Филип морал да се оценува само преку остварувањето на античките македонски интереси.

Доколку тоа се прави денес, Филип Македонски ќе се претстави како еден од големите владетели на светската историја, не само поради тоа што ги поставил темелите на подвизите на својот уште прославен син Александар Македонски, кој со својот сопствен генијзградил еден нов свет, туку и како човек кој имал далекусежни погледи и постигнувања.

Овде нема доволно простор детално да се објасни на кој начин Филип Македонски, почнувајќи од малата држава што ја создал, постапно ја зголемувал во секој период; на Запад ги победил Илирите и остварил влијание над Епир, на Исток се борел против Тракијците, на Север втасал до Дунав, а на Југ со борба го обезбедил брегот на морето што било суштествено за македонскиот развој, како и за развојот на полуостровот Халкидики, ја победил Тесалија, а порешително се замешал дури и во античките грчки работи.

Сите овие зафати кои го прикажуваат во калеидоскопски модел и активен ту овде ту таму, само се одраз на една голема идеја што тој ја поседувал многу порано, можеби од почетокот, за да го направи својот македонски народ господар на целиот Балкански Полуостров.

Оваа империјалистичка програма била подигната на највисок степен во неговата политика со поцелосното воведување на античката грчка култура, преобразувајќи ја Античка Македонија во вистинска цивилизирана држава. Тоа било она што силно го поттикнало неговиот владетелски карактер. Примерот на Архелај бил следен од Пердика, кој на дворот се здружил со платонистот

Ефро и од него ја научил геометријата и филозофијата.

Филип Втори Македонски привлекол многу истакнати Елини на својот двор. Тој со успех ја реализирал идејата, поканувајќи го Аристотел да го воспитува наследникот на престолот и презел чекори за големо приспособување на елинската култура во својата сопствена земја: јазикот на Атина го вовел во Врховниот суд, како и во администрацијата и при формирањето на својот милитаристички систем ги следел античките грчки модели. Иако се познати само мал број резултати од овие напори, сепак, тие јасно кажуваат за неговата главна намера: да се интензивира елинизацијата на својата земја.

Оваа политика на цивилизирање имала последици. Доколку таа била цел на Филиповиот план да доминира не само над главниот дел на Балканскиот Полуостров, туку и над Елада, тој не можел да ги обедини античките Грци, како што направил со Илирите и Тракијците во својата Античка Македонска Империја, туку морал да најде некоја друга форма за обединување која би го зачувала лицето на античките Грци, а нивната положба да биде значително поподнослива.

Нему му било јасно дека контролата над Античка Грција неопходно ќе го вовлече во конфликт со Персис-ката Империја, зашто со Кралскиот мир контролата и врховната власт на Елада му припаѓале на персискиот крал.

Од друга страна, пак, доколку Филип Македонски сакал да ја победи Тракија и северните брегови на Пропонт и Босфорот, а тоа било негова голема желба, со цел да го обезбеди овој воден пат, да ја прошири и да ја заокружи својата Империја до брегот на Мала Азија, тоа не можело да го направи без војна со Персија. Во врска со

барањето на Исократ, со сигурност може да се тврди дека многу одамна, покрај непосредната цел за осигурување на Балканскиот Полуостров, Филип Македонски бил обземен и со идејата, иако само како далечна цел, за елинистичка комбинација за војна против Персија.

Тоа, се разбира, само по себе дека Филип, господар на дипломатијата, сите овие идеи и планови за иднината ги држел притаени во своето срце. Но, ако требало тоа да го изврши, тој барал војска која ќе биде подготвена да војува.

Без сомнение, и со варварите, па дури и повеќе со античките Грци, тој често ги постигнувал своите цели со подмитување, но, главно, неговите успеси се должат на неговиот добар меч. Неговата реорганизација на македонската војска навистина е дело на гениј, а бидејќи бил креатор на воениот систем, што Александар Македонски го презел, мора да му се оддаде извесно признание и за тоа.

Важно е дека Филип Македонски во својата младост три години живеел во Теба како заложник и таму се запознал со стратешките методи на Епаминонда. Кога дошол на престолот, ја презел и ја започнал реорганизацијата на војската така-наречена „кос строј на борба“, изум на Епаминонда, која предизвикала револуција во тактиката. Дотогаш Елините, обично, се бореле во паралелни линии.

13.
ФИЛИП МАКЕДОНСКИ – КРЕАТОРОТ НА МАКЕДОНСКАТА ФАЛАНГА

Епаминонда го поделил фронтот во офанзивно и дефанзивно крило со цел брзо да ја реши битката. Офанзивното крило било необично длабоко - како што пред тоа понекогаш се случувало во Бојотија - и било формирано од најдобрите коњички единици

Неговата задача била да тргне напред со концентриран напад, да го пробие фронтот и да ја реши битката, додека дефанзивното крило се движело напред пополека и останувало повеќе во одбрана, така што во моментот на судирот на борбената линија фактички било косо поставено, како што античките луѓе ја нарекувале формацијата.

Епаминонда, формирал две крила од тешка пешадија и ги зацврстил на левото крило подготвени за напад, а неговата коњица служела само да ги заштити страните. Бидејќи досега со паралелни борбени формации битката, главно, се решавала од двете страни на десното крило, неговиот напад од лево имало ефект на изненадување.

Тактиката што на Епаминонда му донела победа во Леиктра и Мантинеја сега била прифатена од Филип Втори Македонски, но модифицирана во зависност од различниот состав

на античката македонска војска. Офанзивата ѝ ја определил на својата одлична коњица, кралските следбеници, а дефанзивата на пешадиската фаланга што ја создал за оваа цел.

Филип не ја затворал офанзивата на едно крило, туку ја пуштал својата коњица да напаѓа понекогаш и на десното крило, а понекогаш, како кај големата победа на Херонеја, на левото, веројатно, зависно од особеностите на земјиштето или позицијата на непријателската војска.

За да се оствари претходно наведената тактика Филип Втори Македонски морал темелно да ја реорганизира својата војска. Планинските единици што ги преземал ги трансформирал во регуларна коњица, поделувајќи ја во полкови, тактички единици кои биле регрутирани според подрачјата. Овие кралски придружници биле вооружени со шлемови, оклопи, сабји и со копја направени од најдобро дрво.

Бидејќи стремените сè уште не биле пронајдени, тие не можеле, како јавачите во средниот век, со притискање врз јажето да ја зголемат силата на убодот на своето копје, туку морале да ракуваат со слободна рака, како што стои на мозаикот, претставувајќи го Александар Трети Македонски во битка.

Реорганизацијата на пешадијата била совршена. Дали и колку пред Филип Македонски имало, воопшто, организирана пешадија која можела да се нарече пешадија е спорно, како што е наведено погоре за името кралски придружници.

Секако, Филип Македонски бил креаторот на славната античка македонска фаланга. Со цел да ги продолжи косите формации било потребно да се создаде пешадија за дефанзивното крило. Тоа го објаснува необичната опрема и употребата на фалангата.

Очигледно било дека сите овие иновации, особено изведувањето на косата борбена формација, барала многу поголемо тренирање на коњичките единици. Затоа тие биле добро извежбани и истренирани за борба, за маршрање и маневрирање. Така, Демостен со восхит признава дека и лето и зиме и дење и ноќе не постоеле пречки за акциите на Филип Втори Македонски.

Додека во слободните антички грчки држави луѓето обично не сакале да одат на воени вежби, туку повеќе сакале да бидат платени наемници. Античките Македонци, пак, како дворјаните така и селаните, го следеле својот крал со ентузијазам, кој ги водел од победа во победа и како што било покажано од лузните што му го покривале телото, тие со него ја делеле и опасноста и заморот.

Филип Втори Македонски успеал да им се наметне посебно на своите офицери со својата личност преку институцијата корпус на „дворски пажови“. Со ангажирањето на оваа дворјанска младина во чие физичко и интелектуално тренирање лично присуствувал и монархот тој создавал еден вид кадетни корпуси за своите офицери. Тоа, исто така, значело постојано сплотување на интересите на македонското дворјанство, кое во минатото често било незадоволно.

Според примерот на лесно вооружените пелтаси (со кружен штит), кои биле воведени од Атињанинот Ификрат и вооружени со долги копја и само со кружен штит (пелта), Филип Втори Македонски на своите фалангисти како главно оружје им дал, покрај мечот, многу подолги и потешки копја, заедно со малите „пелти“ носени со придржувач на раката, шлем, заштитник на потколената и веројатно кожено палто со метален заштитник.

Според тоа, тие биле нешто меѓу тешко вооружената пешадија и пелтасите, погодни за бавно настапување и за поддршка на нападите, потоа да вршат побрзи напади во движење и по потреба да се способни брзо да се движат. Построени во збиена формација на полковите, во битката на дефанзивното крило тие морале полека да го следат нападот на коњицата и да го задржуваат непријателот.

На страните на оваа формација имало лесно вооружена пешадија, чија борбена улога била брзо да настапи и да направи врска меѓу коњицата и фалангата. Тоа било 'рбетот на античката македонска војска, но подоцна била дополнета со помошни единици од Тракија и од други соседни варварски држави.

Филип Втори Македонски заземал истакнато место во историјата на вештината на војувањето, бидејќи тој бил првиот кој ги споил сите видови борци во една тактичка единица. Тој, исто така, ја означил пресвртницата во развојот на стратегијата, бидејќи бил првиот - доколку тоа не му се припишува на Епаминонда - кој за целосно уништување на непријателот совесно ја водел „одбранбената стратегија“, како што обично се нарекува според класичната книга на генералот Фон Клаусевич, „Од војната“.

Бидејќи поранешните битки античките Грци обично ги сметале како натпревари, победник бил оној што го држел бојното поле и што подигнал трофеј, додека победената страна се повлекувала, Филип Македонски по победата застанувал на чело на коњицата и го гонел непријателот до последен здив на човекот и коњот.

Какво немилосрдно гонење, се гледа од изјавата што наскоро била добиена, а според која, по победоносната борба со Трибал, при гонењето

Филип Втори Македонски бил несреќно ранет во ногата со копје од еден од неговите што го следел.

Филип Македонски ја означил и епохата на вештината на опсадување на градови. Стариот метод на гладување на непријателот не било доволно добар за оние што ја вовеле стратегијата на одбраната.

Тој бил првиот кој на Исток ја применил опсадната техника, како што Дионис I од Сиракуза постапил со античките грчки и картагенските инженериски единици. Филиповите опсади на Перинт и Византиум (340), и покрај неуспехот, биле епохален изум во науката. Поради ефектот од оваа револуција во правење опсади, Атина и другите градови започнале да ги градат ѕидовите од камен наместо од тули кои не биле доволно цврсти.

Очигледно било дека сите овие иновации, особено изведувањето на косата борбена формација, барале многу поголемо тренирање на коњичките единици. Затоа тие биле добро извежбани и истренирани за борба, за марширање и маневрирање. Така Демостен со восхит признава дека и лето и зиме и дење и ноќе не постоеле пречки за акциите на Филип Втори Македонски.

Додека во слободните антички грчки држави луѓето, обично не сакале да одат на воени вежби, туку повеќе сакале да бидат платени наемници, античките Македонците, пак, како дворјаните така и селаните, го следеле својот крал со ентузијазам, кој ги водел од победа во победа и како што било покажано од лузните што му го покривале телото, тие со него ја делеле и опасноста и заморот.

Филип Втори Македонски успеал да им се наметне посебно на своите офицери со својата личност преку институцијата корпус на „дворски пажови“. Со ангажирањето на оваа дворјанска младина, во чие физичко и интелектуално

тренирање лично присуствувал и монархот, тој создал еден вид кадетни корпуси за своите офицери. Тоа значело и постојано сплотување на интересите на македонското дворјанство, кое во минатото често било незадоволно.

Но, во друг однос, односно во воената моќ, оваа монархија била супериорна над античките грчки полиси. Не само што врховната команда била во рацете на кралот, туку, исто така, и целото раководење на надворешната политика. Додека во слободните држави, растроени од внатрешните клики, прашањата на надворешната политика биле решавани сега на еден начин, подоцна на друг, со одлука на мнозинството по долги контрадикторни говори на демагозите, во Македонската Монархија одлучувал самиот крал.

Демостен го признал тоа како голема предност на својот противник. Во такви услови можело да се формира постојана еднообразна далекусежна политика, планирањето и извршувањето биле во исти раце, а државникот и генералот биле обединети во еден човек.

Во 346 година, Исократ во своето дело „Филип“ ја определил токму таа силна позиција на владетелот во извршувањето на панелинистичката програма. Во првиот дел од расправата Исократ го опишал помирувањето на античките елински грчки држави што, како и Горгија, лично го покажал во своето дело „Панегирик“ (380), каде била потребна обична воена претприемчивост.

Тој му дал практичен предлог на Филип со тоа што требало, прво, да ги смири една со друга четирите водечки држави, Атина, Спарта, Теба и Арго, кои со него би општеле преку своите амбасадори, а потоа другите мали држави би го следеле тој пример.

Нему, како потомок на Херакле, нема да му биде тешко, бидејќи секоја од овие држави има некоја врска со неговиот прадедо Херакле. Нивните очајни состојби ќе ги натераат да склучат мировен договор, а и Филип Втори Македонски би добил слава и наклоност низ цела Античка Грција. Во вториот дел од расправата Исократ зборува за војната со Персија. Тоа било најпогоден момент, бидејќи Персиската Империја слабеела поради револтот во голем број територии.

На Филип Втори Македонски му требало само да оди во Мала Азија и да најави слобода, а многумина од намесниците би го поздравиле како нивни пријател во нужност и би ја отфрлиле вазалската зависност од Големиот крал. Тука, исто така, Исократ укажува на Филиповиот прадедо Херакле кој еднаш ја совладал Троја за неколку дена, а Филип Македонски можел да му парира со човекољубие и наклоност кон античките Грци.

Доколку е изводливо, тој би ја уништил целата Персиска Монархија, но ако е невозможно тогаш барем да ја отсече Мала Азија од Галиција до Синоп, да формира колонии за бездомните скитници кои ја тероризирале Елада и така со тој бедем да ја заштити Античка Грција од Исток. Доколку тоа било невозможно, тогаш тој би требало барем да ги ослободи античките Грци во Мала Азија од персискиот јарем.

Тој бил сигурен дека ќе добие најголема слава и благодарност од античките Грци. Исократ завршил со предупредувањето дека Филип Втори треба да биде добродетел кон античките Грци, крала не тиранин на Македонците и дека треба да ги ослободи варварите од варварскиот деспотизам и да им пружи елинистичка грижа и заштита.

14.
ФИЛИП МАКЕДОНСКИ И НЕГОВИТЕ ВИЗИИ И ПЛАНОВИ ЗА АНТИЧКА МАКЕДОНИЈА

Современиот читател со изненадување ќе забележи колку оваа расправа за практичната политика се потпира врз аргументи од митската историја, а особено врз легендата за Хераклe. Но, со цел да се разберат античките Грци од тој период, треба да се навлезе во особеноста на нивниот менталитет, како што еднаш Јакоб Буркхардт формулира дека „митот бил идеална основа за нивното целокупно постоење“

Дури и во најобичните политички прашања се правеле митски споредувања, па дури, како што Исократ овде делумно вели, да се формира митот во интерес на сегашноста и погледите на сегашноста да се проектираат според митските времиња, со цел да им се даде поголема моќ.

Оваа практика одиграла голема улога во личниот живот на Александар Македонски. Додека Исократ во оваа расправа го прави Хераклe толку голем како прадедо на Филип, не мисли единствено на Филип Македонски туку и на античката грчка јавност. Затоа, ова отворено писмо до кралот, кое, исто така, кружело како памфлет низ Античка Грција, се очекувало да има двоен ефект: да влијае на Филип Македонски за да биде водач на националната војна, а на античките Грци за да подготват јавно мислење за неговото раководење. Силното потенцирање на Филип Маке-

донски како еден Хераклид, а со тоа и како вистински Елин, било да се олесни целта: античките Грци да се потчинат на странско раководење.

Кога Филип Втори Македонски ја прочитал книгата, мора да му било добредојдено инсистирањето за неговото потекло од Херакле, па во својата политика тој морал да го нагласи ова митско потекло, како што покажуваат најдените метални пари со ликот на Херакле. Но, од друга страна, пак, тој се смеел на наивноста што ја покажал Исократ.

Според Исократ, каков резултат требало да донесе војната што ја водел Филип Македонски против Персија со античките Македонци и со обединетите антички Грци? Филип требало да им служи исклучително на античките грчки интереси: античките Грци од Мала Азија требало да бидат ослободени; Мала Азија да се насели со бездомни антички Грци, со цел да се ослободи Античка Грција од своите економски и социјални неволи.

Тоа богатство и изобилство на Исток требало да го добијат античките Грци. Одвај само општо се најавувало дека и Филип Македонски би стекнал моќ, слава и наклоност од античките Грци.

Исократ,веројатно,го зел овој силен реалист како идеалист, каков што бил и тој лично, ако верувал дека Филип Македонски би го извлекол својот меч за белите очи на античките Грци. Тој лошо го проценил Филип во еден правец, како што направил Демостен во друг, мислејќи дека целта на Филип Македонски е целосно уништување на Атина. Доколку Исократ ги знаел тајните планови на Филиповата македонска политика, никогаш немало да го напише своето дело „Филип“.

Од уште поголемо историско значење е и тоа што Исократ се свртел кон Филип Македонски, бидејќи е непобитно дека извршил влијание врз Филиповите натамошни дејства. Иако овие сугестии за исполнување на чисто античко грчки желби можеле да бидат туѓи за Филип Македонски, чиј начин на однесување бил чисто македонски, делото „Филип“ во целина несомнено му направило силен впечаток, па затоа со радост го поздравил.

Според тајните планови, тоа било голем морален успех и можело да има материјална корист. Исократ, како славен публицист и професор, имал најголемо влијание сред јавното мнение на целокупниот антички грчки свет и можел да го повика Филип Македонски да ја води панелинистичката национална војна што многу ја посакувале голем број Елини. Несомнено, Филип Македонски веднаш увидел дека идеите што му биле предложени имале тесна врска со неговите тајни планови и цели, па затоа многу вешто ги модифицирал со цел своите македонски намери да ги прикрие со панелинистичките барања.

Главната разлика меѓу неговите планови и програмата на Исократ била во тоа што тој самиот во последно време размислувал за доминацијата над Античка Грција, со цел да ја поведе македонската освојувачка војна против Персија и сé друго во врска со својата империја, додека Исократ го претпочитал помирувањето на античките грчки држави како единствена претпоставка за националната војна.

Делото „Филип“ често се интерпретирало во смисла на тоа дека Исократ му препорачал на кралот обединување на античката грчка нација во една држава, или во Федерална држава, или во лига на држави, на чело со Филип Втори

Македонски, а подоцна се покажало дека Филип уште на Коринт ја имал таа идеја на Исократ.

Меѓутоа, во расправата нема траги од ваков вид. Исократ, на пример, никогаш не помислувал да се создаде политички обединета држава под раководство на Филип Македонски, туку, едноставно, да направи внатрешно обединување на Елада, за што го повикал Филип да го изведе во хармонија со античките грчки полиси кои требало да дејствуваат смирувачки врз постојните антагонизми.

Погрешно е ако се верува дека панелинистичката идеја започнала со цел обединување во една држава. Тешко е да се спореди Исократ со приврзаниците на идејата од 1848 година, кои подготвиле подлога за германското обединување. Реално, и кај Горгија и во „Панегирик“ на Исократ (380) се бара помирување и внатрешна хармонија меѓу античките Грци. Во дадениот момент, како во V век така и пред тоа, Елините немале концепција за национално обединета држава.

Оваа замисла, што денес ни е толку многу блиска, не треба да биде внесена во грчката историја и да се земе како мерило за оцена на политичкото создавање на нација. Како Елини, античките Грци се чувствувале обединети единствено со својата општа цивилизација, а врз тоа се потпирало и нивното национално чувство.

Додека Исократ го сметал за можно внатрешното помирување на сите антички Елини-Грци со Филип Македонски, државникот Филип Втори Македонски, пак, не бил во состојба веднаш да согледа дека ова е сон на идеалист. Всушност, кога човек ќе направи ретроспектива на распалените внатрешни борби од поранешните децении, во кои античките Грци меѓусебно се

распарчиле, тешко може да се сфати како Исократ дошол до тоа верување.

Со пријателско убедување, како што сметал тој, ништо не можело да се стори. Само силата би можела да помогне. На овој начин Филип Македонски изгледа, прво, сакал да го спроведе својот план на доминација над Античка Грција и да обезбеди мирни услови за живеење. Меѓутоа, поканата на Исократ само можела да му го потврди неговиот стар план за хегемонија над Античка Грција.

Од друга страна, тој можел да ја усвои втората точка на планот од Исократ и да го преземе водството во панелинистичката национална борба. Ова, несомнено, било необично пожелно за него. Тој можел да ја прикрие својата порано замислена македонска војна за освојување на Азија со панелинистичко знаме и така со најдобар метод да ги придобие симпатиите на Античка Грција, кои биле од големо значење за него и за неговата политика во културата, а и да добие морално оправдување за својата порано планирана доминација над Античка Грција.

Колку многу Филип Македонски ги искористил во својата политика поттикнувањата на Исократ се покажало во 338 година кога како победник кај Херонеја, повторно ја организирал Античка Грција на Коринт и ги натерал античките Грци да го дигнат оружјето против Персија. Филиповиот престиж во Античка Грција бил многу зголемен веднаш по Мирот на Филократ и пред крајот на 346 година со успешното завршување на војната со Фокијанците, таканаречена Божја војна што го опустошила централниот дел на Античка Грција за десет години.

Филип Македонски ги натерал Фокијанците да капитулираат, било прифатено во нивниот

Амфиктионистички совет и според тоа признат како елинистичка сила. Наскоро потоа стекнал доминантна позиција во Тесалија, станувајќи архон на Тесалиската лига. Во наредните години се гледа како силно војува и постигнува големи успеси.

По совладувањето на Одрисијанското Кралство, обезбедувајќи ја својата нова територија со колонии како што била Филипополис и проширувајќи ја својата сила до Црно Море, тој направил напор да го стави Тракискиот јужен брег во нов судир со Атина, која имала витални интереси во тракискиот Херсонес, односно да го обезбедува снабдувањето со жито преку Црно Море.

Политиката на Атина потоа била маќепсана од убедливото изразување на Демостен, кој, претставувајќи го, особено, атинското гледиште, многу одамна во Филип Македонски видел непријател на својот роден град и не се срамувал да се поврзе со Персија против него.

Оттука, во Атина имало различни мислења, дијаметрално спротивни погледи. Панелинистичката идеја за национална војна против Персија под раководство на Филип Втори Македонски добила приврзаници, особено во интелектуалните кругови, како што била Академијата раководена од Спеусип, внукот на Платон.

Меѓутоа, раководењето на политиката била во рацете на Демостен и тој ја натерал Атина на војна. Во интерес на своите прикриени планови, покрај сите провокации, Филип Македонски сериозно настојувал колку што е можно повеќе да го избегне конфликтот со Атина. Со крајно внимание се обидел да постигне мирољубиво решение по пат на дипломатски преговори.

Иако Атина била известена за неговите операции кај Херсонес и Босфорот, сепак, војната

избила, а атинските трупи во 340 година го натерале да изврши опсада на Византиум. Непосредно пред тоа, неговата опсада на Перинт, што е на северниот брег од Мраморното Море, била нарушена со интервенцијата на новиот непријател Персија.

Пред неколку години, со намера да војува против Персија, а бидејќи се подготвувал за преминување во Мала Азија, воспоставил тајни односи со Хермија од Атарнеј на другата страна од Дарданелите.

Но подоцна како лукав дипломат склучил договор за пријателство и со персискиот крал, со цел да ги неутрализира сомневањата од неговиот иден непријател. Од друга страна, пак, персискиот крал ги натерал намесниците да ги поддржуваат Перинтијанците против Филип, бидејќи се плашел за своето владеење на Тракискиот Брег.

15.
ФИЛИП ВТОРИ МАКЕДОНСКИ – ГОЛЕМИОТ ХЕГЕМОН

Иако Филип Втори Македонски останал навреден од атинската помош на Византиум, сепак, избегнувал директен судир со Атина. За да го обезбеди своето Македонско Кралство заминал за Добруџа да се бори со Скитите и Трибалијанците (339)

Тоа било во времето кога Амфиктионистичкиот совет му дал наредба од новата „света војна“ против Амфис да се пресели во централниот дел на Античка Грција по лошо проодниот пат на Термопилите (339).

И така, кон крајот на август 338 година, во Бојотијанската Рамнина кај Цефис во близината на Херонеја, се случила голема и решавачка битка, во која Филип Македонски целосно ги поразил комбинираните сили на Атина и Теба. Со оглед на курсот што го земале работите во Атина и во цела Античка Грција во период од неколку децении, политиката на Демостен била изложена на критика, бидејќи во своите атински аспирации не ги земала предвид вистинските факти и затоа секогаш ќе остане само како очевиден модел на страстен патриотизам.

Тоа е славна страница во историјата на Атина, кога под негово раководство се почувствувало нејзиното гордо минато и дека нема да се роди супериорна сила без борба. Сé уште на државните гробишта Керамеикос во Атина со

емоција се читаат стиховите испишани на гробовите на оние што паднале кај Херонеја:

О време, ништо човечно не може да ја прескокне глеткава:

Затоа кажи им на сите каква несреќа може да не снајде.

Како, борејќи се на Бојотијанската историска рамнина

За да ја спасиме нашата света Елада, ние бевме погубени.

Уште еднаш Филип Македонски ја доби битката со формацијата кос строј.

Офанзивата на левото крило и командувањето со коњицата Филип Македонски му ги доверил на својот син Александар Македонски, кога бил на осумнаесетгодишна возраст, додека тој лично го водел дефанзивното десно крило. Така младиот Александар на чело на следбениците на дворот ја нападнал „Светата чета“ на Тебанците, додека неговиот татко соочувајќи се со Атињаните ја држел назад својата фаланга и на почетокот се повлекол на кратко растојание за да ги измами да излезат надвор од нивните борбени позиции.

Откако успеал во ова, тој напаѓал победоносно, а Александар Македонски во меѓувреме ги принудил во бегство Тебанците и ги натерал на десната страна што го опкружувала непријателскиот центар со страничен напад и затоа победата била целосна.

Тоа била необична акција на Филип Втори Македонски во која не го прогонувал непријателот по Херонеја, туку останал на бојното поле, дозволувајќи му на непријателот да се повлече на југ. Во тоа го гледаме човекот кому, според зборовите на генералот Фон Клаусевич, војната му била само продолжение на политиката, но со други средства.

Сега дошол неговиот момент да ја оствари долго планираната реорганизација на Античка Грција. Таа ситуација и се очекувала по смирувањето со античките Грци. Со откажувањето да го прогонува и уништува непријателот, многу била јасна неговата искрена желба за приспособување. Овде повторно можеме да ја видиме големата предност на единството на војничката команда и политичката контрола во личноста на монархот, во споредба со стратезите на полисите зависни од јавните собири.

Тебанците морале да платат со разочарување затоа што Филип Македонски ги споил со Атина. Морале да се ангажираат со обновата на Платеја и Орхомен и да го издржуваат македонскиот гарнизон во Кадмеја. Меѓутоа, Филип Македонски покажал голема наклоност кон Атињаните: ги вратил нивните затвореници без откуп, дозволувајќи им на Антипатер и Александар да ја однесат пепелта на мртвите во Атина во свечена поворка, а им понудил и пријателство и сојуз со гаранција дека Атина ќе ја остави слободна и независна.

Но притоа, тие морале да ја распуштат Военоморнаричката лига и да се откажат од тракискиот Херсонес, бидејќи загубата од отстапувањето на Ороп била ненадоместлива. Со години Демостен правел таква слика за Филип Македонски пред Атињаните како тој да е најголем бандит чија единствена цел му била да ја уништи Атина. Така, тој ги натерал да имаат страшен отпор спрема него. Наклонетоста на Филип Македонски толку многу ги изненадила што, едноставно, се збуниле од радост и благодарност. Тие му подариле атичко државјанство на Филип Македонски и на неговиот син Александар

Македонски и направиле статуа на кралот во нивната Агора.

И во текот на овие преговори за посебен мир со Атина, Филип Македонски сосем малку го поткренал превезот од своите планови, со што ги повикал Атињаните да стапат во „универзалниот мир“ и да се приклучат кон „Советот на лигата“ што тој сакал да го формира. Освен тоа, тој ги стекнал грчките симпатии, со тоа што внимателно го проширил гласот дека сака Античка Грција да ја води во панелинистичка војна против Персија.

Кога се преселил со својата војска од Атина на Пелопонез, со радост му било посакано добредојде од градовите што му биле верни, а засебни мировни договори биле склучени со оние што дотогаш му се спротивставувале. Само Спарта одбила да попушти, па затоа доживеала опустошување на Лаконија од страна на Филип Македонски заедно со нејзините стари непријатели Аргивите и Месенијанците, поради што основниот антички грчки Арбитражен суд им ги доделил на овие нејзини непријателски соседи сите погранични места што ги барала Спарта во текот на повеќе векови.

Така, всушност, Филип Втори Македонски станал господар на цела Античка Грција и можел да оди понатаму да ја зацврсти својата власт со легални форми. Со оваа намера тој ги повикал сите суверени антички грчки држави на копно (се до македонската граница), како и островите, да испратат дипломатски претставници на Коринт, со цел да се консултираат со него за новиот поредок во Античка Грција.

Спарта, наспроти своето политичко значење, била единствената држава што тоа гордо го одбила. И така, на крајот од 338 година почнала прочуената Конференција на мирот на Коринт, чии

заклучоци претставувале круна на Филиповата животна цел. Тоа посебно треба да се има предвид, бидејќи тие претставувале темел за врската на Александар Македонски со Античка Грција.

Филип Македонски ја отворил постапката со читање на манифестот „Диаграма“ во кој ги изложил своите предлози пред да се соберат дипломатските претставници. Несомнено, ова ја негира вистината дека во дискусијата за Кралскиот мир на Сардис, пораката од Големиот крал била ставена пред грчките претставници. Додека тие со закана биле принудени да го прифатат она што им било диктирано од Големиот крал, Филип Македонски им го поднел својот документ само како основа за претстојните дискусии.

Тие на Коринт се задржале со месеци, можеби до пролетта 337 година. Дека Манифестот „Диаграма“ бил ставен во обврзна форма, повеќе од сигурно само може да се претпостави, иако Филип Македонски за време на конгресот им се претставил на дипломатските претставници со сиот свој шарм и љубезност, што можел да го покаже кога сакал. Тој бил страшно неспокоен и сакал да ги добие симпатиите на античките Грци, што било важно за реализација на неговите цели. Резултатот на овие преговори бил договорот за сојузништво меѓу Филип Македонски и античките грчки претставници на Коринт, а тоа се потврдило со заклетва од сите странки.

Неговите главни точки биле следните: Филип Македонски склучил пријателство и еднос-тавен офанзивен и дефанзивен сојуз со античките Грци. Не е определено, но не е и невозможно дека дури тогаш, како на последното обновување на овој договор за сојузништво во 302 година, античките грчки држави се сложиле меѓу себе за

пријателство и за офанзивен и дефанзивен сојуз. Лигата на античките Грци формирана со овој сојуз била претставена од општ Федерален совет, во кој секоја држава посебно морала да испраќа свои пратеници по број кој варирал според нивната воена моќ.

Овој Совет ги одржал своите општи заседанија во времето и на местото од четирите големи панелинистички игри (на Олимпија, Немеја, Делфи и Истмос), додека за обични состаноци веројатно бил избран Коринт, а тоа е местото каде што било седиштето на Постојаниот деловен комитет од пет претседатели. Во првиот параграф: слобода и автономија, а веројатно исклучување од данок и од воено ангажирање, имал добиено секој член од лигата.

Независно од Теба, сместувањето на античките македонски гарнизони во Акрокоринт, Јалцис и Амбрација биле во интерес на Лигата, а одобрено од конгресот. Како и во Втората атичка военопоморска лига, хегемонијата на Атина била надвор од Федералниот совет, во кој Филип Македонски бил хегемон, сојузен генерал, избран од конгресот доживотно. Неговото античко Македонско Кралство природно не припаѓало кон Елинистичката лига.

Преку Филиповата позиција како хегемон, оваа Елинистичка лига на државите, на чии индивидуални членови со закон им била загарантирана слободата и автономијата, постојано била сврзана со античкото Македонско Кралство со помош на личниот авторитет на Филип Втори Македонски.

16.
ФИЛИП ВТОРИ МАКЕДОНСКИ – СТРАТЕГОТ НА КОРИНТСКАТА ЛИГА

Позицијата како хегемон била долго негувана законска форма што Филип Македонски на крајот ја пронашол за да доминира над Античка Грција. Таа барала да се дејствува колку што е можно понежно со грчкото чувство и независност. Каков труд тој вложил за да не ја повреди грчката чувствителност, се гледа од неговиот опис во договорот, не како крал, туку како хегемон

Функциите меѓу Советот и хегемонот, се поделени така што првиот требало да ги донесува резолуциите, а вториот да ги спроведува. Федералниот совет што го формирал Федералниот суд, донел многу важни одлуки, мерки против прекршителот на договорот, и дали треба да биде мир или да се води војна.

Во последниот случај хегемонот ги определува воените контингенти за снабдување од членовите и води војна во корист на лигата. Во согласност со смислата на офанзивниот и дефанзивниот сојуз, во ваков случај тој требало да ја поддржува Лигата со својата античка македонска армија и, обратно, доколку тој бил нападнат или ако требало да се води офанзивна војна под негово раководство, античките Грци требало да се стават со своите контигенти под негова команда

Во врска со последната спогодба, изворите потврдуваат дека, несомнено, ова била определбата за војна против Персија. Се покажало дека во текот на заседанијата Филип Македонски избегнувал официјално да зборува за војнички и политички прашања и за персискиот крал.

Со цел предвремено да не го предизвика кралот, Филип Македонски сакал да ја зајакне Античката грчка лига и цврсто да ја земе во свои раце командата над античките грчки трупи што биле на копно и на море, пред да настапи сред народот со планот за војна со Персија.

Сепак, како што било неопходно да се определи бројот на претставниците, тој започнал да ја определува официјално моќта на одделните членови. Тоа произлегло од силата на двете страни: хегемонот Филип Македонски не бил само воjнички лидер на Лигата, туку имал и целосна контрола на надворешната политика на Античка Грција.

На тој начин Филип Македонски ја обединил цела Античка Грција (со исклучок на Спарта) во Лига на држави и така првпат во историјата создал античка грчка обединета држава. Се разбира, за сѐ што било речено погоре околу панелинистичката идеја, тој не ги следел, како што често се претпоставувало, поттикнувањата во делото „Филип“ од Исократ, кое барало обединување на Античка Грција во една држава.

Формирањето на оваа Коринтска лига не било резултат на панелинистичката идеја, туку на политиката на Филип Македонски да ја подигне моќта на Античка Македонија. Наспроти напорите на Филип Македонски со решението на античко грчко-македонското прашање што е можно помалку да ги засегне античките грчки чувства, сепак, ладно

бил примен од широките народни маси во споредба со она што го очекувал.

Античките Грци ја сметале хегемонијата на Филип Втори Македонски, пред сè, како странска доминација. Тие не гледале на античките Македонци како на антички Грци.

И покрај тоа што Лигата на државите под водство на Филип Македонски не ги усогласила намерите на панелинистите, сепак, можеме да го признаеме влијанието на Исократ за „општиот мир“ прогласен на Конгресот од Филип Македонски.

Доколку внатрешното единство на античките Грци, како што имал желба Исократ, не се реализирала во рамките на Лигата на државите, ќе се преземеле мерки да се обезбеди спокојство и мир во античкиот грчки свет.

Според тоа, одредбите за еден „општ мир“ биле вклучени како витален и фундаментален услов во договорот на Сојузот. Пред сè, тоа било мир меѓу Филип Македонски и Лигата. Така, на пример, секој член морал да се заколне дека нема да се обиде да ја собори монархијата на Филип Македонски и на неговите потомци. Според додатокот „потомци“ се гледа дека договорот е „вечен“, ако тоа се однесува само на Филип Македонски. Во спротивно, античките Грци не би земале обврски за неговото потомство.

Тоа било од големо политичко значење. Меѓутоа, античките Грци се врзале со заклетва вечно да го чуваат меѓусебниот мир. Ниеден член не можел да се здружи во непријателство против друг на копно или на море. Пиратството било забрането и така слободата и безбедноста на морето била ставена под заштита на Лигата. Секој што не се потчинувал бил третиран како непријател и требало да очекува казна од другите членови.

На овој начин се воспоставил мир во сите држави. Претставниците во интерес на хегемонот увиделе дека егзекуциите или казните на прогон не биле незаконски, дека немало конфискации, распарчување на земјата, поништување или ослободување од долговите, или, манумиција со робовите за бунтови и со сите оние обични страшливи придружувачи на постојаните бунтови во непосредното минато.

Секој член морал да се заколне дека нема да ги крши правилата што владееле во државите од времето кога била дадена заклетвата, независно што многу од нив биле изменети од Филип Македонски за да одговараат на неговите погледи. Не смее да се заклучи дека тоа претставувало задушување на политичкиот живот во градовите. Револуцијата со насилство била забранета. Ништо не можело да го исклучи мирољубивиот развој на конституционалниот живот.

Тоа била форма на „општ мир“. Филип Македонски сакал да ја реализира идејата на Исократ за смирување. Надворешниот и внатрешниот мир на сојузничките држави бил загарантиран со строги санкции кои се содржеле во договорот. Бездруго, едно вистинско помирување на душата би било најдобро.

Но тоа било утопија, како што веќе видовме, и мора да се признае Филиповото заменување со насилно наметнат мир кој бил единствениот можен излез во постојните услови. Тој барем ветувал олеснувања за нацијата, доколку се почитувал духот на Коринт.

Откако скицираниот договор едногласно бил прифатен од Конгресот, дипломатските претставници се вратиле во своите држави и договорот насекаде бил прифатен и потврден со

заклетва. Изборите за претставници започнале веднаш, бидејќи заклучокот на Конгресот бил Советот да заседава што е можно поскоро.

Така, Федералниот совет го одржал својот прв состанок на Коринт во раната пролет 337 година. Дошол и часот кога Филип Македонски требало да ја спроведе и последната цел на својата македонска политика. Сега кога ги имал античките грчки контингенти во своите раце, тој можел јавно да ја обнароди својата долго чувана намера за војна со Персија.

Од голема важност било тоа што Исократ во своето дело „Филип“ го подготвил јавното мислење на Античка Грција за панелинистичка национална војна под раководството на Филип Втори Македонски, кому му се овозможило да ја искористи оваа панелинистичка идеја, со цел да ги прикрие своите чисти антички македонски намери.

Филип Македонски се надевал дека со војната ќе ги добие симпатиите дури и од оние антички Грци што биле против него, во чии очи барал морална поддршка на својот статус што го доби на Конгресот.

Тој ќе се здобиел со значајна позиција, ако ги ослободел античките Елини-Грци во Мала Азија од персискиот јарем, а со тоа ќе го поништел првиот член од Кралскиот мир кој педесет години ја оптоварувал Елада.

Вториот член од Кралскиот мир веќе го поништил по дипломатски пат, бидејќи според Федералниот устав, сега бил Филип Македонски, а не Големиот крал, тој што им гарантирал слобода и автономија на античките грчки држави.

Но која била причината тој да се залага за војна со Персија? Обичните и единствените антички грчки мотиви на Исократ биле некорисни, ниту, пак, Филип Македонски можел да ги

обнародува своите лични антички македонски планови за освојување.

Поумна идеја му се јавила при најавувањето на војната како војна за реванш, како војна на одмазда за злосторствата што еднаш биле извршени од Ксеркс врз храмовите на антич-ките грчки богови. Оваа идеја била истакната од Филип Македонски, а не од Исократ, како што се претпоставувало, бидејќи тоа нему сосема му било туѓо.

Го гледаме и се одушевуваме на нежното проникнување со кое Филип Македонски можел да навлезе во античко грчкиот менталитет и колку остроумно ја земал позицијата во свои раце како вистински Хераклид, издигнувајќи ја националната војна во религиозна војна на одмазда. Во исто време, тој зацртал спиритуална паралела меѓу својата иницијативност и многуте години на војна со Персија.

Веројатно, оваа митска паралела го окупирала и на Конгресот го припоил Сојузот кон „универзалниот мир“, бидејќи и при доаѓањето на Ксеркс, сојузниците антички Грци склучиле мир кој се однесувал на целата земја.

Така, Филип Македонски на Првата седница на Советот предложил тој со античката македонска армија и со контингентите на античките грчки сојузи да води војна со Персија, за да се одмазди за злосторствата на Ксеркс во античките грчки свети места. Потоа, претставниците гласале за војна и на Филип Македонски му ја довериле врховната команда во војната со Персија со звањето командант со неограничена моќ.

По овие брилијантни успеси Филип Македонски се вратил во Античка Македонија. Наредната пролет (336) преку Дарданелите испратил извидница од десет илјади луѓе под команда на Парменион и Атал, за да се подготви и

да ја искористи првата можност за ослободување на градовите во Мала Азија. Повеќе од тоа Филип не можел да направи, бидејќи неколку месеци потоа бил убиен.

Она што Филип Втори Македонски го направил на Коринт претставува компромис меѓу античката македонска политика на моќ и панелинистичката програма на Исократ, компромис во кој најмногу дошле до израз античките македонски интереси. Во извесна мера желбите на Исократ се исполниле, но во форми што тој не ги предвидел, бидејќи тие се реализирале врз основа на целта на Филип, а тоа била доминација над Античка Грција.

Во оценувањето на неговата дејност на Коринт, може да се рече дека доколку му се овозможело, наместо да умре во четириесет и седмата година, да води успешна војна против Персија и да владее во неколкуте наредни децении, неговата реорганизација на Античка Грција ќе била благородна и за античкиот грчки свет, а особено извршувањето на „универзалниот мир“, кој бил неопходен за напредокот на неговото античко Македонско Царство.

Тоа значело постепено создавање на услови за доминација на неговиот син Александар Македонски во светот, што било сосема непознато за неговиот татко, кој со Коринтската лига ги изменил условите на живот.

Каков силен впечаток оставил Филип Македонски на своите современици се гледа од зборовите на Теопомп, историчар кој во почетокот на своето дело „Филипика“ го напишал следново: „Земено во целина, Европа никогаш немала маж како Филип Македонски, синот на Аминта“.

17.
МЛАДОСТА НА ИДНИОТ КРАЛ АЛЕКСАНДАР МАКЕДОНСКИ

Филип Македонски, таткото на Александар, бил син на античкиот Македонец Аминта, додека мајката на Филип, Евридика, била од Илирија. Веројатно, во подоцнежниот живот, под влијание на елинистичкото воспитание на античкиот македонски двор, таа научила да чита и да пишува старогрчки, сакајќи на своите деца да им даде повисоко образование, но по крв таа останала чиста варварка, ќерка на илирскиот принц Ирас

Според тоа, таткото на Александар Македонски бил половина варварин, а неговата мајка Олимпија му станала законска жена на Филип Македонски во 357 година. Олимпија била ќерка на Неоптолем, кралот на Молосијанците, чија династија имала потекло од синот на Ахил и се сметала за античка грчка, но Молосијанците како племе во Епир изгледа биле варвари и, веројатно, биле сродни со Илирите.

Во 356 година Олимпија, на дваесет години, го родила Александар, а наредната година ја родила и неговата сестра Клеопатра. Од овој брак немало друга рожба. Значи, Александар не е чист антички Македонец туку во своите вени имал и варварска крв.

Несомнено, Александар Македонски наследил многу карактеристики од своите родители, но тоа не ги објаснува во целост неговите

лични особини. За неговиот дедо и баба, кои често имале силно влијание врз внукот, знаеме многу малку и не може ништо да се претпостави. Двајцата родители, и Филип Македонски и Олимпија, биле необично силни и поттикнувачки личности.

Постапките на Филип Македонски се карактеризирале со неуморна енергија и јачина, а огромната упорност била придружена со тајни намери. Неговото тело обележано со лузни ја покажувало неговата храброст и восхитување во битки што биле речиси рамни на безумие. Сите овие квалитети, дури и на повисок степен, се манифестирале и кај Александар Македонски.

Од друга страна, пак, Филип Македонски ни е претставен во својот приватен живот како разуздан блудник кој безмерно се препушта на задоволствата на својот страстен темперамент. Контрадикторните извори што го претставуваат Александар Македонски како ладен по природа во љубовните врски, веројатно се вистинити. Бездруго, љубовта спрема жените не е главна цел во животот на Александар, а и тој никогаш не дозволил да дојде до израз друго влијание врз водењето на неговите големи амбиции.

Мошне е едноставно да се објасни дека се измислици озборувањата за неговата љубов спрема истиот пол. Кога тој се појавува како човек со демонска страст, во голема мера доаѓа до израз наследеното од неговата мајка Олимпија, кај која ова било интензивирано до највисок степен. Но, тоа е дел од извонредните комбинации на спротивностите на природата на Александар Македонски, што покрај оваа страст тој покажувал и голема ладнокрвност и претпазливост.

Бидејќи само наследените особини не можат да го објаснат неговиот карактер, поголем интерес побудувало прашањето какво било

влијанието на образованието. Филип Македонски, уште од почетокот видел наследник во Александар Македонски, потомокот на Олимпија. Покрај неа, Филип Македонски имал и други жени, меѓутоа се посветил со љубов и грижа на образованието и воспитанието на својот син.

Во младите години, веројатно, под влијание на мајка си, Александар Македонски го чувала роднината на Олимпија, Леонид, кој се обидел со строгост да го смири палавото и непослушно момче, бидејќи тој бил одговорен за педагозите и учителите кои го учелепринцот заедно со другите деца од античкото македонско дворјанство. Кога Филип Македонски увидел дека врз момчето не можело да се влијае со сила туку со убедување, во 343 година, кога Александар имал 13 години, го повикал Аристотел да му биде тутор. Ова бездруго имало длабок ефект врз развитокот на Александар Македонски.

За да се разбере овој адекватен чекор на Филип Македонски, ќе треба да се претстави Аристотел од тоа време, бидејќи се смета за извонреден научен творец во текот на целиот тој период сѐ до денес. По смртта на неговиот учител Платон (347), Аристотел учел и воспитувал други платонисти на Асос во Троад и стапил во тесни врски со Хермија, принцот од Атарнеј, кој како што веќе е спомнато бил политички поврзан со Филип Македонски. По неговата свршувачка со внуката и посвоената ќерка на Хермија, оваа врска уште повеќе се зајакнала.

По престојот од околу три години на Асос, Аристотел се преселил во Митилен на Лезбос каде што отворил свое училиште и каде што му пристигнала поканата да го учи и да го воспитува законскиот наследник на Античка Македонија. Годините на Асос биле важни за развојот на

Аристотел, бидејќи во тоа време тој не бил најславниот човек. Неговиот татко Никомах едно време бил дворски физичар на Аминта од Античка Македонија, но тоа било малку значајно за изборот што го направил Филип.

Неодамнешните претпоставки за политичките врски на Филип Македонски со Хермија биле факторот што го одлучиле неговиот избор. Без сомнение, за Аристотел било привлечно да учествува во интелектуалната еволуција на наследникот на големото античко Македонско Кралство, кое станало важен фактор на владеење со богатството на Античка Грција, а во кое спаѓало и неговиот роден град Стагира, кој бил освоен и уништен од Филип. Така, на четириесетгодишна возраст Аристотел дошол во Пела.

Со цел да го заштити да не биде вознемируван од животот на дворот, Филип Македонски му ја дал на Аристотел резиденцијата во мирното и малечко село Миеза. Селото било во непосредна близина на храмот на Нимфите каде што Аристотел го учел и го воспитувал Александар Македонски во период од три години. Можеби Хефестион кој бил најмилиот пријател на Александар Македонски, бил еден од оние што учеле и се воспитувале заедно со Александар.

Природно е што подоцна имало многу измислици во врска со ова учење и воспитување, кога Аристотел станал владетел во интелектуалната сфера, а Александар Македонски господар на тогашниот свет. За несреќа, се располага со многу малку информации за тоа, на кои може да им се верува. Детали за подоцнежниот карактер на Александар, веројатно, се стекнати под влијание на Аристотел.

Тој бил оној што всадил голема љубов кај Александар Македонски спрема античката грчка

култура и интелектуално го преобратил. Тоа длабоко влијаело врз животот на Александар. Природно, во работата со ова момче, што со срце го освоил, Аристотел се однесувал со поинаков тон од оној во своите научни расправи.

Тој бил подготвен да изрази топлина, како што се гледа во длабоко религиозниот и емоционалниот тон на химната „Мажествена особина“, што ја напишал во тоа време во чест на својот пријател Хермија, кој бил предаден во рацете на персискиот крал и бил мачен во Суса со цел да ги открие плановите на Филип Македонски. Но, Хермија не станал предавник, поради што бил распнат на крст.

Длабоко возбуден и раздразнет од ова, Аристотел, во негова чест, напишал убав спомен - дитирамбична химна, во која зборува за хероите што порано ги дале своите животи, а сега жртва стана Хермија, кого, исто така, музите го нарекле бесмртен. Со оваа мажествена одлика, која, поради типичната одвратност спрема варварите, ја нашол само во Елада, Аристотел го поттикнал младиот принц и секогаш пред него го држел моделот на хероите, кон кои бил приклучен и неговиот пријател Хермија.

Двајца од тие херои, што тој постојано му ги спомнувал на Александар Македонски, всушност, му го осветлиле патот за освојување, а тоа биле Хераклe и Ахил, кои Александар Македонски длабоко ги почитувал како свои прадедовци. По татко Александар водел потекло од Хераклe, а по мајка од Ајацид. Всушност тој бил потомок на Ахил.

18.
УБИСТВОТО НА ГОЛЕМИОТ СТРАТЕГ ФИЛИП ВТОРИ МАКЕДОНСКИ

Ако во подоцнежните години повеќе бил нагласен Херакле, во раната младост Александар Македонски бил инспириран од примерот на младиот Ахил. Оваа длабоко всадена и јасна концепција во неговиот личен афинитет, со примерите на овие херои, е една од оние рационални и инстинктивни причини без кои воопшто не можеме да го разбереме големиот Александар Трети Македонски

Блискоста меѓу Александар Македонски и Аристотел била голема, а продолжила и подоцна во Азија, посебно за античката грчка литература и уметност и за научните проблеми. Особено било важно изобилството на античката грчка поезија што Аристотел им ја приопштил на своите ученици и му овозможил на Александар Македонски да ја изучи.

Меѓу книгите што го сочинувале фондот за читање на Александар Македонски во Азија се спомнуваат трите големи трагедии, од кои најдобро ги знаел Еврипидовите. Александар Македонски ги читал и современите автори на IV век, како дитирамбичните поети Филоксен и Телест и многу други. Во тебанската катастрофа тој покажал какво длабоко почитување чувствува спрема Пиндар, голем лирски поет од минатото.

Меѓутоа, „Илијада“ за Александар Македонски била книга над книгите. Таа, секако, му го формирала главниот дел од неговото младешко образование. Аристотел, всушност, направил ново коригирано издание од Илијада за подобро да ја разберат неговите ученици. Тоа издание било постојан придружник на Александар во азиско-атичкото освојување.

Не се знае точно колку многу Аристотел им зборувал на учениците за филозофијата, иако подоцнежните кажувања се потврдени со точни информации. Меѓутоа, тој несомнено им го побудил чувството за филозофската мисла. Филозофи од разни школи престојувале во логорот кај Александар.

Реториката била второстепена по важност во неговото образование. Но, секако, Аристотел настојувал да ја развие и политичката мисла кај него, да го подготви за неговата претстојна обврска како владетел. За ова нема сигурни извори, туку само се претпоставува. Во политичката сфера подоцна двајцата следеле различни патишта и немале големо меѓусебно разбирање.

Во врска со прашањето каков став треба да се заземе за потчинување на варварите, Александар не го следел Аристотел, кој бил склон кон деспотско владеење. Сега тој како повеќе да го следел советот на Исократ даден во делото „Филип“, дека Филип Македонски треба да ги ослободи варварите од варварскиот деспотизам и да ги препушти на елинистичка грижа и заштита.

Оттука може да се претпостави дека Александар Македонски го прочитал ова дело. Не е невозможно во таа смисла Исократ, како што се гледа од писмото до младиот принц, напишано во времето кога го учел Аристотел, да имал индиректно влијание врз Александар Македонски.

Најзначајно е што Александар бил поттикнат од Аристотел за посебен интерес спрема природните науки. Така, неговата источна експанзија сигнализира една епохална научна предност поради истражувањата и описите на Азија, што тој им ги порачал на разни експерти и специјалисти.

Сликата за површината на земјата што произлегла од неговиот учител, ја проверил во текот на азискиот поход, а ја проширил и ја коригирал со новите откритија. Ова обмислено унапредување на различните научни гранки меѓутоа, имало помала важност од едноставната желба на Александар на Исток да ја прошири античката грчка култура што му ја всадил Аристотел.

Идилата во Миеза завршила кога во 340 година Филип го оставил момчето на шеснаесетгодишна возраст како регент во Пела, во текот на походот против Византиум. Веројатно, доверливиот Антипатер бил со него, да го советува и да го воведе во практичното владеење.

Дека Александар Македонски бил вистински регент се потврдува со тоа што тој го носел татковиот кралски печат и ги потврдувал потребните документи на државата. Во меѓувреме, Тракиецот Медој се кренал на бунт, а тоа било несомнено задоволство за Александар Македонски, бидејќи му се укажала можност првпат да командува во една борба, независно од тоа што била мала.

Тој го поразил непријателот, му го земал неговиот град и, следејќи го примерот на својот татко Филип Македонски, чија практика била да ги колонизира новоосвоените места, повторно го населил градот, а со дозвола на татка си, го нарекол Александропол, аналогно на Филипопол.

Ова било прв Александров град, а подоцна имало и многу други.

Колку голема доверба имал Филип Македонски во својот син, се покажало на решавачкиот ден на Херонеа, кога му дал на принцот, кој бил на осумнаесетгодишна возраст, да командува со коњицата на офанзивното крило, иако таму имало и генерали. Посебна чест било и придружувањето на Антипатер до Атина при носењето на пепелта на Атињаните кои загинале во битката.

Тогаш, Александар Македонски првпат ја видел Атина. Импресиите од овој редок град му оставиле неизбришливи траги. Атина во почетниот период извршила влијание врз владеењето на Александар, а подоцна ја имал пред себе како редок пример.

Добрите односи меѓу таткото и синот завршиле кога Филип наскоро по своето враќање од Конгресот на Коринт во 337 година бил обземен од страстите на убавата Македонка Клеопатра, внуката на Атал, па ја прогласил за своја законска жена. Тоа се одразило врз репутацијата на Олимпија, а можело да го загрози дури и наследството на Александар Македонски.

На денот на свадбата се случила страшна сцена меѓу Александар и Атал. А кога Атал му посакал на Филип Македонски да се роди вистински наследник во новиот брак, сцената станала уште полоша меѓу таткото и синот. Александар Македонски и неговата мајка веднаш ја напуштиле Античка Македонија.

Тој ја придружувал на патот за Епир, а потоа отишле кај Илирите, што претставувало изненадувачки потег кој тешко може да се објасни. Но, во секој случај, тоа покажува колку била голема расправијата и незадоволството

Меѓутоа, по извесно време, со посредувањето на Демарат од Коринт, кој ја посетил Пела како гостин на Филип Втори Македонски, таткото и синот се смириле, по што Александар Македонски се вратил кај Филип. Се претпоставува дека со тоа стравот кај Александар како вистински наследник се намалил, а Филип никогаш не го прекорил за тоа.

Настанало уште едно отуѓување меѓу таткото и синот, но тоа не било толку длабоко и наскоро исчезнало. Пиксодар, каријански владетел и вазал на Големиот крал, му понудил на Филип Македонски одбранбен сојуз и барал да добие еден од синовите на Филип Македонски за маж на својата ќерка и наследничка.

Бидејќи Филип Втори Македонски сметал дека не било погодно неговиот син наследник, да се ожени со ќерката на персиски вазал, тој го понудил својот незаконски син Архидеј да стане зет на Пиксодар. Александар погрешно го сфатил тоа и се почувствувал омаловажен, а прифаќајќи ги лошите совети на своите пријатели, се понудил да биде зет на Пиксодар, зад грбот на татка си.

Кога Филип Македонски дознал за оваа младешка бесмислена постапка, му ги објасни своите мотиви на синот и благородно му простил, но за казна од дворот ги прогонил пријателите на кои им се припишувала вината за сето тоа.

Меѓу нив биле Неарх, Харпал и Птолемеј, синот на Лагус. Така, таткото и синот повторно се смириле, па дури Олимпија му понудила на Филип да преговараат, кога тој предложил да ја мажи нивната ќерка Клеопатра со братот на Олимпија, Александар, молозијанскиот крал.

И, тоа се случило на свадбата во Егеј, во средината на летото во 336 година кога Филип Македонски одел в театар без телесна стража, бил

прободен од некој Паусанија, млад македонски дворјанин. Трагичниот крај на Филип Македонски е индиректно врзан со сродството на внуката на Атал, што веќе донело многу несреќи во Филиповата куќа.

Бидејќи Паусанија претходно бил навреден од Атал, а не можел да се помири со тоа, лутината ја истурил врз Филип Македонски. Покрај тоа што мотивот на Паусанија бил лична одмазда, сепак, во тоа биле вплеткани и други. По сето она што се случувало меѓу Филип Македонски и Олимпија, постоело сомневање, дека таа целосно се крие зад убиството или, пак, го поттикнала.

Меѓутоа, нејзиното соучество воопшто не било потврдено. Исто така, морало решително да се одбие помислата дека Александар Македонски бил замешан во убиството на Филип. Такво нешто е чиста клевета од неговите непријатели.

19.
МЛАДИОТ КРАЛ АЛЕКСАНДАР И НЕГОВОТО ВЛАДЕЕЊЕ ДО ВОЈНАТА СО ПЕРСИЈА

Наспроти големото возбудување што било предизвикано од убиството на Филип Македонски сред огромното движење на масите во текот на величествената свадбена веселба во Егеј, сменувањето на монархот било извршено на мирен начин. Верниот Антипатер, се раскажува, помогнал во смирувањето на луѓето, потенцирајќи ги големите квалитети на Александар Македонски

Војската што ја водел Александар и што победил во Херонеја, немал ни најмало сомневање во него. И така, на собирот на античката македонска војска, која според старите привилегии имала решавачки збор, Александар, кој тогаш имал дваесет години, веднаш бил прогласен за крал, а притоа признат и за законски крал на Античка Македонија.

Младиот крал, прво што презел било да го казни убиецот на својот татко. Има две верзии во врска со судбината на Паусанија. Прво, дека веднаш штом избегал брзо бил фатен и убиен, а втората верзија, што е веројатно поприфатлива, е дека Александар Македонски, кој веднаш застанал на престолот во кралскиот двор, побарал да му го доведат Паусанија и бидејќи бил обвинет за големо предавство, го предал на судот на

античката македонска војска, чие собрание го казнило со распнување на крст.

Подоцна, по свеченият погреб на Филип Втори Македонски во Егеј, биле убиени и други лица кои се сметале за соучесници како казна за злосторот. Меѓу нив биле двајцата браќа на линкестијанската кнежевска куќа, Архабај и Херомен, кои биле обвинети за помагање во убиството на Филип Македонски со намера да го преземат престолот.

Се претпоставува дека Александар Македонски го поштедил третиот брат, Линкестијанецот Александар, бидејќи веднаш по убиството на Филип Македонски, тој го претпочитал него како крал и го придружувал до палатата.

Големата почит спрема Антипатер, кому Линкестијанецот Александар му бил зет, можело да влијае врз младиот крал, кој се одлучил да му изрази доверба на овој Александар, бидејќи тој немал врска со планот на своите браќа за убиството на Филип Македонски. Блискиот личен однос на кралот со Антипатер можело да го задржи лојален.

Затоа, тој го избегнал сомневањето за соучество. Инаку, Александар немало да му прости за овој злостор, но тој многу го почитувал Антипатер. Дека линкестијанските принцови можат да се сметаат како можни виновници за убиството, се покажало кога подоцна Дарие му го ветил престолот на Античка Македонија на третиот брат Александар, доколку го убие Александар Македонски.

Безбедноста на престолот барала и други жртви. Аминта, синот на кралот Пердика, на кого Филип Македонски му ветил регенство, а потоа го отстранил, сè уште бил жив. Бидејќи не бил следбеник на Филип Македонски, а многумина го

сметале и за законски наследник, Аминта по смртта на Филип Македонски станал опасен за престолот на новиот крал.

Затоа биле отстранети и тој и Каран, полубратот на Александар, веројатно, од првиот брак на Филип Македонски, кој можел да биде опасен како претендент. Над сè неполи-тичкото поврзување на Филип Македонски со Клеопатра, внуката на Атал, создало голем роднински антагонизам кој можел да претставува и опасност за неговиот син Александар Македонски.

Пред да премине во Азија Александар Македонски, ги отстранил сите машки членови од тоа семејство кои можеле да му ја загрозат неговата позиција. Но, тој бил во незгода, кога Олимпија, за да ја задоволи својата омраза спрема ривалот, ја убила ќерката која Клеопатра штотуку ја родила и ја држела во своите прегратки, а потоа ја натерала и мајката да се самоубие.

Недоразбирањата од минатото, за кои Александар Македонски не требало да се обвинува, биле причина да се пролее многу крв. Меѓутоа,неговата решителност имала голем ефект, така што сè додека Александар Македонски живеел, неговиот престол и кралството во Античка Македонија не биле доведени во опасност.

Веста за смртта на Филип Македонски го привлекла вниманието на целиот свет, но никаде немало поголеми последици отколку во Античка Грција. Тоа се потврдило по убиството на Филип, на приемот посветен на античкиот грчки амбасадор кој дошол во Егеј за свадбата, кога Александар на дипломатски начин изразил надеж дека Елините ќе го чуваат „лојалното чувство што го наследил тој од својот татко“, покажувајќи го своето знаење дека договорот за Лигата бил траен и дека тоа му давало законско право да биде хегемон на Лигата.

Но, во Античка Грција ова толкување на правата, покрај тоа што биле потврдени со заклетва, апсолутно било запоставено по пристигнувањето на веста за убиството на Филип Македонски. Параграфите на Коринтскиот договор биле донесени многу набрзина и тешко можеле да извршат некакви измени во менталитетот на Елините.

Во многу делови од земјата се побуниле противниците на Филип Македонски со надеж дека ќе можат да ја загрозат античката македонска хегемонија. Атина, поттикната од Демостен, одбила Александар да ја води Лигата, надевајќи се дека ќе ја врати својата стара хегемонија во Античка Грција.

Под влијание на поразот во Херонеја, Атина преземала позитивни реформи со цел да ја зајакне државата, не само во финансиската администрација, што била реформирана од одличниот Ликург, туку и во војничките работи.

Како што пруската општа служба ја следел Јена, така и Атина по Херонеја, институцијата на ефебичниот систем ја ставил привремено да ја водат нови лица. На веста за убиството на Филип Македонски народот бил доведен во една еуфорична состојба за слобода од Демостен. Тој се појавил пред народните маси облечен во бело и со венец на главата, притоа им изразил благодарност на боговите за радосната вест, а му била оддадена почит и на убиениот Паусанија.

И дури на свадбената веселба во Егеј, Атињаните донеле златен венец и издале декрет, ветувајќи дека ќе го предадат секој што ќе посегне по животот на Филип Македонски ако дојде во Атина. Меѓутоа, повикот за ослободување се проширил од Атина спрема другите Елини. Аетолијанците одлучиле да ги повикаат сите кои

биле прогонети од Филип Македонски, Амбрациотите ги исфрлиле македонските гарнизони, Тебанците донеле заклучок да ја ослободат својата Кадмеја. Исто така, имало нереди и на Пелопонез, во Аргос, Елис и Аркадија.

Демостен водел тајни преговори дури и со Атал, кој заедно со Парменион бил командант во Азија, и разочаран во своите надежи со стапувањето на должност кај Александар Македонски, станал негов животен непријател. Подоцна Александар го отстранил Атал, откако го докажал неговото предавство. Притоа, Демостен уште еднаш стапил во врска и со персискиот крал.

Кога слушнал за овие помирувања и за револтот во Античка Грција, иако добил информации за опасноста од варварските народи на север, Александар Македонски веднаш се поставил на чело на својата војска и влегол во Елада со силни маршеви и со одлука, до колку е потребно, докрај да се бори за своите права.

Така, кај него дошла до израз, прво, решителноста и брзината на акцијата, со што подоцна ги придобил своите следбеници. Неговото ненадејно појавување го пресекло револуционерното движење уште во почетокот.

Тесалијците, во чија земја тој прво дошол, не само што го избрале за владетел на својата федерална држава наместо неговиот татко, туку се изјасниле дека се подготвени да го признаат за хегемон на Античката грчка лига, а доколку е потребно ќе му дадат помош да ја казни Атина во корист на Лигата.

Во спогодувањето со Тесалијците Александар им го докажал нивното основно потекло од Ахил и Хераклe, а интересно е да се види колку во почетокот оваа концепција за херојското потомство била јасна за него, иако во

исто време мора да се заклучи дека митот бил со политичко значење.

Потоа, Александар Македонски тргнал кон југ и, откако ги победил Аенијанците, Малијанците, Додопијанците, ја окупирал и Термопили, свикувајќи таму состанок на Анфиктионистичкиот совет. Тука, од собраните претставници на племињата го добил признанието хегемон на Лигата. Потоа, со брз напад влегол во Бојотија и по теророт над Тебанците го поставил својот логор во близина на Кадмеја.

Радоста на Атина била кратка и Атињаните со ужас констатирале дека Демостен направил грешка во пресметката за младиот крал, кого бесрамно го нарекувал кралот глупчо, кој само знаел да се шета во Пела.

Со лутина Александар Македонски им поставил ултиматум на Атињаните, давајќи им избор да војуваат или да го признаат за хегемон на Лигата. На веста дека Александар доаѓа кон Атика, подготвен за борба, Атињаните ја прифатиле втората алтернатива, а преку својот амбасадор, го замолиле да им прости што веднаш не го признале за хегемон.

Демостен кој бил член на делегацијата, се чувствувал виновен и не се осудил да се сврти со лицето кон Александар Македонски, туку се завртел кон Китерон. Притоа, Александар бил задоволен што Атињаните се извинувале.

Тој го следел својот сопствен пат, а како резултат на тоа што го учел Аристотел, негувал внатрешна љубов спрема Атина. Народот на Атина потоа му оддал големи почести дури и поголеми од оние што му биле приредени на неговиот татко Филип Втори Македонски.

Тогаш, Александар ги повикал сите членови на Лигата, особено Пелопонезите, кои сè уште го

немале признато за хегемон, да испратат дипломатски претставници на Коринт, а во исто време таму свикал состанок со присутните претставници.

Исклучок за неговото признавање биле Спартанците, кои испратиле горд одговор, во кој се вели дека уште од минатото нивните прадедовци имале обичај да не следат никого, туку тие да ги водат другите.

Подоцна, во есента 336 година, се одржал Вториот конститутивен конгрес на Коринт, на кој Александар го обновил договорот на Лигата преку дипломатските претставници на државите. Овојпат не биле потребни долги дискусии, како што било пред две години.

Во договорот покрај неколкуте формални промени, се изменило само името, односно наместо Филип Втори Македонски стоело Александар Трети Македонски. Овој договор, како и поранешниот, бил вечен и се проширил на потомците на кралот.

20.
АЛЕКСАНДАР ЈА ПРОШИРУВА АНТИЧКА МАКЕДОНИЈА ПРЕКУ РЕКАТА ДУНАВ

Откако Александар Македонски бил признат за хегемон на Лигата додека е жив, се состанал стариот Совет, како што порано било случај со татко му, и го назначил за генерал со неограничена моќ за напад и одмазда против Персија. Може да се претпостави дека резултатот од Конгресот оставил многу поинаков впечаток кај Александар, отколку кај неговиот татко

За Филип Македонски, замислената борба на одмазда била единствен изговор и инструмент на политика за да ја направи Античка Македонија голема сила. Меѓутоа, Александар Македонски, во кого Аристотел влеал љубов кон античката грчка култура, требало да ја прими панелинистичката идеја со најголем ентузијазам, а добил и можност таа култура да ја пренесе во Азија. Исто така, тој имал и личен мотив, а тоа бил примерот на неговите прадедовци, особено на Ахил.

Откако преминал во Азија, бил полн со романтични замисли дека тој како втор Ахил ги води античките Грци против варварите. Но, во исто време тој отишол таму и како крал на Античка Македонија, со цел да освои нови територии. И покрај тоа што не можат да се доловат неговите намери и во која мера се остварите неговите

планови во текот на првите години од азиско-атичката експедиција, а и колку многу бил преокупиран со панелинизмот, сепак, можат да му се припишат два аспекта на неговите цели во однос на војната.

Колку повеќе пасионираниот Александар Македонски копнеел за почетокот на своето војување за одмазда, толку повеќе се гледа дека по враќањето од Коринт, во зимата 336-335 година, не бил подготвен да премине во Азија. Но, претпазливо и со ладен израз, што било карактеристично за него во врска со стратешките прашања, мислел дека е неопходно да воспостави добри односи со северните варвари, со цел да ја заштити таа страна на државата пред да тргне на пат.

Најголем проблем за Александар Македонски биле Трибалијанците, тракиско племе, населено меѓу Стара Планина и Дунав, со кои војувал и Филип Македонски, но не ги покорил. Намерата на Александар била, ако е можно, да се прошири до Дунав, со цел за неговото кралство да обезбеди определена и природна северна граница. Значи, политичката цел била таа што го терала кон Север, а не како што се претпоставувало „незаситната човечка жед за храбри дела“, која во тоа време поскоро би го испратила во Азија.

Во својата прва експедиција, Александар Македонски ја покажал решителноста со која секогаш ги подготвувал воените операции. Тој испратил воени бродови од Византиум преку Црно Море до Дунав и им наредил да пловат до местото што го определил за таму да се спојат со копнените сили. Доколку ги нашол бродовите на определеното место, можело да се заклучи дека имал точни информации за територијата на непријателот.

Инаку, во експедицијата на Дунав, како и во наредните операции во 335 година во Илирија и Античка Грција, можат да се согледаат сите одлични елементи на неговата стратегија и тактика, кои го направиле најславен командант на сите времиња.

Ова уште повеќе заслужува да се истакне, бидејќи Парменион, доверливиот стар генерал на татко му, кому неоправдано му се припишувале сите подвизи на Александар Македонски, тогаш бил во Азија и не учествувал во походот. Со Александар Македонски не бил ни Антипатер, друг голем генерал на Филип Македонски, кој бил оставен во заднината со дел од војската, за да го одржува редот во кралството и во Елада.

Во пролетта 335 година, Александар Македонски заминал од Амфипол. Напредувал од Стримон долж морскиот брег до Места (Карасу). Следејќи го правецот во внатрешноста, свртел кај Филипопол, место кое е дадено според името на татко му, и втасал до Коча на Стара Планина каде што го нашол преминот Шипка, окупиран од независните Тракијци кои ја обезбедиле својата положба зад тврдината направена од товарни коли.

Кога пробалеа да ја скршат фалангата со тркалање на колите, Александар им наредил на своите луѓе да формираат премини, низ кои ќе поминат колите, а тие да се соберат во збиена формација со штитовите над главите, преку кои ќе поминат колите како преку покриви од штитови без да им нанесат некаква штета.

Во овој момент на опасност, маневрите биле изведувани нечујно и прецизно како на парадно место, така што ниеден војник не бил загубен, а тоа нѐ потсетува на средба со една

силна војска што Александар Трети Македонски ја наследил од својот татко.

Кога Шипка била заземена со напад, Александар Македонски се спуштил кон северната рамнина. Сирмос, трибалијанскиот крал со својата жена и со децата на својот народ побарал спас на еден остров во Дунав, чија положба тешко можела да се идентификува. Можеби тоа било во близината на Никопол. Трибалијанската војска која се повлекла кон југ претрпела уништувачки пораз.

Три дена подоцна кога Александар Македонски пристигнал до реката Дунав, таму се сретнал со својата флота. Бидејќи бреговите на реката биле многу стрмни, Александар Македонски не успеал во својот обид да слезе со единиците на островот на кој бил засолнат Сирмос.

Тогаш кај Александар Македонски се појавила брилијантна идеја. Така, со изненадувачко демонстрирање на сила го скршил отпорот на непријателот. Тој одлучил ненадејно да го премине Дунав, а со тоа го натерал Гета, кој живеел од другата страна на брегот да бега, со што го принудил Сирмос да се предаде. Кон овие политички и војнички цели, треба да се додаде уште еден чисто личен мотив. Во најдобриот извор на информации првпат се вели дека Александар Македонски ја зазел таа земја со цел да го премине Дунав.

Ова било само желба за непознатото, неиспитаното и мистериозното, кои во подоцнежните години го одвеле неодоливо во други краеви на светот. Сега неговата млада душа, во која била туѓа секоја идеја за освојување на светот, го поттикнала да фрли поглед на непознатиот и туѓ свет надвор од границите на своето кралство.

Многу тивко се подготвил за премин преку реката Дунав. Биле собрани чуновите за риболов

на тамошното население, а платната од шаторите ги наполниле со сено да им помогнат при пливањето. Со вакви примитивни методи и со помош на својата флота ја искористил тивката и темна ноќ да префрли преку реката што е можно повеќе единици.

Пред зори, Александар Македонски веќе имал 1.500 коњаници и 4.000 пешаци од другата страна на брегот. Рано изутрината тој ги повел единиците низ нивите со пченка и ги замаскирал. Потоа извршил јуриш со коњицата и се судрил со Гета кој бил улогорен пред својот град.

Целосно изненаден од овој речиси непоимлив брз налет на Александар Македонски, иако бил посупериорен по број, Гета се повлекол назад во градот, набрзина ги качил жените и децата на коњи и исчезнал во степите на Север.

Александар Македонски го опљачкал и го уништил градот, потоа на северниот брег на реката Дунав принел жртва на Зевс Спасителот, на Хераклe и на Богот на реката кој му дозволил да ја премине, а истиот ден ја повел својата војска назад во логорот на јужниот брег, без да загуби ниту еден војник.

Оваа речиси неверојатна акција, бездруго, имала определени резултати. Сирмос и неговите Трибалијанци му се покориле на Александар Македонски. Другите соседни племиња јужно од Дунав, исто така, испратиле дипломатски претставници кај кралот и му го изразиле своето почитување.

Славата на неговото дело се слушнала дури до Келтите, кои потоа се повлекле источно од Јадран и испратиле амбасадорски претставник за да го замолат за пријателство. Теророт што Александар Македонски го спровел имал долготраен ефект. Имено, тоа биле педесет години

пред Келтите да ја нападнат Античка Македонија и Античка Грција.

Александар Македонски се враќал во Античка Македонија преку западниот пат низ Пеонија, но во близината на Софија во регионот на Агријан, бил информиран од едно негово верно племе дека Клеит, кралот на Илирите, се побунил. Веднаш потоа (во август) Александар заминал, веројатно, откај Ќустендил, преку Еригон (Црна) до важната граница на тврдината Пелион, преку преминот од Горна Македонија до Илирија.

Тој дел, всушност, бил во рацете на непријателот. Александар Македонски, веројатно, успеал да ги прогони Илирите од високите предели, опколувајќи ги во градот, меѓутоа, бил спречен со доаѓањето на таулантијанскиот принц Глауција, кој им се придружил на бунтовниците. Александар Македонски морал да отстапи и само со извонредна маневра успеал да ја избегне опсадата.

Најпосле, непријателот бил поразен со изненадување во отворена битка, по што се повлекол во тврдината Пелион, го запалил градот и избегал. Така, колку што судирите биле поризични, толку Александар Македонски полесно победувал. Имал среќа и брзо ја постигнувал својата цел. Веднаш по освојувањето на Пелион, му пристигнала веста за опасното востание што се кренало во Античка Грција, за кое била потребна неговата брза интервенција.

21.
ПО СТАПКИТЕ НА ФИЛИП АЛЕКСАНДАР СЕ ЗАЦВРСТУВА КАКО ХЕГЕМОН (21)

Додека Александар Македонски бил во Античка Македонија, античките Грци биле мирни, иако непријателски расположените групи спрема него во градовите ја чувствувале неговата хегемонија како тешко бреме. А кога Александар Македонски отишол на Север и останал долго време во непознатите и далечни земји, од каде не доаѓале никакви вести, античкиот грчки свет бил полн со немири и возбудувања

Во меѓувреме, новиот крал на Персија Дариј III, кој дошол на престолот во мај 336 година, бил свесен за опасноста што доаѓала од Запад, бидејќи неговата војска веќе еднаш се судрила со античката македонска извидница што се наоѓала во Мала Азија.

Тој веќе бил запознат со воените резолуции од 337 и 336 година и сфатил што најмногу ја привлекува Античка Грција, па мислел дека лесно ќе може да се заштити од нападот на Александар Македонски само на еден начин, а тоа било со злато да ги привлече античките Грци на своја страна.

Според тоа, дипломатските претставници на Големиот крал ги повикале античките грчки држави да кренат востание против Александар

Македонски, а како награда им понудиле големи суми пари. Арно ама, само Спарта која не била член на Лигата го прифатила златото. Другите држави на Лигата, па и Атина, зазеле правилен став, со тоа што останале верни на договорот што бил склучен и ја одбиле понудата.

Меѓутоа, Демостен, не се колебал да прими 300 таланти од Големиот крал за да врши пропаганда на персиската кауза, иако неговиот роден град го избрал Александар Македонски за главен и одговорен командант против Персија. Тоа било лекомислена игра што Демостен ја започнал на своја одговорност и понел голем дел од обвинението за големата несреќа што се почувствувала во Античка Грција.

Возбудувањето во Античка Грција, што се зголемило со персиските предлози, повеќе пораснало поради долгото отсуство на Александар Македонски и ја постигнало својата кулминација кога се проширила веста дека Александар ја загубил битката со Трибалијанците. Демостен вешто го искористил тоа за да ја зголеми агитацијата, носејќи во атинската црква еден ранет маж кој изјавил дека бил ранет во истата битка во која загинал и Александар.

Верувањето за смртта на Александар Македонски брзо се раширило, а тоа било важно за донесување одлука за кревање бунт. Ако Александар Македонски бил мртов, тогаш се поништувал Коринтскиот договор и се избегнувала одговорноста и обврската спрема него, а со тоа античките грчки држави би се здобиле со слободата што ја имале пред Херонеја. Така, Тебанците на кои им пречел македонскиот гарнизон во Кадмеја, се дигнале на востание поттикнати од прогонетите кои биле тајно донесени од Атина.

Тие убиле неколку антички македонски офицери и ја почнале опсадата на градот, верувајќи на помошта од Атина, која преку Демостен им испратила оружје што го купила со персиско злато. Аркадијанците, исто така, се кренале на востание и испратиле војска во Истмус и не се повлекле наспроти пораката од Антипатер. Раздвижување се почувствувало и во Аетолија и во Елис.

Овие лоши вести втасале до Александар Македонски непосредно по завршувањето на битката за Пелион. Веднаш ја повел својата војска кон Југ, иако само што завршила суровата битка, а војската се движела во просек од околу дваесет милји на ден. На тринаесеттиот ден, Александар Македонски, за кого се верувало дека бил мртов, веќе бил во Онкест во Бојотија.

Тебанците мислеле дека само Антипатер би можел да доаѓа против нив откај Античка Македонија и кога се слушнало дека тоа е Александар, помислиле дека тоа би можел да биде само линкестијанскиот Александар. Веројатно, сметале дека по смртта на Александар Македонски, Линкестијанците ја презеле круната во Античка Македонија.

Но наредниот ден невозможното станало возможно: Александар Македонски бил пред градот. За правилно да се сфати оваа борба на Александар Македонски, важно е да се спомне дека тој често водел војна како вешт хегемон на Лигата кој знаел во името на Лигата да ги казни непослушните членови. Тоа било, исто така, антички грчки начин на обноска, бидејќи на Александар брзо му се придружиле мали контигенти од соседните држави кои му биле верни, а биле непријатели на Тебанците и се

ставиле под негова команда во согласност со договорот.

Бидејќи Александар Македонски разбрал дека го сметале за мртов, што целосно ја изменило законската положба, тој прво се заложил побунетите Тебанци да ги врати во Лигата без да се пролее крв. Кога им го предложил тоа тие одговориле со коњички напад врз неговата стража. Грешката на Тебанците била во тоа што сметале дека Александар е мртов.

Наредниот ден кралот марширал околу градот и се улогорил на Југ пред портата Електра, каде што сѐ уште привлекувале внимание остатоците на стариот пат кон Атина. Овде, тој можел да изврши напад со гарнизонот од Кадмеја, бидејќи нејзиниот јужен ѕид на тоа место се спојувал со тој од градот. Тебанците направиле двојна ограда од колје пред портата за да ја пресечат врската на гарнизонот со надворешниот свет.

Александар Македонски го одложил нападот, надевајќи се дека ќе постигне мир. Тој, повторно, им ветил на Тебанците дека тие ќе бидат примени во Лигата доколку му ги предадат водачите на бунтот. На тоа тие му одговориле со презир, велејќи дека тој треба да им го предаде Алтипатер и водачот на Кадмеја. Притоа тие извикувале од високата кула дека секој оној што сака да им се придружи ним и на Големиот крал за да ја ослободат Античка Грција од тиранијата на Александар, без двоумење може да им се приклучи.

По сето тоа Александар Македонски ја извадил сабјата и со голема лутина наредил напад. Арно ама, пред да даде сигнал за напад, Пердика со својот полк ги нападнал оние кај оградата од колци и започнал да се бори, со што се развила општа борба пред јужниот ѕид на

градот. Кога војската која напаѓала под раководство на Пердика била поставена на борбената линија на патот, Александар со своите најдобри единици влегол во акција.

Наспроти добрата одбрана, Тебанците биле заобиколени, а античките Македонци со сила успеале да влезат во градот преку портата Електра заедно со прогонетите. Другите дивизии му се придружиле на гарнизонот во Кадмеја и побрзалекон градот каде што Тебанците направиле уште едно упориште близу Амфион. Се случил страшен масакр над населението повеќе поради старата омраза на Бојотијанците и Фокијанците отколку поради лутината на античките Македонци.

Што треба да се направи со освоениот град? Како хегемон на Лигата, Александар Македонски свикал вонреден состанок на Федералниот совет и се обратил кон него тој да го реши прашањето, бидејќи ваква одлука требало да донесе Федералниот суд, а не хегемонот.

Само соседниот сојуз, главно, Бојотијанците и Фокијанците, брзо ги испратиле своите пратеници и така на состанокот нашле излез со израз на омраза на угнетените чии многу генерации страдале под врховната власт на Тебанците.

Во оваа случка човек може целосно да го види бедното неединство на античките Грци: по пропаѓањето на Атинската Империја (404) Тебанците и Коринтците побарале уништување на Атина, а сега претставниците на Лигата барале уништување на Теба. Ниеден член од Лигата не го бранел извршувањето на ваквата казна, како што е примерот со Спарта која потоа направила добро дело во своја корист.

Имено, додека Спарта и оддавала признание на Атина во војните за слобода од Персија, овојпат претставниците посочиле на предавството за кое Теба била виновна. Поттикнати од ова, решението на Лигата било Теба да се срамни со земјата, да се подели територијата (со исклучок на онаа што била света) меѓу бојотијанските членови на Лигата, да се остави постојан македонски гарнизон во Кадмеја, да се продадат жените и децата како робови и да се прогласат тебанските бегалци како одметници на целата територија на Лигата.

Доколку Александар Македонски сакал, можел да ја ублажи острината на одлуката. Но, во корист на панелинистичката идеја и војната за освета против Персија, тој морал да им покаже што ги чека бунтовниците кои ја издале Лигата и биле играчка во рацете на персискиот крал.

Така, Александар како хегемон без колебање наредил да се изврши одлуката. На тој начин светиот град, градот на Кадмо и Оедип, градот на Епаминонда бил збришан од површината на земјата. Современиците, сепак, чувствувале дека Александар имал грижа на совеста. Подоцна кога имал можност да покаже милост спрема одделни Тебанци, тој секогаш го правел тоа.

Неговата наредба да се поштеди куќата на Пиндар, големиот тебански поет, покажува дека Александар не наредил да се уништи градот во состојба на „бесен ѓавол“, туку под притисок на политичките услови и со поделени чувства во својата душа. Исто така, непобитно е дека тој одлучил да војува само тогаш кога ќе има целосно помирување на античките грчки држави. Овој страшен пример бил добредојден за да им прости на другите бунтовници.

Од ова најмногу биле изненадени Атињаните, свесни за својата вина како поттикнувачи на античкото грчко востание. Сензационалната вест за тебанската катастрофа одекнала како гром од ведро небо во периодот кога ги изведувале големите црковни церемонии, па затоа очекувале дека ќе бидат казнети од победникот, иако претпазливо ја затаиле ветената помош и ги оставиле Тебанците на цедило.

Веднаш испратиле пратеник кој на кралот му го честитал неговото безбедно враќање од Север и казнувањето на Тебанците. Ваквото поведение е толку бесрамно што тешко може да се оправда. Откако ја почувствувале кралската склоност кон милоста, Атињаните решиле, по барање на Александар, да ги предадат антимакедонските водачи на чело со Демостен и да молат за повлекување на барањето испратено по втората делегација предводена од Фокион.

Александар Македонски, надвор од симпатиите спрема Атина, сметал дека е важно да не го вкрсти оружјето со персискиот крал, со најсилната воденопоморска сила. Затоа се согласил и го поддржал прогонството на генералот Харидем, негов најжесток противник, кој пребегал во Персија придружен од свои истомисленици.

22.
ПОДГОТОВКИТЕ НА АЛЕКСАНДАР МАКЕДОНСКИ ЗА ПЕРСИСКАТА ВОЈНА

Бидејќи мирот во Античка Грција бил обновен, по враќањето во Античка Македонија (во октомври 335 година), Александар Македонски конечно можел да се посвети на подготовките за азискиот поход. Но, тоа било само принуден мир што преовладал во Елада. По здобиеното искуство од последните две години, никој не го увидел тоа толку јасно како Александар, па затоа донел одлуки кои се однесувале на подготовките на плановите за војување

Бидејќи Александар немал доверба кај голем дел од античките Грци, го оставил верниот Антипатер во Античка Македонија со половина од неговите македонски регрути, 12.000 фалангисти и 1.500 коњаници. Антипатер бил одговорен да внимава и на Лигата како претставник на хегемонот, веројатно, со титула на стратег. Истото сомневање било причина Александар да ги ограничи контингентите од Лигата но не повеќе отколку што биле потребни за панелинистичката експедиција.

Освен флотата од 160 триреми што била наречена античка грчка флота, се спомнуваат уште 7.000 пешаци и 600 коњаници, како и 1.500 тесалиски коњи, кои подоцна, веројатно, биле

приклучени кон кралската војска и ја добиле неговата посебна доверба, а одиграле важна улога во големите битки во Азија. Без коњаниците залудно било да се постават 7.000 пешаци во борбен фронт. Се добива впечаток дека, независно од Тесалијците, Александар Македонски ги земал античките грчки контигенти повеќе како гаранција за да има мир во Елада.

Античката грчка флота во почетокот претпазливо била држена надвор од дејствата. Тоа било неизбежно поради големата супериорност, како според бројноста така и според квалитетот на персиската флота од 400 воени бродови, со своите одлични феникиски и кинриотски воени бродови.

Военоморнаричката супериорност на непријателот имала значајно влијание врз плановите на Александар Македонски за војување. Бидејќи персиската морнарица го контролирала морето, најголемата опасност доаѓала од можноста Големиот крал да ја префрли војната на почвата на Античка Грција и со своето огромно богатство да ги присили античките Грците да војуваат против Александар.

Како решение не доаѓало предвид морето поради недоволната сила и недоверливата природа на античката грчка флота, па затоа Александар Македонски направил вешт план за парализирање на поморското предимство на противникот, со тоа што со копнената војска прво го освоил медитеранскиот брег на Персиската Империја, со цел да ги окупира важните места и пристаништа на персиската флота, а, пред сé, целото феникиско крајбрежје.

Александар не навлегол длабоко во Азија сè додека детално не ја реализирал својата програма. Бидејќи тешко може да се претпостави каква била неговата замисла за освојување кога

преминал во Азија, не се знае кога е направен овој стратешки план, пред или во текот на победоносниот напад.

Силата на Александар Македонски била во копнената војска. Врз неа, особено врз неспоредливо силната античка македонска елита, што неговиот татко му ја оставил во наследство, а која била обучена до совршенство, како и врз самодовербата на војничкиот гениј, се темелела апсолутната сигурност на победата. Не само што тоа му ја заситувало душата на младиот крал туку со тоа успеал да ги инспирира своите антички Македонци кои му биле неограничено верни. Без неговата сигурност за победа и без непобедливата желба за освојување, многу акции и успеси на Александар би биле нејасни.

Неговата војска била помалубројна според онаа на противникот. Вклучувајќи ги античките грчки контингенти и околу 5.000 антички грчки наемници и контингентите на Тракијците, Агријаните и другите балкански племиња, војската на Александар Македонски, кога преминала во Азија, броела околу 30.000 пешаци и 5.000 коњаници. Во коњицата биле вклучени 1.500 антички македонски коњаници (кралски следбеници), кои независно од кралскиот полк биле регрутирани од местата крај брегот што биле приклучени кон кралството на Филип Македонски.

Меѓутоа, регрутите од дворјанството од пределите на Античка Македонија, останале во заднината со Антипатер. Отпорот на луѓето од Античка Македонија што подоцна бил насочен против Александар, кога тој ги запоставил античките македонски интереси, дошол повеќе од македонската пешадија отколку од кралските следбеници.

На прашањето со колкава војска Дариј располагал во рамките на државата тешко е да се одговори. Неговата империја која се протегала дури до границите на Индија имала теоретски непроценливи можности, но практично тие биле ограничени од огромното растојание и според тоа имале големи тешкотии за регрутирање. Може само да се постави прашањето колку војска, всушност, вклучил Големиот крал на бојното поле против Александар во одделни борби.

Ако ги напуштиме страшно големите бројки, што традиционално се спомнуваат, како што се направи тоа за персиските војни од IV век, непобитно е дека Александар Македонски ги добил трите битки, Граник, Ис и Гавгамела, против супериорно побројниот непријател, чиј број се зголемувал во секоја прилика.

Покрај избраната војска од Персија и Источен Иран, Големиот крал, како и неговите претходници особено се потпрел врз античките грчки наемници, наспроти одлуката на Коринтската лига дека ниеден антички Грк не смее да стапи во воена служба како наемник во Персија. Така, неколку илјади антички грчки наемници му служеле на Големиот крал, а некои од нив му биле верни до неговото пропаѓање.

Инаку, позабележителна била инфериорноста на Александар од финансиски аспект. Големиот крал имал на располагање неограничено богатство од сребро и злато, смес-тено во благајните на поголемите градови. Кога стапил на должност, Александар во државната благајна затекнал скудни 60 таланти готови пари, потоа земал на заем 500 таланти, кон кои морал да го додаде својот поранешен заем од 800 таланти.

Под претпоставка дека овие бројки се точни изненадува фактот ако според една друга

пресметка, што е, исто така, непроверена, Алесандар должел само 200 таланти кога заминал за Азија. Во секој случај бил должен кога го преминал Хелеспонт. Се вели дека имал само 70 таланти во готово за одржување на својата војска и резерви за не повеќе од триесет дена. Доколку немал доверба во победата, ќе бил наречен авантурист. Но, Александар со апсолутна сигурност сметал дека непријателските земји ќе му ја хранат војската, што се покажало точно.

Неговата самоувереност во победата делумно објаснува зошто уште на почетокот со себе повел историчар кој требало да ја пишува историјата за да ги информира античките Грци за подвизите во Азија. Историчарот бил Калистен од Олинт, внук и ученик на Аристотел, кој му го препорачал на кралот за оваа работа. Калистен веќе бил познат во античката грчка историја со делото „Хеленика“ што се појавило во тоа време.

Преку посредувањето на Калистен, кого го славел како реалист на панелинистичката идеја, Александар Македонски имал намера, прво, да изврши влијание врз античкото грчко чувство. Во исто време, се надевал дека ќе ги види чудата на Исток, што требало да се опишат за доброто на античките Грци.

Подоцна менталните промени го довеле кралот во трагичен судир со својот историчар. Калистен направил прв книжевен опис за азиско-атичкиот поход, а дотогаш под контрола на Александар Македонски, Калистен го усвоил панегиричкиот јазик.

23.
ПОЧЕТОЦИ НА ПОБЕДОНОСНАТА ВОЈНА ВО МАЛА АЗИЈА

Блискоста со кралот, што ја дознавме од делото на Калистен, изискувала посебно внимание. Тој пренесува дека Александар Македонски сакал да мисли како античките Грци, но бидејќи гледиштето е мошне пристрасно, природно, критички мора да се користат неговите изјави

Од друга страна, пак, официјалниот опис на дневните акции на Александар во кралскиот весник не бил наменет за пошироко публикување.Во почетокот описот го правел Еумен од Кардија, шефот на неговиот Секретаријат, а тоа започнало уште со Филип Македонски кому Еумен му служел неколку години со иста задача. Овој официјален весник Птоломеј I, кралот на Египет, го употребил како извор за своите мемоари, а бидејќи тој бил еден од главните извори за Аријан, тоа објаснува зошто неговото дело се чита како дневник. Весникот немал намера да го велича монархот, туку да служи за практичните цели на власта.

Во патувањето на кралот, покрај Калистен, биле вклучени и други историчари, како и филозофи и поети, кои, главно, подоцна му се придружиле на патувачкиот двор. Геодетската група што го придружувала кралот од самиот почеток имала задача во дневник да ги мери и да ги забележува растојанијата што ги освојувала војската на Александар Македонски и да ги опишува карактеристиките на земјите каде што се патувало.

Меѓутоа, специјалистите кои го испитувале богатството на флората и фауната, како и минералите на новооткриените земји на Далечниот Исток колку што одминувало времето сè повеќе биле ангажирани.

Уште од самиот почеток му станало јасно на Александар Македонски, ученикот на Аристотел, дека азиско-атичкото војување не било само обичен поход, туку и голем настан за цивилизацијата, бидејќи не само што ја вовел античката грчка култура на Исток, туку на античките Грци им ја открил и азиската култура и природа.

Неговото војување во исто време било испитување и откривање на многу нови простори и појави што требало да најдат свое место во науката. Треба да се каже дека Александар Македонски немал претходна концепција каков ќе биде неговиот успех. Несомнено, тоа било случај само во текот на неговото победничко напредување кога овие цели добиле повеќе определена и стабилна форма.

Персиската Империја, против која Филип Македонски го започнал нападот, а сега Александар ја започнал војната, ја загубила виталната сила што ја имала кога на власт бил Дариј I. Но, сепак, таа не била обесхрабрена и внатрешно расцепкана како неколку децении порано, кога дошло речиси до нејзино распарчување, поради востанијата на амбициозните намесници и вазали, како и поради востанието во значајни места на Египет и Кипар.

Енергичниот Артаксеркс III (Охус), со совладувањето на овие опасности, а особено со повторното освојување на Египет, чиј успех бил постигнат, главно, со помошта и учеството на античките грчки офицери и наемници, уште повеќе ја зајакнал државата која станала една од

светските империи и сам им се спротивставил на античките Македонци.

Во пролетта 336 година, кога Филип испратил извидница преку Дарданелите, Арс, кој по смртта на својот татко Охус (338) го презел престолот со помош на Багоа, се уште бил владетел. Но брзо потоа, можеби во мај 336 година, Багоа го отстранил Арс и на престолот го поставил Кодоман, принцот од лозата на Ахеменидите, кои брзо го отруја за да добијат поголеми слободи.

Овој, Дариј III, како што самиот се нарекувал, бил несреќен владетел на чии плеќи паднала задачата да го штити кралството од Александар Македонски. Се знае за неговата голема храброст што во младоста ја покажал во борбата со Кадусијаните.

Меѓутоа, во решавачкиот момент на Ис и Гавгамела, кога го видел надворешниот изглед на суперменот Александар, го фатила силна паника при што ја свртел колата назад и ги оставил сами своите храбри луѓе да се борат на бојното поле и да загинат. Тој во најголема мера лично е одговорен за пропаѓањето на својата империја.

Војската што Филип Македонски ја испратил во Мала Азија под команда на Парменион и Атал, по првиот победоносен настап била принудена на повлекување кон Дарданелите. Според некои неадекватни извори, пак, се вели дека единствено Парменион, кој прво напаѓал од Ефес кон Магнезија, бил поразен од Мемнон, одличниот генерал на Големиот крал, кој го присилил да се повлече кон Север и да се врати кон Дарданелите, така што античките Македонци ги задржале само Абуд и Роетеум на тројанскиот морски брег.

Иако убиството на Филип Македонски и трагичниот пад на Атал имале парализирачко и уништувачко влијание врз нападите, може да се

заклучи дека Мемнон се покажал како подобар генерал од Парменион. Александар Македонски можел да биде задоволен со резултатот кој му обезбедил мостобран за преминување во Азија и значаен пресврт во ослободувањето на тамошните градови. Затоа, Александар Македонски не издал наредба за втор напад, туку есента 335 година го повикал Парменион во Пела за да му помогне при вооружувањето на војската.

Така, Александар Македонски, во споредба со другите команданти, му дал повисока позиција на Парменион, кој тогаш бил на околу шеесетгодишна возраст и ја имал докажано својата способност во многу битки во времето на Филип. Не го назначил Парменион за постојан командант на одделна дивизија, туку го држел до себе без да му даде некоја посебна команда.

Сепак, не треба да го опишеме Парменион како „шеф на персоналот на Александар“, или како „негов Молтке“. Понекогаш пред важни одлуки, поради брзо разгледување на ситуацијата, Александар Македонски свикувал воен совет на офицери или другари кои лично биле поврзани со него, но никогаш немал редовен генерален персонал во современа смисла на зборот. Парменион бил негов Молтке.

За стратешките прашања Александар не дозволувал внимателниот Парме-нион да му врши влијание. Тој очигледно имал голема доверба во Парменион како тактичар, бидејќи во три битки во Азија му дозволил да командува со дефанзивното крило, а тој командувал со офанзивното крило.

Колку ѝ бил верен стариот генерал на кралската куќа, покажал во Мала Азија, каде што како покорност на наредбата на Александар дозволил да му се суди на Атал, кому тој му бил зет, веднаш по откривањето на Аталовото предавство.

Исто така, бил загрижен за династијата, за која тој и Антипатер го советувале Александар да не преминува во Азија сè додека не се ожени и да има наследник за престолот. Може да се сфати колку Александар Македонски страсно копнеел да започне голема војна, и затоа го одбил овој совет.

Но, загриженоста на овие генерали не била неоправдана, бидејќи, доколку се случело Александар да загине, тогаш неговиот син од законскиот македонски брак ќе бил подготвен да го земе престолот, а судбината на неговата светска империја веројатно ќе била поинаква.

Најпосле, сите подготовки за војна завршиле и нападот започнал во раната пролет 334 година. Александар ја повел својата војска од Амфипол долж македонскиот морски брег до Хелеспонт, каде што стигнал до Сестон во Херсонес.

Имал среќа бидејќи Персијците не мислеле да го спречат неговото преминување со својата огромна флота, пропуст кој бил голема грешка. Така, со помош на 160 трирема и трговски бродови направени за оваа намена, без борба, војската била префрлена од другата страна на брегот во Абид.

Додека оваа задача му ја препуштил на Парменион, Александар бил поттикнат од романтичните чувства да го посети светото место Илијад. Придружен од пријатели и мал број пешаци, отишол до јужниот рид на Херсонес, каде се наоѓал гробот на Протесилај, кој според легендата бил првиот од луѓето на Агамемнон, кој бил убиен при истоварувањето на азискиот брег. Александар му принел жртва на Агамемнон со цел и тој самиот да има поголема среќа при истоварувањето.

24.
ПРИМЕНА НА „КОСИОТ БОРБЕН СТРОЈ“ НА ГРАНИК - ПРВАТА БИТКА СО ДАРИЈ

Кога командниот брод на Александар Македонски преминал на Тројанскиот брег, во центарот на Дарданелите им принелжртви на боговите на морето, Посејдон, Амфитрит и Нереид. Кога дошол блиску до брегот скокнал сосе оклоп, го забодел копјето во песокливата плажа и извикал дека ја добил Азија од боговите како „земја добиена со копје“

Ова симболично присвојување на непријателска земја е направено и од Клитарх, но тоа е многу карактеристично и за однесувањето на Александар Македонски што може да се смета како историско. Меѓутоа, наведувањето на неговиот извик се заснова врз извор премногу сомнителен за да ги оправда претпоставките за големината на неговите воени планови од тоа време.

Потоа, Александар Македонски, отишол во Илиум и со ентузијазам ги обновил сеќавањата за Тројанската војна. Својот штит ѝ го посветил на Атина и наместо својот зел еден свет штит божем од времето на херојските години и на олтарот од Зевс Херкеј принел жртва на Пријам, кој според легендата бил убиен од Неоптолем, синот на Ахил.

Така, како наследник на Ахил, Александар Македонски сакал да ја ублажи болката на Пријам. Во рамнината под ридот Александар и неговиот пријател Хефестион положиле венци на насипот со

кој претпоставувале дека се покриени останките на Ахил и Патрокле. Оваа екскурзија до Илиум овозможила длабоко да се проникне во романтичната душа на младиот крал.

Откако повторно се соединил со својата војска, која во меѓувреме Парменион целосно ја префрлил од другата страна на морскиот брег, Александар тргнал напред, извидувајќи ја внимателно земјата каде поминувал, за да се сретне со непријателот, кој, како што бил информиран, своите воени сили ги концентрирал недалеку од Зелеија, јужно од Мраморното Море.

По наредба на Големиот крал, кој сé уште немал вистинска претстава за опасноста што му се заканувала од Александар Македонски, намесниците и генералите се загрижиле и веднаш ги собрале своите воени трупи од земјите на оваа страна на планината Таурус и му се придружиле на Мемнон и на неговата војска.

На воениот совет во Зелеија, Мемнон веднаш предложил алтернативен план за битката. Да се повлечат во внатрешноста и со опустошување на населбите и со уништување на жетвата целосно да го ограничат Александар Македонски и да го натераат да се повлече назад, а во меѓувреме со помош на флотата да ја пренесат војната во Европа.

Овој вешт план, кој покажува длабоко проникнување во критичната ситуација на Александар Македонски, што би го ставил во положба слична на онаа на Наполеон во Русија, не бил прифатен, бидејќи бил предложен од еден странец, па затоа гордите Персијци најжестоко му се спротивставиле. Поттикнати од чувството на супериорност, Персијците решиле да го натераат Александар на битка на прагот на Азија.

Сепак, тие биле доволно свесни дека не треба да го сретнат Александар Македонски на отворено поле, односно сакале да го избегнат неговиот фронтален напад. На тој начин, тие отишле на Запад до долниот тек на реката Граник, планинска река која се спуштала од Ида и се влевала во Мраморно Море и зазеле позиција на десниот јужен брег.

Таму реката минува низ рамнина, а јужните брегови се издигаат на места стрмно дури и по два-три метри. Со очигледна грешка во тактиката, Персијците ја поставиле својата коњица (според Аријан таа броела 20.000) пред стрмните брегови, од каде не можела да напаѓа, а пешадијата од античките грчки наемници (исто така 20.000, според истиот автор) ја поставиле на извесно растојание зад коњицата.

Кога Александар со своите колони во маршрачки строј пристигнал од северозапад, го разгледал местото за војување и решил да ја искористи грешката на непријателот и да го изненади со еден брз напад. Внимателниот Парменион му советувал на Александар Македонски вечерта да се улогорат и да нападнат рано изутрина, но Александар го отфрлил советот и им наредил на своите единици, кои биле искусни во маневрирањето, да формираат борбена линија.

Првпат Александар Македонски тука го применил „косиот борбен строј“, што неговиот татко го позајмил и го развил според идејата на Епаминонда. Ја поделил својата војска во офанзивно крило десно командувано лично од него и дефанзивно крило на левата страна, чија команда му ја доверил на Парменион.

Во наредните две големи битки на Ис и Гавгамела ја употребил истата тактика, меѓутоа, во секоја од овие три битки ги покажал особеностите

кои одговарале на локалните услови, бидејќи Александар не признавал шаблони во војувањето.

Основната цел на сите три битки била, со непопустлив напад на античката македонска коњица на десната страна да го пробие левото крило на непријателот. Потоа, завртувајќи налево да ја обиколи непријателската линија, додека полковите на фалангата, кои биле сместени во центарот, а заштитени со коњица од левата страна, требало да се судри со непријателот и него да го поврзе со помош на коњицата.

Посебна карактеристика на битката на Граник била таа што Александар Македонски не го нападнал крајното лево крило на непријателот, каде што бил Мемнон и каде што, во очекување на Александар Македонски, Персијците ги поставиле своите борбени линии во многу густ строј. Александар ги построил лесните единици од пешаци и ескадронот на тешка коњица да нападнат и да го задржат непријателот, додека тој на чело на своите кралски следбеници барал место за напад понапред и лево од центарот.

Со звуци на труба и бојни извици, луѓето на Александар Македонски јуришале кон реката, која била надојдена, бидејќи било месец мај. На другата страна од стрмниот брег, силната коњица била ангажирана на широк фронт.

Понатаму кон лево неговите други единици постепено го освојувале спротивниот брег и така започнала борбата. Битката беснеела најмногу околу Александар кој се борел со неколку персиски дворјани, меѓу кои бил и Митридат, зетот на Дариј, кому му задал смртен убод.

Додека сé уште се борел со Роесак, Александар Македонски бил во најголема опасност кога Спитридат, намесникот на Лидија и Јонија, се приближил кон него одназад со кренатa крива

сабја и тргнал да го убие. Животот му го спасил Клит, синот на Дропид, командантот на кралскиот полк, кој го прекинал налетот на војската на Спитридат, или како што вели Плутарх, Клит го прегазил непријателот.

Страшна е помислата колку поинаков ќе бил текот на светската историја ако Клит не го употребел мечот во критичниот момент, а ако Александар загинел на прагот од својата слава. Меѓутоа, грешат оние што сакаат да го лишат Александар од титулата еден од најголемите генерали на светот, бидејќи и овојпат, а и подоцна, тој храбро се вклучувал во вистинските борби.

Во „косиот борбен строј“ местото на командантот било на чело на офанзивното крило. Решавачка измена на нападот спрема центарот можела да се случи во текот на битката. Во тоа време немало резервна војска која во модерната стратегија го принудува генералот да остане зад борбената линија, со цел да ја уфрли во вистински момент.

Кога Александар Македонски победоносно ја пробил борбената линија со своите кралски следбеници и тргнувајќи лево напаѓајќи кон центарот, персиската коњица почнала да бега. По преминувањето на реката, Парменион успешно го одбил непријателскиот напад во кој тесалискиот коњ ја решил битката. Поразот на левата страна ги принудила персиските воени единици да отстапат и бегањето да им стане главна цел.

25.
АЛЕКСАНДАР МАКЕДОНСКИ КАКО ИДЕН ВЛАДЕТЕЛ НА МАЛА АЗИЈА

Александар Македонски започнал да го прогонува непријателот по целата линија, како и целта на неговиот татко така и неговата цел била целосно уништување на непријателот. Им дошол зад грб на античките грчки наемници, кои биле сведоци на несфатливата тактика на персиските дворјани

Александар ѝ наредил на својата фаланга да нападне фронтално, додека коњицата нападнала од страна, со што овие антички грчки единици целосно биле уништени, со исклучок на околу 2.000 преживеани. Тоа спречило еден дел од коњицата да учествува во натамошното прогонување на непријателот.

Така, по неколку часа, на едно попладне во мај 334 година, била извојувана голема победа, пред сé, како резултат на генијалната стратешка подготвеност на Александар, како и на супериорната вооруженост на единиците. Како што раскажува добро информираниот Аријан, во решавачката коњичка битка античкото македонско фрлање на копје се покажало подобро од персиското.

Ова фрлање на копјата било ужасно, бидејќи античките Македонци под команда на Александар Македонски ги погодувале своите цели што е можно повеќе, а ваквата супериорност на оружјето ја поттикнувало коњицата да победува.

Загубите на кралските следбеници биле сосем мали и изнесувале само 25 лица од полкот што бил испратен да се бори против Мемнон, додека другата коњица дала околу 60, а пешадијата околу 30 жртви. Вака малите загуби звучат сомнително, но кон тоа мора да се додадат ранетите од кои голем број умреле.

Александар Македонски му наредил на скулпторот Лисип да направи статуи за тие 25 кралски следбеници, кои биле поставени во Дион во Македонија, а нивните семејства биле ослободени од плаќање данок. Кај Персијците, веројатно, мнозина настрадале, а, особено, загинале многумина нивни водачи.

На денот по битката Александар Македонски направил свечен погреб не само за своите луѓе, туку и за Персијците. Тој покажал човечност и големо внимание спрема ранетите. Ги повикал пред себе да му ги покажат раните и да му раскажат како ги добиле. Им посветил големо внимание дури и кога тие покажувале извесна суетност. Оттука може да се сфати со каков ентузијазам војската се жртвувала за таков водач.

Со итра дипломатија што ја стекнал во неодамнешните незгоди во Античка Грција, Александар Македонски со способност на генералисимус од панелинистичката војна за одмазда, оваа победа на Граник ја обнародил во светот како победа на Коринтската лига.

Ова е значењето на посветениот напис што бил изгравиран по негова наредба на триста персиски оклопи што ги испратил во Атина за да бидат приложени како жртви за доброто на Акропол, а на кои пишувало: „Александар Македонски, синот на Филип Македонски, и сите Елини, но не и Лакедемонијанците, го присвоија ова од варварите кои ја населуваат Азија“.

Немаше ниту збор за неговите Македонци. А од античките грчки контингенти била ангажирана само коњицата. Исто така, значајно е што Александар Македонски не се опишува сам како крал, а со јазикот на панелинистичката пропаганда, Персијците ги нарекол варвари.

На ист начин, со намера да се почитува Лигата и ставајќи се себеси во положба на избран генералисимус, заробените антички грчки наемници ги испратил во окови на принудна работа во Македонија, затоа што „спротивно на одлуката на Лигата на Елините, тие се бореле за варварите, а против Елините“.

Дворскиот историчар Калистен го прославил Граник како панелинистичка победа. Кога вели дека борбата се водела на Адрастеанското Поле, а во објаснување на името го спомнува и стариот крал Адраст, кој направил култ од Немас во овој регион, тој, веројатно, гледал божественост во фактот што Александар Македонски победил овде како „одмаздник“ на Античка Грција.

Александар Македонски не отишол да војува, единствено, како генерал на Лигата, туку, исто така, и како крал чии цели биле да освои територии за себе. Несомнено, точно било пренесена идејата со приказната на Клитарх, кога Александар Македонски го фрлил копјето пред себе при истоварувањето на Азискиот брег.

Од моментот кога стапил на азиско-атичката почва, како што покажале неговите натамошни акции, тој ја сметал како „земја освоена со своето копје“. Во таа смисла Дијадохите го употребиле истиот израз за да го потврдат незаконското постоење на своите освојувачи.

Несомнено, како генерал на Лигата, на Александар прва должност му била да ги ослободи

античките грчки градови во Мала Азија од персискиот јарем. Меѓутоа, сé што било надвор од овие градови и нивните територии, тој покорил за себе. Александар не дошол како опустошувач, туку како иден владетел и во покорениот народ видел свои поданици.

Тој имал желба да ги смири народите со новата власт, но, притоа, ги земал предвид нивните национални традиции, онолку колку што можела да дозволи неговата империја, при што во новите услови тие требало да бидат мирољубиви.

Веднаш по навлегувањето во новата земја, Александар Македонски започнал да владее како нејзин нов крал. По битката на Граник ја организирал администрацијата во намесништво на Хелеспонтинската Фригија, чиј намесник бил Арсит кој избегал по борбата.

Наместо него го наименувал античкиот македонски благородник Кала. Најинтересно било, а можеби и многу изненадувачко за неговите антички Македонци, што тој на Кала не му дал македонска титула, туку му дал стара персиска титула намесник (Ксатрапаван - заштитник на државата) на што населението во минатиот период било навикнато.

Со титулата, Кала добил исто толку функции колку и Арсит. Александар не направил ниту една измена со своите барања од новите поданици, истиот данок што тие дотогаш му го плаќале на Големиот крал, сега требало да му го плаќаат на новиот господар. Веднаш го натерал Парменион да го заземе местото во владата на намесништвото Дасцилиум. Така, Александар Македонски му се вмешал во правата на Големиот крал, чија круна подоцна ја зел за себе.

Овие мерки, со кои Александар не ги споил новите освоени земји со своето античко

Македонско Кралство, туку ги оставил настрана, независни, ни покажуваат дека покрај тоа што можело да се формира точна претстава за неговите планови и надежи, туку не пројавил ни најмала намера за заокружување на своето Македонско Кралство.

Непосредниот ефект од победата на Граник се состоела во тоа што соседните делови на Западна Мала Азија паднале во рацете на Александар без борба. Кога дошол во Сард, седиштето на владата на лидијанското намесништво, му се предале не само градот туку и тврдината која била неосвоива заедно со големото богатство, каде што за командант поставил антички Македонец.

Исто така, Александар Македонски им покажал дека тука не дошол да ги зароби туку да ги ослободи и со почит гледал кон нивните национални карактеристики.

На Лидијците, луѓе од старата цивилизација, кои ја поттикнале античката грчка култура особено во религијата и музиката, Александар им ги вратил старите лидијски закони што владееле пред да бидат покорени од Персија.

Тој, исто така, покажал дека дошол да ја воведе античката грчка култура на Исток, затоа во тврдината на Сард изградил храм и олтар посветен на олимпиецот Зевс, панелинистичкиот Бог.

Откако го именувал Македонецот Асандер за намесник на провинцијата Лидија, Александар му ја доверил финансиската контрола на еден свој офицер, потоа дошол до брегот во Ефес и според својата панелинистичка задача започнал да ги ослободува античките грчки градови. Од Ефес со голем број единици ги освоил аеолијанските и северните јонски градови, а на Југ Магнезија со

Трал на Меандер кои ја изразиле својата приврзаност кон кралот.

Александар Македонски насекаде ги исфрлил олигархиите, а воспоставил демократија со нивните поранешни закони. Тоа го направил овде и насекаде како противмерка на персиската влада која постојано ги фаворизирала олигархиите.

Притоа, плаќањето данок на Персија од страна на античките грчки градови било укинато. Ослободувањето од персиската власт насекаде било поздравено со одушевување, а Александар Македонски се прославувал како ослободител.

Преку пренесувањето на правото на имот на античките народи од Мала Азија според Кралскиот мир, Персиската Империја добила многу економскипредности, бидејќи овие антички Грци имале подобри материјални услови од слободните антички народи во татковината кои се судрувале со крвави караници.

26.
ВЛАДЕЕЊЕТО НА АЛЕКСАНДАР СО ПРОВИНЦИИТЕ ЛИДИЈА И КАРИЈА

Историјата на Јонците покажува дека тие постојано го чувствувале јаремот на туѓинецот како товар. Тие не се карале, туку ја почитувале слободата како најголем благослов. Записот на Приен од III век ни дава благороден израз на оваа идеја кога вели: „Нема поголемо нешто за античкиот грчки човек од слободата“

На прашањето како Александар ги организирал слободните антички народи во Мала Азија тешко е да се одговори. Меѓутоа, подоцнежните документи покажуваат дека, како и порано, островите подалеку од брегот ѝ припаѓале на Коринтската лига. Така, сега градовите на копното биле членови на Лигата на Александар Македонски, кој несомнено ја следел намерата на својот татко Филип Македонски. Посебните мерки преземени од Александар се сложувале со оваа претпоставка.

Посебна карактеристика е тоа што азиско-атичките членови на Лигата не биле обврзани да даваат контингенти за војската и флотата како државите во татковината, но требало да плаќаат придонес во пари. Јонскиот федерален систем, кој бил обновен пред доаѓањето на Александар Македонски во средината на столетието, сé уште бил во сила и нема доказ спротивен на ова

мислење, бидејќи во Античка Грција лигите биле признати како членки.

Во секој случај не е можно да се докаже друга претпоставка освен дека наместо да ги воведе античките Грци од Мала Азија во Коринтската лига, Александар ги организирал во неколку локални лиги и ги направил зависни од себе. Доказите се мошне скудни за широко развиената теорија дека веднаш по ослободувањето, античките народи од Мала Азија му укажале голема почит на Александар Македонски. Примерите за тоа му припаѓаат на едно подоцнежно време.

Постојат две гледишта за Западниот морски брег: дека Александар се судрил со опозицијата и дека во Милет и Халикарнас античките грчки наемници биле многубројни. Персискиот командант на Милет кој, прво, сакал да го предаде градот подоцна се спротивставил, потпирајќи се врз персиската флота која немала засолниште надвор од планината Микал, бидејќи флотата на Александар претходно успеала да ја заземе позицијата на островот Ладе пред градското пристаниште.

Со артилериска опсада што за првпат ја употребил, бил овде, бил направен пробив на бедемите и градот бил заземен, додека истовремено античката грчка флота влегла во пристаништето во близина на влезот.

Александар Македонски им простил на Милесијците, зашто било очигледно дека се принудени да војуваат од персискиот гарнизон, а потоа им дал слобода и ги приклучил кон Коринтската лига.

Тие му се заблагодариле со тоа што го избрале за градоначалник на својот град за наредната година (334-333). На списокот на овие

епонимски претставници тој е наречен, едноставно, „Александар Македонски син на Филип Македонски“, без титулата крал, која во тоа време не ја употребувал, зашто бил хегемон на Лигата.

Во натписот во храмот посветен на Атина во Приен, Александар е опишан како крал, а значајно е тоа што тој не го изградил храмот со пари на Лигата. Иако флотата ја извршила својата улога во Милет, сепак, тој распуштил поголем дел од неа, задржувајќи само дваесетина атински бродови како залог.

Ова решение, што на прв поглед изгледало изненадувачко, било неопходно поради недостигот на средства. Тој се колебал дали да ги изложи своите бродови на опасност од многу посупериорната персиска флота или да се стационира на Самос.

Во Халикарнас, главниот град на Карија, Александар наишол на многу поголем отпор, бидејќи одбраната на градот лично ја раководел неговиот најголем противник Мемнон Родијанецот, кому Дариј само што му ја имал дадено врховната команда на флотата на Азиско-атичкиот брег. Тука била потребна една долга опсада, бидејќи градот бил утврден и природно и на вештачки начин. Една дивизија на персиската флота била укотвена во пристаништето.

Меѓутоа, градот не можел да истрае самостојно против силната опсадна моќ на Александар Македонски. По судирот во кој двете страни постигнале успех и направиле неколку пробиви кај силниот гарнизон, Мемнон бил принуден да го евакуира градот и да му го остави на освојувачот.

Само две тврдини во Карија останале под персиска окупација. Меѓутоа, Александар не можел да го дозволи тоа, па оставил корпуси во заднината кои по извесно време ги присилиле да

капитулираат. Мемнон кој ја водел одбраната, со голема вештина избегал на островот Кос.

Колку Александар Македонски не го следел правилото за распоредување на намесници, покажал со тоа што Карија ѝ ја доделил на старата принцеза Ада од родот на каринската династија, која претходно владеела како вдовица наместо нејзиниот маж Идрије.

Кога Александар влегол во Карија, Ада го пречекала со голема почит, му го предала градот Алинда, што и припаѓал, и му предложила да го усвои како свој син. Александар го обновил градот и го прифатил усвојувањето.

Според тоа тој им станал син на Каријците и на нивната владетелка, а странската доминација била сосема отстранета. Тоа што Александар подоцна бил сметан за син на египетски крал, од една, и како син на персиски крал, од друга страна, било направено од историски причини. Со овој однос кон Ада, Александар Македонски покажал дека ги сфатил посебните карактеристики на потчинетиот народ.

Со чудење можеле да се сфатат изјавите за улогата на оваа жена, но тие се објаснуваат со фактот што во Карија опстојувал таканаречениот матријархат, кој еднаш преовладувал во пред-грчкиот медитерански свет.

Бидејќи Александар го дал намесништвото на жена, воената команда ја одвоил и му ја препуштил на еден македонски офицер. Ада ги добила, единствено, граѓанските функции. Делењето на граѓански и војнички функции, што Александар првпат ги спровел во оваа пригода, го усвоил како правило, кога ориенталците ги наименувал за намесници.

На античките Македонци што се ожениле непосредно пред војната сега им било дозволено

да си одат дома и да останат таму во текот на зимата. Тоа била хумана политичка мерка што кај војниците предизвикала големо одушевување и благодарност.

Парменион бил испратен со единици на Лигата да ја окупира Фригија, а Александар Македонски во текот на зимските месеци отишол на пат по јужниот морски брег на Мала Азија, во согласност со својот стратешки план за парализирање на непријателската флота со освојување на приморјето.

Тој напредувал долж брегот на Лидија и Памфилија до Сид, без да наиде на некој посериозен отпор. Кога скршнал кон Север низ Писидија имал остри судири со бесните планинци. Од Келена дошол до својот зимски логор во Гордиум, фригијски главен град на реката Сангариј, што е прославуван во легендите.

Таму, Парменион и неговата војска се сретнале со него, а пролетта дошле луѓето, кои биле на војничко отсуство, како и нови регрути. Гордиум го избрал како место за собирање, бидејќи неговата позиција била погодна за да се зајакне Античка Македонија.

27.
АЛЕКСАНДАР ТРЕТИ МАКЕДОНСКИ ГО ПРЕСЕКУВА ГОРДИЕВИОТ ЈАЗОЛ

Во првата година од војната Александар Македонски постигнал големи успеси. Со победата на Граник цела Мала Азија до Сангар паднала во рацете на Александар Македонски. Персиската флота немала пристаниште на морскиот брег сé до Киликија за да се укотви

Веќе немало персиска војска во Мала Азија и првата цел од панелинистичката програма била брзо постигната: античките грчки градови во Мала Азија биле ослободени од персискиот јарем и припоени кон Коринтската лига.

Овие градови, како што покажале проучувањата на многу места, влегле во една друга голема ера на развој. Широките региони надвор од нив биле окупирани од Александар како земји на круната и биле ставени под администрација на намесниците.

Со оглед на брзото победоносно напредување на младиот херој, нема сомневање дека тој бил под посебна заштита на боговите. Тие често испраќале среќни пророкувања кои биле толкувани или од пророците во логорот, од кои главен бил Аристандер од Телмес, или понекогаш и од самиот крал. Покрај обичните дневни подне-сувања на жртви, тој не пропуштал да ја изрази својата почит и благодарност кон боговите и во посебни пригоди.

На Ефес, на пример, каде што првпат влегол во јонскиот град, тргнал во свечена процесија со сета воена опрема во чест на Артемис. Понатаму, Александар Македонски ѝ изразил почит на својата божица, со тоа што им наредил на Ефесијците данокот што му го плаќал претходно на Големиот крал сега да му го плаќаат на нејзиниот храм. Сродството на Александар со боговите било толку блиско, што било природно да му се припишуваат среќни случки како непосредна интервенција на боговите.

Еднаш, на пример, Александар се наоѓал на памфилјанскиот морски брег и сакал да оди по тесниот крајбрежен пат кој бил прооден само кога дувале северни ветрови. Во тој момент јужниот ветар, кој дотогаш дувал одеднаш се свртел и започнал да дува од север, со што овозможил Александар да го продолжи патувањето.

Според Аријан, не само неговите придружници, туку и самиот Александар во овој случај виделе божјо привидение. Тоа не е претпос-тавка, туку повеќе признание дека како човек би бил немоќен без божјата помош.

Подоцна неговиот дворски историчар Калистен во оваа смисла отишол уште подалеку. Во пофалбата за Александар тој вели дека морето се повлекло и се поклонило пред него како негов господар, на тој начин изразувајќи ја својата длабока почит. Александар Македонски бил роден да биде натчовечко божјо суштество на кое треба да се гледа со почит.

Ова раскажување влијаело Александар да се воздигне како син на Амон (331), а метафората „изразување длабока почит“ го прикажало времето кога почнал да ја добива оваа ориентална слава од персиските потчинети (330). Тоа, едноставно, придонело да се смета за галениче и миленик на

боговите. Во врска со историјата на Александар Македонски, требало да се истакне дека кај него постепено се појавувала идејата за освојувач на целиот свет, особено по битката во Гордион. Жителите од ова место ималеедно старо пророштво, според кое човекот кој ќе го одврзел јазолот што бил врзан од кралот Гордие на дрвената кола посветена на Зевс, ќе стане господар на Азија. Кога Александар слушнал за јазолот во Гордион, го опфатил копнеж за оваа мистерија и затоа започнал да ја разгледува колата.

По залудните настојувања да ги најде краевите на јажето, со брза одлука ја извадил сабјата и го пресекол јазолот. Силните грмежи и молњи што ја проследиле ноќта, биле протолкувани како божјо одгласување и прифаќање на неговиот начин на одврзување на јазолот. Тој целосно им верувал на пророците, и оваа легенда од Древниот Исток за суверенитет над Азија морала да се одрази многу длабоко во него.

Во меѓувреме, на Запад, по неговото заминување од Халикарнас се случиле настани кои можеле да го загрозат она што тој со успех го стекнал. Неговиот даровит противник Мемнон, по загубата на Халикарнас, отишол понатаму да го испроба својот план што бил предложен во Зелеија, а тоа било да води борба во Античка Македонија и во Античка Грција со помош на флотата. Прво, Мемнон го освоил островот Хиос, а потоа тргнал кон Лезбос каде ги придобил сите градови со исклучок на Митилен.

Така, го блокирал Митилен од море и од копно и ја започнал опсадата. Веста за тоа предизвикала голема вознемиреност во Циклад и Елас: луѓето зборувале за нападот на Мемнон на Еубоеја и не само во Спарта туку насекаде постоела голема надеж за изменување на воената

среќа. Меѓутоа, Мемнон ненадејно се разболел и умрел пред Митилен. Неговата смрт во тој момент била голема среќа во животот на Александар, а тоа никој повеќе не го признавал од него самиот.

На првата вест за опсадата на Митилен, многу бил загрижен и им наредил на Амфотер и Хегелок да соберат нова флота на Хелеспонт. Ним, на двајцата, и на Антипатер им дал големи суми пари за воена опрема. Потоа, веројатно, пред да го напушти Гордион ја слушнал веста за смртта на Мемнон и се чувствувал како да се извлекол од кошмар.

Александар имал среќа што Дариј, на веста за смртта на Мемнон не го прифатил планот за напад на Античка Македонија и на Античка Грција, туку наредил наемната војска од Фарнабаз да се врати кај него, да се стави под негова лична команда и да се организира борба против Александар на копно.

По смртта на Мемнон, Персијците презеле воен напад на Запад, ги окупирале Митилен и Тенед, кои го раскинале договорот со Александар и врз основа на Кралскиот мир повторно влегле во сојуз со Големиот крал. Александар Македонски, сепак, можел без грижа да ја остави обновата на островите и смирувањето на Запад на своите адмирали и на Антипатер.

Во пролетта 333 година, Александар го напуштил Гордион и заминал за Кападокија преку Анкара (сегашниот главен град на Турција), со цел да сврти кон југ и со најголема можна брзина да ги освои преслапите на Тавр. Само што поминал мал дел од Кападокија, Александар Македонски не наименувал намесник антички Македонец, туку Сабитка - припадник на месното население, со што се потврдило дека немал сила да го воведе

античкиот македонски режим како што тоа го направил на Запад.

Немал време да ја пороби целата земја. Само Јужна Кападокија со Тавр ја направил намесништво, Северна Кападокија со Понт и со принцот Аријарат не му биле потчинети на Александар Македонски. Тоа останало пукнатина во неговото Азиско-атичко Кралство, а, исто така, и Ерменија останала независна.

Тој напредувал толку брзо што Арсам, намесникот на Галиција сосема бил изненаден. Тешко совладливиот преслап на планинскиот венец Тавр бил освоен без тешкотија. Стражата избегала во ноќта кога тој се искачил со неколку лесно вооружени единици.

Подоцна, кога дошол во рамнината под планината, Александар дознал дека жителите на Тавр, главниот град, се исплашиле дека Арсам ќе го опустоши нивниот град пред да го напушти. Александар влегол во градот со својата коњица, а Арсам веднаш избегал без да му направи некоја штета на градот.

Во Тавр, херојската кариера на Александар за малку ќе имала трагичен крај. Во еден топол летен ден тој се фрлил во ладната вода на реката Киднус, што течела од планините низ градот. Добил опасна болест и долго се борел со смртта во треска и грчеви, судрувајќи се речиси со истата судбина како онаа на стариот владетел Барбароса чиј живот завршил недалеку од Каликаднус.

Веројатно, Александар Македонски останал жив повеќе како резултат на својата младост и челична конструкција, отколку од примената на медицината на својот верен доктор Филип. Но, сепак, неговиот поход за подолго време бил одложен поради заболувањето кое оставило силни траги.

28.
БИТКИ КАЈ РЕКАТА ПИНАР ВО СИРИЈА - ЕДНА ОД ПОБЕДОНОСНИТЕ ЗА АЛЕКСАНДАР

Кога Александар се укотвил, го испратил Парменион со мал дел од војската да го најави заземањето на морските премини кои водат од Киликија кон Сирија, а тој тргнал кон западната страна за да го избегне планинскиот предел Тракеја во Киликија, со цел да го покори и да го присвои морскиот брег сè до Ликија и целосно да ја заштити својата заднина пред да се сретне со Големиот крал

Брзото извршување на оваа задача за неколку дена покажало дека кај него се вратила поранешната моќ. На патот кон стариот антички грчки крајбрежен град Солој, ја примил веста дека неговите генерали на кои им ја доверил опсадата на тврдината во Халикарнас извојувале победа.

Во чест на таа победа, Александар приредил гозба, а му изразил благодарност и на богот Асклеп за оздравувањето. Покрај процесијата и трките со факели имало и гимнастички и музички натпреварувања, што првпат овде биле приредени. Имало гимнастички натпревари на војниците, како и уметнички натпревари во кои учествувале музичари и уметници кои, веројатно, биле доведени од воените штабови во Таре.

Потоа, главниот дел од војската го започнала маршот од Таре кон Исток. Кога Александар Македонски дошол до Мал, приложил

жртва за херојот-пророкот Амфилох од Аргос, кој овде имал славно пророштво и бил почитуван како основач на градот. Во Мал слушнал од Парменион, кој во меѓувреме ги освоил преслапите, дека Дариј со својата војска се улогорил во Сохој во рамниот дел на Сирија, два дена одење од преминот што сега го нарекле Баилан.

По смртта на Мемнон, Големиот крал одлучил лично да ја преземе командата и да се сретне со Александар Македонски во решавачка борба. За таа цел собрал голема војска во Вавилон. Доцна во летото 333 година, информиран дека Александар Македонски е во Галиција, Дариј отишол до Еуфрат во придружба на голема свита со багаж, а потоа преминал во рамнината источно од планината Аман, за да се подготви кога Александар Македонски ќе навлезе, во Баиланската Клисура, и тука во Сохој да започне борба со својата многубројна војска. Тргнувајќи од својата голема надмоќност, Дариј верувал во победа.

Освен тоа, тој сфатил дека треба да го цени Александар Македонски како противник, што може да се заклучи од фактот дека извесно време пред тоа, како вистински султан, го поттикнал Линкестијанецот Александар да го убие Александар Македонски. Штом Александар дознал за веста во врска со Сохој, кога бил во Мал, свикал Воен совет за договор што да се прави и со одобрение на Советот одлучил да му се спротивстави на Големиот крал.

Меѓутоа, битката не се водела на другата страна од планината Аман во Сохој, туку на оваа страна од северозападниот дел на Сирија, јужно од Ис. Како дошло до ова? Тоа е еден од најинтересните и највозбудливите делови во целата историја на војната. Патот на Александар,

што Парменион порано бил испратен да го извиди и да го заземе, водел низ Киликијанските Клисури, по должината на сирискиот брег.

Потоа, патот вртел кон југ, и поминувал кај Ис, преку реката Пинар (Дели-Чаи) и малата река Пајас до сирискиот морски премин и преку планинскиот премин Јонах продожувал до Миријандр (во близина на сегашниот Александрета-Искандерун). Оттука патот водел југоисточно преку Аман од Баиланскиот премин до Сириската Рамнина. Тоа бил патот што младиот Кир еднаш го поминал и им бил познат на античките народи од ксеиофонските раскажувања.

По оздравувањето од болеста во Ис, напаѓајќи кон југ, Александар Македонски дошол до Миријандр, каде што поради силната есенска бура и дождот што паѓал во ноќта, неговите единици останале во кампот и наредниот ден, веројатно, со цел да се одморат пред битката што им претстоела. Таму, вечерта на негово големо изненадување бил информиран од дезертерите дека Дариј и неговата војска се наоѓале северно од него, кај реката Пинар. Тој тешко поверувал во тоа и испратил неколку офицери кон северниот брег да го проверат тоа што го слушнал: тие ја потврдиле веста.

Како дошло до оваа промена на позицијата? Дариј се улогорил пред неколку недели во Сохој и го чекал непријателот од кај Киликија. Меѓутоа, поаѓањето на Александар Македонски било одложено од неговата болест и од другите настани во Киликија. Неговиот презир кон малата војска на Александар Македонски, која мислел дека ќе ја прегази со својата бројна коњица, заедно со приближувањето на зимата и тешкотиите во такви услови, го поткрепувале него и неговиот план.

Со цел да ја направи својата огромна војска помобилна, ги испратил во Дамаск своето богатство и главниот дел од багажот, а заедно со војската, придружен од огромна свита и од своето семејство, тргнал источно од планината Аман на север кон Лионскиот преслап (Арслан-Богхас), потоа југозападно преку планината, преку преслапот Аман (Топрак Калеси) во крајбрежната рамнина на Ис, за оттука да напредува кон Киликија.

Доколку се спореди растојанието покриено од двете војски и нивната различна мобилност, може да се претпостави дека настапувањето на Дариј започнало неколку дена пред Александар Македонски да замине од Мал. Речиси, во исто време кога Дариј допатувал на преслапот Аман, Александар Македонски втасал во Миријандр.

Така, двете војски, разделени од планинскиот венец на Аман, ненадејно се разминале на различни преслапи на истата планина, со тоа што Дариј сега бил на север, а Александар на југ.

Дариј прво бил известен за случајното доаѓање на Александар Македонски во Ис кој се сретнал со војската и дознал дека само што поминал Александар и продолжил кон југ. Наскоро и тој тргнал и право се улогорил на реката Пинар, очигледно со намера да го следи Александар Македонски низ преслапот Баилан и така на крајот, според оригиналниот план, да започне борба во широката Сириска Рамнина која многу повеќе му одговарала.

За среќа, се случило обратното. Во моментот кога Александар Македонски бил информиран за позицијата на Дариј на Пинар, со интуиција на гениј ја предвидел предноста што му ја пружила оваа неочекувана ситуација и донела

решение да војува. Александар Македонски бил отсечен од својата база, па затоа поразот на Пинар би бил катастрофален. Меѓутоа, тој апсолутно верувал во победа, што дотогаш вербата го водела од еден во друг успех.

Тој се потпирал врз квалитетот на војничката супериорност и врз својот талент за водење борба. Единствената опасност што можела да му се закани била да биде опколен од многубројната персиска војска.

Ни сега оваа опасност не била многу помала од онаа доколку се сретнел со непријателот во широката Сириска Рамнина. И во рамнината кај реката Пинар можел да биде приклештен меѓу планината и морето.

Била потребна брза акција. Затоа, со претпазливост и сталоженост, кои биле негови карактеристики во најважните моменти на одлука, Александар Македонски ги презел сите потребни мерки да се сретне со непријателот наредниот ден. Коњаници и стрелци веднаш биле испратени да извидат дури до северниот преслап, а тоа било многу суштествено за неговиот план.

Откако им дал доволно време за подготовка на своите единици пред самото поаѓање, тргнал на пат со својата војска, втасал до врвот на преминот до полноќ, поставил претстража и ѝ дозволил на војската да се одмори меѓу карпите.

По првите утрински зраци, Александар Македонски се спуштил во рамнината прво во тесна колона напред со пешадијата која постепено се проширувала во борбена линија колку што допуштала рамнината. Овде, повторно како и на Граник, напредувањето до бојното поле било извршено во голема тишина и прецизно како да било на параден простор, а не пред непријателот.

Така, Пинар била сцена на една од најспомнуваните битки, дуел на спротивни постапки. Има добар опис за битката од подоцнежните автори засновани врз два независни и првобитни извора: на Птоломеј, кој лично бил еден од војниците на фронтот и на Калистен кој како цивил можел да го гледа тоа од далеку.

Реката Пинар, која во својот горен и среден тек имала стрмни брегови, била искористена од Персијците, како и на Граник, како пречка да го брани нивниот фронт. Грешките на намесниците кај Граник овој пат биле отстранети, така што, најдобрите единици, античките грчки наемници, биле поставени пред центарот на борбената линија.

Десно и лево од нив стоеле Ориенталците, тешко вооружените Кардаки, чие десно крило било зад коњицата-, која Дариј ја сместил преку реката за да ги маскира операциите, а потоа да се повлече преку реката.

Главните единици од коњицата на Александар Македонски биле поставени десно од античките грчки наемници на левиот брег на реката Пинар, кој бил рамен, а матицата на реката формирала тешка препрека на погодната почва за ангажирање на коњицата дури до морето.

Преостанатите единици биле повлечени во длабоки формации зад овој фронт и построени според нивната националност. На левото крило на стрмнините на Аман, Дариј напред поставил еден корпус, кој доколку било возможно требало да го зафати Александар Македонски од зад грб. Тој самиот бил во величествена кола во центарот зад античките грчки наемници.

29.
ПОБЕДОНОСНАТА БИТКА НА АЛЕКСАНДАР МАКЕДОНСКИ КАЈ ИС

Пред битката Александар Македонски тајно ја поместил тесалиската коњица од десното крило зад фронтот кон лево, правејќи, всушност, ист распоред како на Граник. Единствена разлика било тоа што требало да се сретнат со корпусите на падините каде што оставил неколку единици на десниот агол до своето десно крило

Но, кога корпусите бегале кон ридот пред дождот од стрели, овие единици веднаш биле подготвени да се вратат назад на фронтот. Како и на Граник, Александар командувал со десното, а Парменион со левото крило на војската. На Парменион му била дадена стриктна наредба во никој случај да не ја прекинува врската со морето. Важноста на оваа положба на морето му била јасна на Александар уште вечерта пред Миријандр кога, прво, ја испланирал битката. Потоа, им принел жртва на боговите на морето, а фрлил и една кола со четири тркала во брановите како понуда на Посејдон.

Така, Александар Македонски се потпрел врз милоста на боговите и врз својата одлична коњица предводена од Парменион. Повторно морал да се отфрли неверојатниот број Персијци за кои се смета дека божем биле дури до 600.000. Нема сомневање дека војската на Александар, иако составена од доброволци, била помногу-

бројна од онаа на Граник, но, сепак, морала да се соочи со понадмоќна сила.

Александар ја започнал битката сходно со тактиката на коса формација: ја повел тешката коњица преку Пинар и го нападнал левото крило на непријателот. Со жесток напад го натерал непријателот да се повлече, при што добил мала рана на ногата.

Арно ама, во меѓувреме полковите на неговите фалангисти при качувањето на стрмниот брег од реката се преместиле и ја прекинале борбената линија. Наскоро, античките грчки наемници од првата линија им се спротивставиле и кога го забележале ова навлегле во празнината и започнале жестока борба на брегот на реката.

Сè повеќе се распламтувала борбата во која и античките Грци и античките Македонци биле исполнети со амбиции да ја покажат својата супериорност над респектираниот непријател. Големата антипатија што постоела меѓу двата народа дошла до израз во оваа битка. Македонците кои биле тешко притиснати од непријателот добиле помош не само од соседната фаланга туку и од Александар, кој по совладувањето на левото крило на Персијците извел решавачки маневри и брзо го нападнал центарот.

Всушност, Александар ја решил битката. Веднаш штом Дариј го видел брзиот напад на Александар, ја свртел својата кола кон север и панично избегал. Тоа е претставениот момент со драматичното преувеличување на Клитарх во познатиот мозаик на Помпеј во „Куќата на паунот“.

Александар Македонски имал голема желба да го зароби Големиот крал, но не можел да мисли на гонење, зашто поважна му била борбата против античките грчки наемници, а, пред сè, бил зафатен со коњицата на левото крило која требала да ја

реши битката. Во почетокот бројно посупериорната персиска коњица на левата страна го преминала Пинар и жестоко нападнала на тесалиските и пелопонеските коњаници што ги командувал Парменион, кои наскоро се соочиле со серозни тешкотии.

Мошне важно било овде да не се направи пробив на борбената линија, бидејќи во таков случај позицијата на Александар би можела да се измени. Текот на битката во центарот и покрај морето покажала колку повеќе Александар бил во опасност овде кај Ис, отколку на Граник.

Должноста на коњицата била да дејствува на двете страни со најголема брзина. Тогаш персиските коњаници слушнале дека нивниот крал избегал и дека ги оставил на цедило. Ги свртеле своите коњи, арно ама гонети од Тесалијците, паднале во стапица при повлекувањето, така што се нашле во општата положба на целата персиска војска.

Веднаш штом Персијците почнале да бегаат, Александар ги гонел со надеж дека сé уште ќе го фати Дариј. Меѓутоа, Дариј веднаш ја заменил колата за коњ, ја исфрлил кралската маска и избегал, оставајќи ги зад себе штитот и лакот. Неговото бегство предизвикало огромни загуби за Персијците, бидејќи северно од Аман борбената линија сè повеќе се приближувала до морето и така оставале тесен премин низ кој поминувале војските кои бегале.

Птоломеј кој јавал зад Александар пренесува дека во бегството тие јавале преку клисурата која била исполнета со непријателски корпуси. Кога паднал мракот Александар го прекинал гонењето и се вратил кај реката Пинар. Овде, персискиот кралски логор со сиот свој

ориентален раскош паднал во рацете на победникот.

Највредната добивка било кралското семејство - мајката и жената на Дариј со нејзините три деца - кои како заложници можеле да бидат од голема вредност. Истата ноќ, кога тие го жалеле Дариј мислејќи дека е мртов, Александар ги известил дека тој е жив.

Впрочем, тоа, не била вообичаена дипломатска игра, која го натерала да се однесува со почит кон оваа жена како спрема кралица, бидејќи и по смртта на Дариј тој се однесувал на ист начин како кон мајка која го спасила. Но, подобро е овде да го разгледаме витештвото што било типична особина на Александровиот карактер.

Александар Македонски отишол толку далеку со своето почитување кон мајката на Дариј, што дури и не ја заушил кралската сопруга Статеира, којашто во тоа време ја сметале за најубава жена во Азија.

Така, на почетокот од ноември 333 година, огромната војска на Големиот крал била победена и разединета, а тој самиот прогонет. Само 8.000 антички грчки наемници побегнале преку планините. Веста за возбудливиот настан се пренела низ целиот антички свет, при што исходот од битката бил пречекан со голема возбуда.

Сите непријателски расположени елементи се надевале на персиската победа, а најмногу Демостен, кој по добивањето на писмата од Исток триумфално ја обиколувал Атина, објавувајќи дека Александар е отсечен од Киликија и дека наскоро ќе биде уништен од персиската коњица.

Оние, пак, што биле пријателски расположени спрема античките Македонци биле многу загрижени. Потоа, веста за брилијантната победа на Александар Македонски одекнала како

гром од ведро небо, предизвикувајќи веселба на бојното поле, а потиштеност во Античка Грција.

Чувствата на пратениците на Федералниот совет на Коринтската лига мора да биле многу различни кога на наредниот редовен состанок за Истмијанските игри во 332 година, решиле на Александар да му испратат златен венец преку амбасадорот, со цел да му ја честитаат победата и да му заблагодарат за она што го направил за спасувањето и слободата на Античка Елада.

Веста за победата ги скршила персиските адмирали во Егејот и сите изгледи за нивна соработка со античките Грци исчезнала засекогаш. Тие штотуку започнале да се договараат со Агис, спартанскиот крал, на островот Сифнос, но кога пристигнал приливот и одливот, веднаш се разотишле.

Фарнабас брзал кон Киос за да го заштити од победникот по дознавањето на веста. Меѓутоа, Агис, не го напуштил својот план за водење војна, туку позајмил триесет таланти и десет триреми од Персијците, со цел да го присвои Крит за свои цели.

Победата кај Ис предизвикала многу измени и кај самиот Александар Македонски. Додека по битката на Граник силно ја изразувал својата хегемонија во Елинистичката лига, сега тој првпат јавно го побарал владетелството над целата Персиска Империја. Не се знае дали оваа голема амбиција не била присутна кај него од порано.

Може да се претпостави дека, веројатно, пророштвото од Гордион, кое му ветило суверенитет над Азија, му ги определил мислите, а таа намера не му била целосно чиста сè до Ис кога лично го поразил Големиот крал.

30.
АЛЕКСАНДАР МАКЕДОНСКИ ГИ ОСВОИ ГРАДОВИТЕ ДАМАКС И СИДОН

Александар Македонски пројавил, веднаш по битката кај Ис, во писмото до Дариј како одговор на барањето на Дариј за предавање на неговото семејство и на неговата понуда за пријателство и сојуз. Ова писмо Аријан го презентирал во една значајна автентична форма, а тоа е еден од најинтересните документи кој се однесувал на животот на Александар

Во почетокот Александар изјавил дека како избран хегемон на античките Грци ја окупирал Азија за да се одмазди „за злото сковано од предците на Дариј спрема Античка Македонија и спрема другите во Античка Грција“.

Потоа раскажува за непријателските недела што ги извршиле Окус, а потоа Дариј, против Филип Македонски и лично против него. Бидејќи сега, по победите на Граник и кај Ис, со милост на боговите ја поседувал земјата и бил господар на цела Азија, му дозволил на Дариј да дојде кај него и да го прими своето семејство. Во иднина Дариј морал да му се обрати како на крал на Азија, а не како рамен на него. Доколку не се согласувал со ова, му дозволил да војува но не и да бега, бидејќи ќе го фател каде и да е.

Историјата во наредните години покажала дека, всушност, било прерано Александар да се смета за господар на цела Азија. Тој морал да

води уште една опасна битка за својата позиција. Но за да се сфати неговата природна дарба, важно е да се истакне дека уште под впечатокот на победата кај Ис и со целосна доверба дека би победил каде и да е, тој сега ја посакувал цела Азија, Персиската светска Империја и, се разбира, сé што му припаѓало на Големиот крал, а ја барал и титулата крал на Азија.

Наспроти ова, сега како и порано, тој самиот се сметал за хегемон на Лигата, како што покажала и историјата во наредните години, титула што тој јасно ја истакнувал во почетокот на писмото. Двојната природа на неговите цели е јасно изразена.

Природно било што кај Александар се појавило искушение по победата да го прогони избеганиот крал и така да ја присвои Азиско-атичката Империја. Меѓутоа, персиската флота сé уште го контролирала морето и натамошното пробивање на Александар на копното претставувало голема опасност и можело да поттикне револт во Античка Грција. Кралот Агис од Спарта без причини се откажал од својата намера.

Повторно човек треба да ѝ се восхитува на мудроста на младиот крал, кој се спротивставил на привлечната глетка што го мамела без проблеми да влезе во кралските дворци на Ахеменидите, а останал верен на својот стар стратешки план: прво да го потчини Медитеранскиот брег на Персиската Империја, да ја лиши флотата од своите бази и со тоа целосно да го заштити својот грб откај Античка Грција. Затоа, од воjничка гледна точка, прво требало да го освои Сириското крајбрежје.

Според тоа, од Ис тргнал кон југ со својата главна војска за да ги покори градовите на брегот, а Парменион го испратил во Дамаск да го заземе градот и да го преземе богатството што го

испратил Дариј таму. Во Дамаск, кој бил заземен со предавство, војничкиот сандак на персискиот крал паднал во рацете на победникот.

Ова било настан од најголема важност: финансиските грижи кои дотогаш го притискале Александар, сега биле решени. Заедно со многуте пленици, амбасадори од Атина, од Спарта и Теба, кои биле дојдени кај Големиот крал пред самата битка кај Ис, испратени во текот на панелинистичката кампања, исто така, паднале во рацете на Александар Македонски. А тој, наместо да ги третира како предавници, покажал изненадувачка благост и благородност.

Во Мала Азија, надвор од античките грчки колонии, Александар морал да комуницира со луѓе од старо потекло или со индо-германските племиња од последното доаѓање на Фригијците. Тогаш првпат влегол во семитскиот свет.

Во Сирија биле населени разни лози дојдени од Арабија пред повеќе векови, делумно во Канаанит, а делумно со последното арамаичко преселување, кои развиле јасно определени и измешани култури. Оваа култура била под влијание на север од Вавилон и Хитите, а на југ од Египет.

Овде немало антички грчки колонии, бидејќи во периодот на античката грчка колонизација Асирската Империја не им дозволила на античките Грци да се населат на овој брег. Целта на Александар била, прво, да ги заземе феникиските градови, бидејќи феникиските бродови со своите најдобри екипи заедно со Кипријаните го сочинувале најдобриот дел од персиската флота.

Овие напредни економски градови на Феникијците, секој со свој крал, претставувале мали независни држави, меѓу кои Сидон и Тир, кои со години се бореле со променлив успех за

хегемонија. Неколку години пред доминацијата на Сидон, Феникија се побунила. Меѓутоа, кралот Окус најпосле ги натерал да му се потчинат, а Сидон бил уништен (350), но наскоро повторно бил обновен. Во тоа време Тир бил градот кој доминирал.

Северните градови, Арад, Библ и Сидон, веднаш ги отвориле своите порти за Александар Македонски, додека само Тир дал поголем отпор. Месниот бог на Тир Мелкарт бил идентификуван од античките Грци многу одамна со нивниот Херакле, како што ни кажува Херодот.

Ништо не било поприродно од тоа што Александар Македонски сакал во Тир и на други места да принесе жртва на Херакле, прадедото на неговиот дом. Но, тој не знаел што значело за Тирјанците кога преку нивниот амбасадор ја изразил желбата лично да принесе жртва во храмот на Херакле што се наоѓал на островот на градот Тир.

Александар не знаел дека според ориенталните сфаќања со одобрување на ова барање Тирјанците би го признале како крал на својот град, бидејќи само кралот смеел да приложи жртва. Кога Тирјанците без објаснување одговориле дека ќе му дадат сé друго, но не и ова приложување на жртва и, веројатно, верувајќи во докажаната непобедливост на својот град, изјавиле дека нема да ги примат ни Персијците ни античките Македонци во градските тврдини и дека сакале да останат неутрални.

Александар Македонски не можел да види ништо друго освен непокорност во нивниот одговор и затоа одлучил да го заземе градот со напад, бидејќи тој не смеел да напредува кон Египет а да го остави овој главен град на феникискиот свет

непокорен зад својот грб. Така, во јануари 332 година, ја започнал опсадата на градот.

Освојувањето на кое целосно му се посветил било многу потешко отколку што претпоставувал. Тир се наоѓал на остров, одделен од стариот Тир со мал ракав од морето, заштитен од сите страни со цврсти sидови и силна флота. Александар набргу сфатил дека оваа островска положба може да се совлада само со изградба на бедем од стариот Тир до островот, со цел оружјето за напад да го приближи до sидовите.

Арно ама, наспроти извонредните напори и брзите маневри на непријателот, изградбата на бедемот одела многу тешко. Тирјанците ги уништиле првите утврдувања на насипот со брандер, но Александар започнал веднаш да гради друг, подобар бедем. Практиката му покажала дека може да им се спротивстави на традициите на ориенталската инженерија чијашто моќ на опсада неговиот татко ја прифатил од Дионис и имала големи ефекти.

Инженерците на Дионис биле тренирани од Картагенци кои ја научиле таа вештина во феникиската татковина. Во овој занает на опсада и одбрана порано Ориенталците биле многу посупериорни од античките Грци, поради тоа што асирскиот релјеф имал рамнини. Всушност, тие биле нивни учители.

Кога флотите на северните феникијски градови, на веста за поробувањето на нивните домови, ја напуштиле персиската флота, а кога потоа истото го направил и киприотскиот контингент, Александар отишол во Сидон, ги обединил двете флоти кои дотогаш се бореле против него и ги повел кон Тир, со цел да навлезат во градот откај морето.

Неговата стратешка идеја за отсекување на персиската флота од брегот била брилијантна и оправдана. Така, ја испратил киприотската флота пред Сидон кој е северното пристаниште на Тир, а феникиските бродови пред јужното египетско пристаниште.

Надежите за лесна опсада на Тир не се остварile, бидејќи Тирјанците продолжиле да се бранат многу храбро. Но, одењето на тирјанската флота кон север и судирот со Киприотите завршил со нејзино целосно уништување. Со завршувањето на бедемот се покажало дека инженерците не го постигнале саканиот ефект на силниот источен ѕид. Меѓутоа, бродовите кои биле вооружени со опсадна техника по неколку напади најпосле успеале да го пробијат јужниот ѕид, со што градот го направиле отворен за напад.

Во исто време флотите напредувале во пристаништата. По кратката крвава борба градот паднал во рацете на Александар Македонски. Им било дозволено да останат само оние што заедно со кралот Аземилк и картагенските амбасадори се засолниле во храмот Мелкарт. Околу 8.000 Тирјанци загинале, а околу 30.000 биле продадени како робови, според обичаите во античкото грчко војување. Градот бил зачуван и повторно населен и ставен под античка македонска команда за да стане главна тврдина на античката македонска моќ на морскиот брег.

31.
БИТКАТА КАЈ ТИР И ПОНУДАТА НА ДАРИЈ НА СВОЈАТА ЌЕРКА И 10.000 ТАЛАНТИ

Александар Македонски сега можел да му принесе жртва на Хераклe. Таа церемонија била проследена со свечена парада на војската под цела опрема како во Ефес. Но, во оваа пригода и персоналот на флотата се придружил кон парадата, а гимнастички натпревар и трка со факели биле одржани во заградениот простор на храмот. Техниката што направила пробив му била посветена на Господ и на храмот

Тир паднал во август 332 година. Населението, кое го зачувало ветувањето да не се предава заслужило восхитување и симпатија. Но и победникот, исто така, заслужувал восхитување. Александар седум месеци бил пред градот. Не го напуштил градот сè додека не земал сè што сметал дека е, навистина, вредно.

Додека Александар вршел опсада на Тир, второто и последно писмо му пристигнало од Дариј во кое, покрај големиот откуп за своето семејство (10.000 таланти), ја нудел и раката на својата ќерка, предлагал договор за пријателство и сојуз, како и предавање на империјата западно од Еуфрат.

Тоа бил фатален момент за древниот свет. Ако Александар Македонски се задоволел со оваа империја до Еуфрат, целата наредна разврска на древната цивилизација ќе била сосема поинаква.

Подоцнежните ефекти од неговата одлука, навистина, се раширile низ средниот век, па сé до наше време и на Исток и на Запад. Тоа било фатален момент за древниот свет.

Само по себе било јасно дека Александар, кој уште кај Ис ја добил целата Азиско-атичка Империја, нема да го одбие проширувањето на империјата. Изворите пренесуваат дека во Советот на кралските следбеници, до кои Александар доставил писмо, Парменион рекол дека ако е тој на местото на Александар би бил задоволен со тоа што го постигнал и би ја завршил војната, на што Александар одговорил: „И јас така ќе постапев ако бев Парменион“.

Има многу длабоко значење во кажанава анегдота. Поставени се две различни генерации: едната олицетворена во стариот генерал, а другата во младиот крал. Притоа, би можело генералот да се идентификува со својот господар Филип, бидејќи во тоа лежи контрастот меѓу политиката на Филип Македонски и Александар Македонски.

Со сигурност може да се тврди дека ако некогаш Филип Македонски напредувал толку многу, сигурно би ја прифатил понудата за границата до Еуфрат. Филип Македонски засекогаш останал Македонец, а тоа ќе го сторел и доколку приклучел делови од Персиската Империја кон својата Античка македонска Империја.

Александар Македонски, кој веќе се чувствувал како „крал на Азија“, бил во текот на развојот кој веќе ги надминувал античките македонски интереси. За античкиот македонски човек ограничената политика на Филип Македонски без сомневање би била подобра.

Никој не би можел да претпостави дека со ограничувањето на државата до Еуфрат, античката

грчка култура би се ширела на Блискиот Исток на поинтензивен и перманентен начин. Меѓутоа, без тоа немало да има толку широка светска култура, чии траги можат да се најдат до Индија, па дури и до Кина.

Исто така, дали една јака персиска сила зад Еуфрат не би била постојана опасност за елинизираните на Блискиот Исток? Тешко е да се каже што можело да се случи наспроти она што всушност се случило. Како и да е, овде може појасно да се согледа колкав бил решавачкиот ефект на желбата на Александар во сегашната историја на светот.

Кога Александар настапил од Тир кон југ, наишол на отпор само на едно место во Газа, последниот голем крајбрежен град пред египетската граница, цврста тврдина на едно возвишение, што била храбро и умно бранета од евнухот Бат со помош на набатеанските наемници.

Сé додека тешката опсадна техника не била донесена од Тир и сместена на еден од вештачките бедеми и сè додека не биле поткопани ѕидовите, Александар цели два месеца не успеал да го заземе градот. Во текот на тој период Александар бил ранет во рамото. Бидејќи во градот повеќе немало население, дел поради смртта а дел поради ропството, Александар донел ново население од соседството и го преобразил градот во античка македонска тврдина.

Од Газа настапил долж брегот и за седум дена втасал до Пелузи, гранична тврдина на Египет, каде се сретнал со својата флота. Неопходен дел од Александровиот стратешки план бил да го покори Египет, пред да навлезе во внатрешноста на Азија. Иако главната опасност, што му се заканувала од персиската флота сега била отстранета, кралот Агис од Спарта сé уште

бил активен во поттикнувањето на војна против Александар Македонски.

Неокупираниот персиски Египет во неговата заднина би бил собирно место или засолниште за голем број немирни и непријателски елементи. Така, пред да дојде Александар, Аминта, синот на Антиок, кој избегал од бојното поле кај Ис со оние 8.000 антички грчки наемници, направил напор, иако без успех, да се утврди овде.

Египет паднал во рацете на Александар без борба. Намесникот Мазацес му ја предал тврдината Мемфис со гарнизонот и богатството (800 таланти) а египетскиот народ го поздравил со радост како свој ослободител од персискиот јарем. Повеќе од шеесет години, со разумност користејќи ги предностите на народот во Персиската Империја, а со помош на голем број античка грчка наемничка војска и истакнати антички команданти како што биле Чабриј, Агесил и други, Египќаните успеале да ја одржат слободата со своите национални фараони, наспроти персиската власт која започнала со Камбис.

Десет години пред тоа Окус повторно го окупирал Египет, го истерал последниот местен крал Нектанебо II и му задал смртоносен удар на египетскиот народ. Особено тоа се почувствувало во нивниот религиозен живот, со воведувањето на новиот персиски закон со кој се дозволувало пљачкање на египетските храмови. Оттука доаѓала омразата спрема персиската власт, а со задоволство и надеж бил примен Александар. Ни народот не бил разочаран од него. Александар бил како вистински Елин со својата голема толерантност кон боговите на туѓите народи со кои се среќавал.

Многу порано античките Грци започнале да ги идентификуваат туѓите божества со античките богови. Во Древен Египет, особено главните

богови на Египќаните, се идентификувале со античките богови и тоа: Амон со Зевс, Осир со Дионис, Ис со Димитар, Хор со Аполон итн.

За Александар Македонски било сосема природно да го покаже длабокото почитување спрема египетските богови. Тоа станало негова обврска и должност. Така, веројатно, веднаш по влегувањето во Мемфис, бил признат од египетското свештенство како крал на Египет, а со тоа стекнал право да принесе кралска жртва што имала голема улога во државата.

Овој исклучително важен настан не е спомнат во историските извори. Но, кажувањата за Александар потврдуваат дека во Мемфис тој бил поставен на престолот во храмот на Птах облечен како крал на Египет. Бидејќи овој извор е сомнителен, мислата на авторот би можела да биде прифатена барем како историска, зашто прифаќањето на кралската функција морало да има основа во некои официјални закони.

Хиероглифските текстови сведочат дека Александар ги носел традиционално кралските титули, како и неговите персиски и египетски претходници. Од петте титули, вообичаени од средината на III век пред нашата ера, што му биле доделени на Александар Македонски, првата, четвртата и петтата се дознаваат од натписи. Како „хорус“ (I), тој бил наречен „силниот принц“, со додаток „оној што става рака на земјите на туѓинците“, или „заштитник на Египет“.

32.
АЛЕКСАНДАР МАКЕДОНСКИ ВОЗДИГНАТ НА СТЕПЕН НА БОЖЕСТВО ВО ЕГИПЕТ

Како „крал на Горен Египет и крал на Долен Египет (IV), бил наречен „Саканиот од Амон и избраниот од Ра“; и на крајот како „син на Ра“ (V), тој бил наречен „Александрос“. Овде титулата хорус „оној што става рака на земјите на туѓинците“ изгледа била измислена само за Александар, додека другите титули биле доделувани пред неговото време

Овие титули докажуваат две работи за Александар: неговата посебна сувереност над Египет и неговото воздигнување на степен на божество. Веројатно, новата титула хорус ја покажувала неговата моќ надвор од Египет или според египетските поими на неговиот суверенитет распространет по целиот свет. Меѓутоа, нагласката лежи во титулата „крал на Горен и Долен Египет“, со која тој посебно е означен како крал на египетската држава.

Овој натпис кажува дека Александар Македонски го прифатил престолот што му бил понуден од свештениците, веројатно, од највисокиот свештеник на Мемфис.

Меѓутоа, целото негово однесување во Египет, требало да се осуди од оваа гледна точка. Според тоа, за Египќаните Александар бил нивни специјален крал, кој лично го обединил и го

приклучил Египет кон своето кралство, како што Карло Велики ги донел Ломбардите во својата империја, со тоа што станал нивни крал. Пред тоа, ниту во земјата Лидија, ниту на кое било друго место не сакал да има посебна позиција, а подоцна ќе се види дека тоа ќе се случи само еднаш и тоа во Вавилон.

Кон овие две држави на древната цивилизација - Египет и Вавилон, на Нил и Еуфрат, кои многу столетија биле духовни водачи на Исток, се имало посебен однос во империјата на Александар Македонски. Тие биле со прастари традиции, па затоа и барале таков однос.

Од најстари времиња божеството било поврзано со египетскиот суверенитет, бидејќи фараонот бил сметан како инкарнација на најголемиот Бог. Гореспоменатите титули на божество доделени на Александар биле изразени во три ранга: како хорус беше Бог, како син на Ра беше син на Господ, титула што се употребувала од петтата династија дотогаш, означувајќи дека оној што ја има таа титула е роден од Ра со мајката кралица; најпосле, тој бил миленик на боговите, како „сакан од Амон“, „избран од Ра“, двете фрази кои веќе биле прифатени од поранешните кралеви.

Во тоа време Египет бил единствената земја на Исток во која монархијата и божеството биле неразделни, а со тоа на народ од околу седум милиони, Александар Македонски бил оној што ги добил божјите почести. Но, за Александар ова египетско прогласување за божество имало чисто локално значење; надвор од Египет тоа немало никакви ефекти.

Потврдено е дека Александар им принел жртва на другите богови како и на Апис, кој не бил бог туку свето животно, припаѓајќи кон култот Птах. Не се знае дали тоа го направил пред или по

преземањето на државата на фараоните. Можеби принесувањето жртва на Апис било прво кралско принесување на жртва следено со неговото востоличување во храмот на Птах.

Принесувањето на жртва на Апис било врзано со тоа што тој сакал да остави силен впечаток кај Египќаните. Ништо повеќе не го раздразнило отколку убивањето на бикот при жртвувањето, ниту Камбис, а потоа ниту Окус. Од поодамна култот на Апис немал само локален карактер, туку бил еден од оние што се прославувале речиси насекаде. Меѓутоа, за преземањето на овој чекор Александар, имал политичка цел од поставување на себеси во опозиција на неморалните Персијци.

Скудни и случајни се египетските информации од времето на Александар, но има доказ дека тој ги извршил своите религиозни обврски во земјата на фараоните. Тој наредил да се обноват светите места во храмот на Тутмес III во Карнак и во храмот на Аменхотеп III во Луксор.

Меѓутоа, Александар не дошол во Египет да ја прошири само египетската култура, туку неговата желба овде, како и во претходно освоените земји, била да го трасира патот на античката грчка култура. Египет не бил непозната земја за античките Грци. Уште од VII век бројни антички Грци работеле како трговци кај египетските владетели, а некои од нив и се населиле во земјата.

Од владеењето на Псаметик I во Канопската притока во делтата на Нил, имало вистински антички грчки полис, Наукрат (откриен во близина на сегашниот Небирех), во кој особено по реорганизирањето на кралството од Амас, била концентрирана нивната трговија. Дури и во главниот град Мемфис имало античка заедница,

таканаречена Елиномемфити, потомци на оние јонски наемници што му помогнале на Псаметих да ја основа својата династија.

Додека Наукратите законски биле спречени да се женат со девојки од местото и ја задржале чиста својата раса, во заедницата на Мемфис каде што не постоела забрана, имало многу мешани бракови.

Затоа таму, како и во Наукрат, дојденците биле обединети во еден „Елинион“ поради обичното античко грчко богослужение и живеење. Има докази во врска со нивниот културен живот, а тоа се два стари папируса кои се од времето на Александар. Едниот „Персеј“ од поетот и музичар Тимотеј, сведочи за култивирањето на античката литература, додека „Клетвата на Артенисија“ пред Осерап, богот на Серапеим, ја открил врската на античката грчка и египетска култура.

Колку се радувале овие Елиномемфити кога Александар влегол во градот! Тие, веројатно, се надевале дека започнала новата ера на културата во Египет. Тие малку се разочарале во своите надежи, како и Египќаните во своите. Александар Македонски точно знаел како да ги задоволи Египќаните, особено нивните религиозни потреби и да го прошири античкото грчко влијание во Египет. Во ова прво влегување во Мемфис тој ја изразил оваа двојна програма на симболичен начин: по принесувањето жртва на Апис, во центарот на Египет, првпат по изградбата на пирамидите, тој одржал натпреварар во гимнастика и музика, на кои биле повикани најславните уметници од Античка Грција.

Се верува дека Александар Македонски сакал да ги воведе античките игри во култот на египетските богови, па дури и со принесувањето жртва на Апис; на тој начин свечено го започнал

спојувањето на двете различни цивилизации. Неговата цел не била да ја измеша античката елинска и египетска култура.

Напротив, до египетскиот култ ги сместил игрите како нешто различно по својот вид и како чисто античко грчки, со цел да ја афирмира својата програма уште од самиот почеток: без предрасуди кон египетскиот култ, античкиот начин на живеење, гимнастиката, уметноста и литературата во чест на античките богови кои во иднина требало да имаат дом и во Египет.

Најголемиот придонес на Александар при вклучувањето на Египет кон античкиот свет било основањето на градот Александрија. При крајот на 332 и во почетокот на 331 година, тој тргнал од Мемфис во придружба само на мали воени единици, лесно вооружени хипаспити, стрелци со лак и стрела, Аргијанци и кралски следбеници. Одејќи понадолу од западниот ракав на Нил сè до Каноп, тој свртел лево и на линијата помеѓу островското езеро Марот и островот Фар основал град кому му го дал своето име.

Тоа било прво основање на град што Александар го направил на овој поход, бидејќи претпоставката дека тој претходно ја основал Александрија кај Ис (Александрета), е прашање за расправа. Откако длабоко навлегол во Азија, Александар формирал поголем број нови градови. Основањето на град на египетскиот морски брег не било бесцелно. Тешко е да се каже дека бил од воен карактер, бидејќи за да го контролира Египет, единиците не требало да се концентрирани на брегот туку во Мемфис или близу до него.

33.
АЛЕКСАДАР МАКЕДОНСКИ ВО АЛЕКСАНДРИЈА-ПРИСТАНИШТЕТО НА ИДНИНАТА

Со сигурност е потврдено дека Александар Македонски во Александрија го префрлил пазарот и трговијата од соседниот Каноп. Александрија требало да биде главен трговски центар, бидејќи ниедно друго место на целиот брег не можело да се споредува со неа

Независно од тоа дали самиот Александар или некој од неговите приврзаници го направил изборот за Александрија, тоа, сепак, бил генијален потег.Факторот што одлучил за ваквиот избор лежел во следните причини: островот Фар го заштитувало пристаништето од кон морето, додека езерото Марот одназад правело внатрешно пристаниште.

Тоа е посебно место на кое реката Нил не му се заканувал со донесување на големо количество мил. Морското струење што овде се крева од запад кон исток, цело време е присутно во сите пристаништа на Египетскиот и Јужниот сириски брег.

Александрија е исклучок, бидејќи лежи западно од најзападната притока. Се верува дека некои од луѓето што тоа научно го испитувале знаеле за ова струење. Така, Александар бил првиот кој на Египет му подарил пристаниште на иднината, иако историјата на Египет започнала илјадници години пред тоа.

Наукрат дотогаш бил центар на трговијата меѓу Египет и Егејот. Меѓутоа, тој лежел во внатрешноста на делтата и не бил погоден за трговија како античките трговски градови на морскиот брег. Несомнено, Александар бил нестрплив во спроведувањето на овој план, бидејќи во текот на својот престој во Египет стекнал силен впечаток за големата продуктивност на земјата и за огромниот извозен потенцијал.

Неговата намера за окупација на медитеранското крајбрежје на Персиската Империја во почетокот имала исклучително стра-тешки карактер, а со основањето на Александрија тој ја покажал и својата намера за преобразување на своите воени цели во економски. Трговските места на Левентот со крајбрежјето и островите биле под негова контрола, но крајната цел кон југ сè уште не била постигната.

Подоцна, под власт на Птоломеј економската важност на Александрија го достигнала својот врв, што не било и неочекувано, како што ќе се види од последните планови на Александар за поврзување на Александрија дури и со други важни места во светот. Секако, до основањето на Константинопол, ниеден град немал толку голема важност во светот како Александрија во Египет.

Новиот град се развил до населбата што постоела, а тоа било малото рибарско село Ракот. Плановите за градот со кои се припојувал Ракот од исток биле нацртани од Динократ од Рол, во шаблонски линии кои биле воведени од Хиподам од Милет уште во V век. Биле изградени две широки улици кои се сечеле една со друга под прав агол, а паралелно со нив биле изградени и други помали улици со куќи од квадратни или

правоаголни блокови. Александар многу се интересирал за изградбата на градот.

Повторно бил опфатен од старата „носталгија“ и лично укажал каде да бидат пазарите и храмовите и одлучил по кои богови треба да се наречат храмовите во градот. Во согласност со неговата толерантна политика, а и како милостив фараон, Александар и на Египќаните од селото Ракот им подарил египетски храм посветен на Ис, како и на Осир и Хор. Новиот град како и обично бил опколен со ѕидови.

Ова е опишано во еден хиероглифски документ од 311 година на кој пишувало: *„Тврдината на кралот на Горен и Долен Египет, саканиот од Амон, а избран од Ра, син на Ра, Александар, на брегот на големото море на Јонците, Ракот бил неговото поранешно име“.*

Може да се замисли колку антички архитекти, занаетчии и уметници привлекол Египет со можностите што ги пружала изградбата на Александрија. Ова го објаснува очевидното влијание на античката уметност врз Египет во текот на животот на Александар Македонски.

Текот на историјата направил Александрија да добива сè повеќе меѓународен карактер. На почетокот, покрај Египќаните од селото Ракот од кои многумина не биле Елини, туку Евреи и други странци, биле привлечени од големата корист и од задоволствата на големиот град. Меѓутоа, мора да се признае дека Александар го оформил градот до селото Ракот како чист антички полис, со свој конзул и народно собрание.

Додека Александар сé уште се наоѓал на брегот, неговиот адмирал Хегелох допатувал со многу важна новост, информирајќи го дека флотата повторно ја презела власта во Егејот и дека по уништувањето на персиската флота, островите

Тенедос, Лезбос, Киос и Кос повторно се освоени. Тој донел решение од кое може да се види неговиот однос спрема Коринтската лига.

Една година пред тоа, во документот што е зачуван според договорите кои биле во сила, со оглед на победата над Хиос, фатените предавници требало да бидат донесени пред Федералниот совет како редовен суд на Лигата.

Наспроти тоа, кога Хегелох ги донел фатените предавници од Хиос, Александар не ги испратил пред Федералниот совет, туку според казната што тој сам ја изрекол, тие биле пренесени во Елефантин, најјужниот град на Египет над Првиот катаракт.

Ова го оправдува заклучокот дека во меѓувреме тој стекнал послободна позиција во Елинистичката лига, па сега му го оспорил правото на Федералниот совет што му било признато пред една година. Ако се испита психолошката основа на ваквата измена, ќе се констатира дека неговите големи успеси во меѓувреме - окупацијата на Египет и Сирија, разбивањето на персиската флота и преземањето контрола над морето - мора многу да му го зголемиле неговото чувство на моќ.

Можеби не било доволно да му направи впечаток на кралот, кој бил само на дваесет и четиригодишна возраст, само тоа дека им станал Бог на овие многу милионски Египќани. Во оваа земја на силно чувство, додека бил на брегот го опфатиле мисли за иднината и посакал да се консултира со пророкот Амон во оазата. Ова мистериозно патување до пророкот Амон во оазата Сивах е една од најзабележливите епизоди во животот на Александар Македонски.

Таа разнородна панорама тешко можела да ја поттикне имагинацијата на современиците, на

подоцнежните генерации и модерниот свет, зошто тој го презел токму овој марш низ пустината.

Кога ќе се земе предвид дека на Александар во корист му било што е можно поскоро да го сретне Дариј, за чии воjнички подготовки несомнено целосно бил известен, јасно е дека постоел силен мотив што го натерал да го преземе ова оддалечување кон запад, оддалечување целосно некорисно и повеќе опасно од воена гледна точка што шест недели го одвоило од неговата египетска база.

Таа е една од оние акции на Александар Македонски кои се јасни само ако се земе предвид неговиот религиозен внатрешен живот и нерационалните и необјасниви елементи на неговиот карактер. Аријан, исто така, го употребувал истиот израз: „носталгијата“ го натерала да се советува со пророштвото Амон. Всушност, тоа била потреба што Александар ја чувствувал внатре во својата душа да го слушне пророкот кој ќе му ја каже иднината пред судирот со Дариј.

За да се разбере тоа, треба да се сфати дека Александар бил син на своето време и им придавал најголема важност на пророштвата и на лошите божји предзнаци во соништата, во летање на птици, или во други природни процеси.

Но зошто тој отишол посебно во Амон? Немал ништо заедничко со неговата положба како фараон. Ниеден фараон немал направено аџилак до оазата. Тој не им обрнувал внимание на египетските потчинети кога го направил тоа. Доколку сакал да слушне египетско пророштво, имало многу богови во Египет со кои можел да се консултира. Неговиот аџилак до Амон предизвикал силен впечаток кај Египќаните, бидејќи поради ова и со поднесувањето жртва на Апис, Александар се прикажал како противник на лошиот Камбис.

34.
АЛЕКСАНДАР ТРЕТИ МАКЕДОНСКИ ВО ОАЗАТА СИВА ВО ЕГИПЕТ

Преданието вели дека Камбис еднаш испратил експедиција со цел да го уништи пророштвото, но експедицијата била уништена од песочната бура. Александар Македонски не го организирал ова патување едноставно да направи антиперсиска демонстрација

Тоа било како да се посетува Господ, бидејќи пророкот бил сметан за непогрешлив во античкиот свет. Античките колонии на соседниот град Кирен во тоа време ималетрговски врски со оазата која била многу богата со урми. Тие биле првите кои го идентификувале Амон со нивниот Зевс, а овој Амон бил како гранка на Амон од Теба и Горен Египет. Тие биле први кои ликот на Зевс со рогови на овен свиткани околу ушите го ставиле на своите ковани пари, исто онака како што имал Амон. Од Кирен верувањето во пророштвото се раширило насекаде во античкиот свет.

Пиндар напишал црковна песна за Господ, а подоцнежните податоци покажувале дека верувањето во пророштвото се зголемило. Со пророштвото се консултирале Цимон, Лисандер и други. Тоа посебно е истакнато во делото „Птици“ од Аристофан, а заедно со Делфи и Додона постојано добивале повисок ранг. Кратко пред посетата на Александар и Атињаните во Атина изградиле свето место посветено на Амон, кого го боготвореле веќе со децении.

На тој начин може да се разбере зошто тој, доколку чувствувал потреба од вистински одговор, ја искористил можноста на својот престој кај морскиот брег на Египет, каде што значително бил поблиску до Бога, да се консултира со пророштвото. Покрај овие примарни мотиви потврдени во изворите, тој со задоволство го прифатил ефектот од пророштвото што им одговарало на античките Грци. Со оглед на голема-та важност на нивната приврзаност кон пророштвото, Александровата претприемчивост во овој случај наишла на религиозно одобрување во нивните очи.

Калистен, неговиот дворски историчар кој го придружувал при патувањето во пустината и направил одличен опис за тоа, кажува дека Александар отишол до Амон не само поради наводната непогрешливост на неговото пророштво туку и затоа што имал амбиции против соперникот Персеј и Хераклe кои, исто така, претходно се консултирале со Господ.

Ако се земе предвид колку Александар Македонски јасно ги сфатил сродните односи со своите херојски прадедовци од својата раса, оваа изјава е веродостојна и одговара на сликата што треба да ја направиме за него.

Тој можеби го пренел овој мотив во официјална прокламација на своите пријатели и единици што го придружувале, со цел да го поттикне нивниот морал за да ги издржат претстојните маки во маршот низ пустината.

Кога Александар тргнал кон запад од местото Ракот по должината на морскиот брег, ги сретнал амбасадорите на Кирен, кои му изразиле почит од нивниот град. Тие му донеле вредни подароци и го поканиле да го посети Кирен и неговите потчинети градови. Според изворите,

едноставно, се потврдува дека Александар склучил сојуз и пријателство со Киренците.

Може само да се претпостави колку бил задоволен со ова неочекувано признание на неговата моќ и колку безволните очи на завојувачот се завртеле кон запад, каде што со приклучувањето на киреничкото подрачје неговиот простор се проширил до Сиртите и до границите на Картагенската Империја.

Кога втасал до Параетониум свртел кон југозапад по стариот каравански пат што води кон оазата и патувал околу дванаесет дена. Овде неговите Македонци првпат се запознале со стапиците и опасностите што се случувале при патување во пустина. Бидејќи порано повлекувањето на морето кај Памфилијанскиот брег се припишувало на директната интервенција на боговите, така сегашната божја заштита била потврдена со дождот што заврнал, зашто се намалило количеството на вода што ја носеле во кожи на грбовите од камилите.

По неколку дена јужната песочна бура и топлиот пустински ветер, таканаречен симун го затрупале патот со големо количество песок. Тогаш водичите информирале дека два гаврана гракаат и летаат пред нив. Александар наредил да се следат гавраните, верувајќи дека Господ ги испратил за да им го покажат патот во знак на милост кон посетата.

Овие приказни се сметале дека се литературни украсувања или инвенција на Калистен. Но, во сето тоа се гледало високото религиозно чувство на аџиите, што се јавувало поради ужасот во пустината и поради опасноста од смрт која ги претворала природните појави во натприродни чуда.

Кога Александар и неговата придружба најпосле пристигнале до оазата Сива, биле изненадени од големите и необични стебла на урми и маслинки и од богатството со вода од многубројни извори и езера. Храмот на пророштвото бил во тврдината наречена Агхурми. Денес можат да се најдат остатоците на храмот надградени со модерни куќи, па не може точно да се лоцира местото на цитаделата.

Од тој храм е зачувана големата порта на предната колонада, крунисана со египетски лак кој лежи во храмот на свештениците зад гробиштата. Исто така, зачувано е и внатрешното свето место и неколку декорирани ѕидови со релјеф и хиероглифски натписи.

Калистен во своето раскажување за посетата на Александар вели дека давањето на пророчки одговори било вообичаен ритуал. Ова е потврдено со ритуалот во храмот на Амон во Теба, а храмот во оазата бил само дел од тој храм. Според Калистен, одговорот на пророкот не бил даден како во Делфи и Бранхида.

Идолот на Богот во форма на курбан бил носен во дворот околу храмот во канџи на плеќите на свештениците во свечена процесија, придружена од распеани девојки и матрони (стари немажени девојки). Неговата желба била изразена преку идолот, носен од свештеници кои се вртеле„мавтајќи“ со главата и пеејќи.

Главниот свештеник како олицетворение на пророкот ги објаснил овие сигнали како прифаќање или одбивање, како последица, несомнено, на примитивни традиции, а потоа го најавил консултантот.

Човек би можел да претпостави дека возбудата на свештениците била како онаа од вознемиреният рид на мравките, кога од

височината на Агхурми во далечината виделе дотогаш невиден караван кој доаѓал со болскотливо оружје, а се раширила веста дека доаѓа новиот египетски крал, бидејќи никогаш порано не се случило фараон да ја посети оазата. Подготовките за свечениот прием морале да бидат направени многу брзо. Некои свештеници без двоумење биле испратени да го пречекаат кралот и неговата при-дружба надвор од влезот и да ги запознаат со својот традиционален церемонијал пред да влезат во храмот.

Така им било најавено на посетителите дека само Александар Македонски како фараон може и без промена на облеката да влезе во храмот на свештениците што бил ограден со трем наречен „Свет на Световите“, а неговата придружба ќе влезе во храмот откако ќе направи извесни измени во облекувањето што се запишани со церемонијалот. Во меѓувреме, се појавил пророкот.

Тој бил еден почитуван стар човек, кој наредил идолот да биде носен од свештениците надвор од „Светот на Световите“ во дворот на храмот, тука да го поздраваат египетскиот крал колку што е можно побрзо и тргнал лично да го пречека пристигнувањето на кралот. Кога Александар со својата свита, раководен од свештениците, побарал да се сретне со пророкот, влегол во дворот на храмот, а тој тргнал да го прими и му се обратил според египетскиот церемонијал, но, секако, на антички грчки јазик и го поздравил како „син на Амон“ во името на Бога. Само што останале сами во храмот на свештениците, Александар на пророкот му поставил прашање. Потоа, поворката со идолот направила како што погоре е опишано, а пророкот го најавил одговорот на Господ за кралот во „Светот на Световите“.

Кога Александар Македонски се вратил во дворот на храмот, неговите пријатели нетрпеливо го прашале што се случило, а тој им рекол дека ништо повеќе од тоа што „тој го слушнал, а е во согласност со неговата желба“.

Некои од неговите пријатели ја искористиле можноста да му постават прашања на Бога во своја лична корист. Тие, исто така, добиле одговор според опишаниот обред, со медитација на пророкот, но надвор, во дворот на храмот како обични аџии. Сето ова се случувало јавно.

Како што покажува одговорот на Александар на прашањата од своите пријатели, разговорот го задржал како тајна. Веројатно, имал лични причини зошто го направил тоа. Но, можеби и пророкот му има укажано одговорот да го зачува во тајност, според египетските правила, бидејќи Господ му зборувал на својот син.

Александар бездруго чувал тајни. Веднаш потоа тој ѝ напишал на мајка си Олимпија, известувајќи ја дека ги примил тајните директиви што ќе ѝ ги соопшти веднаш по враќањето во Македонија. Бидејќи тоа никогаш не се случило, Александар ја однел тајната в гроб. Затоа нема да се дознае какво прашање му поставил на пророкот.

Поради тогашната воена и политичка ситуација повеќе од сигурно било дека прашањето се однесувало на неговата иднина. Меѓутоа, како тој го формулирал тоа, колку требало да се прошири, дали се однесувало само на претстојните борби со Дариј, или и на вистинското добивање суверенитет над Азија што го барал тој по битката кај Ис, или намерата му била да го освои целиот свет, сето тоа веќе било во неговата мисла и не се изменило во наредните години од неговиот живот. За сето тоа знаел само Амон, а ние никогаш нема да дознаеме.

35.
АЛЕКСАНДАР МАКЕДОНСКИ НА СРЕДБА СО ПРОРОКОТ ВО ХРАМОТ ВО СИВА

Преку зборовите што Александар Македонски им ги кажал на своите пријатели, несомнено, може да се заклучи дека тој добил поволен одговор од Бога, а античкиот свет кој верувал во непогрешливоста на Зевс Амон, сега, веројатно, може да се заблагодари, бидејќи сè што направил Александар од тогаш правел во согласност и со благослов на Бога

Дури тоа да било само ефект, сепак, Александар Македонскии претходно бил поздравуван како син на Зевс Амон. Ова поздравување му било јасно на пророкот, бидејќи пред себе го имал египетскиот крал, а од египетска гледна точка тоа било, исто така, признавање на Александар како крал на оазата. Александар веќе бил поздравен во храмот на Птах во Мемфис или во други египетски храмови во кои тој влегол како син на посебен Бог.

Но, сомнително е дали овие поздрави длабоко го импресионирале Александар, дали навистина неговото внимание било посебно свртено кон овие титули што биле закитени со национални фрази и доделувани на Египќани, потоа, дали нивното значења му било објаснувано.

Меѓутоа, во оазата, поздравувањето кон него како кон син на Господ го примил со големо изненадување и оставило длабок впечаток врз

него. Александар Македонски за Бог го сметал Зевс, големиот античко-грчки Бог на пророштвото, еднакво умен за него и за неговата придружба, а пророкот при обраќањето кон него го опишал како син на Бога. Тоа значи дека Александар бил поздравен како син на Зевс. Тоа морало длабоко да навлезе во неговата душа како болскот од светлина и да предизвика длабоки емоции.

Тој подоцна се консултирал со пророкот, кој го поздравил во своето место и од името на Бога. Во ова Александар видел откровение на Бога, откровение што го прифатил како надеж за потврдување на посебната Божја заштита што долго ја чувствувал како благодарност на Божјата сила што ја имал во себе и што го повела кон големи успеси. Тој сè повеќе верувал во ова, бидејќи според античката концепција натчовечките подвизи го воздигнувале човекот во Божјата сфера.

Во текот на целиот свој живот Александар Македонски бил проникнат со ова мистично верување дека е син на Зевс Амон. Поради тоа тој се откажал од својот татко Филип Македонски како што и секој фараон се откажувал од својот роден татко, бидејќи во исто време тој бил син на Ра, како и на други богови. Во тоа време мистицизмот и реалноста оделе паралелно.

До крајот на животот Александар послушно го признавал Филип Македонски како свој татко, меѓутоа, неговата политика отстапувала од онаа на Филип Македонски. Од друга страна, пак, колку длабоко се оддалечил со своите божествени права како син на Бога е прикажано со тоа што подоцна одлучил да биде погребан во оазата близу до својот татко Амон.

Освен тоа Александар Македонски никогаш не мислел да направи политички култ од себе како

син на Зевс. Ниту, пак, се слушна во многу нецелосната традиција дека тој презел чекори да ги пропагира или да ги прогласува своите божествени права што можел да ги ужива како син на Бога. Во даденият момент, веста за оваа сензационална случка наскоро се проширила нашироко и надалеку.

Пред да го напушти Египет, го посетиле амбасадорите од Милет и го известиле дека светиот извор во храмот Дидима, што се исушил во времето на Ксеркс, повторно протекол и дека пророштвото го потврдил Александар, како син на Зевс, а и Сибил од Еритра, исто така, го признал како таков. Можно е, но не и неочекувано, Александар да се интересирал брзо да се рашири оваа вест, но за ваквите постапки нема никакви докази.

Ниту, пак, кажувањето на Калистен, каде што случајот бил јасно опишан, ја објаснува брзината со која се раширила веста, бидејќи тоа не било објавено до 330 година. Тоа е сфатливо, зашто пријателите и придружниците биле сведоци на поздравот испратен дома во писмото до својата мајка.

Така, не случајно првото ехо од веста втасало од Јонија. Како ослободител од персискиот јарем Александар Македонски повеќе бил популарен во Јонија отколку во Елада, а Јонците порано му посветиле божествена чест на Лисандер.

Мора да се нагласи дека надвор од Египет оваа идеја на Александровите божествени права како син на Бога имале ефект само во античкиот грчки свет, кој во Зевс Амон почитувал највисоко божјо пророштво, но не и меѓу Македонците кои се однесувале сосема туѓо и непријателски кон вакви идеи.

Освен блиските пријатели во свитата на Александар, ниту еден меѓу Азијатите не знаел ништо за Амон. Па дури и во античкиот грчки свет имало традиција да се остави секој сам да реши кои божествени права ќе ги земе како син на Бога.

Иако пророкот тајно се задржал со Александар Македонски, по извесно време Клитарх бесрамно им пренел на своите читатели детали во врска со прашањата што Александар му ги поставил на пророкот. Прво, тој прашал дали Бог би му овозможил доминација над светот и дали ги казнил сите убијци на Филип Македонски - неговиот татко. Подоцна авторите во поголема мера се фаќале за овие очигледни измислици, а многу луѓе дури и денес веруваат во тоа. Тие се забележани од Плутарх.

Инаку, многу фантазија е внесена за настаните во оазата. Бидејќи меѓу античките Елини божјото право како син на Бога привлекло поголемо внимание отколку пророштвото, било пренесено дека Александар отишол кај Амон за да добие признание како негов син.

Против тоа бил Клитарх кој го вовел овој фалсификат на историјата во литературата, со што непредвидената случка станала цел на патувањето. Дури биле измислени приказни дека Александар испратил гласници да бараат од свештениците да го признаат како син на Амон!

Објаснувањето на патувањето на Александар Македонски за да го побара божјото право како син на Бога не само што имало најширока распространетост во антиката, туку доминирала и кај современиците. Од оваа премиса се извлечени најразлични заклучоци. Констатирано е дека дури и во раната младост Александар имал за цел да добие божји почести, или тоа се само политички мотиви што му се припишуваат, а се

мисли дека отишол во оазата да обезбеди една друга потврда за своето сродство со античките Грци и античките Македонци. Ова се сложува со она во премисата.

Од друга страна, пак, напорот на античките Елини да се претстави идејата за божјето право како син на Бога во рационалистички начин, водело кон приказната дека Амон преку некоја света змија имал лични врски со Олимпија. Некои, пак, знаеле дека Олимпија му ја признала оваа врска на својот маж Филип Македонски, поради што тој ја отфрлил како прељубница.

Така, во текот на времето во голема мера се преувеличувале легендите, митовите и фантастичните измислици од патувањето на Александар до оазата, со што ги прикривале вистинските факти.

На враќање од оазата Александар тргнал право кон Мемфис, следејќи го патот во пустината до Гара и Могхара за што му биле потребни осумнаесет дена. Во Мемфис го пречекале многу амбасадори од Античка Грција, а тој бил расположен и ги примил со милост. Од Антипатер дошле 400 нови антички грчки наемници и 500 тракиски коњаници. Потоа, Александар му приложил жртва на Зевс и повторно направил свечена поворка со својата вооружена војска, а било одржано гимнастичко и музичко натпреварување.

Овој Бог не требало да се гледа ни како Бог на оазата, ни како Осерап од Мемфис. Овој крал Зевс не е ништо друго туку чистокрвниот антички Зевс. Важно е дека младиот син на Зевс ја приложил својата прва жртва на античкиот грчки Зевс, а не на некој египетски бог. Откако Александар Македонски се здобил со титулата син на Зевс, неговиот карактер евидентно се изменил и

под влијание на овие чувства подготвил извонреден фестивал во главниот град на Египет што бил посветен на Зевс.

Додека Александар бил таму се покажал како да е вистински Елин со испраќањето на научна експедиција во Судан. Прашањето како да се објаснат поплавите на Нил што започнувале во лето, предизвикало силни дискусии меѓу античките научници, а Аристотел ги поттикнал своите ученици да го решат тоа прашање на самото место. Затоа Александар испратил експедиција од учени луѓе спротиводно на реката Нил со цел да ги испита причините за поплавувањето.

Не се знае колку далеку отишла експедицијата, меѓутоа, се вратила со точен одговор дека зголемувањето на нивото на водата на Нил е резултат на летните дождови што паѓаат на планините во Абисинија. Кога Аристотел го слушнал резултатот на оваа научна експедиција, триумфално го напишал следново: „Ова повеќе не е проблем“. Тука првпат Александар Македонски го гледаме како послушен ученик, кој со ентузијазам се поставува самиот себеси и својата прет-приемчивост на располагање на науката.

36.
ЗАМИНУВАЊЕТО ОД ЕГИПЕТ – ПРЕОБРАЗУВАЊЕТО НА АЛЕКСАНДАР ВО СИН НА БОГА

Во организирањето на Египет, што Александар Македонски го направил пред своето заминување, се гледа дека не ја концентрирал администрацијата само на еден намесник. Тој повеќе сакал децентрализација, веројатно, затоа што не сакал да му верува само на еден човек на држава со вака голема економска важност, сакал да ја задржи државата од војнички аспект поради нејзините природни граници. И од друг аспект односот на Александар Македонски укажувал на посебна карактеристика

Тоа претходно го покажал во Карија со поставувањето на власт на Ада, со што изразил почит кон националните чувства на покорениот народ. Слично и во Египет поставил двајца од месното население на чело на цивилната администрација на Горен и Долен Египет, западните и источните гранични подрачја на Дблта, Либија и Арабија (во близината на Херунпол), им ги доделил на Аполон од Античка Грција и на Клеомен од Наукрат.

Во тој период две Египќанки се омажиле за двајца македонски воени гувернери, а тврдините на Мемфис и Пелузиум го примиле својот посебен командант. Спротивно на оваа децентрализација,

целата финансиска администрација била во рацете на Клеомен од Наукрат

Старешините на подрачјето морале да му плаќаат данок веднаш по воспоставувањето на поранешната положба. Несомнено, населението било искрено задоволно дека собирањето на данокот не било во рацете на странец, туку во рацете на човек од нивното место. Александар Македонски си заминал од Египет со сознанието дека народот се чувствува ослободен од товарот што го носел од повторната окупација на Окус. Легендата можела да го воздигне Александар како син на последниот домашен крал Нектанебо II.

Во почетокот на пролетта 331 година, Александар Македонски тргнал од Мемфис и продолжил кон Феникија, каде што малку време се задржал во Тир. Овде направил многу измени во власта на освоената територија. Значајно е да се спомне дека назначил двајца важни финансиски офицери, еден за Мала Азија, западно од Таурус, а другиот за Галиција, Феникија и Сирија.

Додека Александар најпосле го извршил предавањето на атинските заробеници кај Граник на атинската амбасада, што порано го одбивал, затоа што сакал да изврши влијание врз мислењето во Атина, во Елада Агис бил зафатен со врбување на регрути од Сојузот за борба против него. Агис извојувал победа над силите на Македонија во изминатата зима и во пролетта успеал да ги придобие на своја страна Елис, Ахаените (сите но не и Пелен) и Аркадијанците (сите но не и Мегалопол).

Доколку персиската флота сè уште егзистирала, во таа ситуација тешко дека Александар би можел да се пробие во срцето на Азија. Но бидејќи сега тој го контролирал морето, можел да му верува на Антипатер и со задоволство да ја

испрати својата флота, засилена со повеќе од 1.000 бродови, од Кипар и Феникија, со цел да ги заштити Пелопонезијците кои му останале верни.

Откако му ја дал својата втора понуда на Александар Македонски, Големиот крал започнал со огромна брзина да собира голема војска во Вавилон. Во тоа време кога веќе Запад бил загубен, само народот од Исток го снабдувал со војска. Покрај Персијците и Медесите имало и добри племиња од Источен Иран, како што биле Бактријанците и Согдијанците под намесникот Бес од Бакгрија, Аракозијанците и Аријанците, Партијанците, Хирканијанците и други.

Скитијанските Саки, не како потчинети туку како сојузници, испратиле контингент, а и Индијците кои живееле од оваа страна на реката Инд испратиле петнаесет слонови. Повторно не треба да се прифатат фантастичните бројки: повеќе автори спомнуваат еден милион пешадија и 40.000 коњаници. Но, бројот на противничката војска со која Александар Македонски, несомнено, требало да се соочи, бил многу голем.

Тврдењето дека оваа персиска војска била многу побројна од онаа што се борела кај Ис, несомнено, е точно. Освен тоа, тргнувајќи од своето искуство кај Ис, Дариј морал во извесна мера да го подобри вооружувањето на единиците. Тој ја зголемил убиствената моќ на своите коли со тоа што на тркалата поставил косила и долги копја на врвот од горниот дел, кои, како и денешните тенкови, сееле смрт во непријателските редови.

Секој би признал дека тој направил целосна подготовка за решавачката битка. Откако сфатил дека многу настрадал кај Ис поради ограниченият простор, овојпат избрал широка рамнина, како што настојувал да го направи тоа во Сохој. Тоа се случило на левиот брег од реката Тигар, северно

од стариот „град на четирите богови“ Арбела (денешен Ербил). Таму ја повел својата војска од Вавилон, веднаш штом слушнал дека Александар тргнал од Феникија.

Од Тир Александар настапил северно кон Еуфрат, со цел да ја премине реката кај Тапсак. Неговите инженерски единици веќе започнале да градат два големи моста преку реката Еуфрат, но не ги имале завршено, бидејќи од другата страна бил Мазај, намесникот на Сирија и на Месопотамија, стациониран таму со неколку илјади војници повеќе да го шпионира приближувањето на Александар Македонски, отколку да го спречи тоа. Тоа било во интерес на Дариј: да го натера Александар Македонски да оди преку реките Еуфрат и Тигар на бојното поле што тој го избрал.

Веднаш штом Александар Македонски се приближил до Тапсак, Мазај исчезнал, мостовите биле довршени, а Александар слободно ја повел својата војска преку реката. Оттука тој тргнал кон север во Северна Месопотамија, веројатно, по стариот каравански пат до Каран и Едеса, а потоа продолжил јужно од Арменската Гора источно по патот до Низиб на реката Тигар.

При приближувањето до реката Тигар, лажно бил известен од фатениот персиски шпион дека Дариј го чека од другата страна на реката, за да го спречи неговиот премин. Меѓутоа, кога насилно настапил и дошол до реката, не го нашол ни Дариј, па дури ни стражарската единица на Персијците и можел да премине преку Тигар без пречки, но не и без некои тешкотии, бидејќи оваа брза река овде оправдано го добила името „брза како стрела“.

Додека неговата војска се одморала, на источниот брег се случило делумно затемнување на месечината. Астрономите пресметале дека тоа

се случило вечерта на 20 септември 331 година. Тогаш Александар приложил жртва на Селен, Хелиос и Ге (Месечина, Сонце и Земја); според Аријан тоа потемнување морало да се случи. Може да се претпостави дека Александар Македонски ги избрал овие богови за да ја смири возбудата кај својата војска предизвикана од овој феномен и да ги заштити пророците.

Настапувајќи кон југоисток меѓу реката Тигар и Курдските Планини, барајќи го Дариј, поминал близу до урнатините на древниот Ниневех, веројатно, без да има и најмала идеја за историската важност на таа држава. Откако Асирската Империја била окупирана со уништувањето на Ниневех (612), сега Персиската Империја требала да го прими смртоносниот удар во битката кај селото Гавгамела не многу далеку кон исток.

Овде Дариј нашол бојно поле што му одговарало. Поредокот на војската точно бил определен во кралскиот камп. Во средината, според древниот обичај, се поставил лично кралот во кола. Ги построил своите планински стражари, таканаречените „јаболкови носачи“ (со златни јаболка на своите копја), заштитени одлево и оддесно со античките елински наемници, кои како и кај Ис, посебно биле ангажирани да се соочат со македонската фаланга.

Лево и десно се раширила двете крила од комбинирана коњица и пешадија, на крајната лева страна биле бактријанската коњица, Дахаите, Арахозијанците и други, а на десното крило Медците, Партијанците итн. Пред двете крила лево биле поставени Скитите и поголемиот број бактријанска коњица, десно ерменската и кападокиската коњица, а пред центарот биле поставени петнаесетте слонови водени од индиските гонители.

Двесте коли со косила биле донесени пред целата линија, а сто на спротивното лево крило од Александар. Преку целото бојно поле Дариј ги отстранил нерамните делови од земјиштето за да овозможи рамен простор за напад на коњицата и на борбените коли.

Намерата на Александар Македонски била да ја примени косата формација и во оваа битка, како што тоа го правел и порано. Така, неговиот борбен поредок и овојпат бил поделен на офанзивно десно крило со кое лично тој командувал и дефанзивно лево крило под команда на Парменион. Повторно позицијата на следбениците била десно, тесалиската коњица лево, а македонската фаланга во средината.

Поради бројната супериорност на непријателот, Александар се плашел да не биде заобиколен откај крилото па дури и опколен, па затоа поставил втора борбена линија зад првиот борбен поредок, со цел доколку биде заобиколен, да се заврти и да се соочи со непријателскиот напад одназад. Доколку ова се случело, единиците поставени лево и десно од неговиот преден дел, кои во други пригоди само ја продолжувале линијата, ќе се завртеле и ќе се соединеле во две линии на борбеното поле.

Во случај да биде опколена, војската на Александар би направила квадрат. Но таа тактичка претпоставка не била реализирана. Од оваа идеја, наметната од конкретната ситуација, што се состоела од еластичен двоен фронт, кој во случај на потреба можел да се развие во правоаголник, ја гледаме генијалноста на Александар во воената тактика. Тоа била сосема оригинална замисла.

На веста за доаѓањето на Александар Македонски, Дариј ја построил својата војска за битката на 30 септември. Постапувајќи по советот

на Парменион, Александар не го прифатил предизвикот, туку го поставил својот логор на растојание од околу четири милји и, бидејќи се очекувала стапица или слична пречка, поминал преку бојното поле на коњ со неколку придружници за да извиди.

Вечерта ѝ наредил на војската да се подготви, а потоа да има целосен ноќен одмор. На тој начин неговата војска била совршено свежа при средбата со непријателот утрото на 1 октомври 331 година, додека несреќните Персијци биле задолжени да бидат под целосна војничка опрема подготвени за борба, бидејќи Дариј се плашел од ноќен напад. Парменион му советувал да ги изненадат Персијците во ноќта, но Александар го одбил тој совет, велејќи дека е срамно да ја краде битката.

Бидејќи Александар Македонски се приближил од север, неговата борбена линија била многу пократка од онаа на Персијците и со своето десно крило се нашол точно спроти Дариј и персискиот центар. Според тоа, сé повеќе се стремел да се приближи повеќе кон десно, за да може, како и во претходните битки, да го нападне левото крило на непријателот. Меѓутоа, и Персијците приближувајќи се, отишле во иста насока.

37.
БИТКИТЕ КАЈ ГАВГАМЕЛА МЕЃУ АЛЕКСАНДАР МАКЕДОНСКИ И ПЕРСИСКИОТ ЦАР ДАРИЈ

Плашејќи се дека на начин што претходно го одбрале Персијците нема да успеат на земјиштето што претходно не било израмнето, Дариј им наредил на Скитијанците и на бактријанските коњи, кои биле напред од неговото лево крило, да го нападнат Александар отстрана. Александар Македонски, пак, испратил лесна коњица да ги пресретне што ја поставил пред крајната граница десно, за вакви итни потреби

Додека коњицата вршела жесток напад, колите со косила биле пуштени на десно. Но овој напад, на кој Дариј најмногу се надевал, доживеал целосен неуспех. Делумно возачите биле погодени или тргнати од нивните борбени коли од Агријанците и од стрелците поставени за оваа намена, а делумно од брзото повлекување: единиците на Александар Македонски формирале борбени линии низ кои колите поминувале без да направат голема штета, сè додека не биле совладани од коњушарите на Александар - маневар што бил брилијантно изведен и што потсетувал на случаите на преминот кај Шипка.

Двете линии на борбата многу се приближиле. Тогаш Александар Македонски забележал спроти себе една празнина во персиската лева страна, помеѓу Дариј и единиците на коњи кои ги

поддржувале Скитите и Бактријците. Неговото соколово око проценило дека дошол моментот за офанзивен напад.

На чело на следбениците втрчал во празнината и започнал да се врти кон лево со цел да ја сврти непријателската линија кон центарот, додека веднаш потоа македонската фаланга со своите долги копја започнала страшен напад врз челото на непријателската војска.

Кога Дариј, збунет од оваа брза измена во позицијата, го почувствувал страшниот напад на Александар Македонски, слично како и кај Ис, ја завртел својата кола назад и бил првиот кој избегал. Стражата што била најблизу формирала еден круг околу него, а потоа им се придружиле и другите единици во центарот и на левото крило.

Притоа, Александар Македонски не бил во можност да го гони и да постигне целосна победа со фаќањето на Дариј. Неговото лево крило под команда на Парменион сé уште било зафатено во многу опасна борба со персиското десно крило под команда на Мазај, кој успеал да го заобиколи крилото на својот противник. Бесмисленото бегање на Дариј било дотолку несфатливо, бидејќи битката во целост сé уште не била решена.

Освен тоа, индиската и персиската коњица на десното крило, со навлегувањето во празнината направена од брзото настапување на фалангата, успеала да ја пробие втората линија на Александар Македонски. Меѓутоа, наместо да свртат околу и да нападнат одназад, недисциплинираните ориенталци побрзале да го плачкаат логорот на Александар Македонски. Притоа, добро воденатa втора линија, со тактичкиот план на Александар Македонски, ги заобиколил и ги нападнал одназад, принудувајќи ги брзо да се повлечат со големи загуби.

Тоа била онаа отстапувачка маса на коњица што се судрила со Александар, кога на итното барање на Парменион отишла да му помогне. Нападите на коњицата биле многу жестоки, а Индијците и Персијците очајнички се бореле за своите животи. Александар загубил во оваа битка не повеќе од шеесетина свои следбеници, а неговиот најмил пријател Хефестион бил ранет.

Кога ориенталската коњица брзала да избега, а Александар брзал накај Парменион, се покажало дека неговата помош веќе не била потребна, затоа што во меѓувреме тесалиската коњица излегла како победничка. Така, победата била целосна долж борбената линија.

Е, тогаш веќе Александар можел да го прогонува Дариј. Сè додека не паднало мрак тој јурел по него. По одморот на коњицата од другата страна на Лик (горен Заб), тој повторно тргнал по полноќ и наредниот ден допатувал во Арбела каде што го нашол богатството и багажот на Дариј. Меѓутоа, главниот воен плен на победата бил загубен. Кралот не можел да биде фатен, бидејќи избегал предвреме, само со неколку придружници преку Курдските Планини во Медија.

Во Арбела Александар го прекинал гонењето. Наместо да го следи бегалецот во непознат правец, тој сметал дека е многу поумно да ги собере плодовите на победата и да ги заземе централните земји на Ахеменидите со нивните главни дворци и богати куќи. Александар и официјално ја усвоил титулата крал на Азија, што му ја ветило пророштвото од Гордиум и што ја побарал во своето прво писмо до Дариј. По битката тој јавно бил прокламиран за крал на Азија. Тој акт на признание можел да произлезе само од Собранието на македонската војска, иако дотогаш

тоа имало право и можност, единствено, да прогласи крал на Македонија. Несомнено, идеја и формула за тоа дал Александар. Прокламацијата за суверенитет, одбележана со највисок степен на прослава на победата кај Арбела, била придружена со величествено приложување на жртви на боговите и со подароци на своите пријатели.

Од посебен интерес е да се спомне дека Александар Македонски не само што се претставил како освојувач на Азија, туку ја покажал и својата позиција како хегемон на Коринтската лига. По победата наредил во сите територии на античките грчки сојузи да се спречи тиранијата и сите тие градови повторно да ги добијат своите автономии. Тој морал да знае дека во времето кога Антипатер во извесна мера ги заштитувал тираниите, предизвикал многу пролевање на крв во Античка Грција.

Неговото неспокојство во врска со резултатот на судирот со кралот Агис, за што тој ништо не знаел, морало да му го сугерира овој проглас како средство за натамошно приближување кон Агис. Тој ја издал таа наредба без соработка со Федералниот совет затоа што можел да смета на благодарноста и одобрувањето на целиот антички свет, иако веќе ја надминал моќта како хегемон.

Во тој однос, веродостојно е потврдено дека по победата повторно ги смирил Платеанците со обновувањето на нивниот град, она што Филип Македонски им го ветил по Херонеја. Тоа го направил затоа што нивните прадедовци ја отстапиле својата територија за потребите на античките Грци во борбата за ослободување од Персијците (479). И тој испратил подароци и до Кротон во Долна Италија, бидејќи нивниот граѓанин

Фаил бил единствениот антички Грк од Италија кој се борел на страната на Елините кај Салам.

Така, Александар Македонски ја споил својата победа со древните победи на Платај и Салам и повторно го нагласил националниот панелинистички карактер на војната. Пред битката тој веќе го докажал својот близок однос со обединетите антички Грци во оваа војска.

Бидејќи јавал сам по должината на фронтот, дошол до тесалиската и до другите коњици на Античката грчка лига и кога тие извикале дека треба да ги поведе против варварите, го зел копјето во левата рака, а десната рака ја кренал кон небото, се помолил како вистински син на Зевс, за боговите да им помогнат на Елините.

Во тој момент на силна возбуда, кога, веројатно, сеќавањето на поволното пророштво на Амон му ја зајакнало довербата за победа, исповедта за своето право како син на Бога му дошла на усните и како син на Зевс им се помолил на боговите да им помогнат на античките Елини и на неговата војска.

Не се знае што им рекол претходно на своите Македонци на десното крило и во центарот, но може да се претпостави дека не им кажал ништо за своето право како син на Бога, бидејќи тој бил син на Зевс само за античките Грци.

Од Арбела Александар ја повел својата војска на југ кон Вавилон. Очекувајќи отпор, тој се приближил во борбен строј. Но, Мазај кој побрзал од Гавгамела и дошол во Вавилон каде ја презел командата, излегол во свечена молбена облека да го пречека Александар и му го предал градот.

Мазај бил следен од свечена врволица составена од главните татковци на градот, меѓу кои и Багофан, командантот на тврдината, како и персиски и вавилонски свештеници и целото

население кое било наседнато по ѕидините на градот, туркајќи се од голема љубопитност да го видат својот нов крал.

Тоа било неповторлив спектакл од големо значење за историјата на светот, низ улиците украсени со цвеќиња и венци и меѓу олтарите со облаци од темјан. Александар Македонски влегол во оваа престолнина на Ориентот, која од времето на Хамураби била душата на Исток, а сега првпат е освоена од еден западен освојувач. Александар го зазел кралскиот дворец и по жестоките борби неговата војска се забавувала во луксузните квартови на грешниот Бабел.

Со победата кај Гавгамела и со укинувањето на персиското владеење над Вавилон, Вавилонците како и Египќаните во Александар Македонски виделе свој крал и преку своите свештеници му понудилеа посебен суверенитет што тој го прифатил. Така, тој ги обединил Вавилон и Египет со другиот дел на Азиско-атичката Империја.

Необичноста на оваа Вавилонска Монархија потекнува уште од времето на Хамураби (околу 2000-та година), кој го направил Вавилон главен град на Вавилонија, а сега Александар го присвоил правото светски суверенитет над Вавилон.

Од времето на Хамураби постоел Мардук, главен Бог на Вавилон, кој заедно со престолот на Вавилон му го подарил на Александар владеењето над „четирите страни на Земјината топка“, а тој сам се сметал за законски крал кој на новогодишниот фестивал му ги стиснал рацете на Мардук во храмот. Оваа традиција била исполнувана од сите претходни династии и од Кирус, пронаоѓачот на ахеменидското борбено постројување.

38.
ПРЕСТОЈОТ НА АЛЕКСАНДАР МАКЕДОНСКИ ВО ВАВИЛОН

Дариј I, чиј суверенитет му бил доделен од Ахурамазда, според неговите сопствени документи, исто така, бил крал на Вавилон, крал на земјата, како што се вели во вавилонските текстови. Така, востанието на Тарзија (479) го загушил неговиот син Ксеркс со оваа традиција

Тој го уништил храмот на Мардук (Есагила), го земал тој имиџ и му ставил крај на засебното кралство на Вавилон, а Ахеменидите никогаш потоа не назначувале кралеви на Вавилон.

Посебната позиција на Вавилон прво била обновена од Александар Македонски. Со цел што подобро да се запознае со религиозните чувства на новопотчинетите, како што го направил и во Египет, а особено да се постави добро со свештениците, погрешно ги нарекол Халдејците како антички Грци и Романи. По влегувањето наредил да се обноват храмовите уништени од Ксеркс, а особено храмот на Мардук.

Притоа, настојувал да се остварат желбите на свештениците и, како што забележал Аријан, приложил жртва на Мардук, според нивните церемонии. Тоа било кралско принесување на жртва, што Тирјанците не дозволиле да го направи во нивниот град.

Старите традиции, што сега ги преземал Александар, спојувајќи ги со светската доминација и суверенитетот над Вавилон, морале да му бидат

добредојдени, но тоа тешко му ја смирувало душата. Оваа вавилонска доминација над светот, едноставно, барала владеење над подрачјата на Азија (вклучувајќи го и Египет), а тоа, единствено, значело суверенитет над Азија што му било ветено уште во Гордиум, а официјално потврдено од Собранието на војската во Арбела, пред да дојде во Вавилон.

Но нема да биде точно ако од вавилонските традиции произлезат барањата да се владее над Азија. Сепак, можело да биде од значење за Александар Македонски во старите метрополи на Ориентот да најде потврда на она што го добил со својата десна рака, бидејќи прокламацијата кај Арбела била навистина само последица од неговите гигантски подвизи.

Како и во Египет, каде што Александар Македонски поставил месно население на чело на цивилната власт, така и сега при освојувањето од земја во земја, како крал на Азија, функциите ги доверувал на Персијци со титула намесник. Тоа било направено првпат во Вавилон и значително придонело за јакнењето на Александар Македонски како крал на Вавилон. Мазај го назначил за намесник во знак на благодарност што му ја предал цврстата тврдина.

Освен тоа, Мазај го поставил за граѓански гувернер во својство на македонски генерал да командува со единиците. Финансиските и даночните работи биле одвоени од намесништвото и му биле доверени на еден Македонец. Врз овој принцип Александар Македонски ја водел администрацијата и во другите намесништва на Исток, сé додека не биле потребни некои измени. Како посебна мерка, што наскоро била укината, на Мазај како намесник му било дозволено да кова пари.

Од Вавилон каде што останал околу еден месец, Александар Македонски тргнал кон Исток и во период од дваесет дена допатувал во Суса, стариот главен град на Елам, кој бил главна престолнина кога владееле Ахеменидите. Во посвежата Екбатана останал само во жешките летни месеци, а зимата и пролетта ги поминал во Вавилон.

Каква улога одиграла Суса во античкиот грчки свет од Аешил до срамниот мир на Анталцида? Колку амбасадори на античките грчки држави чекале во претсобјето на Големиот крал?

Наспроти тоа, Александар Македонски и неговите Македонци влегле таму без да употребат оружје. Колку бил загрижен да го заштити градот и неговото богатство е покажано со испраќањето на Филоксен во Суса директно од бојното поле кај Гавгамела. Пораката од Филоксен патем му била пренесена дека Суса се предала и дека богатството останало негибнато.

Првпат Александар Македонски освоил едно од најголемите депоа на богатство на персиските кралеви. Тоа било од посебно значење. Дариј I вовел метални пари во империјата, која дотогаш била управувана врз основа на размена на природни производи, а покрај данокот на намесниците се плаќал и данок на кралот.

Меѓутоа, стариот систем преовладал и сега како и пред тоа: наместо да ги пушти во оптек добиените готови пари, Александар Македонски ги натрупал во своите главни дворци и на примитивен начин, како и Херодот, ги стопил во златни и сребрени прачки, кои во случај на потреба ги сечел и ги претворал во ковани пари. Иако Дариј Кодоман потрошил огромна сума пари за војната, а понел пари и на бојното поле и таму ги изгубил, сепак

Александар Македонски нашол огромно богатство во дворците.

Се претпоставува дека во Суса, не сметајќи ги скапоцените камења, 40.000 сребрени таланти и 9.000 метални дарикти од злато паднале во рацете на Александар Македонски, чија вредност се проценува многу високо; сребрените таланти, нековано злато и сребро достигнувале до околу 14.000.000 фунти. Притоа, Александар Македонски веќе можел да го испрати Менес од Суса како нов финансиски директор на Киликија, Феникија и Сирија, со 3.000 таланти, за да му плати на Антипатер колку што барал за војната со Агис, но никакви новости не пристигнале за тој конфликт.

Влегувањето во Суса било проследено со голема свеченост. Александар им приложил жртва на македонските богови според прадедовскиот ритуал и наредил да се одржи трка со факели и гимнастички натпреварувања. За намесник го поставил Персијанецот Абулит, кој претходно му го предал градот, но поставил и двајца Македонци, еден како командант на единиците, другиот како командант на тврдината.

Во Суса Александар ја зајакнал војската со неколку илјади нови единици од Македонија. Со инкорпорирањето на луѓето од планините во кралски службеници тој направил нова организација: ги поделил полковите по два ескадрона и на секој му доделил командант. Тоа била прва од големиот број реформи што биле постепено воведувани во организацијата на војската.

Наредната цел на Александар Македонски била Персепол. По поминувањето на Паситигрис дошол до земјата на Уксиите. Додека населението што живеело во рамнината му се покорило, немирните планинци побарале да плати доколку

сака да ја помине нивната територија, како што претходно направил и персискиот крал.

Александар Македонски одбил да плати, бидејќи не сакал да му признае самостојност на ниедно племе во својата Македонска Империја и со воено лукавство успеал да ги совлада. Потоа, тој им наметнал годишен данок во коњи, влечни добици и овци, бидејќи овие планински луѓе не ги познавале, парите и живееле од сточарство.

Додека Парменион го испратил со античките грчки единици долж планинските стрмни патишта што биле направени за персискиот двор од Суса до Персепол, Александар Македонски со своите Македонци итал низ планините по краткиот пат до Персиските преслапи. Овде тој се соочил со цврста одбрана. Персискиот намесник Ариобарзан имал изградено sид на преслапот и го чекал со многу посупериорна војска.

Само со тешки борби и со помош на вешти маневри Александар Македонски успеал да го натера непријателот да побегне. Потоа побрзал долу во рамнината, преку реката Аракс (Кур), што била неколкупати премостена до Персепол со цел да втаса во градот пред градскиот гарнизон да го опљачка богатството. Тој втасал навреме и го спасил богатството.

Тогаш Александар Македонски стапил во родната земја на Ахеменидите. Големиот Кир основачот на империјата и на династијата, во својот главен град имал изградено дворец и гробница во Пасаграда (во близината на сегашниот Мешеди-Мургхаб), блиску до бојното поле на кое го совладал Астијаг Медијанецот.

Подоцна Дариј I, на југоисточната страна ја изградил цврстата тврдина Персепол, во која тој и неговите следбеници ги изградиле своите резиденции и отворените приемни сали (Апалана -

приемен простор на отворено) потпрени со столбови на висока тераса на која лежеле дворедни скали, украсени со релјефи. Урнатините на кралските згради во Персепол (Такд и Дшемшид) дури и денес оставаат силен впечаток.

Огромните столбови кои се издигаат кон небото, големите бикови пред главната врата, релјефот и натписите сведочат за силата и сјајот на светската империја која верувала дека ќе се зачува за цело време со милоста на Ахурамазда. На ѕидовите од скалите кои водат кон терасата се запишани овие зборови:

„Така рече кралот Дариј: оваа земја на Персија што ми ја подари Ахурамазда, а која е убава, богата со луѓе и богата со коњи, според тестаментот на Ахурамазда и од мене кралот Дариј, не се плаши од непријатели“. Сега таа се предаде небранета пред нозете на Александар.

Во Персепол Александар Македонски не само што се чувствувал како нов господар, кој со освојувањето на овој свет дом на персиската традиција ја ставил секирата во коренот на силата на Ахеменид, туку уште еднаш се појавил како генералисимус на Коринтската лига што му ја дал Федералниот совет со задача да ја води панелинистичката војна против Персија, да се одмазди за злосторствата што Ксеркс ги извршил против боговите и храмовите на Елините. Над сите очекувања, тој ја повел својата непобедлива војска во земјата од која потекнуваат Персијците.

Освен тоа, неговите победи над сегашниот владетел Дариј не се сметале како одмазда над покојниот Ксеркс. Овде, каде што Ксеркс го изградил својот дворец, приемната сала, големата порта и светите градски места на Персепол, требала да се изврши одмаздата на сите времиња.

39.
АЛЕКСАНДАР МАКЕДОНСКИ ВО ПЕРСЕПОЛ – РИЗНИЦАТА НА ДАЛЕЧНИОТ ИСТОК

По наредба на Александар Македонски биле фрлени факели во зградите на кралот Ксеркс, а притоа и други објекти делумно биле уништени. Тоа, всушност, било еден симболичен акт со кој на целиот свет, а особено на античките Грци им се кажало дека со ваква „театарска претстава“ борбата за одмазда ја постигнала својата цел

Во едно од кажувањата на Клитарх се вели дека оргијата на Александар Македонски, поттикната од Атињанецот Тес, го запалила дворецот. Природно, тоа се повторува од подоцнежните писатели, а има приврзаници и денес.

Во Персепол Александар ја добил веста за победата што ја постигнал Антипатер, која го ослободила од многу грижи. Му испратил пари од Суса за борба против Агис, кој во пролетта 331 година ја формирал Пелопонезиската коалиција против Александар Македонски. Антипатер не бил во можност веднаш да тргне во војна против Агис, бидејќи бил спречен од едно востание во Тракија.

По задушувањето на востанието, Антипатер тргнал кон југ. Сходно со обврските според договорот на Лигата од Коринт, по пат собрал војска од античките грчки сојузи и тргнал да ги казни сојузниците на Спарта и Спартанците. Во Пелопонез влегол со вкупно 40.000 војници. Агис,

пак, со своите сојузници, собрал 20.000 пешаци и 2.000 коњаници, го опседнал Мегалопол во Аркадија, кој му останал верен на Александар.

Пред ѕидовите на овој град, речиси во исто време кога Александар ја постигнувал победата кај Гавгамела, се водела голема битка во која, наспроти големиот отпор на непријателот, Антипатер ја извојувал решавачката победа. Кралот Агис, срцето и душата на борбата за слобода, по добивањето на повеќе повреди, загинал во битката, а Спарта морала да моли за мир. Антипатер земал педесетина спартански благородници како заложници и се повикал на решението од Федералниот совет, како што Александар Македонски направил по освојувањето на Теба.

Но Федералниот совет кој се состанувал на Коринт само за посебни случаи бил слаб за да одлучи во името на Александар Македонски. Така, кога подоцна спартанските заложници допатувале, Александар Македонски некои од нив ги осудил, а на некои им простил, додека Спарта ја натерал да се приклучи кон Лигата од Коринт.

Александар ја одморил војската во Персепол во текот на зимските месеци, иако имало мали напади од страна на потчинетите племиња во Персија. Намесникот на Карманија, следната провинција на Исток, за среќа, се покорил и затоа бил оставен во служба. Богатството што Александар го нашол во Персепол било трипати поголемо од она во Суса.

Се смета дека таму нашол 120.000 таланти (околу 42.000.000 фунти). Освен тоа во Пасаргада, која му била предадена без борба, Александар Македонски добил од куќата на богатството на Кир 6.000 персиски таланти (околу 2.100.000 фунти). Во текот на посетата на Пасаргада му оддал особена почит на спомент на Кир, со тоа што му наредил

на Аристобул да го декорира внатрешниот дел на гробницата на Кир. Тој гроб сé уште е зачуван.

Тоа е прв знак Александар да оддаде голема почит кон основањето на Ахеменидската Империја, а вредно е да се забележи дека тој тоа го покажал и пред смртта на Дариј, односно кога почнал да се чувствува како наследник на Кир. Се претпоставува дека уште кога Александар бил млад и го читал делото на Ксенофон, Киропедија, Кир побудил големо восхитување.

Во почетокот на пролетта 330 година, Александар тргнал да ја окупира Екбатана (Хамадан) во Медија, последниот од персиските главни градови. Било јавено дека Дариј можел да биде таму. По поразот кај Гавгамела, Дариј избегал преку Курдиските Планини со неколку свои единици во Екбатана. Набргу, по пропаста, некои од единиците му се придружиле и Дариј започнал да формира нова војска.

Тој се надевал дека Александар Македонски и неговите единици ќе останат долго во луксузниот логор на западниот замок, или дека тој нема да оди понатаму од Суса, а ќе се бори во Азија со курдските планинци, кои направиле голем бедем, штитејќи ги иранските земји од запад. Независно од тоа дали Александар ќе тргне во поход против него или не, Дариј планирал да ја отстапи Бактрија на Далечниот Исток и да оди по непрооден пат за Александар, опустошувајќи ја земјата каде што минувал.

Секако, тој го испратил харемот и багажот кон касписките премини и го чекал текот на настаните од Екбатана. Кога Александар отишол на север во правец кон Екбатана, патем ги потчинил Партијанците, бил известен дека Дариј, потпомогнат од Скитијанците и Кадисијанците, му се заканувал со борба. Веднаш го оставил својот

багаж зад себе и тргнал напред во борба. Наскоро разбрал дека очекуваната помош не му дошла и Дариј се решил да бега.

Покрај тоа што Александар Македонски брзал со својата војска, сепак задоцнил во Екбатана. Една недела пред тоа Дариј избегал во правец кон исток со 3.000 коњаници и 6.000 пешаци, земајќи со себе 7.000 таланти. Тоа било големо разочарување за Александар, па затоа се подготвил и тргнал кон запад да го гони Дариј.

Ако со пожарот во Персепол Александар им покажал на античките Грци дека смета оти војната за одмазда е завршена, таа идеја сега ја довел до својот логичен крај: ги отпуштил и ги испратил дома со многу богат плен. Благодарение на победата кај Мегалопол тој ја задржал Античка Грција под своја власт и повеќе не му било потребно да ги води со себе тие сојузнички единици за заштита или како заложници.

Меѓутоа, мал дел од нив не сакалеповеќе да останат, додека со негова дозвола повеќето сакале да продолжат да му служат, но како наемници, а не како сојузници. Александар Македонски сметал дека е завршена неговата посебна позиција како „неограничен стратег“ во борбата за одмазда која му била доверена во 336 година од Федералниот совет на Коринт. Останал хегемон на Лигата како и порано, а тоа било доживотно именување. Сега панелинистичката борба била предмет на минатото.

Ентузијазмот со кој, на својата дваесетгодишна возраст, ја прифатил оваа идеја пред шест години, мора многу одамна да се оладила поради лошото искуство што го стекнал во меѓувреме со античките Грци. Но, никогаш не се откажал од таа идеја. Тој успеал во тоа, потпирајќи се врз својата голема амбиција што сé уште

продолжила да го инспирира за да го трасира патот на античката грчка култура на Исток. Оттогаш немал повеќе две посебни цели во војната и можел да се посвети на идејата за непречено освојување.

Тоа зборува за значењето на Александар како државник, кој пред да оди на Далечниот Исток, ја централизирал целата финансиска администрација. Му наредил на Парменион, кој го донел богатството од Суса и Персепол, вкупно 180.000 персиски таланти (околу 63.000 000 фунти), да го депонира во тврдината на Екбатана.

Потоа да го донел кај Харпал, кој дотогаш раководел со војничката благајна, а бил именуван како царски благајник. Александар Македонски ја прекинал употребата на парите од персиските кралеви и наредил да се употребуваат негови златни и сребрени монети, чии ефекти биле значајни. На Парменион му доверил да го чува кралското богатство, а му ја оставил и дивизијата во Екбатана, како и сите други важни задолженија за заштита на комуникациите во заднината.

Тоа било многу почесна и крајно одговорна наредба која му била доделена на заслужниот стар генерал. И покрај тоа, тој малку се чувствувал омаловажен, но очевидно грешел. Не само неговите седумдесет години, кои изгледа не одговарале и му пречеле за такви напори, туку и спротивноста меѓу нивните погледи. Сето тоа на Александар, веројатно, не му одговарало. Така, ослободен од сите ограничувања, од панелинистичката идеја и од еден толку често незгоден ментор, Александар Македонски можел да оди на Далечниот Исток.

40.
АЛЕКСАНДАР МАКЕДОНСКИ НА ПАТ КОН ОСВОЈУВАЊЕТО НА ИРАН

Првата цел на Александар била да се заштити од побегнатиот монарх. Затоа тргнал по Кралскиот пат кој водел од Екбатана до Иран во правец кон Рага (недалеку од Техеран) и касписките премини. Прогонувањето барало да вложи големи напори, а тоа претставувало еден од најсмелите напади што ги имал преземено Александар Македонски

Не штедејќи ги ни луѓето ни коњите, Александар му одел по петиците на Дариј и на крајот го втасал зад касписките премини (недалеку од Хекатомпил), по едно силно галопирање при што му помогнала една мала коњичка група. А Дариј се сторил кукалка.

Намесниците на иранските провинции, особено Бес, намесникот на Бактрија, виделе дека овој папсан човек нема сила да се бори против Александар Македонски во Источен Иран, па прво го ставиле во синџири и го повеле со себе како затвореник. Потоа, кога Александар Македонски се приближил, смртно го раниле и избегале кон исток.

Моментот кога Александар застанал пред трупот на Дариј бил еден од пресвртните во неговиот живот. По битката кај Ис тој посакал со меч да ја добие Персиската Империја; во Арбела од војската бил прогласен за крал на Азија, а сега бидејќи починал и последниот Ахеменид, Александар Македонски се сметал за негов след-

беник и за законски наследник на персиската круна. Не се знае дали ја добил круната од персиските поданици со официјална прокламација.

Но, тој веднаш се прикажал како нов крал и наредил Дариј да се закопа покрај неговите прадедовци во Персепол и со сите кралски почести.

Токму кога мислел дека се одмаздил за својот татко Филип Македонски, тој се појавил во улога на одмаздник во корист на убиениот Дариј. Бунтовниците кои го убиле својот кралски господар достојно биле казнети, додека оние што биле верни на Дариј биле поштедени и задржани со почит.

Впрочем, одмаздата не билае единствената што го одвела Александар до Далечниот Исток. Со горда совест како законски наследник на Големиот крал, завојувањето на источниот дел од Персиската гигантска Империја го сметал за своја задача.

По смртта на Дариј многу била различна импресијата кај античките Грци, античките Македонци и војската. Тие се надевале дека војната била при крај и дека конечно ќе можат да се вратат во своите домови. На Александар прва должност му била да ја собере војската и да им ја објасни потребата за натамошно напредување.

Мошне лесно му било со својата пленувачка личност да ги убеди единиците да тргнат со него, но фактот што било потребно негово обраќање на свечен собир, било знак дека започнало да се создава јаз меѓу кралот, од една, и античките грчки и античките македонски следбеници, од друга страна, што во наредните години станал многу поширок и подлабок. Тие се делеле не само поради различните идеи за целите што се бореле, туку и поради концепцијата на

Александар Македонски како наследник на Дариј и на персиската круна.

Секако, Александар сé уште бил крал на Античка Македонија, а, исто така, и хегемон на Коринтската лига. Меѓутоа, неговата Азиско-атичка Монархија го навела на конфликт со античките Македонци, кои не можеле да поднесат нивниот крал да биде азиски султан.

Настапил нов период во кој Александар, иако во почетокот само во присуство на своите ориентални поданици, постепено почнал да носи персиска кралска облека и го прифатил персискиот дворски церемонијал.

Тешко е да се каже колку многу бил занесен од љубовта кон раскошот што, главно, го ставал на истакнато место, или, пак, тоа го сметал само како мотив. Во секој случај решавачкиот фактор бил новата позиција спрема Персијците и другите народи на Азиско-атичката Империја. Како нивни законски крал тој во нив не гледал непријатели туку свои поданици.

Секој што се борел против него биле бунтовник против својот господар. За овие поданици, особено Персијците, дотогашна доминантна нација, било важно нивните стари монархистички и религиозни традиции да се зачуваат колку што е можно повеќе. А за возврат на тоа, тие ќе го поддржувале, како што правеле кон Ахеменидите, и ќе ја покажеле својата длабока почит.

Тоа била иста државничка идеја која веќе го побудила во Египет и Вавилон да ги прифати независните круни и да ги преземе старите традиции и церемонии. Срцата на новите поданици биле освоени од новата власт и тие станале силна потпора на новата империја.

Овој нов однос кон Персијците ги поттикнало кон натамошно постепено стапување во

служба на кралот. Тој веќе почнал да става Персијци на граѓански служби како намесници. Меѓутоа, било новост кога во својата војска по извесно време почнал да регрутира одреди од Персијци, а подоцна и од Иранци.

Оваа мерка ја презел затоа што не можел да ги извршува своите гигантски планови само со античките Македонци, а тешко било да се регрутираат од својата земја, кога отишол толку далеку кон Исток. Овие неизбежни војнички промени го довеле во сериозни конфликти со античките Македонци.

Било јули 330 година кога трагично загинал Дариј, кој бил на околу педесетгодишна возраст. По регрутирањето на војската, на која и дал мал одмор, на Александар Македонски прва задача му била да ја окупира Хирканија, земјата јужно од Каспиското Море. Преминал преку високиот планински венец Елбурз и отишол кон морскиот брег.

Таму водел остра битка за да ги покори планинските племиња на Тапуријанците и Мардијанците, кои биле единствени што не биле потпаднати под персиска власт. Но, од друга страна, многу персиски богати луѓе побрзале да го изразат своето почитување кон новиот крал. Исто така, и околу 1.500 антички грчки наемници кои му останале верни на Дариј, побарале прошка од Александар Македонски.

Тој, пак, побарал безусловно предавање, бидејќи ја прекршиле резолуцијата на Елините дека ниеден Елин не смее да земе персиска плата; а кога му се предале, меѓу нив направил разлика.

Оние што ја прифатиле персиската служба пред основањето на Коринтската лига биле ослободени и можеле да си одат дома; им простил и на оние што биле приклучени подоцна со тоа што ги

принудил да служат во неговата војска под исти услови како кај Големиот крал.

Оваа постапка покажува дека Александар Македонски за Исток бил голем крал, а за Античката грчка лига бил хегемон како и порано. Тој, исто така, се однесувал како хегемон на Лигата кон античките грчки амбасадори во персискиот двор, кои подоцна биле доведени пред него.

Ги ослободил амбасадорите на Синоп, бидејќи тој град не припаѓал на Коринтската лига и имал право да испрати амбасадор кај кралот. Наспроти тоа, го задржал атинскиот амбасадор, бидејќи бил испратен во Персија по формирањето на Лигата.

Тој ги задржал и дипломатските претставници на Спарта, затоа што сé уште не била донесена одлука за победените Спартанци за што Федералниот совет требало да му се обрати на Александар Македонски.

Доколку останувањето на Александар во јужните краишта на Каспиското Море потсетувало на неговата функција како хегемон, тоа ги покажувало и неговите намери за научно испитување, што се видело во Египет. Очигледно, Александар веќе бил окупиран со проблемот дали Каспиското Море е залив на океанот или островско море, проблем на кој се посветил пред својата смрт.

Географските проблеми во голема мера го окупирале Александар Македонски и неговата свита, посебно кога, одејќи од Задракарта, главниот град на Хирканија, се движеле низ Источен Иран.

Таму, тој дошол до региони за кои античките Грци или воопшто немале информација или имале неопределени претстави. За античката грчка (елинска) географија овој ирански поход, како

и подоцна индискиот, било патување од историско значење.

Територијата што Александар Македонски ја освоил во неколкугодишните борби, достигнала до Бакхара на исток, Западен Туркестан до Сир-Дарија и на југ до Авганистан и до северниот раб на Белуџистан. Тоа се совпаѓа на север до намесништвата на Бактрија и Согдијана, на југ до оние на Арија и Драигијана, Арахозија и Паропамисада на Хинду-Куш.

Овие нови региони сега биле погрешно внесени во картата на светот како претходно познати и изразени со овие две особености: реката Сир-Дарија (од месното население викано Јаксарт) се претпоставувало дека е горниот тек на реката Танаи (реката Дон), граничната река помеѓу Азија и Европа која се влева во Азовското Море; а Хинду-Куш со своите гребени се мислело дека е продолжение на Казакстан и бил наречен Кавказ. Античките Македонци никогаш и не слушнале за Аралското Море, во кое се влеваат реките Оксус и Јаксарт.

41.
БИТКИТЕ ШТО АЛЕКСАНДАР ГИ ВОДЕЛ ВО ИСТОЧЕН ИРАН

Во текот на битките во Источен Иран, картата покажала дека погрешно биле претставени некои поими на Земјината површина. Според Страбо, тие ја идентификувале реката Јаксарт со Танаи, бидејќи на нејзините брегови растеле елки, а тие мислеле дека такво дрво расте само во Европа, а не во Азија. Можеби, Аристотел ги навел на ова грешно идентификување

Тој ги доведе во врска со Танаи Аракс, како што ја нарече големата река, дека е или Оксус или Јаксарт, која тече кон север од планината Хинду-Куш. Секако, Александар Македонски и неговите луѓе, додека биле во Источен Иран, немале претстава во кој дел на земјата се наоѓаат.

Сепак, во текот на постојаното префрлување и дијагонални напади изведени со војнички операции, тие се стекнале со целосно познавање на територијата, со нејзините високи планини и богати рамнини со нејзините солени пустини и степи.

Во историјата за Александар Македонски многу се јасни описите на пејзажот, на пример, за песочната степа меѓу Бактра и Оксус, или снежниот предел помеѓу Кандахар и Кабул. Геодетите навистина целосно ја извршиле својата работа. Така, со своите мерења на патот и со други испитувања дале целосна информација за овој регион.

Битката во Источен Иран со која се соочил Александар беше една од најжестоките со која се зафатил. Таа траела речиси три години, од есента

330 година до почетокот на 327 година, а сé дотогаш не можел да ја освои оваа земја. Тоа е несфатливо ако се земе предвид дека за неговата неспоредлива кариера на победи од Хелеспонт до Медија му биле потребни само четири години за да ја освои круната на Персија.

Причината се состоела во различниот квалитет и начин на војување на неговите противници. Аријанскиот народ од Источен Иран, особено Бактријанците и Согдијанците имале развиено многу високо национално чувство и голем ентузијазам за слобода и независност, што Александар Македонски не го нашол на ниедно друго место во Персиската Империја, со исклучок на Тир и неколку храбри планински племиња.

Тоа национално чувство ги обединило, а било поттикнато од нивната општа зороастријанска религија. Тие воопшто не сакале да слушнат за покорување од тој туѓ Македонец, иако најавил дека војува против Бес како осветник и следбеник на Дариј.

Напротив, тие во Бес гледале свој лидер за национална борба, кога тој како роднина на ахеменидската куќа на враќање во Бактрија, ја ставил круната на својата глава, право што го имал од самиот крал и се прогласил како Голем крал под името Артаксеркс.

По малку време тој загинал, а тие во Согдијанецот Спитамен виделе одличен војсководец. Речиси повеќе од една година тој бил нивна главна национална личност за слобода и само со неговата смрт нивниот отпор престанал.

Не само што овој непријател се разликувал од поранешниот, туку се разликувало и неговото војување. Овде, во Источен Иран, Александар не водел големи битки, какви што извојувал дотогаш. Во практиката го применувал методот на коса

борбена формација што го наследил од Филип Македонски и добро го имал извежбано. Но борбата на овие луѓе навистина била генијална. Непријателот никогаш не му се приближувал.

Тие никогаш не му се спротивставиле во голем број, но штом ќе тргнел во напад тие му се појавувале во заднината, а ако имале можности и на неколку места во исто време. Изведувале груби напади; се окопувале во непристапни каменести места или кога биле во опасност исчезнувале во туркменските степи за извесно време и, пак, изведувале брзи напади.

Колку опасно и исцрпувачко било ова герилско војување се покажало во битката на Наполеон во Шпанија, во која тој не можел да добие превласт.

Големото значење на Александар како стратег и тактичар, што неоправдано било претставено многу подоцна, повеќе дошло до израз во ова герилско војување во Источен Иран отколку во големите битки во претходните години.

Овде се сретнал со сосема нови задачи кои му задале нови тешкотии од стратешки карактер. Да се потсетат оние коишто би сакале да му ја дадат на Парменион целата војничка доверба, дека за време на ова војување тој бил во Екбатана.

За жал, информациите за воениот распоред на војската на Александар Македонски се толку нецелосни што не можело да се формира чиста слика. Ако војската предводена од Александар во Индија била целосно различна според бројот и според составот од онаа во првите четири години, тогаш морало да се воведат извесни измени уште во текот на војувањето во Источен Иран.

Покрај приклучувањето на наемниците од Античка Грција и Мала Азија, што се спомнати, може да се заклучи од ставот на Александар кон

Персијците дека приклучил голем број персиски единици во својата војска.

Големите загуби во овие години барале интензивна обнова, а карактеристиките својствени на герилското војување барале посебно развивање на лесни единици и коњица, бидејќи Бактријанците и Согдијанците биле извонредни јавачи на коњи.

Тешко вооружената македонска фаланга, воопшто, не можела да се користи како блиска формација, а тоа се однесувало и на тешката коњица која повеќе не оперирала во засебни корпуси. Во преми-нувањето на снежната планина Хинду-Куш коњицата на Александар загубила многу коњи.

Тие биле заменети во 329 година со првокласни согдијански планински коњи, со што ја направил својата коњица многу повеќе слична на онаа на непријателот. Главната цел на овие измени била брзината и големата мобилност. За таа цел биле формирани нови тактички единици.

По реорганизацијата започната во 331 година на коњичките полкови во два ескадрона поединечно, во 329 година Александар формирал посебни единици кои се поделиле во неколку помали делови и ги пресретнувале јавачите со различно вооружување и од разни националности.

Биле воведени нови класи на војници, по-зајмени од Персијците, планински носачи на копја кои се појавиле во неговата војска наскоро по смртта на Дариј, како и планински стрелци со лак. Тоа се ситници кои овозможувале бегол увид во трансформацијата на војската на Александар.

Последиците од тој растурен начин на војување што го употребувал непријателот го принудиле Александар Македонски да примени нова тактика. Тој често морал да ја принудува својата војска да напаѓа во посебни колони.

Различни борбени единици биле групирани под една команда и така колоните биле способни да вршат независни акции во ист момент.

Меѓутоа, во случај на потреба колоните правеле брзи маневри и, пак, се враќале. Александар применил колку што е можно понов начин на војување и го употребил во борбите во Источен Иран. Врз основа на сомнителни изјави порано се претпоставувало дека тој веќе изградил нови градови во Блиска Азија, но скорешните испитувања овозможиле да се верува дека изградбата на неговиот град во Источен Иран бил негова прва акција од тој вид на азиско-атичка почва.

Секако, тие се вистински автентично испитани градби на Александар Македонски во Азија и не треба да се мешаат со претходно обновената изградба на старите градови, како што биле Тир и Газа.

Додека тука треба да се исклучи воениот мотив, во случајот на Источен Иран очигледна е потребата да се заштити во војничка смисла на оваа тешко добиена територија, каде што дошле до израз воените иновации. За важноста на овие градби во унапредувањето на трговијата и културата ќе се зборува подоцна.

По оваа општа оцена за војувањето во Источен Иран, потребно е во груби црти да се даде скица за курсот на војничките операции. Во летото 330 година, Александар отишол кон исток од Хирканија низ Ерија, каде што ја добил веста дека Бис, како што веќе било спомнато, бил признат во Бактрија за крал на Азија под името Артаксеркс. Сатибарзан, намесникот на Арија, само што му оддал почит, Александар Македонски побрзал по најкусиот пат кон Бактра (Балкх).

Меѓутоа, тој морало да оди кон југ во Арија, бидејќи, штом Сатибарзан ја слушнал веста за Бес

заземал поинаков став и кренал бунт. Повторно Александар Македонски ја постигнал својата цел со зачудувачка брзина на операциите. Со своите единици тргнал во поход и за два дена стигнал во Артакоана, главниот град на Арија. Сатибарзан побегнал, а бунтот пропаднал.

Со цел да ја обез-беди непокорената земја, не е сигурно дали тогаш или подоцна, Александар се определил да основа град со името Александрија во Арија (Херат).

Наместо да се врати кон север по патот што водел директно во Бактрија, тој отишол подалеку на југ во Дрангијана, без да се соочи со некој поцврст отпор.

Потоа отишол кон исток до Арахосија и на крајот во Паропамисада на крајниот југ на планината Хинду-Куш. Изгледа неговиот марш се одвивал по правецот на персискиот кралски пат. Ова големо заобиколување кон југ до Хилменд, на Александар таа зима (330-329) не му дозволила да го продолжи зимското логорување.

Неговиот стратешки план, особено по лошото искуство што го стекнал во Арија, несомнено било да ги окупира регионите јужно од планината Хинду-Куш со цел да ги заштити слабостите во заднината.

Тој, исто така, ги заштитил овие региони со тоа што формирал неколку градови како што биле: Александрија во Арахосија (Кандахар) и Александрија во Кавказ. Тука на единиците им било дозволено малку да здивнат, иако колоната морала да задуши уште едно востание во Арија.

Во пролетта 329 година, по кусиот одмор, Александар Македонски ја повел својата војска преку снежната планина Хинду-Куш, и наспроти опустошувањето на територијата на северниот крај, каде што Бес требало да го задржи,

победоносно влегол во Бактрија. Пред неговиот брз напад Бес избегал преку реката Оксус (Аму-Дарија), ги изгорел своите чунови и се повлекол кон Наутака во Согдијана.

Во меѓувреме, Александар Македонски ја окупирал Бактрија, вклучувајќи го и главниот град Бактра, и тргнал кон реката Оксус, што ја преминал во близината на Килиф. Поради недостиг на дрва било невозможно да се изградат мостови, затоа им требало речиси пет дена за да ја премостат реката.

Тие испливале преку реката со помош на надуените кожни мевови сошиени од шаторските покриви и држејќи се за уздите на коњите при пливањето. Ова било, во античко време на Исток, како што е познато, и денес добро познат метод за поминување на река, а Александар Македонски веќе го употребил тој метод на Дунав.

42.
АЛЕКСАНДАР МАКЕДОНСКИ И НЕГОВАТА ЉУБОВ РОКСАНА

Бес го изгубил престижот, се повлекол без борба и наскоро паднал во рацете на Александар Македонски. Неговите единици се разбегале и се предале, а Бес напуштен од своите следбеници, меѓу кои и од Спитамен Согдијанецот, лесно бил фатен од Птоломеј, последниот крал на Египет, кој бил вклучен во брзите единици за ваков вид борба

Александар Македонски го нашол Бес во улога на Големиот крал, го казнил за големото предавство и подоцна го убил во Бактрија. На персиски начин, на кој Дариј I пред тоа ги казнувал своите непријатели, на Бес му биле исечени носот и ушите и потоа бил испратен во Екбатана каде што бил свирепо убиен со распнување на крст и со сечење на парчиња. Меѓутоа, во Спитамен, кој сега го зазел местото на Бес како водач на националното востание, Александар имал многу поопасен непријател.

Александар Македонски навлегол откај Мараканда (Самарканд) кон реката Јаксарт (Сир-Дарија) и така втасал до крајниот север на Персиската Империја. Реката, како што се гледа, Македонците ја идентификувале со Танаи. Во широките степи живееле номадите Дахаи, Сакаи и Масагатаи, кои постојано претставувале опасност од таа страна на империјата. Како бедем, против нив, Александар Македонски на таа страна од реката Јаксарт, изградил, нов град со име

Александрија Ешате (Којенд), што требало да го штити откај граничната река.

Поради бескрајните степи од другата страна на реката, Александар немал намера да ја поместува границата на север од онаа што ја поставил порано на Дунав, каде што го постигнал лимитот на „населениот свет“, кој се граничел не само со океан туку и со пустина. Сепак, како и кај Дунав, тој сега извршил победоносно преминување преку реката Јаксарт со цел да ги инспирира тие варвари со почит да се однесуваат кон неговото оружје.

Додека Александар бил преокупиран со подготовките за изградба на градот, Спитамен кренал на бунт неколку места во заднината. Биле извршени остри казни над сите тие кога востанието било задушено со многу крвопролевање. Градското подрачје било уништено, а жителите убиени, бидејќи Александар Македонски ги сметал за бунтовници против својот господар.

Наскоро потоа неуморниот Спитамен успеал да поттикне востание и во поголемиот дел на Согдинија, востание што станувало сé поопасно, бидејќи било помагано од северните номади. Штом Спитамен започнал да врши опсада на македонските гарнизони во Мараканда, Александар испратил експедиција против него, а тој останал да ја надгледува изградбата на градот. Мараканда била ослободена, но по повлекувањето во северните степи и набавувањето на 6.000 коњаници од сојузничките номади, Спитамен целосно ги поразил и уништил експедициските корпуси кај Политимет и извршил опсада на Мараканда.

Потоа Александар ја напуштил реката Јаксарт и лично заминал кон Мараканда со контингент на лесни единици. Растојанието од 180 милји од Којенд до Самарканд го поминал за три

дена и неколку часа. Штом се пренела веста за приближувањето на Александар, Спитамен избегал во степата. Александар го следел до Политимент, ги потчинил луѓето на северната граница и остро ги казнил бунтовниците. Потоа, тој ја свртел својата војска кон југ кон Бактрија и го започнал своето зимско логорување (329-328) во главниот град Бактра.

И наредната година (328), Александар бил преокупиран со жестоко војување против бунтовниците во Бактрија и Согдијана. Дел од војската под команда на Кратер останала во Бактрија а другиот дел со кој Александар отишол во Согдијана. Војската морал да ја подели во пет колони за да ги фати широко распространетите бунтовници од кои голем број избегале во тврдините. Откако бил скршен нивниот отпор колоните се соединиле за борба во Мараканда.

Додека Александар сè уште се борел против бунтовниците, Хефестион испланирал неколку градови за себе во Согдијана. Истата година Фарасман, кралот на Хорас-мијанците кој живеел во далечниот север му изразил почит на Александар и склучил сојуз и пријателство со него.

Во меѓувреме, Спитамен, поддржан од своите пријатели Масагетите извршил ненадеен напад на Бактрија, земајќи богат плен од околината на Бактра. Гарнизонот на градот тргнал да го следи, но бил измамен од Спитамен со заседа и поразен со многу загуби. Кратер потоа побрзал и му задал силен пораз пред Спитамен да навлезе во пустината. Спитамен, значи, пак, успеал да побегне во пустината и ненадејно ја нападнал Согдијана, овој пат придружен од 3.000 Масагетајци.

Во меѓувреме Александар отишол на зимско логорување (328-327) во Наутака, а командата за Согдијана му ја препуштил на Коен,

под чија команда Спитамен претрпел голем пораз. Но, неговата судбина била запечатена со акцијата на Масагетајците. На веста дека Александар има намера да ја окупира пустината, тие го прекршиле договорот за сојуз, му ја пресекле главата на Спитамен и му ја испратиле на Александар.

Со овој трагичен крај на големиот херој практично завршил и иранскиот отпор за независност. Само се задржале мал број бунтовници во некои непристапни каменити предели во југоисточните планини на Согдијана. Во пролетта 327 година, Александар тргнал во напад од Наутака против тврдината на Аријамаз сместена на Согдијанската карпа во која многу од бунтовниците ги оставиле своите жени и деца, меѓу кои бил и бактријанскиот принц Оксијарт, еден од другарите на Бес.

Кога Александар викнал одоздола да се предадат, тие одозгора му одговориле со потсмев дека тој и неговите војници треба да знаат да летаат бидејќи на никаков друг начин не ќе можат да дојдат кај нив. Александар Македонски потоа понудил високи награди за оние што ќе се качат на највисокиот врв кој се надвиснувал над тврдината. Како што и се случило, меѓу Македонците имало 300 смели планинари, кои се зафатиле да го извршат овој опасен подвиг во ноќните часови.

Триесетмина паднале при качувањето, а другите успешно се искачиле со помош на јажиња и долги железни клинци од шаторите што ги набивале во снегот или во замрзнатите карпи. Кога рано изутрината, на нивно големо изненадување, виделе дека се опколени од Македонците, веднаш му се предалеа на Александар Македонски.

Најубавата награда што нему му припаднала била Роксана, ќерката на Оксијарт, која била во цветот на младоста. Според судот на

придружниците на Александар таа била најубавата жена што тие ја имале видено во Азија, најблиска на Статерија, жената на Дариј, Александар страсно се вљубил во неа и одлучил да му стане брачен другар.

Оттука Александар заминал кон исток во пределот на Паретацен кон тврдината на Хориените, која била сместена високо на стрмните карпи, опкружена со длабоки клисури и која се сметала за непристапна. Меѓутоа, Александар сметал дека ништо не е невозможно за него и за неговата војска.

Од огромните борови дрвја што растеле во планините конструирал скали за да се спушти во клисурата, а потоа со помош на вештите инженерци успеал да изгради насип преку клисурата. Веднаш штом Александар со своите Македонци, заштитен во настрешницата од непријателската артилерија, почнал да ја бомбардира тврдината, Хориен се предал.

Тој бил помилуван и натаму си останал на власт. Потоа Александар се вратил во Бактра. Тешката задача за освојување на Источен Иран била завршена. Истрајноста и упорноста на Александар, на што треба да му се восхитуваме, како и при опсадата на Тир, се покажале уште посилни во Источен Иран.

Тој не ја напуштил земјата сè додека целосно не ја потчинил и не ги вклучил Бактријанците и Согдијанците во служба на својата војска, чии одлични војнички квалитети многу ги ценеле. Оваа победоносна борба им оставила толку силен впечаток на луѓето од северните степи, што подоцна во неговата војска се среќавале и Дахајци и Сакајци.

Пред да се врати во Бактра, Александар ја прославил својата женидба со Роксана во дворецот Хориенес. Бидејќи немало доволно

информации за сексуалните карактеристики на кралот, по нешто се дознава од најдобриот извор, од Аријан, кој тврдел дека љубовта спрема таа убава Бактријанка го натерала да не ја смета за заробеничка, туку ја направил своја законита жена.

На познатата слика од современиот уметник Аетион претставен е бракот на Роксана како љубовна сцена, од која може да се извлечат некои заклучоци. Сликата се нашла во Италија каде што Луцијан ја видел и ја опишал, а според тој опис Содома ја направил својата убава фреска во вилата Фарнесина.

Сведоштвото на Аријан за интимниот живот на Александар е многу значајно, бидејќи е очигледно дека овој брак имал големо политичко значење. Женидбата на Александар Македонски со ќерката на Бактрија бил гест на помирување со претходните непријатели, со што и најголемите националисти меѓу Иранците морале да го прифатат. Тие биле ограничени да ја изразат својата национална гордост, зашто бракот бил склучен според иранскиот ритуал.

Александар и Роксана јаделе од еден сомун леб што тој го пресекол на два дела со својата сабја, што бездруго бил стихиен додаток на Александар во ритуалот, а тоа токму нему му прилегало. Меѓутоа, овој брак со Роксана значел многу повеќе отколку самото помирување со источните Иранци. Тој ја најавил и идејата на Александар за еднаквост на Персијците и на другите Иранци со Македонците, на што, прво, бил принуден од војничките потреби, а во последните години од војната таа идеја се развила во мисла за обединување на тие два народа.

43.
ОСУДАТА И УБИСТВОТО НА ФИЛОТА И ТАТКО МУ ПАРМЕНИОН

Разбирливо е што античките Македонци со своето едноставно зголемување му се спротивставиле на својот крал, Александар Македонски, кој станал многу чуден по смртта на Дариј, бидејќи по него тој се сметал за негов законски наследник. Дали античките Македонци ги изразиле своите тајни тешкотии и судири кога презрените ориенталци станале рамноправни со нив?

Наскоро се појавило притаено незадоволство кое понекогаш доведувало до жестоки судири меѓу кралот и неговата околина.

Во отсуство на автентични информации, не може сосема точно да се определи дали првата од трите катастрофи што се случиле во текот на овие години на војната во Источен Иран е последица на опишаните односи, или причина биле, единствено, личните мотиви, но, веројатно, се случило првото. Се знае само дека во есента 330 година, додека Александар сé уште бил во главниот град на Дрангијана, првпат имало заговор против него. Не се дознало кои се подлабоките причини за тоа.

Но прикриениот интерес на писателите најавувал дека Филота бил замешан во тој обид. Инаку, Филота бил постариот син на Парменион и најбрилијантниот офицер во војската, кого Александар Македонски го направил командант на кралските следбеници. Обвинет за учество во заговорот, Филота бил изведен пред Собранието

на македонската војска која била компетентна да ги суди античките Македонци во случај на предавство. Александар Македонски лично и на строг начин го водел судскиот процес, а Филота се бранел.

Воениот суд го осудил Филота на смрт, а егзекуцијата веднаш била извршена на македонски начин, со фрлање копја во него. Ништо друго не се дознало во врска со извршувањето на казната, ниту, пак, тоа зошто Филота, иако бил информиран за заговорот, не го предупредил Александар Македонски и покрај тоа што секојдневно бил со него. Причините за ваквото однесување на Филота не се познати.

Доколку овој извонредно горд и амбициозен офицер, како што е речено, остро го критикувал Александар, дури некогаш и во Египет, не било доволно да се докаже неговото учество во заговорот, иако тоа можело да влијае врз судот. Дали пресудата била праведна или не, не може да се каже.

Мора да се сфати дека Воениот суд, кој функционирал на регуларен начин, бил убеден во неговата вина, додека Аминта, синот на Андромен и неговите браќа, кои поради пријателските односи, со Филота биле обвинети пред истиот суд, ја докажале својата невиност и биле ослободени од обвинението. Осудувањето на Филота се сметало за законско убиство и не треба да се сфати како грешка на Александар Македонски, туку на Собранието на македонската војска.

Од друга страна, пак, Александар има вина за извршувањето на свирепото убиство на Парменион, таткото на Филота. Подоцнежните извори на информации што потврдуваат дека и Парменион бил осуден од Воениот суд, ја фалсификуваат историјата во корист на Алек-

сандар Македонски. Меѓутоа, се претпоставува дека акцијата на Александар Македонски била преземена со посебно овластување дадено од војската за да ја зачува својата безбедност.

Тоа се случило кога Александар на своја одговорност, веднаш по осудувањето на Филота, испратил наредба до потчинетите на Парменион во Медија да го убијат, а наредбата веднаш била извршена. Тоа е најмрачниот дел во животот на Александар Македонски. За тоа во голема мера недостасуваат поцелосни извори на информации кои би дале нешто автентично, наместо претпоставки за мотивите на дејството.

Тоа би било многу важно за оцената на карактерот на Александар Македонски. Тој бил цврсто убеден дека Филота е виновен. Но, дали во некоја пригода претпоставувал дека и татко му бил учесник во заговорот? На ова, всушност, тешко може да се поверува, доколку се земе предвид со каква лојалност Парменион му служел како прв човек во неговата војска, како што му служел и на Филип Македонски, иако одвреме-навреме доаѓало до различни мислења меѓу двајцата.

Освен тоа, доколку Александар верувал во неговата вина, можел да го затвори и да го испита пред војската како и неговиот син. Уште повеќе е веројатно дека Александар Македонски се плашел од Парменион да не ја слушне веста за убиството на неговиот син Филота, што природно би го сметал за неправда, би можел да ја искористи својата значајна позиција, што пред неколку месеци му била доверена во Екбатана, да се одмазди, потпирајќи се врз своите единици и царското благо, со кревање бунт против Александар Македонски во западниот дел на Блиска Азија.

Дали била опасна ситуацијата што таткото на убиениот син ги контролирал комуникациите во заднината на Александар Македонски? Дали со тоа се објаснува големата брзина со која Александар ги испратил пораките со таинствена наредба за егзекуцијата, пред да се рашири веста за осудувањето на Филота? Секако, не постоел друг начин да ја спречи веста да дојде до Парменион.

Така, како што вели Аријан, можно било ваквите причини на државната политика да го принудат Александар да ја предложи смртта, како што со право може или не може да се верува дека тоа е во интерес на самозаштитата од Парменион и за обезбедување на своето царство.

За Александар Македонски не било тешко да предвиди дека овој акт ќе предизвика грозење и одвратност кај целиот антички свет, особено сред неговата војска, каде што Парменион бил многу ценет, а уште повеќе меѓу старите Македонци од школата на Филип Македонски. Се разбира, тој презел остри мерки, кога по извршувањето на пресудата Македонците го изразиле своето незадоволство.

Ги одвоил луѓето во кои се сомневал и ги изолирал од војската. Меѓутоа, ваквата состојба, веројатно, не можела долго да опстане. Иритиран од откривањето на заговорот и од незадоволството што го гледал кај своите македонски придружници, Александар Македонски покажал дека не може да трпи опозиција.

Во врска со случајот на заговорот, Александар Линкестијан, кој му изразил благодарност при стапувањето на должност, но кој во последните три години бил во затвор под сомневање за предавство, бил изведен пред Воениот суд, потоа осуден и убиен.

Во изминатите две години Александар сé повеќе го прифаќал начинот на живеење на Големиот крал. Околу есента 328 година, тој бил во Мараканда по победоносната година на војување во Согдијана, каде што повторно се кревале бунтови. Подоцнежните извештаи ги обојуваат фактите за да им одговорат на теориите, така што тешко е да се определат деталите.

Веројатно, најверодостојна информација е онаа на Плутарх, која се чини оди поназад до некои добри и стари извори во кои, едноставно, фактите биле потврдени. Според овој извор, Александар Македонски, една вечер откако добил овошје од приморјето, ги поканил своите пријатели на веселба.

Атмосферата сé повеќе се загревала поради виното од Туркестан, кога одеднаш по пеењето на една локална песна, со подбив за сметка на некои македонски офицери, што наскоро биле поразени, односно за храброста на античките Македонци, се повела дискусија меѓу Александар и неговиот пријател Клит, кој пред тоа му го спасил животот на Граник.

Во текот на расправата на Клит му здодеале погледите на Александар, па направил бесрамна алузија за него како син на Амон, а под влијание на слаткото вино не можел да ја прикрие својата внатрешна интима, па на кралот му го кажал тоа што нему и на неговите другари од дворјанството им тежело на душата за предностите што им биле дадени на Персијците и за усвојувањето на персиската облека.

Кога на крајот му рекол дека подобро било да ги поканел варварите и робовите, Александар, кој, исто така, бил напиен повеќе вино, во лутина фрлил со јаболко и го удрил Клит по главата, а овој

посегнал со раката кон камата. Меѓутоа, телохранителот брзо му ја фатил раката.

Се чини дека Александар погрешно го сфатил тоа и го протолкувал како предавство. Тој им викнал на македонски на своите хипасписти и му наредил на барабанџијата да даде знак за тревога. Барабанџијата имал храброст да не го послуша, а Александар Македонски го удрил со тупаница по лицето.

Кон бесот спрема Клит треба да се додаде и гневот и возбудата од недокажаниот заговор. Во тој момент Клит, кого неговите пријатели успеале да го истуркаат надвор од собата, повторно влегол од друга врата и му упатил уште една навреда на кралот.

Во тој миг Александар ја загубил контролата на разумот, го зграпчил копјето од телесната стража и го прободел својот пријател. Овој настан многу го вознемирил, па така истоштен поминал три дена во длабоко каење, без храна и вода.

Кој би бил во состојба да ја оцени оваа брза ерупција на човечки чувства, слична на онаа од природните сили? Која страна треба повеќе да се осуди? Двајцата пријатели кои се препирале, не биле двајца вистински мажи, туку тоа биле два различни погледа на светот кои експлодирале од елементарен бес. Ужасната сцена ни ја осветлува состојбата на чувствата кои постојано се зголемувале меѓу македонските следбеници на Александар со промените во концепцијата на неговата кралска положба.

44.
ЗАГОВОРИ ПРОТИВ АЛЕКСАНДАР МАКЕДОНСКИ И УБИСТВОТО НА КАЛИСТЕН

По неограничените противобвиненија на Клит, Александар Македонски првпат морал да се соочи со психолошките ефекти на својата политика спрема Македонците. Но, тоа не придонело да ги измени своите погледи. Тој никогаш не прифаќал отстапки, ниту, пак, компромис. Средствата и начините што го воделе кон неговите цели за него биле определени и непроменливи

Тој веќе морал да согледа од кога и да е појасно дека не може да се искачи на стрмниот пат кон светскиот суверенитет без конфликти со своите антички Македонци и уште повеќе тој морал да чувствува дека е битно да се потпре и врз Персијците и врз другите Иранци. Наспроти големото каење на Александар, тоа упатува да се подвлечат причините за судирот; катастрофата на Клит имала спротивен ефект.

Александар Македонски потврдоглаво се приклонил кон политиката што Македонците не ја оправдувале и уште подлабоко нурнал во идејата за асимилација меѓу победниците и победените. Идејата за спојување на нациите, што,веројатно,му била сугерирана многу порано, се развила во неговата глава и неколку месеци потоа, во пролетта 327 година, првпат излегла на видело со женидбата со Роксана.

Како последица на тоа, веднаш по враќањето во Бактра тој пробал да го воведе персискиот обичај - метанија пред кралот и кај античките Македонци и кај античките Грци. Од стари времиња ориентална практика било потчинетите на кралот да го поздравуваат со метании. Веројатно, тоа не подразбирало признавање на кралот како Бог; тоа било знак на единствена најцелосна зависност од неограниченият владетел.

Овој облик на метании што го вовел Кирус, основачот на империјата и се однесувал за Персијците, како и за другите негови потчинети, секогаш бил сметан од античките Грци, веднаш штом дошле во контакт со тоа, како нешто невообичаено и наполно ориентално. Слободниот антички Грк можел да се понижи пред својот Бог, но никогаш пред човек, па затоа овој обичај можел погрешно да се протолкува, како што се случило кај Аесшил, дека Персијците ги боготворат своите кралеви како богови во текот на животот.

Александар Македонски, бездруго, знаел од оние што му се умилкувале дека Персијците метаниите ги сметале, едноставно, како израз на длабоко почитување спрема својот господар. Но, бидејќи Александар бил поблиску до античката грчка концепција, знаеле дека е опасно да се воведе овој обичај кај своите потчинети, меѓу античките Македонци и античките Грци, обичај што Персијците го сметале како нешто секојдневно и вообичаено.

Решително морал да го отфрли гледиштето дека тој мислел индиректно да ги присили да го признаваат како Бог, бидејќи подоцна барал такво почитување само од античките Грци, а не и од античките Македонци. Неговата намера била со помош на овој дворски церемонијал повеќе да ја изрази еднаквата позиција на Персијците со

античките Македонци и со античките Грци. Тоа било чекор назад во однос на сé што пред тоа направил во оваа насока.

Можеби немало да се зафати со ова, ако на дворот немало непосредни лица кои биле подготвени да се зафатат со оваа работа и поради тоа да поминат со него низ судни маки. Веројатно неговиот близок пријател Хефестион бил режисерот. Колку биле свесни за опасноста од опитот е покажано од едно блиско предупредување.

На една гозба било договорено кралот да пие од пехар со своите пријатели. Секој требало да испие пехар со пијалак, да се поклони пред кралот и потоа да се бакнат пријателски.

Тоа бил персиски обичај. На почетокот сите постапиле според планот. Но, кога му дошол редот на Калистен, кој бил изненаден од сугестијата да го примени обичајот и да направи метанија, тој го избегнал тоа. Александар бил свртен кон Хефестион, а кога неговото внимание било свртено кон пропустот, тој одбил да го бакне Калистен, кој потоа дрско му рекол: „Еве, си одам посиромав за еден бакнеж“.

Така, вечерта завршила со овој непријатен инцидент. Меѓутоа, она што на крајот го поттикнало Александар Македонски да се откаже од намерата не било толку одбивањето на Калистен, туку тоа што тој сметал дека неговите стари антички Македонци тврдоглаво ќе го одбијат ваквиот обичај. Не е потврдено дека Александар Македонски во наредните години го применувал обичајот на метании.

Веројатно, тој увидел дека бил пребрз во својот обид и не се срамел да се откаже од намерата. Оваа ориентална церемонија на Запад се употребувала многу години, но, не до

Диоклецијан кога била воведена заедно со други дворски обичаи.

Најизненадувачко е тоа што на Александар му се спротивставил Калистен, тој кој во својата книга бил безграничен со глорификацијата на кралот и кој најмногу го поддржувал неговото божествено право како син на Бога. Немало промена спрема Големиот крал како панелинистички херој, но тоа веќе ги разнишало односите со Александар Македонски.

По убиството на Клит тој бил еден од оние што сакале да му угодат на расеаниот монарх. Неговото спротивставување на традицијата правење метании во чест на кралот не претставувало протест против Александар, како што му се припишувало, туку во тоа гледал варварски и смешен начин на оддавање почит, со што слободните антички Грци биле доведени на варварско ниво, а што тој го презирал. Неговата тесна врска со Александар Македонски била непоправливо разнишана, а кралот го мразел, бидејќи сега го сметал како водач на опозицијата.

Наскоро потоа бил откриен нов заговор што го сковале кралските пажеви. Овој пат причината за заговорот не била од политички карактер туку чисто лична. Се случило поради повредената суета на младиот Хермолај кого Александар го укорил пред другите пажеви, бидејќи на заедничкиот лов убил дива свиња пред него. Заговорот бил притаен во споредба со првиот, но бил поопасен, бидејќи пажевите чекале да го убијат кралот ноќе на спиење.

Ако Александар Македонски не останел цела ноќ на гозбата, како што му било речено од сирискиот пророк, ќе бил мртов. Заговорот бил откриен наредниот ден. Пажевите како синови на антички македонски дворјани биле изведени пред

Воениот суд и откако ја признале вината биле осудени на смрт и убиени со каменување.

Калистен бил тутор на многумина и се наоѓал во добри односи со нив. Затоа било очигледно дека тој знаел за заговорот или, пак, ги поттикнал на тоа. Александар го затворил и побарал да го испитаат. Бидејќи Калистен бил антички Грк, немало проблем да му суди македонската војска. Александар Македонски прво мислел да го испрати на суд пред Федералниот совет во Коринт.

Оваа информација заслужува внимание, бидејќи таа повторно покажува дека Александар Македонски сé уште се сметал дека е антички грчки хегемон на Елинистичката лига. Меѓутоа, подоцна ја напуштил оваа идеја, го земал Калистен со себе како затвореник, го осудил и лично ја изврши казната во Индија.

Несомнено, тоа покажало дека Александар верувал во неговата вина, бидејќи Птоломеј и Аристобул го поддржувале фактот дека Калистен бил поттикнувач на заговорот.

Меѓутоа, неговата вина не била судски докажана и затоа е тешко да се прифати. Со пресудата над Калистен, Александар Македонски се компромитирал во античкиот грчки свет, кој очекувал оваа егзекуција да се изврши по законски пат. Возбудувањето во Перипатетичкото училиште било особено големо, бидејќи Калистен го сметале за свој приврзаник.

Теофраст ја искажал својата болка за трагичниот крај на својот пријател во расправата „Калистен“ или „На тагување“, во која потврдил дека Александар не сфатил дали има право или не да ја користи својата среќа.

Перипатетичарите на овој начин започнале да го сметаат Александар како тиранин затруен од

својата сила и заслепен од својата среќа, сфаќање што уште повеќе се развило кај идните историчари.

Од друга страна, пак, привремено бил прекинат односот помеѓу Александар и Аристотел, кој како вујко и учител на Калистен, веројатно, многу влијаел врз него. Но, подоцна повторно продолжиле да си пишуваат и разменуваат мисли.

Од доследниот третман на катастрофите што се случиле во Источен Иран, почнувајќи од судењето на Филота до пресудата на Калистен, како што биле изнесени начелата што ги поврзувале, лесно може да произлезе премногу мрачна слика за односот на Александар Македонски со својата војска.

Ако некој ги следи војничките дејства од 330 до 327 година, кои завршиле со исклучително тешко задушување на националниот отпор на Источен Иран, ќе види дека Александар, сепак, успеал да ја задржи во свои раце војската, офицерите и другите.

Во нападот или во битката тој постојано бил ист; тој бил крал на античката македонска нација; со војската го делел големиот замор, гладот и жедта во таа герилска војна. Освен тоа, има анегдоти од тие години кои, веројатно, не можат да се земат како историски, но, очигледно со описно коректни импресии, а тие покажуваат каква хуманост изразувал Александар Македонски кон својот народ со лично жртвување. Тоа тој го правел за војската што го следела со ентузијазам.

45.
ПОХОДОТ НА АЛЕКСАНДАР МАКЕДОНСКИ КОН ИНДИЈА

Александар Македонски штотуку го освоил Источен Иран, пред да го започне големиот поход кон Индија. Во текот на иранскиот поход му биле разјаснети многу поими. Во зимата 330-329 година во Арахосија, јужно од планината Хинду-Куш, дошол во контакт со таканаречените планински Индијци, кои се граничеле со оваа провинција

Ова е поврзано со 328 година при неговото преговарање со Фарасман, принц на Хорасмијанците, кој го предизвикал да се бори со луѓето од северните страни.

Александар го одбил предизвикот, бидејќи веќе мислел на Индија како наредна цел. Всушност, тој веќе воспоставил деловни врски со принцот од Таксила (Пенџаб) во 329-328 година кога бил во Согдијана. Дополнителните силни зајакнувања од Запад и извонредното зголемување на неговата војска укажуваат за тој нов проект. Веројатно, ова може да се поврзе со посебната природа на неговите индиски планови и со фактот дека во 329-328 година го донел Неарх во логорот, својот пријател од младоста, кој потоа одиграл важна улога во морнаричкиот потфат во Индија.

Како да се смести ова решение за одење во Индија во перспективата на животот и делото на Александар Македонски во целина? Оние научници кои го поддржуваат мислењето дека тој немал намера да создаде светска империја, не

гледаат во ова решение ништо друго освен намера или лично поседување на Персиската Империја со сета своја големина, или обновување на границите на империјата, како што биле под Дариј I.

Меѓутоа, постапките на Александар во Индија не се објаснуваат со тоа, бидејќи тој отишол многу подалеку од тие граници. Дариј I го освоил северозападниот дел само до реката Инд, а понатаму не бил во можност да го држи својот суверенитет. Во битката кај Гавгамела, Индијците се бореле на персиска страна, но тие биле единствени погранични племиња од планинските Индијци кои припаѓале кон намесникот на Арахосија и Индијците кои граничеле со Бактрија.

Основната цел што го поттикнала Александар да оди во Индија не било поради победа или поради враќање на ахеменидската моќ. Тој отишол уште подалеку.

Со одењето во Индија имал намера да втаса до источниот крај на светот. Доколку се сака да се разбере тоа, мора да се разјаснат географските поими за кои бил информиран. За античките Грци Индија била најисточната земја со населен свет, според Хекатеј, како и според Херодот и Ктесија, но никој од нив не ја видел Индија.

Нејзиниот источен брег го заплискувале брановите на океанот што ја окружувал земјата. Колку била тесна нивната концепција за големината на Индија се гледа во изреката на Аристотел, дека штом се премине планината Парнас (т.е. Хинду-Куш), се појавува надворешното море (океанот). Александар Македонски израснал со уверувањето дека Индија е источната крајна граница на светот.

Ова доаѓа од одговорот до Фарасман, кога му рекол дека сака да ја потчини Индија, „бидејќи тогаш тој целосно би ја имал Азија во свои раце“.

Ова јасно го изразувало неговиот мотив дека тој не сакал, како Ахеменидите, да ја носи само титулата суверен на светот, туку да стане реален суверен на светот кој ја проширил својата империја до природната граница на населениот свет. Оваа идеја за светски суверен, што со години била во неговите мисли, сега започнала да се реализира со навлегувањето зад претходната источна граница на Персиската Империја.

Меѓутоа, тој не бил поттикнат само од желбата за освојување. Сепак, и тука дошла до израз неговата склоност кон научното испитување и кон науката комбинирана со желбата за моќ. Тој во исто време сакал да ја разјасни географската положба и да се прошири во Индија. Несомнено, во претходните преговарања со Таксилите што биле извршени во Источен Иран, тој добил информации за Индија кои не биле во согласност со неговите претходни гледишта и за него се отвориле низа проблеми.

Меѓутоа, дури и фантастичните пресметки околу Индија како земја на чудата, што се ширеле меѓу античките Грци, изнесени од Хекатеј и Херодот, а особено од митолошките извештаи на Ктесија, морале да го предизвикаат да ги испита во светлината на вистината. Групата научници што го придружувала работела со жар и многу успешно во Индија. Неговиот индиски поход, всушност, било патување за откривање, што им донело богата придобивка на античките научници, надмоќност по географија, ботаника и зоологија.

Тоа бил силен момент во историјата на светот кога Александар Македонски со својата војска ја окупирал Индија. Првпат античките Грци и Индијци дошле во контакт. Индија претставувала засебен свет. Таа била поврзана со Западна Азија на северозапад со котлината Кабул, пат кој ја

почувствувал инвазијата на предците на Аријан Хинд, а од каде што сега дошол и Александар.

По истиот пат одвреме-навреме доаѓале недоволно јасни информации за Индија во Персија, а оттаму и кај античките Грци. Низ таа клисура, исто така, ја носеле индиската стока по караванскиот пат до Касписко Море, а оттаму се транспортирала до Црно Море.

Понекогаш до персиската престолнина доаѓале ретки продукти од таа земја, а примерите на таа чудна фауна, како папагали, за кои Ктесија, кој таму ги видел, известува толку одушевувачки, дека тие зборувале индиски, но, исто така, би можеле да научат и друг јазик. Преку таа клисура веќе биле направени многу трговски зделки со Далечниот Исток. Така, Неарх раскажувал дека во Индија видел серијанска свила, односно кинеска свила. Меѓутоа, овие оскудни поврзувања со надоврешниот свет не ја измениле целосната интелектуална изолација на Индија.

Бидејќи Александар не отишол зад Пенџаб (земја на пет реки) и долината Инд, а и дека никогаш не стапнал на светата земја во Индија, долината Ганг, тој не дошол во контакт со доктрината на Буда, која се прокламирала во Ганг речиси двесте години пред тоа. Тој дошол во допир со интелектуалниот и религиозниот живот на Индијците само на планината Брамин и со оние калуѓерски пустиници и грешници, наречени „гимнософисти“.

Тие го пречекале, особено на југ, со непријателство на религиозен фанатизам, но, сепак, тој се обидел да воспостави пријателство со нив. Тешко можат да се замислат поголеми контрасти меѓу неспоредливата енергија на Александар, претставникот на активниот живот, и

овие замислени Индијци, претставници на замислен живот во неговата екстремна форма.

И овде дошле во допир два сосема различни света. Во почетокот се сомневале дали Александар Македонски ќе успее да го трасира патот за да ја шири античката грчка култура во Индија со изградба на градови. Познавачите на индиските особености рекле:

„Александар дојде многу доцна во Индија. Кога тој се појави, индиската нација постоеше со сите свои особености на еден народ, кај која доминираа формите на живот и обичаите, кои беа неспоредливи со стандардите на другиот свет“. Сепак, без Александар подоцна немало да се измешаат индиската и античката грчка уметност во една сложена уметност, чии рефлекси можат да се видат низ Централна Азија до Кина и Јапонија.

Во летото 327 година, Александар тргнал од Бактрија. Младата кралица Роксана го придружувала до Индија и наредната година таму му родила син, кој, меѓутоа, наскоро умрел. За да го обезбеди намесништвото во Бактрија, не наименувал Персиец, туку го наименувал Аминта, Македонецот, кому му оставил не помалку од 10.000 пешадијци и 3.500 коњаници. Неговата сегашна војска била поголема од таа кога го преминале Хелеспонт пред седум години и била целосно различна според составот и организацијата.

Во неа биле вклучени многу илјади Персијци, Бактријанци, Согдијанци, кои не зборувале на Даха и Сака јазиците, заедно со античките Македонци и античките грчки наемници. Имало шаренило од нации, а, исто така, биле придружени од жени и деца и од голем багаж, за што не постојат точни податоци. Во есента на 326

година војската, вклучувајќи ги и индиските единици, броела околу 120 илјади војници.

Сите походи на Александар биле проследувани со највнимателни дипломатски подготовки. Овој поход не бил исклучок. Од испитувањата тој знаел дека во Индија нема да се сретне со обединет отпор на големото кралство, зашто таму имало неколку поголеми или помали кнежевства едно до друго, кои, главно, имале меѓусебни племенски расправии.

Од Бактра Александар ја повел својата војска назад преку планината Хинду-Куш, овој пат по пократок пат преку западниот премин, до Александрија во Парапамисада. Во есента 327 година тргнал кон реката Инд преку долината Кабул што ја поврзува Индија со запад. Подјармувањето на планинскиот предел северно од Кабул (Кофуен) во индиската северозападна гранична провинција, при тогашни услови барало жестоко војување, бидејќи храбрите и воинствени племиња биле многубројни, а планинските земји со своите особености го спречувале неговото напредување.

По официјалното отворање на војна со приложување жртва на Атена од Никеа, место што точно не се знае, Александар ја поделил својата војска во две колони, испраќајќи ги Хефестион и Пердика со помалиот дел од војската долж Кабул со задача да изградат мост преку реката Инд.

Во една битка Александар, како и Птоломеј, синот на Лаг, и Леонат биле ранети. Во друга пригода имало дуел меѓу Птоломеј и еден индиски принц. По преминувањето на Сват, започнала борба со силното племе на Асацените. Нивната главна тврдина Масага била освоена по многу тешко војување.

46.
ПРВАТА БИТКА НА АЛЕКСАНДАР МАКЕДОНСКИ ВО ИНДИЈА

Поради големите загуби непријателот ги напуштил своите градови и избегал источно кон тврдината Аорнос, сместена на гребенот над десниот брег на реката Инд. Оваа тврдина Аорнос, за чија положба постојано имало дилеми била успешно идентификувана од сер Аурел Стеин со огромниот масив на планината Пир-Сар (околу 1.600 м) сместен на свиокот на реката Инд

Точна била стратешката цел на Александар Македонски веднаш да не го гони непријателот преку непреодните планини, туку подобро да оди кон југ спрема Кабул, а потоа да замине нагоре по реката Инд. Така, тој отишол долу во долината Пешавар (Пеукелаот), а потоа продолжил од југ кон десниот брег на реката спроти Аорнос. Само сега затоа што Аорнос се идентификувал со Пир-Сар, јасно е дадено значењето на оваа борба од Аријан, а и само ги гледаме огромните тешкотии што ги имал Александар.

Повторно се одушевуваме од истрајноста со која тој војувал, иако неколкупати неговите напади биле одбивани. Јасно му било дека не може да влезе во Пенџаб сè додека не го скрши отпорот на Асаценитe во Аорнос. Затоа Александар постојано применувал нови методи за напад сè додека не започнал со изградба на насип за премостување на клисурата, што ја делел неговата позиција од изолираната карпа.

Веднаш штом ова било направено за да може оружјето против опсадата да достигне до непријателот, отпорот бил скршен, а Александар Македонски можел да дојде до високото плато. Тој лично бил првиот кој се искачил на врвот.

Со освојувањето на Аорнос, што е еден од најбрилијантните подвизи на стратегијата и тактиката на Александар, го завршил и походот и му се отворила вратата кон Пенџаб. Целиот регион бил ставен под власт на намесникот Никанор, а претходно на Александар му се придружил Индиецот Сисикот по договорот во Аорнос, што пред тоа немал вештачки утврдувања.

Бидејќи општото бегање на населението од Аорнос покажало дека тие ја сметале оваа природна тврдина за непобедлива, античките Македонци мора да биле горди што можеле да направат натчовечки подвиг во заземањето на тврдината. Така тие почнале и во придружбата на Александар и во логорот да кажуваат како Хераклe, божјиот прататко на нивното кралско семејство, еднаш пробал да го освои Аорнос, но не успеал.

Поранешната мисла на Хераклe ги окупирала античките Македонци кога ја поминувале планината Хинду-Куш, бидејќи ја идентификувале со Кавказ, и претпоставувале дека го нашле местото каде што Хераклe некогаш го довел Прометеј. При маршот до оазата Сивах, Александар им кажал на своите единици дека Хераклe и Персеј биле таму пред него и на тој начин ги потврдиле ваквите митски изедначувања.

Овде на Исток развојот на митот за Хераклe изгледа продолжил кај војската и, се разбира, било добредојдено за кралот и несомнено поткрепен од него. Клитрах потоа развил теорија дека Александар сакал да изврши атак на Аорнос, со цел да го надмаши Хераклe. Меѓутоа, освоју-

вањето на Аорнос било стратешка потреба. Врз овој случај, како и врз раскажувањата од Гордиум и од пророкот Амон, Клитарх создал мотив за постигнатиот резултат.

Легендата за Хераклe не е единственото нешто што било увеличено во овој поход. Ист е случајот и со легендата за Дионис. Кога во планинскиот крај античките Македонци нашле винова лоза и бршлен што ги немале видено од своето заминување од Античка Македонија, се радувале мислејќи дека се на патот кон Бога. Така градот во долината го нарекле Ниса, а приказната се проширила дека Дионис, чии големи победи во Азија, но не и во Индија, веќе им биле познати на луѓето, дошол таму и го формирал овој град.

Овој едноставен и сосема јасен психолошки настан бил фантастично украсен од подоцнежните писатели. Тоа ја дава основата на легендата за Дионисовиот победоносен поход во Индија, легенда чие постоење зависело од походот на Александар Македонски во Индија, а подоцна прифатен од поетите и уметниците.

Од Аорнос Александар заминал кон местото каде Хефестион, според неговите инструкции, направил понтонски мост на реката. По жестоката битка, на војската и дал одмор од триесет дена, а во пролетта 326 година ја преминал реката Инд и отишол во земјата на својот сојузник Таксил, чија власт се протегала од реката Инд до Хидасп, следната река во Пенџаб. Таксил го примил со многу вредни подароци и му посакал добредојде во Таксилија, неговиот главен град. Неговиот статус бил потврден од Александар и бил третиран како вазален принц, бидејќи на заминувањето од Таксилија. Александар оставил гарнизон.

Овде Александар Македонски со придружбата се запознал со чудата на Индија, со

нејзините необични навики и обичаи, а неговите научници започнале да ја испитуваат индиската флора. Во Таксилија прво се запознал со калуѓерите „гимнософисти“ што претходно биле опишани. Еден од нив, Калан, се приклучил кон кралскиот логор и отишол заедно со нив до Персија каде што се разболел и на изненадување на војската го завршил својот живот со филозофски молк на погребна клада.

Сé уште се зачувани фрагменти од книга за Александар од Онесикрит, еден од неговите придружници, во кои, на романтичен стил и со филозофска и историска природа, го дава разговорот што го водел со некој од калуѓерите во Таксилија со помош на преведувач. Како раскажување е двосмислено, а во фактот што разговарале Онесикрит и гимнософистите (калуѓерите) не треба да има сомневање; интересно е да се види како овој циник и ученик на Диоген, иако наишол на циничка доктрина во општа смисла кај овие индиски испосници со нивниот едноставен и аскетски живот, ги претставил како вистински циници со цинички идеи за монархијата и за државното право на светот.

Од друга страна, пак, во деловите што се зачувани од разговорот меѓу калуѓерите и Александар инвентивно се измислени во наредниот период и несомнено се пренесени сред членството на циничкиот круг, кои немале почитување кон Александар, какво што имал Онесикрит.

Таксил испратил свои амбасадори кај Александар во Согдијана, бидејќи со тоа се надевал дека ќе се заштити од непријателските соседи, Абисар кралот на Кашмир и Порус, како што античките Грци го викале кралот Паурава, чие големо кралство источно од Хидасп го присвоил за себе.

Додека Абисар настојувал да го измами Александар во своите вистински намери со испраќање на амбасадор и со вредни подароци, склучил сојуз со Порус, кој собрал силна војска од другата страна на брегот на реката Хидасп за да го спречи Александар Македонски да ја премине реката. Таму, во средината на летото 326 година, се случила уште една значајна борба во која Александар учествувал последен пат.

Што се однесува до историјата на војната и на судот на неговата способност како генерал, оваа битка е многу интересна. Таа е сосема различна од трите претходни. Во нив тој се придржувал кон основните принципи на косиот строј на војување, но тука употребил сосема нови тактички идеи и без придржување кон некои определени шеми одлучил да војува според посебните услови. Неговата задача била да го засили преминувањето и да го порази непријателот.

Отспротива, на левиот брег, се наоѓал Порус со 200 слонови и 300 борбени коли, како и со голема пешадија и коњица. Згора на тоа, реката била надојдена од тропските дождови. Бидејќи Александар не се осмелувал директно да ја премине реката откај кампот што го имал поставено на десниот брег, се послужил со воено лукавство. Повторувањето на ноќните маневри го заморил непријателот, сè додека не се откажал не верувајќи во сериозноста на непосредниот напад.

Една ноќ без да привлече внимание Александар Македонски отишол спротиводно до едно згодно место каде што успеал да ја премине реката со 5.000 коњаници и 6.000 пешаци, оставајќи го Кратер зад себе со својата војска. По пристигнувањето од другата страна, Александар Македонски наредното утро го започнал својот марш против Порус. Тој лично одел напред со

коњицата и наредил пешадијата да го следи. На веста за она што таму се случувало, Порус, прво, испратил во пресрет мала дивизија под команда на својот син, кој бил поразен и се предал.

Во меѓувреме, Порус ги довел своите главни единици и ги построил во борбена линија на погодно место. Во центарот биле 200 слонови, меѓу нив и назад пешадијата од околу 20.000 до 30.000 луѓе, така што слоновите стоеле како градски бедем, а на крилата била сместена коњицата, чијшто број се движел од 2.000 до 4.000, како и 300 борбени коли.

Кога Александар се приближил и ја видел нивната силна позиција пред себе, преминал право од марш во напад, како што тоа го направил кај Граник. Се соочил со вкупно околу 11.000 војници, многу супериорен број, но неговите 5.000 коњаници биле повеќе отколку на Индијците. Според тоа, тој настојувал со брилијантен напад да ја ангажира, прво, коњицата пред да дојде неговата пешадија.

Планот бил исполнет до совршенство. Го задржал левото крило на коњицата под команда на Коен, додека Александар лично со десното крило го нападнал спротивното лево крило на индиската коњица и, така, како што очекувал, ја привлекол непријателската коњица да дојде на помош. Тогаш Коен со својот распоред направил круг: отишол напред во заднината на комбинираната индиска коњица која се судрила лице в лице од двете страни. Како резултат на тоа, индиските јавачи на слонови почнале да бегаат.

47.
ПОСЛЕДНАТА БИТКА ЗА КОЊОТ БУКЕФАЛ И ОТКРИТИЈАТА ВО ИНДИЈА

Во тој момент пешадијата на Александар Македонски, која во меѓувреме пристигнала, го нападнала центарот на Индијците каде што настанала голема забуна, која станала уште пострашна кога слоновите, чии гонители наскоро биле убиени од стрелците на Александар, се здивиле и изгазиле повеќе Индијци отколку непријатели

Наспроти индискиот храбар отпор, крајот на ужасната битка бил нивно целосно уништување. На крајот биле опколени, а и притиснати од Кратер, кој во меѓувреме, како генерал, бил јасен и многу убедлив, посебно во оваа битка на Хидасп.

Кралот Пор, џинот на машката убавина, се борел до последен здив со најголема храброст сé додека не бил ранет, истоштен и опколен од победникот. Тој се покажал како добар генерал со распоредувањето на војската пред и за време на битката, меѓутоа, тој сигурно не му бил рамен на генијалниот Александар.

Приказната оди дотаму што вели дека кога Александар Македонски се сретнал со него по битката и одушевувајќи се од неговиот добар изглед, го прашал како би сакал да биде третиран, а Порус одговорил, „како крал“. Дури ако ова е измислица, за што има веројатност, Александар, највитешкиот маж, кој не ценел ништо толку многу кај непријателот колку витештвото, спрема него

постапил како кон крал, без да му го потчини на некој намесник, а подоцна го проширил неговото царство до Хифасис.

Кралот Порус му возвратил со верност до смртта. Политички било од огромно значење за Александар кај овој моќен владетел да добие поддршка на својата власт во Пенџаб. Ситуацијата уште повеќе се стабилизирала со смирувањето на старите непријатели Порус и Таксил.

За да го зачува она за што се борел, Александар на реката Хидасп изградил два антички елински града, еден Никеа (Победа), каде што успеал да ја премине реката, а другиот го изградил на местото каде што се водела битката, именувајќи го Букефалија по својот прочуен коњ за јавање кој поради старост пцовисал таму.

По долгиот одмор, Александар Македонски тргнал кон исток и прво втасал до реката Ацесин, во која на југ се влевала реката Хидасп и на крајот двете се влевале во реката Инд. Овде извршил набљудување со кое дошол до една географска хипотеза. Крокодилите од реката Инд го потсетувале на Египет.

Кога кај Ацесин видел и египетски грав, а во комбинација со информацијата дека Ацесин се влева во Инд, заклучил дека се наоѓа во земјата од каде што извира реката Нил. Неговата радост за откритието ја спомнал во едно писмо до мајка си, а веќе планирал да испрати експедиција во Египет по текот на реката Инд. Од ова може да се види дека тој и неговата свита ништо не знаеле за патувањето по реката Инд, кое според Херодот, го извел Сцилакс од Карианда по наредба на Дариј I.

Згора на тоа, со овој заклучок јасно е осветлено целосното игнорирање од страна на Александар на јужната граница на Азија, особено на Индискиот Океан. Единствено, подоцна

погрешно може да се разбере делото од Клитарх во кое тврди дека Александар дури и на реката Хидасп, веднаш по битката со Порус, наредил да се изгради флота и да отплови во Големото Море, а тоа е Индискиот Океан. Александар дотогаш не слушнал за Големото Море.

По претпоставката дека Инд е Нил, тој слушнал од тамошното население дека водите на реката Инд се влеваат во Големото Море. Потоа, за да ја провери таа информација, Александар наредил да се изгради флота за да доплови до Големото Море. Овие наредби тој ги испратил до реката Хидасп, бидејќи таму бил оставен Кратер со една дивизија војници да ги гради двата града.

Можеби новите вести за Јужниот Океан предизвикале сомневање кај Александар во точноста на неговото сфаќање дека со напредување низ Пенџаб наскоро ќе мора да втаса до Источниот Океан. Аристотел погрешно мислел дека океанот може да се види и од планината Хинду-Куш, а таму може да се дојде минувајќи ја долината Кабул.

Веројатно љубопитен да го реши проблемот со Источниот Океан, а бидејќи за изградбата на флота било потребно подолго време, тој се упатил кон исток. Александар брзал да ги прими новите и изненадувачки информации кои поттикнале многу сериозни одлуки. Во своето напредување ги потчинил племињата на Источен Пенџаб, често со не голем отпор.

Тој морал многу да се бори со Катеанците за нивниот град Сангала, а по преминувањето на реката Хидраот се приближил кон Хифас, големата река на Пенџаб, каде што дознал од Фегај, кралот на тој регион, дека зад Хифас прво има пустина што може да се премине за дваесет дена, а потоа е големата река по име Ганг, најголема од сите

индиски реки, на чии брегови живее воинствениот богат народ Прасијци и Гангаридци кои имаат илјадници слонови.

Порус, неговиот верен вазал, ја потврдил точноста на оваа вест. Тоа било првпат еден Европеец да слушне за реката Ганг. Во тој момент дотогашното сфаќање на Александар за светот целосно се изменило. Источниот Океан во кој се влевала реката Ганг се оддалечил до неопределено растојание. Дали тогаш тој би се откажал од намерата да достигне до источниот-крај на светот?

Подоцна се претпоставувало дека тој никогаш ја немал таа намера, бидејќи неговата наредба да се изгради флота на Хидасп покажала дека во прв ред мислел само на патувањето по реката Инд, а постои сомневање во тоа дека некогаш ја примил гореспоменатата информација за реката Ганг. Друго гледиште, меѓутоа, од одлични извори, сведочи дека Александар ништо не знаел за реката Ганг кога ја издал наредбата за изградбата на флота.

Исто така, се претпоставува дека по примањето на вестите, поради политички и воени причини, Александар Македонски се вратил назад од Хифас. Меѓутоа, ова гледиште е контрадикторно на сигурните извори. Според тоа, нема сомневање дека по примањето на вестите тој навистина сакал да ја покори државата Ганг, и таа определба мора да се има предвид при формирањето слика за Александар Македонски. Поинаку не ќе достига една карактеристика за него.

Меѓутоа, кога Александар дошол до Хифас и на војската ѝ ги изложил своите огромни планови, наидел на одбивање. Тоа не бил момент кога античките Македонци се спротивставиле на кралската политика за освојување на светот, туку

тоа било одбивање како последица на големата физичка и интелектуална исцрпувачка.

Досега Александар со шарм на својата лична способност ги водел со себе кон големите постигања. Единиците што го следеле од дома, според пресметките на Коунт Јорк фон Вартенбург, за осум и пол години од Амфипол до Хифас поминале 11.250 милји. Во секој случај тоа е подвиг на издржливоста. Александар сега бил соочен со невозможноста од преземање нов поход со своите сосема исцрпени војници.

Беспомошната ситуација и расположението на војската кај Хифас, главно, се објаснува со тропските врнежи кои непрекинато паѓале дури и седумдесет дена во Таксила и се истурале врз нив без престан.

На Александар му било многу тешко да влезе во својот шатор, па безволно останал два дена, не можејќи да не се соочи со безнадежноста на својот план. Кога наредил да се приложи обична жртва за преминувањето на реката, а тоа се покажало неповолно, тој најавил дека сака да се врати назад, што предизвикало прекумерна веселба кај војската. Меѓутоа, откако се совладал самиот себеси повторно ја ставил состојбата под своја контрола.

Арно ама, одбивањето на античките Македонци негативно се одразило во неговата душа. Можеби токму тоа придонело подоцна, но не се знае точно кога, да нареди 30.000 млади Персијци со посебна моќ и убавина да бидат избрани и тренирани со античко македонско оружје, со цел да се формира фаланга што прилега на македонската. Овие таканаречени епигони во 324 година веќе парадирале пред кралот во Суса.

Во спомен на неговото доаѓање до Хифас и за благодарност на боговите кои дотогаш

победоносно го воделе, како и неговиот прадедо Хераклe, кој ги изградил столбовите во Далечниот Запад, Александар изградил дванаесет големи олтари како кули на брегот од реката. Од она што се однесува на Вавилон се дознава дека ова било за дванаесетте знаци на зодијакот.

Всушност, тоа биле дванаесет богови на Античка Македонија на кои им биле подигнати овие олтари. Потоа, Александар Македонски го започнал маршот назад кон Хидасп. Тој не се соочил со никакви тешкотии во оваа земја, која била споена со кралството на верниот Порус. Во Ацесин дошол до градот што го носел неговото име, каде Хефестион по наредба од Александар ја започнал изградбата и го населил со тамошно население, а ги изгонил наемниците.

Тука се сретнал со дипломатскиот претставник на Абисар од Кашмир, кој му дал триесет слонови како подарок, кој сега бил признат за вазален принц на земјата, независен од Таксил, со титула намесник. Оваа состојба била трајна, бидејќи и по смртта на Абисар (325) го потврдил неговиот син како наследник кој го носел неговото име.

Во меѓувреме двата нови града на реката Хидасп, Никеа и Букефалија, многу настрадале од постојаните дождови, бидејќи биле изградени од плитари. Александар Македонски ги обновил со своите единици. Потоа било најнеопходно да се заврши со изградбата на флотата што му ја доверил на Кратер. Луѓето биле испраќани спротиводно по реката Хидасп во пределот на Хималаите, каде растеле елки, за да го пуштат градежното дрво што ќе послужи за изградба на бродови да плови по реката.

48.
ПРИКЛУЧУВАЊЕ НА ИНДИЈА КОН АЗИСКОТО ЦАРСТВО

Кралот кој се откажал од одење кон Источниот Океан, сега копнеел да плови низводно по реката Инд, која според тамошното население се влевала во океанот на југ. Биле направени големи напори за да се изгради флотата, која била многу силна кога започнало патувањето

Флотата се состоела од 80 бродови со по триесет веслачи, приспособени како воени бродови и стотици коњи за превоз, бродови за превоз на жито, како и други лесни бродови за луѓе или товар и позајмени бродови од соседството, а кои сите заедно броеле најмалку 800 бродови.

За да ги плати трошоците, Александар Македонски избрал триесет најбогати од присутните, меѓу нив седуммина телесни стражари и на атински начин ги поставил да бидат заповедници на веслачите. Тоа веројатно не го направил многу од економска причина, да заштеди од кралската благајна, туку им дал слобода да учествуваат во потфатот како негови следбеници

Екипажот на бродовите бил формиран со поморци од Исток, како Феникијци, Кипарци, Каријци и Египќани, кои го следеле во караванот што пренесувал воена опрема, а и од антички Грци кои навикнале на морето, од островите, од Јонија и од Хелеспонт, кои биле избрани од војската.

Александар Македонски не можел лично да ја преземе командата, туку во случај на потреба би командувал од копното. Затоа командата му ја

доверил на еден најблизок другар од младоста, по име Неарх, кого го назначил за адмирал.

По завршените административни чекори во пределите на Пенџаб и по поставувањето на Филип за намесник над вазалскиот крал Таксил, патувањето започнало во почетокот на ноември 326 година, на многу свечен начин. Откако екипажот отишол на бродовите пред изгрејсонце, кралот приложил жртва на брегот и тоа не обична, туку по директива на пророците. Жртвата им била наменета на боговите Посејдон, Амфитрит, Нереид и Океан, од кои сега особено зависела целта на патувањето, и на боговите на реките Хидасп, Ацесин и Инд.

Сето тоа било проследено со музички и гимнастички содржини. Кога Александар отишол на палубата на својот брод истурил пијалак од златниот пехар како подарок на истите богови на морето и на реките. На неговиот „прадедо“ и неговиот „татко“ Амон им била оддадена иста чест. Бродските сирени го најавиле почетокот на патувањето.

Со флотата на Александар заминале хипаспитите, стрелците со лак и стрели и кралските следбеници. Главната војска билае поделена во две колони. Онаа на десниот брег ја командувал Кратер, а на левиот брег командувал Хефестион кој веќе имал 200 слонови.

Тоа била прекрасна глетка за Индијците, кога оваа голема флота пловејќи поминала низводно по реката, а командата на пилотите и „о рукот“ на веслачите одзвонувала во клисурите на двата брега. Со чудење Индијците ја гледале војската на палубите од бродовите, а особено коњите. На извиците Индијците излегувале во групи од шумите и ја следеле флотата на извесно растојание, пеејќи свои индиски песни.

„Ниеден народ не сакал толку многу да пее и да игра како Индијците“, притоа рекол Аријан. Тој многу добро го опишал и ова патување. Кога во објаснувањето Аријан го посочил индискиот триумф на Дионис, ја опишал легендата што нашла израз во походот на Александар.

Патувањето не било мирно долго време. Пред да дојде на реката Ацесин, Александар слушнал дека Малите и Оксидакрите, најголемите и најборбените индиски племиња, се подготвувале да се борат со него. Затоа инсистирал да се побрза со цел да го поминат местото каде што реката Хидаспес се влева во Ацесин.

Но на тоа место, поради брзите вртлози што се правеле од соединувањето на двете реки, флотата претрпела поголема штета што требало брзо да се санира. Планот на походот што тој потоа го направил за да го предизвика непријателот, го потврдил како совршен стратег. Територијата на непријателот се протегала долж реката Хидраот, која по на југ се влевала во реката Ацесин и се заштитувала од Александар Македонски со сувата пустина.

Затоа племето Мали очекувало дека тој ќе ги нападне од утоката на Хидраот. Меѓутоа, Александар решил да ги изненади со тоа што напредувал со дел од војската низ пустината и влегол во средината на земјата. Тогаш ги притиснал кон реката Хидраот, кон оружјето на една друга колона под команда на Хефестион, кој требало да го освои долниот тек на реката, додека флотата и Кратер со слоновите поставени на десниот брег на реката Ацесин, на спротивната страна од устието на реката Хидраот ги задржувал за да не побегнат кон запад.

Изненадувањето успеало, со што смисленото спојување на племињата Мали и

Оксидрак било оневозможено. Сепак, борбите за градовите и тврдините на племето Мали биле остри и крвави, бидејќи тие жестоко се бореле. Неколку градови биле уништени, меѓу нив и Брамин, главниот град на племето. Победоносната кариера на Александар Македонски овде можела да заврши трагично.

За да ги поведе своите раздвижени единици, тој се качил на една скала и бил првиот кој се нашол на ѕидот од замокот. Потоа скокнал во внатрешноста на дворецот и со грбот кон ѕидот се изложил на непријателот. Препознатлив по светликавиот оклоп, бил погоден со стрела во градите и така истоштен паднал во несвест. Пеукест и Леонат, кои скокнале по него го покриле со своите штитови, Пеукест со божјиот штит на Илиум, додека една група не дошла од другата страна на ѕидот и го протерала непријателот.

Додека единиците, верувајќи дека нивниот крал е мртов, ја истурале својата лутина врз гарнизонот и врз жените и децата, Александар го носеле на штит како да е мртов. Меѓутоа, неговата млада снага победила и откако стрелата била извадена од раната, полека закрепнал.

Веста дека кралот загинал веќе втасала и до логорот на утоката на реката Хидраот и предизвикала голема тага, терор и вчудоневиденост од безнадежната положба без Александар. Плашејќи се дека вознемиреноста може да се прошири, Александар Македонски лично отишол со брод на реката Хидраот, во логорот, веднаш штом здравјето му било подобрено. Штом единиците го здогледале шаторот на бродот помислиле дека во него го носат телото на кралот.

Но, кога Александар Македонски го отворил шаторот и почнал да мавта со рацете и кога на брегот се качил на коњот за да се покаже пред

сите, а потоа отишол пеш до својот шатор.На радоста ѝ немало крај. Со солзи на очите војниците се радувале така што радоста одѕвонувала во пошумените клисури.

Од сите страни тие се туркале да ги допрат рацете, колениците или алиштата на својот сакан крал, или барем да се загледаат во неговото лице и да искажат зборови на задоволство, затрупувајќи го со цвеќиња и панделки.

Не може без емоции да се чита описот на Аријан за оваа сцена. Тоа го изразува задоволството кон личноста на Александар. Војската кон него чувствувала длабока привржаност. Затоа, сѐ што не било убаво меѓу него и неговите антички Македонци сега се заборавило.

Теоретски, неговите пријатели, веројатно, биле сосема коректни што го прекорувале кралот за неговото однесување не како генерал туку како војник, при скокањето во замокот. Но, стариот Неотијанец имал право, кога слушнал дека Александар е лут за ова, и на негов дијалект му рекол дека „Должност на човекот е да води битка“, додавајќи стих од Софокле „Оној што води битка мора да трпи“.

Бидејќи тоа не било освојување на град, туку акт на Александар што не се случил никогаш, а кој предизвикал терор насекаде меѓу непријателот, затоа не само Малите туку и Оксидакрите му се покориле. Со овој спонтан акт сфатен и пренесен од возбудливата битка, Александар на свој начин прекумерно го искажал планот на походот.

Го ставил племето Мали во стапица што ја имал поставено на реката Хидраот, а го покорил племето Оксидрак без да води борба. Откако Александар целосно закрепнал, а и флотата која во текот на овој интервал зајакнала и се обновила,

отпловил од устието на реката Хифас до местото каде што реката Ацесин се влева во Инд.

Овде Александар Македонски ја определил јужната граница на својот северно-индиски намесник, го оставил намесникот Филип со неколку единици и му наредил да изгради град по име Александар на сливот на двете реки.

Приближно половина пат од патувањето по реката било завршено. Околу февруари 325 година започнало патувањето низводно по реката Инд, чии брегови до морето, конечно, биле споени во намесништвото на Долна Индија и Пеитон. Биле потребни многу поголеми војувања пред да се освои овој регион, бидејќи населението, опишано како црномуресто спротивно на аријанските племиња на Северна Индија, кои очевидно биле Дравидијанци, биле под влијание на Брахминците, кои од религиозни побуди им всадиле фанатична омраза кон туѓинецот.

Согдијанците биле потчинети под јаремот на Малите, затоа стапиле во пријателски однос со Александар, бидејќи тој ќе им овозможел да се зголеми нивниот главен град и да го прекрстат во Согдијанска Александрија.

По на југ во земјата на Сомбос и Музикан кои владееле на западниот брег спроти големата пустина на источниот брег, се случиле пожестоки борби, каде што иако нивниот крал избегал, народот поттикнат од Брахминците се кренал на востание. Александар ги казнил Брахминците со тоа што обесил неколкумина од виновниците.

За да ја заштити својата власт, тој имал неколку тврдини во Долна Индија зајакнати со гарнизони, а изградил и неколку нови градови. Овде, повторно се гледа значењето на воената и економската комбинација.

На крајот од јули 325 година, во деветтиот месец од неговото заминување од Никеа, дошол во градот Патала, на врвот на делтата на реката Инд. Кралот на градот, кој пред тоа му оддал почит на Александар, избегал од градот.

Со ова завршила експедицијата на Александар во Индија. Целата земја што се наводнува од реката Инд од Кашмир до морето, вклучувајќи го целиот Пенџаб, била покорена. Оваа голема, богата и плодна земја била приклучена кон неговата Азиско-атичка Империја под раководство на античко македонски намесници.

Чудата на Индија што порано се знаеле само преку литературата или по слушање, сега ги виделе античките Македонци и античките Грци, а реалноста не се разликувала од фантастичните описи на митолошките кажувања. Дотогаш во описите имало грдосии какви што биле Киклоп и човекот со огромни стапала, создадени од Сцилакс, а кој и на Индија им ги придаде чудата на епската поезија, или монструми врз кои се темелеле претставите за Индија.

49.
ЗАМИНУВАЊЕТО НА ВОЈСКАТА НА АЛЕКСАНДАР МАКЕДОНСКИ ПО РЕКАТА ИНД

Обичаите на тамошното индиско население и општествениот систем биле сосема нови. Научниот персонал на Александар Македонски имал можност да прибере повеќе информации и примероци

Некои извадоци од нивните зборови за флората во Индија можат да се видат во расправата за растенијата на Теофраст, како, на пример, третманот на воздушните корени на индиската смоква (Ficus Bengalensis), со што се добива преглед со каква грижа и интерес научниците го испитувале новиот свет од сите аспекти.

Дури Александар Македонски наредил да се испитува и богатството на минералите на оваа земја. Така Горг, рударскиот експерт, ги испитал рудниците за сол во Сопеит, што се наоѓал на север меѓу реките Хидраот и Хифас, како и рудниците за злато и сребро во блиските планини, кои се опишани во расправата на Страбо.

Меѓу другите работи, Горг тврдел дека овие рудници на сол се доволни за цела Индија и дека Индијците не знаеле на кој начин да го одделат златото од среброто и како се топат металите. Тие го правеле тоа на многу примитивен начин. Така, античката грчка технологија и наука биле применети на индиска почва уште додека Александар Македонски ја потчинувал земјата.

Покрај тоа, кралот, особено, бил зафатен со големиот географски проблем кој, заедно со неговата желба за освојување, која го поттикнала, кога патувал низводно по реката Инд, дека Инд се влева во океанот, што копнеел да го види, и да научи од тамошното население, како што видовме, по преминувањето на реката Ацесин во 326 година. Бидејќи тоа целосно ги изменило неговите географски поими, наредил да се изгради флота. Веројатно, ако не веднаш, наскоро неговиот истражувачки дух ја прифатил идејата: ако реката Инд се влева во океанот, тогаш под претпоставка да го опкружува јужниот крај на Азија, од утоката на Инд океанот мора да се простира до утоката на реките Тигар и Еуфрат.

Тоа не било во Патала, не кога стоел на вистинскиот брег на Индискиот Океан, што сфатил дека треба да испрати експедиција преку море од устието на реката Инд. Пред да дојде во Патала, додека бил на територијата на Музикан, Александар го испратил Кратер со дел од војската во Арахосија и Дрангијана, од каде бил известен дека имало мали бунтувања, со наредба да продолжи до Карманија, за да се приклучат кон неговите сили во таа провинција.

Неизбежна биле претпоставката дека, во тоа време, целиот план на експедицијата по морето и копното била целосно во главата на Александар. Така, во текот на патувањето, а може-би и пред тоа, го криел планот за пронаоѓање пат преку море од реката Инд до реките Тигар и Еуфрат.

Доколку успеел да направи врска меѓу неговата Западна Империја и новоколонизираната територија во Индија, не само што ќе обезбедувал воена и административна контрола над сите поседи во Индија, туку и трговијата од Индија ќе била поврзана со онаа од Блиска Азија, а со тоа ќе

се создаделе широки економски перспективи за целата негова Античка македонска Империја.

Изненадување е дека ниеден од историчарите на Александар и ниеден извор на информации не се занимавале со патувањето по реката Инд, или со оваа поморска експедиција, или со подоцнежните арабиски планови на Александар, како и на Сцилакс од Карианда, претходник на една ваква експедиција.

По наредба на Дариј I, Сцилакс тргнал од Кабул кон реката Инд, пловејќи долж брегот на Индискиот Океан сé до Ормуз, а оттаму наместо да влезе во Персискиот Залив, ја обиколил Арабија и впловил во Суецкиот Канал. Што се однесува до Ормуз, но само дотука, тој го направил она што требало да го направи и флотата на Александар Македонски, а по Ормуз, Александар сакал да продолжи при крајот од својот живот.

Некои луѓе се сомневаат во историскиот тек на ова патување, но тие грешат, бидејќи има споменици на Суецкиот Канал што го потврдуваат потфатот на Дариј. Недоволните извори во врска со Сцилакс покажуваат дека сознанието за неговото храбро патување, наспроти раскажувањето на Херодот, било заборавено во деновите на Александар Македонски, како што било заборавено откривањето на Америка од страна на Викинзите во времето на Колумбо.

По изградбата на пристаништето за флотата и на хангарите за бродови во Патала, Александар продолжил да ги испитува двата главни ракава на реката Инд, кои денес имаат поинаква форма од онаа во тоа време, со цел да пронајде кој ракав е попогоден за премин на неговата флота.

На овој тежок пат Александар Македонски лично командувал, бидејќи му било задоволство и

голема желба со свои очи да го види безграничниот океан. Со најбрзиот брод од својата флота, во почетокот без капетан на бродот, отпловил од западниот ракав кон морето, додека Леонат со своите 9.000 луѓе напредувал долж островот што го формирала делтата.

Вториот ден настапило страшно невреме кое дошло од југ, затоа Александар на бродот поставил Индијци кои добро ја познавале земјата и кои можеле да го управуваат бродот низ реката која станала многу широка. За да се заштити од силните ветрови што доаѓале од океанот скршнал со флотата во страничен канал и веднаш на изненадување на Македонците, надојдената вода се повлекла така што бродовите останале на суво.

Всушност, станува збор за одлив на океанот, со која појава Европејците првпат се соочиле. Тие биле уште повеќе изненадени од приливот на водата кога повеќе бродови паднале, оштетувајќи се. Кога кралот се приближил кон утоката на реката, оставил голем број бродови зад себе на островот и продолжил со најдобриот брод до наредниот остров, кој бил малку подалеку.

По поднесување на жртва таму, во почетокот по наредба на Амон, тој отпловил кон отворената шир за да види, како што рекол, дали има земја во морето. Меѓутоа, кога пред себе видел само безграничен океан, со гордост го прифатил сознанието дека допрел до крајот на светот. Притоа, му приложил голема жртва на Посејдон, кралот на морето, и се помолил за иднината.

На бродот заклале бикови и ги фрлиле во морето. Александар во морските бранови го фрлил и златниот пехар од кој пиел, како и златниот сад во кој го чувал пијалакот кога принесувал жртви. Откога го направил тоа, се помолил на бога за да го доведе до утоката на реките Тигар и Еуфрат.

Тоа му било еден од најголемите и највозвишени денови во животот.

По враќањето во Патала, го испитал источниот ракав и дошол до заклучок дека тој тече низ големо езеро и бил многу попогоден и понеопасен од западниот ракав. Веројатно, патувањето било полесно, бидејќи југозападните монсуни дувале кон западниот, а не кон источниот ракав. При пристигнувањето во устието, Александар прошетал покрај брегот со неколку придружници и останал три дена со цел да ја испита природата на земјата и да ископа бунари за морнарите, а потоа се вратил во Патала.

За Александар била тешка задача да го постави Неарх за адмирал и челник на експедицијата, бидејќи му бил драг и затоа што доживеал големи опасности при патувањето. Само под влијание од Неарх, Александар го направил тоа без задоволство. Меѓутоа, екипите, кои во почетокот со загриженост ја примиле оваа задача, биле охрабрени со ваквиот избор, заклучувајќи дека кралот смета ќе се постигнат добри резултати.

Далекусежноста на овие планови на Александар , поврзани со патувањето, се гледаат од потребата и желбата да се добијат информации за државите и народите, додека Неарх плови долж брегот, да најде добро место за закотвување и да се снабди со вода за пиење, за распоредот на тамошното население, како и за плодноста на различните предели. Очевидно, тој ги означил пристаништата за идните трговски патувања на згодни места меѓу двата краја на преминот, а доколку е можно да се формираат и колонии.

Меѓутоа, не била доволна комуникацијата преку море. На просторот меѓу Индија и Персија немало самостоен народ кој би можел во иднина да се поврзе со непријателите. Затоа, Гедросија

(Белуџистан) морал да се спои во империјата, особено поради нејзиниот брег кој бил многу важен не само за сегашното постоење на империјата, туку и за натамошните трговски патувања како места за обезбедување на продукти.

Наредбата на Кратер да се сретне со него во Карманија покажува дека Александар ја признал потребата да тргне сам на пат со главниот дел од војската низ Гедросија до Карманија, што е можно поблизу до морскиот брег, со цел да ја снабди флотата со вода и со жито. Природно, тој бил под влијание на желбата да дојде до дел од откритијата на јужната граница на Азија.

Неарх потврдува дека Александар однапред знаел сé за тешкотиите што ќе го снајдат него и неговата војска со напредувањето низ безводната и песоклива пустина на Гедросија, но значително посилна била амбицијата на флотата на Александар да го надмине Кир Велики.

Блиските односи со Александар му забранувале на Неарх да ја одбие задачата, а тоа не е невозможно, кога се памети како при напредувањето низ пустината пророкот Амон го навел него на споредување со Персеј и Хераклe со што била поттикната амбицијата на неговите единици, и дека во Индија се истакнувале примерите на Хераклe и Дионис.

За напредувањето низ Гедросија Александар не им се помолил на митскитр личности, туку на оние од ориенталската историја во кои тој можеби гледал прототипови на ориенталните светски владетели. Погоре се спомнала неговата блиска врска со Кир; но покрај Кир се појавил и Семирам, со што може да се објасни ефектната акција на Александар Македонски на Исток.

50.
ВРАЌАЊЕТО НА АЛЕКСАНДАР МАКЕДОНСКИ ОД ПАТАЛА ВО ИНДИЈА

При крајот на август 325 година, Александар Македонски ја напуштил Патала и тргнал кон запад, со цел да изврши подготовки за пречек на флотата, додека Неарх требало да причека во октомври да настапат североисточните монсуни. Прво пропатувал низ земјите Арабита и Ореита кои биле покорени по подолго војување

За намесник бил поставен Аполофан, а Хефестион бил оставен во заднината и му било наредено да изгради град со име Александрија во близината на Рамбалија, главното село на Ореита. Леонат, кој требало да ја чека флотата на морскиот брег, требало да изгради друг град со име Александрија. Александар навлегол во Гедросијанската Пустина и колку повеќе навлегувал толку повеќе имал тешкотии и недостиг на војска.

Целосната пустелија и недостигот од вода на морскиот брег го натерала да навлезе подлабоко кон копното, така што не можел да прави депоа за својата флота. Жештината не им дозволила да го забрзаат патувањето, со исклучок во ноќните часови. Извидниците што биле испратени до морето, ги опишале луѓето што ги нашле тука како јадни, како се хранеле со риби и со школки и живееле во колиби.

Колку повеќе продолжувал понатаму, толку повеќе војската страдала од глад и жед и одржувањето на дисциплината станувало сé потешко, но Александар го поднел тоа и имал човечки однос кон лошата состојба на своите луѓе. Илјадници луѓе лежеле настрана по патот, а многу коњи и маски биле убиени и изедени.

На крајот имале можност да поминат по должината на морскиот брег каде што нашле храна и вода за пиење, а потоа минале низ многу плодни региони. Стигнале во Пура, главниот град на Гедросија, после шеесет дена откако ја напуштиле државата Ореита. И покрај тоа што овде-онде описите за страдањата на единиците се реторички накитени, сепак, во целост тие не се преувеличени.

Александар Македонски одел заедно со нив пешки, за да им даде пример со поднесување на тешкотиите, со цел да го продолжат патот и да истраат. Кога некои од војниците што имале среќа да најдат вода, му нуделе во шлемови вода, тој им се заблагодарувал, но ја истурал водата во песокта. Тоа ја зајакнало и ја поттикнало неговата војска, вели Аријан.

Се претпоставува дека најмногу настрадале жените и децата што ја придружувале војската. Дури и тука во песокливата пустина на Белуџистан, Александар ги натерал своите научници да ја испитуваат флората и има многу резултати од тие испитувања. Исто така, интересно е да се чита дека феникиските трговци кои биле во придружниот карван, ја искористиле шансата да соберат смола од мира грмушки и мирисливи корени од нард, чија вредност ја знаеле од домашниот пазар.

Преживеаните од војската наполно можеле да се освежат и да се одморат во изобилието на Пура. Приклучувањето на Далечна Азија било завршено со освојувањето на Гедросија и била

обединета во едно намесништво со Аракосија, што ја ограничувала империјата на север. Околу почетокот на декември 325 година, Александар тргнал кон запад до Карманија, која му се покорила уште во 330 година, кога бил во Перс, но во која сè уште немал стапнато.

Во Карманија, според договорот, го сретнал Кратер. Со својата воена дивизија и сите слонови, Кратер ја напуштил Индија од кај премините Мула и Болан, отишол по патот кон арахосијанска Александрија (Кандахар) и Дрангијана, ги потчинил бунтовниците, меѓу кои имало и Ордани, кои ги носеле во синџири, а потоа продолжил кон Карманија за да се сретне со Александар.

Така, со исклучок на оние што загинале во Гедросија и единиците што ги оставил назад во Индија, целата копнена војска повторно била соединета. По големите загуби во Гедросија, голем број камили и товарен добиток што ги донел Стасанор, намесникот на Арија и Дрангијана, биле добредојдени. По приклучувањето на Кратер, Александар одржал фестивал во знак на благодарност кон Бога за освојувањето на Индија и за своето спасување од пустините во Гедросија.

Биле приложени жртви и на боговите, а било одржано музичко и гимнастичко натпреварување. Пеукест, кој му го спасил животот на кралот во крепоста на Малите, бил запишан како осми на кралската телесна стража. Овие веселби и радосното расположение на војската и поблиските доживувања преминале во легенда, која е сместена во имагинацијата на Клитарх, дека Александар и неговите единици марширале низ Карманија во едно лумпување од седум дена, имитирајќи ја триумфалната поворка на Дионис.

Додека во Карманија Александар ја ублажил големата грижа за флотата, за чија

судбина сé уште ништо немал слушнато, Неарх морал да тргне еден месец порано од времето што било договорено со Александар поради заканувачкиот однос на индиското население откога заминал кралот. Тој отпловил околу 20 септември 325 година, пред да започнат североисточните монсуни. Кратко време потоа крај морскиот брег на Арабита дваесет и четири дена немало ветер, што предизвикало големa немаштија.

Врз основа на бродскиот дневник што го водел, Неарх подоцна напишал извештај за своето патување и за откритијата, што се содржат во делото „Индике“ од Аријан, многу скратени но и многу вредни. Дадени се посебни забелешки за различни моменти на кои наишла флотата, од кои може да се следи патувањето од ден на ден со неговите главни настани.

Од друга страна, пак, загубени се многу описи, кои по наредба на Александар Македонски ги направил Неарх за флората и фауната, за обичаите на тамошното население, за изгледот на морскиот брег и многу друго. Покрј другото се слушна, на пример, за народ кој не го познавал железото и употребувал остри камења, според тоа, сé уште бил во камената епоха.

Неарх е тој кому му должиме за пренесувањето на мангровото дрво во Персискиот Залив, како што е опишано во Теофрастовото дело „За растенијата“. Во целост, патувањето било успешно, без големи загуби на бродови, а се соочил само со еден оружен отпор. Сепак, екипажот страдал од недостиг на храна, а особено од недостиг на вода за пиење. Тие наскоро се навикнале на приливот и одливот.

Но, првата средба со китовите била ужасна и предизвикала вчудовиденост. Кога ги виделе повремените големи столбови од вода, кои им

изгледале како да излегуваат од некаков механизам, тамошните морепловци ги прашале што е тоа. Им било објаснето дека нив ги исфрлаат едни големи животни. Тогаш од страв на веслачите им паднале веслата. По наредба на Неарх тие ги нападнале китовите со врвовите на бродовите, кои како да биле наменети за морска борба, а со борбени извици, како што Неарх подоцна напишал, се охрабриле и со чукање на тапаните ги исплашиле, па така китовите влегле длабоко во водата.

По овој и други возбудливи настани дошле до морскиот проток Хармозија (Ормуз), каде што отспротива на карманијанскиот морски брег го виделе носот Макета. Онесикрит, кој на реката Инд бил кормилар на адмиралскиот брод, сакал да го следи морскиот брег на Арабија наместо да влезе во Персискиот Залив. Меѓутоа, Неарх како повисок офицер, веднаш го одбил тоа, придржувајќи се кон инструкциите од Александар Македонски.

Неколку дена подоцна неговата послушност била наградена. Во близината на Ормуз кога дошле до утоката на реката Анам, добил известување дека Александар е на само пет дена пат во внатрешноста на земјата. Раскажувањето на Неарх за начинот на кој се сретнал со кралот е многу трогателен со својата јасност и е една од скапоценостите во литературата за Александар Македонски.

Некои од неговите луѓе сретнале еден антички Грк кој доаѓал од логорот на Александар Македонски кон морскиот брег. Со силни емоции гледале во него кога го слушнале дека зборува антички грчки. Со задоволство го испратиле кај Неарх, кој се сложил со командантот на морскиот брег дека човекот треба да го поведе кај Александар Македонски. Меѓутоа, додека Неарх

завеслал кон брегот заобиколувајќи го бедемот, античкиот Грк со надеж дека ќе го наградат побрзал по краткиот пат да му ја пренесе веста на кралот за доаѓањето на флотата.

Александар на почетокот бил одушевен, но деновите одминувале, а Неарх го немало. Станувал сè понестрплив и на крајот одлучил да го затвори човекот што му ја пренел веста. Во меѓувреме, неколку гласници што Александар ги испратил за да ја потврдат веста, се сретнале со Неарх, кој заедно со Архија, вториот командант на флотата и други пет души, залудно го барале логорот на Александар Македонски.

Неарх и неговите придружници биле многу изменети од заморот во експедицијата, бледи и ослабени, со долги коси и искинати алишта, така што гласникот не ги препознал. Тие, речиси, биле пред умирање, кога по совет на Архија, Неарх ги прашал каде одат, а кога тие му одговориле дека го бараат Неарх и неговата флота, Неарх им рекол: „Јас сум Неарх, а овој е Архија. Бидете наши водачи, ние сакаме да му кажеме на Александар Македонски за патувањето“.

Потоа гласниците ги зеле во колите, ги однеле во логорот и најавиле дека дошле Неарх и Архија со петмина луѓе. Меѓутоа, тие не биле во состојба да му одговорат на прашањата на Александар во врска со флотата. Тогаш кралот помислил дека целата флота е уништена, а кога Неарх и неговите придружници кои тешко можеле да се препознаат, дошле пред него, Александар му ја пружил десната рака на својот пријател Неарх, го фатил отстрана и долго плачел.

51.
ГРАДОТ СУСА – ПРИСТАНИШТЕ, МЕСТО НА СРЕДБИ И РАЗДЕЛБИ

Во тие моменти Александар Македонски му рекол на Неарх: „Ти и Архија во секој случај сте спасени. Тоа е утеха во мојата голема несреќа. Но, како загинале бродовите и екипажот?“

Кога Неарх одговорил дека флотата и луѓето се здрави и живи, Александар Македонски заплакал уште повеќе, а се заколнал во Зевс на Елините и во Амон на Либијците дека се радува на оваа вест повеќе отколку на освојувањето на цела Азија. Мора да му се изрази благодарност на Неарх за прикажувањето на оваа импресивна сцена, која се случила насамо, при што ни ја пренесува хуманата страна на Александар.

Била одржана голема веселба. Благодарни понуди за спасувањето на флотата му биле приложени на Зевс спасителот, на Хераклe, на Аполон спречителот на злото, на Посејдон и на сите богови на морето, а повторно биле одржани музички и гимнастички натпреварувања. Кога поворката доаѓала, Неарх бил на чело, а радосната војска го затрупала со цвеќиња и панделки. Тој бил херојот на денот.

Само по барање на Неарх, Александар му дозволи да ја командува флотата на растојанието до Суса, бидејќи тој се спротивставувал да го изложи својот пријател на повторна опасност на морското патување. Така Неарх го продолжил своето патување. Хефестион бил определен да напредува со поголемиот дел од војската и со

слоновите кон Персија откај јужниот пат, каде што можеле да се најдат многу прехранбени производи. Александар со лесни единици и со кралските следбеници тргнал по посеверниот пат директно кон Пасаргада, каде што стигнал во почетокот на 324 година.

Изминале повеќе од пет години откако Александар за првпат ја посетил Пасаргада. Тогаш сé уште како главен командант на Коринтската лига, сакал да го најави крајот на панелинистичката експедиција. Тој се вратил како највисок голем крал на Азија, кој отишол многу подалеку од границите на Ахеменидската Империја, ја покорил Индија до утоката на реката Инд и дошол до крајот на населениот свет. Освен битки и победи тој имал и многу остри судири со своите блиски пријатели.

Најгорчливото искуство било тоа што само неколкумина од неговата свита го разбирале и ја одобрувале неговата политика, која станала доминантна во неговите мисли и требало да го прави строг и претпазлив. Тој морал да почувствува олеснување на душата кога толку плачел при средбата со Неарх. Александар Македонски имал строг и суров став во Карманија кога се соочил со веста за непослушноста меѓу некои кралски службени лица.

Колку повеќе наближувал кон Запад, толку биле помногуброjни извештаите за тоа дека, поради неговото долго отсуство, неколкумина од неговите намесници, со надеж дека нема, пак, да се врати, потпирајќи се врз лошите гласови дека е убиен, ги пљачкале храмовите или ги угнетувале неговите потчинети. Време било да се врати назад и да ги стави намесниците под своја контрола .

Тој ги ставил во окови непослушните, така што со остри казни сакал да ги опомене оние што

го следеле таквиот лош пример. Баријакс, кој бил доведен кај него во Пасаргада во синџири од медијанскиот намесник Атропат, бил убиен со сите свои следбеници, бидејќи ја ставил тијаранската круна на глава на кралски начин и ја присвоил титулата Голем крал на Медес и на Персија.

Александар Македонски, исто така, бил многу налутен кога повторно го посетил гробот на Кир Велики и комората на гробот ја нашол ограбена и растурена, а трупот извлечен од мрто-вечкиот сандак. Александар ги мачел Магијците кои биле одговорни за тоа, но бидејќи не можела да се докаже вината, ги ослободил, а Аристобул го определил да ја поправи штетата. Тој, во својата историја за Александар, дава извештаи за овој инцидент и за тогашната состојба со многу вредни описи на зградата што сè уште постои.

Фрасаорт, е човекот кој го присвоил намесништвото на Перс, а била докажана и вината за плъачкосувањето на кралските гробови и свети места и без испитување убил многу Персијци. Пеукест бил назначен за намесник во ова место. Изгледа дека тој бил најпогоден да биде во лулката на персиската нација, бидејќи само тој од античките Македонци ја прифатил медијската облека и персиските обичаи, а го научил и персискиот јазик.

Аријан пренесува дека Александар сериозно се загледал во урнатините на дворците во Персепол што пред тоа го запалил, а со тоа не се гордеел. Безволно се потсетил на жртвувањето на овие прекрасни зданија за панелинистичката идеја, со цел да се одмазди за злосторството на Ксеркс. Колку овие размислувања му биле туѓи . Колку тој се грижел за панелинистичката идеја што еднаш ја прифатил со ентузијазам, самиот ја спровел, а потоа засекогаш ја напуштил!?

Бидејќи потоа ја следел само својата втора задача, освојувајќи ја Азија за себе и за античката грчка цивилизација, некој може да сфати колку жалел што не ги оставил овие горди споменици на своите претходници, сведоци на големата култура постигната од старата Ахеменидска Империја.

Од Персепол Александар Македонски отишол во Суса. Кратко пред да дојде во градот (околу февруари 324 година) го сретнал Неарх и неговата флота на понтонскиот мост преку кој неговата војска требала да премине во Паситигр. Неарх успешно пловел по должината на Персискиот Залив до утоката на реката Еуфрат, а потоа на веста дека Александар се приближува отишол кај мостот во Паситигр.

Таму дошло до голема радост од повторното спојување на војската и екипажот од бродовите, кои не биле видени меѓу себе откако ја напуштиле Индија. Биле приложени жртви на боговите во знак на благодарност за зачувувањето на флотата, а биле одржани и игри. Неарх, кој повторно бил закитен со цвеќиња и панделки, од Александар добил највисоко признание во вид на златна круна, а и Леонат добил такво признание за победата над Ореита.

Откако и Хефестион им се придружил, на победничката војска и бил даден долг одмор во Суса. Тогаш, ако не порано, под титула хипијарх, што тој ја носел како полковник на првата хипархија на кралските следбеници, на Хефестион му била доделена функцијата голем персиски вазал, така што тој официјално бил после кралот.

Исто така, и во Суса втасале вести во врска со нередите во империјата. Не само што ориенталскиот намесник на источниот дел го искористил долгото отсуство на кралот, туку македонските намесници на Запад ги пречекориле

своите права со назначување на голем број луѓе во служба. Александар веднаш наредил тие лица да се отпуштат од работа и со други поостри мерки го обновил поредокот.

Само еден од овие виновници успеал да избега од судот на правдата, стариот пријател од неговата младост, Харпал, кого го имал оставено во Екбатана во 330 година како кралски благајник, а кој подоцна отишол во Вавилон земајќи го со себе богатството. Колку подолго Александар отсуствувал, толку побесрамно тој го користел неговото богатство во својот расипнички живот.

Тој живеел многу бурно со блудницата Фитионика. Кога таа умрела, тој изградил храм и го именувал според нејзиното име „Фитионика Афродита“, со голема елинистичка почест. И не само во Вавилон, туку и во Атина, на Светиот пат до Елеус, платил многу таланти за да се изградат многу скапи споменици за неа.

Подоцна, Харпал едно време живеел во кралскиот замок Таре со друга Атињанка, Глицера, и ги терал луѓето да ѝ прават метании како да е кралица. Овие срамни лакрдии биле прекинати со враќањето на Александар. Бидејќи Харпал не се надевал дека ќе му биде простено, единствен излез му било да избега.

Тој ги искористил побунетите од Атина против Александар Македонски, а користејќи ги неговите пари, побегнал накај Античка Грција со триесет воени бродови, со војска од 6.000 наемници што стапиле кај него и со капитал од 5.000 таланти земени од благајната. Сето тоа било причина да претрпи многу големи последици.

Во текот на овој престој во Суса, кој траел повеќе месеци и во пролетта и летото во 324 година, требало да бидат преземени извесни акции од Александар Македонски, во кои дошле до израз

мислите што узреале во неговиот ум во врска со политиката во Азија и во врска со неговите односи со Античка Грција.

Од една страна, била таканаречената масовна женидба во Суса, а од друга страна, барањето упатено на античките Грци да им се оддаде голема почест и декрет за „простување на прогонетите“.

Бракот со Роксана било прво најавување дека за војнички потреби ќе се избираат Персијци и други Иранци, а под влијание на своите развиени планови за доминација во светот, кај него се развила идејата дека овие нации треба да се спојат со античките Македонци во доминантен народ, кому тој ќе му ја довери одбраната на својата Азиско-атичка Империја, за која неговите антички Македонци сами не биле доволни.

По успесите во Индија, колку што бил преокупиран со планот за доминација над светот, толку повеќе изгледа станувал мошне заинтересиран за спојување на нациите. Тука треба да се забележи, иако тоа често се нагласувало, дека Александар немал цел да создаде универзален свет на побратимство, туку чисто мешање на неговите антички Македонци со Персијците, со нацијата што дотогаш владеела и со Медејците нивни роднини, како и со другите Иранци, но не со Семитите, Анатолијците, Египќаните и со другите раси.

52.
АЛЕКСАНДАР СЕ ОЖЕНИ СО СТАТИРА А ХЕВЕСТИОН СО ДРИПЕТА - ЌЕРКИТЕ НА ДАРИЈ

Во Суса тој ја изразил оваа идеја со непогрешлива јасност и на симболичен начин за целиот свет, со склопување на бракови за него и за осумдесет Македонци кои му биле блиски, со персиски и ирански принцези и ќерки на богаташи

Со невиден раскош во огромен кралски шатор, во кој Александар Македонски обично ги одржувал приемите, изграден по моделот на персиската Ападана, биле извршени свадбените персиски церемонии, како и во случајот со Роксана кога се применила бактриска церемонија. Хар, дворскиот маршал, оставил вредни информации за изградбата на објектот и за свеченостите.

Александар се оженил со Статира, ќерка на Дариј, секако, поради озаконување на својот суверенитет над Азија во очите на ориенталците во сојузништво со претходно владејачката куќа. Неговиот најдобар пријател Хефестион се оженил со нејзината сестра Дрипета, бидејќи Александар сакал нивните деца да бидат братучеди.

Александар Македонски лично се погрижил за миразот на секој од младоженците. Покрај тоа, тој им дал свадбени подароци и на обичните антички Македонци кои претходно земале азиско-атички жени. Има информации дека тој број достигнал до 10.000.

Меѓутоа, наспроти сета кралска благодарност, неговите антички Македонци мрмореле, кога овие млади Персијци наречени „Епигони“, кои во меѓувреме биле тренирани на антички македонски начин, парадирале пред него во Суса, чиј број изнесувал околу 30.000, и биле вклучени како посебна единица во војската.

Посебно ги иритирало реорганизацијата на војската, што било неопходно по враќањето од Индија. Александар, прво, наместо со коњицата, продолжил со систем на антички македонски и персиски формации, мешајќи ги двете раси во една и отишол толку далеку што примил Персијци и Иранци во својата стража. Температурата станувала сé повисока и кобна, а бесот се ширел меѓу Македонци против својот командант, кој сé повеќе им изгледале како азиско-атичкиот Голем крал.

За да го намали тоа незадоволство, Александар најавил дека сака да им плати за обврските и за логорскиот живот во текот на походот но евидентно било дека нивната доверба во него била разнишана. Кога наредил војниците да го напишат своето име и сумата на долгот, многумина се плашеле да го сторат тоа, сметајќи дека само сака да дознае кои од нив не се задоволни со платите.

Од недовербата на своите единици бил длабоко ранет во душата, па затоа им рекол дека кралот треба да ја кажува само вистината на своите потчинети, а тие, пак, треба да очекуваат само вистина од својот крал. Потоа, тој наредил парите да им се исплатат без да ги кажуваат своите имиња.

Во Суса Александар им посветил внимание на состојбите во Античка Грција. По поразот на Агис и извршувањето на казната врз Спартанците, тој немал ни време ни причини да се ангажира со

Елада. Иако по завршувањето на Панелинистичката војна за одмазда, тој сé уште бил хегемон на Коринтската лига, сепак, со огромните успеси во последните години и со зголемувањето на својата империја до Индија, односот меѓу хегемонот и античките грчки сојузи веќе се изменил. Свесен за овие суперхумани и извонредни постигања, Александар Македонски сега од Суса побарал да биде признаен за Бог на античко-грчките сојузи.

За да се разбере овој чекор треба да се отфрлат некои недоразбирања. Широко е распространета грешката дека Александар, божем во интерес на единството на својата Светска Империја, барал заслуги како божество од сите свои покорени, но нема најава на вакво барање од азиско-атичкиот народ. Барањето е потврдено во случајот со античките Грци и Коринтската лига.

Неговото барање не било упатено кон античките Македонци, бидејќи Античка Македонија била надвор од Лигата. Идејата за општ официјален култ во империјата му била сосема туѓа на Александар, иако неговите следбеници по неговата смрт неговиот портрет го ставиле на ковани пари наместо ликовите на боговите.

Еднакво грешна е концепцијата што порано била раширена, а кај некои луѓе и денес, дека идејата за апотеоза била ориентална; а тоа е така затоа што во воздигнувањето на кралот тие гледале чин на ориентализмот. Притоа, треба да се исклучи единствено боженственото кралство на Египет, ефект кој, како што видовме, и за Александар Македонски бил локално ограничен. Во третиот милениум се развила почитта кон владетелот како божество заедно со поимот светска империја во Месопотамија.

Меѓутоа, од Хамураби (околу 2.000 година) наваму тоа исчезнало и така, а тоа е важен дел,

Ахеменидите не биле почитувани како богови од своите потчинети. Во владеењето на Александар таа идеја била сосем туѓа на азиско-атичкиот исток и затоа не можела да биде позајмена оттаму.

Современите научници признаваат дека тоа повеќе е чиста измислица што егзистирала против Александар. Според античките Грци божествената линија помеѓу боговите и човекот, како што тврдат нивните легенди и митови, секогаш се менувала. Како што Хераклe добил место меѓу Олимпијците со своето дело, така и секој смртник кој ќе извршел натчовечки задачи во очите на своите современици, уште во текот на својот живот добивал божествени почести.

Лисандер, на пример, кога бил на врвот на својата моќ, бил почитуван како Бог во олтарите и во химните на Самијанските олигархисти. Клеарх, тиранинот од Хераклe, ученик на Исократ, се довел себеси да биде богослужен од потчинетите како син на Зевс. Освен тоа, Филиповите следбеници во Ефес ја поставиле неговата статуа во храмот на Артемис и така му оддале божествени почести.

На свадбената гозба (336) Филип Македонски имал своја статуа носена во поворката како тринаесетта, заедно со дванаесетте главни богови на Македонија, што го натерало да се појави, ако не како Бог, тогаш барем како восто-личен со боговите. Ова некој може да го поврзе со влијанието на античките грчки идеи врз Античкиот македонски двор.

Немало практика Александар да прави преседан, но теоријата го направила своето. Него-виот учител Аристотел во своето дело „Политика“, вели дека ако постои човек кој со способноста и со политичкиот капацитет е неспоредливо супериорен над сите други, тој човек е како Бог меѓу луѓето и

додава дека против таквите не постои закон, „бидејќи тие сами за себе се закон“.

А дали Исократ не му напишал на неговиот татко Филип во последното писмо дека, ако го натера античкиот грчки крал на покорност, ништо не му преостанува освен да стане Бог? Дали сега Александар Македонски не го извршил тоа поцелосно отколку Филип?

Тоа било во согласност со чисто античко-грчките идеи дека по своето победоносно враќање од Индија, Александар побарал божествени почести од Грците. Идејата му била позната уште пред седум години кога свештеникот од Амон го поздравил како син на Зевс. Ако потоа тој не се обврзел да се прогласува официјално во физичкиот свет како Божји син, најавувањето што го прифатил со верба, во смисла на античката грчка концепција, како божествено откровение и признание на својата натчовечка божествена сила, сепак, сознанието како Божји син секогаш останало во неговите мисли.

Преокупиран со тоа, возвишен од своите легендарни успеси и во очекување на плановите за суверенитет над светот, сега презел решителен чекор да оди подалеку од овие посебни откритија, барајќи божествени почести од античките Грци и од Коринтската лига. Интересно е гледиштето за карактерот на Александар да го исклучи ова внатрешно религиозно доживување и да претпостави дека барањето било од чисто политичка причина, единствен предмет што можел да го подигне како Бог над спогодбите на Коринтската лига и да ги потчини автономните антички грчки градови и нивните територии на својата божествена волја.

Секако, оваа апотеоза, доколку биде прифатена, значи значително зголемување на неговиот личен престиж во градовите на Лигата,

постигање што не може, а да не му биде пожелно. Според теоријата на Аристотел, неговата желба потоа би се подигнала над законите. Но, од друга страна, како што видовме, веќе пред тоа се поставил над одлуките на договорот на Лигата, без да има потреба од божествената сила единствена на земјата како негова надмоќ.

Од друга страна, античките Грци, иако ја признале апотеозата, не му ја признале неговата желба како божествен закон. Во овој случај Атињаните одбиле покорност и се определиле да се спротивстават со сиот свој бес. Во практичниот политички живот направиле разлика меѓу Богот кому му богослужеле со култ и хегемонот на земјата чии права и обврски биле определени во нивните очи како и порано со договорот на Лигата.

Мора да се спомене дека дури и подоцна елинистичкиот култ кон кралевите, иако како империјалистички култ во неколку антички грчки држави значел повеќе од апотеозата на Александар, никогаш не бил пречка за непокорување и немал влијание ни врз практичниот ни врз политичкиот живот.

Оваа разлика меѓу политичката и религиозната сфера заедно со античкиот грчки карактер на апотеозата, го објаснува фактот дека античките Грци се согласиле со желбата на Александар без некои сериозни колебања. Природно, членовите на антимакедонските секти биле против тоа, но ако тие политички причини биле, навистина, поврзани со апотеозата, спротивставувањето би било од друг вид.

И шампионот на слободата како Демостен, по оригиналниот протест, на крајот го советувал атинскиот народ да го признае кралот како „син на Зевс или како Посејдон, ако тој тоа го сака“. Рамнодушноста со која се третирало прашањето,

покажувало дека тоа прашање не било од високата политика, туку од религијата, и немало голема важност според мислењето на просветителите кои стариот политеизам повеќе не го поседувале во ниедна смисла. Информациите за изведеното дејство се нецелосни. Иницијативата на Александар продложила и понтаму, но не се слушнало во каква форма дошла кај Грците.

Тешко може да се рече дека била вообичаена, туку, веројатно, повеќе била желба што Александар ја изразил до Федералниот совет, кој, меѓутоа, ја формулирал како да било барање, а можел да комуницира за желбата со неколку членови на Лигата. Која форма тие ја избирале, дали како Бог или како син на Бога (види Демостен), целосно било оставено на нив. Општото присвојување дека во Атина, по предлог на Демад, Александар Македонски го примил култот како „нов Дионис“, е грешно потврдено.

Во пролетта, следната (323) година, амбасадорите на Елада отишле кај Александар Македонски во Вавилон за да го удостојат со златни круни. Тие се појавиле не како дипломатски претставници на кралот на земјата, туку со венци на главите како „празнични амбасадори“, кои дошле кај Бога, како што вели Аријан. Елада се согласила со неговото барање.

Напорот за повторно средување на состојбите во Античка Грција предизвикале нови наредби на Александар, издадени во Суса во пролетта 324 година. Овој пат тоа биле наредби, а ги испратил до Федералниот совет преку Никанор од Стагира. Една од наредбите што се однесувала на локалните лиги на Атињаните, Аркадијците и Бојотијците, е нејасна, бидејќи е добиена само во изменета(осакатена) форма.

53.
ПРОБЛЕМИТЕ СО ПАРИЧНИТЕ СРЕДСТВА ВО АТИНА И ВО ДРУГИ РЕГИОНИ НА ЕЛАДА

Другиот проглас бил многу важен. Со него Александар Македонски наредил сите прогонети од територијата на Лигата, со исклучок на ограбувачите на храмови и убијците кои обично биле помилувани, можеле да се вратат во своите домови и да бидат целосно или делумно повторно населени на старите имоти

Одобрението било дополнето: во случај некој град да одбие да ги прими назад своите прогонети, Антипатер, претставникот на Александар, ќе ги примора со сила. Овој декрет треба политички да се сфати како чин на умно државништво. Иако Александар бил нападнат од едната од најлошите „болести“ на античкиот грчки систем на мали држави, сепак, издржал и се излекувал.

Некои го ценат декретот многу повеќе, бидејќи во постојните политички услови многумина од прогонетите, што биле помилувани, морале да бидат негови политички противници. Со чинот на помилувањето тој можеби се надевал дека ќе ги смири и ќе ги придобие. Од друга страна, пак, очигледно е дека оваа наредба, издадена од самиот Александар, без каква и да е соработка со Федералниот совет, била отстапување од договорот на Лигата.

Иако документот за прашањето не е зачуван, сепак, според духот на договорот тоа не може да биде сомнително, бидејќи може да се направи договор само во соработка на хегемонот со Федералниот совет.

Може да се нагласи фактот дека во дискусиите за овој проглас не можат да се најдат траги на поткрепа на религиозната важност дека Александар ја добил апотеозата во градовите на Лигата. Овој последен степен на игнорирање на Федералниот совет и формирање на автократна позиција подобро може да се објасни исклучително со широко распространетата доверба во силата на Александар Македонски.

Одлуката не е резултат од барањето апотеоза, која, како што е покажано, нема политичка цел. Напротив, таа има свои корени во истиот психолошки факт. Во декретот зборува човек кој се стремел кон суверенитет над светот и бил определен да ги разниша непогодните окови на договорот на Лигата. Федералниот совет, на кого Никанор му го донел оригиналниот проглас, пратил препис до секој член на Лигата.

Во овој последен стадиум на развој, Александар го искористил Федералниот совет, едноставно, како место за обезбедување на својата апсолутна и семоќна желба. Веројатно, под импресија на вестите што ги слушнал од Суса - масовната женидба со персиски девојки, Аристотел му го испратил познатото предупредување на Александар - кон Елините да се однесува како хегемон, а кон варварите како деспот. Така, учителот и ученикот повеќе не можеле меѓусебно да се разберат.

Меѓу прогонетите оваа одлука, природно, била примена со голем ентузијазам. Кога Никанор на Олимписките игри во 324 година на свеченият

собир, на кој прогонетите се собрале на веста што била пренесена, го прочитал Александровото писмо во форма на проглас, со кое кралот комуницирал со прогонетите, имало гласно викање и задоволство.

Се претерува кога се вели дека бројот на прогонетите што се собрале изнесувал 20.000. Но, бројот ни дава приближна слика за проширувањето на револуциите во политичкиот живот, а поседите во сопственост на античките грчки држави мора да биле изземени од извршувањето на прогласот. Колку бил тежок процесот е прикажано во написот од Тегеа.

Кога Никанор се појавил во Елада со тој проглас во пролетта на 324 година, а потчинетите на неговата мисија станале злогласни, разбирливо е што во градовите се појавило големо возбудување и немир. Атињаните биле најтежок случај, и затоа морале да се вратат кај самијските бегалци на островот Самос. Атолијците станале немирни, бидејќи требало да примат прогонети во Акарнанскиот град на Ониада, што го имале окупирано.

Тоа било последица на големата затегнатост, зашто допатувал Харпал, неверниот благајник на Александар, кој, како што видовме, избегал со украденото богатство, а со цел да се спаси, ја поттикнувал Атина кон востание против Александар Македонски.

Бидејќи и порано ја поддржувал Атина, во услови на голема оскудност што ѝ се случило на Елада меѓу 330 и 326 година, а како награда му било дадено атичко државјанство, тој сега се надевал да му се дозволи да оди во Пиреа.

По совет на Демостен одбил да влезе во градот, што било во согласност со неговото убедување. Но кога во Таенарум ја напуштил војската, избегал со големо богатство и дошол

само со две триреми, копнеејќи да влезе како „молител“, му било дозволено да влезе во Пиреа со помош на Филокле, стратегот во 325-324 (пред да ја промени службата во 324).

Прашањето што да се прави со Харпал било сè поделикатно, бидејќи во Атина веќе се појавиле гласници, барајќи го неговото предавање, а за финансиски директор во Мала Азија бил испратен Филоксен. Бидејќи не стигнале директните наредби од Александар, Демостен сугерирал да се затвори Харпал, а украдените пари да се депонираат во Акропол.

По извесно време Харпал избегал од Атина, а луѓето биле изненадени кога дознале дека половина од парите што тој ги донел - нивната сума била околу 700 таланти - биле оставени во Акропол. Што се случило со другата половина?

Важно е дека наспроти законските морални норми во политичкиот живот на Атина, се претпоставува дека загубената сума пари Харпал ја употребил за корупција на водечките политичари.

Потоа започнала познатата „Харпалова истрага“, во која силно била изразена расипаноста на атичката демократија во тоа време. Овде нема место да се раскажува во детали како е извршено испитувањето на случајот на Ареопаг по предлог на Демостен, како Ареопаг во 323 година по шестмесечно одлагање го публикувал извештајот за виновните лица за митото што го земале, и како народниот суд им наложил големи казни на оние што Ареопаг ги прогласил дека се виновни. Меѓу осудените кои припаѓале кон различни политички партии бил и Демостен, кој, бидејќи не можел да ја плати казната од 50 таланти, бил затворен.

Оваа афера со Харпал, што се однесува на парите од Александар што исчезнале во џебовите на политичките водачи на Атина, не се сметало

дека ќе ги подобри односите меѓу Атина и кралот, кој веќе многу настојувал да ја спроведе одлуката за прогонетите.

Наспроти тоа, Атина била изложена на ризик во очите на Александар. Напнатоста растела кај неговата опозиција кога луѓето одлучиле да не се покорат на кралската наредба за предавање на Самос.

Александар не сакал да се откаже, а наскоро се проширил глас дека е спречен судир во војската. Дека вакви мисли биле изразени и од придружбата на Александар е потврдено со кажувањето за големата веселба во Екбатана во есента 324 година.

Тогаш, ког некојси Горгус од Иас, еден од телесните стражари на Александар, познат од документот како патрон на Самијанците, имал судска одлука да изврши опсада на градот Атина, за што Александар Македонски ќе му дал 10.000 војнички опреми, многу катапулти и друга артилерија што му недостасувала.

Наспроти оваа држава со подгреани чувства, современите преговарачи за прифаќање на апотеозата на Александар го покренале прифаќањето на барањето. Како што видовме, ова прашање не било сфатено како политичко, а Атињаните како и другите антички Грци, не се чувствувале обврзни за признавање на Александар како божество, ниту да се покорат на неговите наредби. Можеби со оваа отстапка тие мислеле да го натераат да биде наклонет повеќе кон ова политичко прашање.

54.
ПОМИРУВАЊЕ НА АЛЕКСАНДАР СО СВОИТЕ АНТИЧКИ МАКЕДОНЦИ

Во почетокот на летото 324 година, Александар Македонски ја напуштил Суса и отишол во Екбатана, раскошниот медијански главен град на Ахеменидите. Поголемиот дел од војската го испратила кон реката Тигар под команда на Хефестион, додека тој со хипаспитите и со неколку избрани единици отпловил по реката Еулај во Персискиот Залив со флотата на Неарх

Пред неговото враќање во Персепол, го фатила носталгија да плови во Персискиот Залив, како и порано во Индискиот Океан, а и да се запознае со утоките на реките Тигар и Еуфрат.

Кога ја задоволил својата потреба од вакво патување, Александар Македонски отишол по реката Тигар и, пак, се сретнал со Хефестион. По отстранувањето на браните што ги имале изградено Персијците за да ги спречат нападите од морето, дошол со војската во Опис.

Овде, во Опис, на најблиската точка до Вавилон и на линијата за комуницирање со Запад, сакаше да ги отпушти своите ветерани и да ги прати дома. Тоа доведе до страшна сцена. Кога Александар на собранието на македонската војска му ја кажа својата одлука за праќање дома со богати подароци на оние ветерани кои поради годините или добиените рани не можеа повеќе да се борат, се јави голема лутина против кралот поради неговиот однос кон Персијците и

персиските начини на однесување, а особено против воените реформи во Суса, кои изгледа им дадоа предимство на Персијците, а античките Македонци ги запоставија

Зад оваа негова одлука, тие сомнително го насетија неговото одвојување од античките Македонци како народ кој не одговара за војна. Така, во атмосфера на отворен бунт, собранието му довикуваше дека сите треба да си одат дома и со презир додаваа дека тој може да го заземе бојното поле со својот „татко". Од оваа алузија на Амон во никој случај не може да се заклучи дека Александар Македонски бараше од Македонците да го признаат како син на Амон. Токму затоа што идејата за син на Бога беше сосема туѓа за нив, тие погрешно го разбраа нејзиното значење и во неа видоа единствено рефлексија на нивниот поранешен крал Филип Македонски.

Сега, во момент на лут занес, нивната цел беше што е можно повеке да го навредат лично кралот, во што и успеаја. Одвај Александар ги слушна овие зборови, со кои најсветото чувство во неговиот внатрешен живот беше јавно исмеано, кога скокна од говорницата со своите офицери меѓу побунетите и направи круг меѓу водачите, тринаесет на број, на кои покажа со прст за да бидат одведени на стрелање.

Сега Александар беше господар на ситуацијата. Бурното собрание стана многу тивко и ниеден не се осмели да рече ни збор. Во таа тишина тој повторно се качи на бината. Со тивко одбивање на искривоколченото гледање на неговото сродство со својот татко Бог, изразен во тој презирен плач, тој го започна својот говор со изразување благодарност кон својот вистински татко Филип Македонски, од кого всушност никогаш не се одрече.

Со остри зборови ги укори војниците за нивната неблагодарност и ги потсети колку многу му должат на неговиот татко Филип Македонски, кој на почетокот ги најде како бедни овчари, облечени во овчи кожи ги пасеа своите говеда по планините, а тој ги направи владетели на Античка Грција. Потоа тој ги потсети за сé она што тој лично направи за нив, како ги направи господари на Исток и со нив ја сподели сета опасност и мака.

Но, нема да ги задржи повеќе. Тие треба сите да се вратат во Античка Македонија и да им кажат на луѓето таму дека го напуштија својот крал и не го заштитија од победените варвари. По командата дека се слободни, тој скокна од бината и се затвори во кралскиот дворец, одбивајќи да види кого и да е.

Никој не можеше да зборува со него наредниот ден. Македонците беа избезумени. Тие немаа сериозна намера кога рекоа дека сакаат да го напуштат, но тој ги разбра буквално. Тие сите беа длабоко потиштени и засрамени. Не знаеја што треба да прават. На третиот ден Александар наименува персиски дворјани во војската и им даде немакедонски еди-ници, особено „епи-они", горди имиња „персиски Агема", „персиски кралски следбеник" и др. Уште повеќе, тој наименува неколку од персиските дворјани за „кралски луѓе", кои според персискиот обичај имаа право да го поздрават кралот само со бакнеж.

Кога античките Македонците слушнаа за оваа противмерка, нивниот отпор беше скршен. Тие истрчаа кај замокот, го фрлија оружјето пред портата и молеа за прошка. Александар излезе од дворецот и кога ги виде своите стари другари невооружени покајнички пред него, му помина лутината и му потекоа солзи. Кога поради силната емоција не можеше да проговори, еден стар

македонски офицер излезе пред него и со почит му рече дека назначувањето на Персијците за „кралски луѓе" им задало силна болка. Тогаш тој извика „Сите ве назначувам за мои кралски луѓе", а стариот антички Македонец беше првиот кому му дозволи да го бакне.

Така беше обновен мирот меѓу кралот и неговите антички Македонци. Македонски извојува целосна победа со својата незадржлива силна природа. Ги натера побунетите единици да му се покорат и дури уште повеќе ги приврза без да прави некоја отстапка. Но, сé уште отсуствуваше помирувањето помеѓу античките Македонците и Персијците, што во интерес на својата империја беше негова грлема желба.

Затоа, тој направи голема гозба за помирување. На масата античките Македонци седеа до кралот, потоа Персијците и некои водачи од други националности, како што е кажано, околу 9.000 луѓе. Гозбата започна со наздравување на Александар и на неговите гости и со полевање вино за боговите од ист пехар, а церемонијата ја водеа античките грчки пророци и персиските магионичари.

При молењето на боговите Александар Македонски ја искажа желбата дека покрај сите добри работи што се случија, сака да се направи заедништво меѓу античките Македонци и Персијците. Тој не ги откри до крај своите политички намери. Двете нации, освојувачите и освоените заминаа од гозбата во слога и здружени. Во ова тој ја виде можната потпора на иднината на Азискоатичката империја. Не беа пречка ниту различните религии на двете нации за нивно политичко и културно обединување, а со тоа ги натера и античките грчки пророци и персиските магионичари да бидат рамо до рамо.

Овој момент е многу важен во животот на Александар. Мислите што од поодамна го имаа окупирано оддеднаш му се разјаснија и ги дефинира. Неодамна, меѓутоа, надвор од оваа „молитва во Опис" се прочита исповед на братство и на хуманост, а низ стоичката доктрина се поврзува со христијанството. Овие идеи припишани на Александар Македонски нему му беа сосема туѓи.

Вистинската молитва за него беше тоа што тој сакаше да направи збратимување меѓу античките Македонци и Персијците. Воопшто нема траги дека Александар Македонски сакаше да го третира човештвото како едно братство.

По гозбата следеше отпуштање од војската на околу 10.000 ветерани, како што беше најавено порано. Последицата беше таа што бројот на старите македон-ски ветерани во војската што беа непријатели на него-вата идеја, беше намален, а тоа мора да му било мило. На секој воин при отпуштањето не само што му плати за се до неговото враќање дома, туку му даде и по еден талант повеќе.

Ги задржа децата што им ги родија азискоатичките жени со цел да ги спречи несогласувањата што би ги имале во своите домови во Македонија, а им вети дека ќе ги воспитува во македонски дух, ќе ги тренира како војници, а подоцна кога младите ќе пораснат ќе ги земе со себе и ќе ги одведе кај нивните татковци во Македонија. Александар го определи Кратер, кој беше веднаш до него по Хефестион и беше многу популарен меѓу Македонците, да ги води ветераните назад. На Кратер, исто така, му беше наредено да го замени Антипатер како империјален вице-крал во Европа, а Антипатер требаше да оди со нови единици во логорот кај Александар.

Причина за ваквото разменување делумно беше тоа што односите помеѓу Антипатер и заповедничката Олимпија постојано беа затегнати и водеа до караници и протести од двете страни, кои беа болни за Александар како син. Имаше и друга причина: политиката на Антипатер спрема Елада, поради олигархиската обоеност, не се сложу-ваше со погледите на Александар.

И така Кратер, новиот вице-крал, беше упатен да ја согледа „слобо-дата на Грците", фраза која несомнено одговара на клаузулата за слободата според заветот на Лигата. Така, додека одлуката за прогонетите предизвикуваше вознемиреност во Грција, Александар како хегемон го зазеде стојалиштето за одржување на заветот.

Александар и неговата војска заминаа од Опис преку планината Загрос во Екбатана. Изворите не кажуваат ништо во врска со некои преземени мерки на владеење во текот на неколкуте месеци во резиденци-јата на медијскиот главен град. Во споредба со голе-мата активност што Александар ја манифестираше веднаш по доаѓањето во Вавилон во пролетта на 323 година, овие месеци во Екбатана беа како затишје пред бура. Секако, неговата програма беше определена и готова кога се појави во Вавилон.

Затоа може да се претпостави дека неговите идни планови беа дефини-тивно определени во Екбатана, а и како обично пред тоа новите акции беа добро и внимателно подготвува-ни. Таков беше случајот и по долгиот и мирен престој во Суса.

Каква беше природата на овие планови? Со враќањето во Суса, Александар можеше да го смета освојувањето на Азија целосно завршено, иако некои региони во северна Мала Азија се уште не беа покорени. Неговиот индиски поход покажа

дека не можеше да се задоволи со освојување на Ахеменидската империја, туку беше поттикнат не само со желбата за освојување, туку и за научни откритија, за да втаса до најдалечната граница на населениот свет.

Иако беше приморан да застане на Хифас и не можеше да ја постигне својата цел - океанот, сепак патувањето по реката Инд го доведе до Индискиот Океан, што го натера Неарх да воспостави врска меѓу делтата на Инд и утоката на реките Еуфрат и Тигар, со што ја определи јужната граница на Азија.

Ова откритие сега требаше да се искористи за трговски цели на империјата, посебно со населувањето на овие морски брегови, особено оние на Персискиот Залив, поим што од поодамна му се вртеше во главата, како што покажаа упатствијата што му ги даде на Неарх.

Меѓутоа, во меѓувреме се појавија нови проблеми во немирниот дух на Александар Македонски. Спротивниот брег на Арабија беше сé уште неиспитан, а формата на земјата беше неопределена. Дали можеби беше возможно да го пронајде патот околу Арабија до Египет и да воспостави морска врска меѓу Вавилон и Александрија?

Големи перспективи за интеркомуникација и трговија се отворија пред него. Големи предности се очекуваа на географски план за океанот и за светот. Веднаш штом се врати во Вавилон, Александар прати експедиција да ја обиколи Арабија по море. Границите на Ахеменидската империја беа значително поголеми од очекувањата.

55.
АЛЕКСАНДАР ТРЕТИ МАКЕДОНСКИ ОБЕДИНУВАЧ НА ЦЕЛИОТ ИСТОК

Во тоа време, Александар Македонски бил многу окупиран со океанографските проблеми, како што може да се види од неговиот голем интерес за стариот проблем на Каспиското Море, што го окупирал кога бил на јужниот брег (330)

„Александар Македонски бил опфатен од носталгија“, повторно почнале да кружат зборови. Испратил некојси Хераклид да изгради бродови таму, да плови низ Каспиското Море и да установи дали е тоа внатрешно море, како што го учел Аристотел, а не залив на океанот, како што претпоставувале старите Индијци, што билоспорно за него по откривањето на Индискиот Океан.

Во исто време, можно е размислувањата од економски аспект да одиграле важна улога во мисијата. Поради смртта на Александар не биле преземени ниту оваа, ниту арапската експедиција.

Тоа се експедициите што Александар ги презел за неколку месеци во својот живот. Веднаш штом умрел, биле најдени забелешки во кралските архиви кои откривале дека арапската експедиција била само предигра на неговите големи планови. Овие официјални забелешки содржеле податоци како и на кој начин требало да се изведат и осмислат неговите технички планови, потоа воените и финансиските извори потребни за тоа.

Има само малку податоци од кои може да се види дека требало да се изградат 1.000 воени

бродови со поголеми димензии во Феникија, Сирија, Галиција и Кипар за походот против Картагенците и другите народи што живееле на другиот морски брег на Африка, Шпанија и на брегoвите до Сицилија. Спомнато е, исто така, дека требало да се гради пат по должината на африканскиот морски брег до Пилар на Херакле, како и да се изградат пристаништа на сите места кои одговарале за таа намена.

Овие содржини на забелешките укажуваат на тоа дека Александар, откако станал господар на Азија, размислувал за освојување на целиот свет. Тој, веројатно, е единствениот човек во историјата кој ги подготвувал овие огромни планови за да стане „светски владетел“ во вистинската смисла на зборот. Неговата империја сега достигнала на запад, потоа на север до Јадранско Море, а на југ до Кирена, која била во пријателски сојуз. Во овие последни планови во прашање било само освојувањето на морскиот брег на Западниот Медитеран.

Очевидно, првата цел била насочена кон Картагена која била најважната поморска и трговска сила на Запад. Дали тој ќе успеел во своите планови е прашање на кое не можат да одговорат ниту историчарите, меѓутоа, не може а да не се верува во можностите кога се однесува на Александар, кој направил толку многу, па и тоа, всушност, не било невозможно. Друго е прашањето дали тој ќе успеел во формирањето на тогашниот познат свет во една империја.На прашањето, веројатно, ќе се одговори негативно.

Создадена едноставно од неговата ретка личност, оваа империја би ја загубила виталноста со неговата смрт. Дека подоцна Римската светска Империја се одржа многу векови, не претставува спротивен аргумент. Во овој случај од генерација до генерација било поставуван камен-темелник, сè

додека огромната изградба не застанала многу цврсто и не зајакнала нацијата. Александар, од друга страна, всушност, бил ефемерна епизода, а освен тоа зад неговите идеи не стоеле ниту античките Македонци ниту, пак, античките Грци, тој останал сосема сам.

Треба да се претпостави априори, аналогно на внимателната почетна подготовка на другите потфати на Александар Македонски, дека на овие планови тој не се потпирал единствено врз неосновани фантазии, туку и врз однапред добиените информации за големината на различните земји на Запад и нивните заемни политички врски. Се знае кога Александар бил на Далечниот Исток, се распрашал за историјата на Сицилија преку експертот Филист, државник на Дионис I, преку кој можело длабоко да се проникне во војните на западните антички Грци со Картагенците и нивните италијански соседи.

Една друга работа кај него побудила личен интерес за проблемите на западните етнички Грци и во извесна смисла информацијата за неговиот зет Александар, кога тој во времето преминал во Азија, им служел на Терентинците во борбите против Луканијанците и Брутијанците во Долна Италија и го загубил животот во војната.

Секако, Александар немал нешто поважно во мислите од панелинистичката политика како онаа од неговите почетни години, но е повеќе од сигурно дека во освојувањето на Запад ќе се потрудел да го спаси тамошниот грчки елемент и да ја направи античката грчка култура доминантна во регионите на Западниот Медитеран.

Со тоа, всушност, тој почнал да размислува и да ги врши потребните воени подготовки за тој поход, а тоа било јасно од оскудните цитати во забелешките, заедно со известувањата за

постепената изградба на една флота и на патишта. Некои современи писатели ги отфрлиле овие забелешки како легенда од подоцнежниот период.

Меѓутоа, забелешките од тој период претставуваат првокласен извор, како што е Хероним од Кардија, па затоа никој нема право да ги отфрли од историјата на Александар. Психолошки е разбирливо дека тој ќе ги остварел овие планови за владеење над светот. За десет години ја покорил Азија сè до Индија. Ни една нација ниту тврдина не можеле да му се спротивстават.

Тој бил млад човек од триесет и две години, а можел да живее уште подолго. Дали неговото вечно восхитување одговарало во борбата и во неговата вечна тага за границите на светот, да ја остави настрана сабјата и да го посвети својот претстоен живот на изградба на она што го извојувал?

Тоа би бил еден нов Александар и би имал многу малку заедничко со историската фигура. Не е во ред да се одбива неговата веродостојна и добро тестирана изјава во забелешките. Без неговите последни планови за освојување на светот не може да се направи целосна и точна слика за Александар Македонски.

Може да се рече дека Александар ги држел овие планови во тајност и дека биле разгледани и обработени во тесен интимен круг. Малкумина биле подготвени да го следат на овие матни патеки. Единствениот човек во неговата свита кој целосно го разбирал, бил неговиот пријател од детството Хефестион. Меѓутоа, била голема загубата кога во Екбатана во текот на веселбата во чест на Дионис, овој негов пријател се разболел од фатална треска. Во големата болка Александар Македонски многу тагувал.

Три дена лежел до мртвото тело на својот пријател без да јаде или да пие. Ахил го оплакувал својот Патрокле. Се ширеле приказни во врска со тоа како ја изразил својата болка. Колку многу е вистина тешко е да се поверува. Вистина е дека тој посакувал неговиот мртов пријател да биде издигнат до божествена величина. Тој испратил абери до оазата во Сивах и го замолил својот татко Амон дали може да положи жртва за Хефестион како на херој или како на Бог.

Му наредил на Пердика да го однесе мртвото тело во Вавилон за да му изградат најубав и најскап споменик. Со цел во војската вечно да се слави името на неговиот пријател, кралските следбеници што тој ги командувал биле наречени „Хефестионска чилијархија“. Од друга страна, должноста како голем везир што Хефестион ја имал не била, воопшто, пополнета. Местото веднаш до кралот останало празно.

Најпосле Александар престанал да го оплакува и тргнал на пат кон Вавилон. На патот се судрил со Козеаните, борбено и пљачкашко племе на планината Загрос, кое се криело и било во заседа во високите планини, каде што ја зачувал независноста од Големиот крал. Бидејќи сега биле нападнати во зима, тие не можеле да се повлечат во своите висини покриени со снег и му се спротивставиле на Александар во рамните делови. За четириесет дена нивниот отпор бил скршен.

На пат за Вавилон, Александар Македонски го пресретнале амбасадорите на разни земји, подготвени да му изразат почит на новиот господар на Исток. Од Африка дошле Либијци и веројатно Етиопјани, а, пред сè и Картагенци. Од Италија дошле Луканијци и Брутијанци, Етрусканци и Римјани, од Далечниот Запад веројатно Иберијци и Келти. Испраќањето на овие амбасадори значело

дека веста широко одекнала дека тој се враќа како победник од Индија.

Од ова шаренило на дипломатски претставници се добило сознанието за импресијата што ја предизвикал кај народите на Запад со создавањето на силната империја и со достоинс-твото со кое бил опкружен од погледот на целиот свет.

Иако овие народи сé уште не знаеле за неговите последни планови за освојување на светот, сепак, кај Картагенците, кои веќе почувствувале голема загуба во престижот по освојувањето на Тир, нивната метропола, а и по основањето на Александрија во Египет, стравот не бил далеку дека Александар Македонски, кој во сојуз со Кирена им се приближил отстрана, а со тоа еден ден ќе и нанесел штета на нивната земја со неговата трговска политика.

Секако, со обединување на целиот Исток во рацете на еден човек што порано никој не го направил, се создал нов фактор на моќ, кој ги приморал политичарите од Запад да се чуваат - колку повеќе го прават тоа, толку повеќе ќе ги дознаваат идните планови на Александар - а тоа ги терало да настојуваат да одржуваат добри односи со оваа нова сила.

Надвор од оваа ситуација, посебни причини за испраќање амбасадори може само да се претпостават за италијанските народи: за Луканијците и Брутијците поради нивната војна со Александар Молосијански зетот на Александар, и за Етрусканците поради нивното пиратство што било опасно за членовите на Коринтската лига. Тешко е да се поверува дека Римјаните, потоа, Самнитската војна испратиле амбасадор во Вавилон.

56.
ЗНАЧАЈНИТЕ ИСТРАЖУВАЊА ВО АРАБИЈА И КАЈ РЕКИТЕ ТИГАР И ЕУФРАТ

Според Аријан, некој како експонзулот на Рим, направил приказ кога се слушнало од други извори дека Александар Македонски еднаш испратил строг укор до Римјаните поради учество на Атинјатите во пиратството на Етрусканците

Александар Македонски ги примил сите тие дипломатски претставници кога планирал војна за освојување на Запад. Притоа, може да се замисли со колку голем интерес ги примил овие луѓе и разговарал со нив, со цел, доколку е можно, да добие повеќе точни информации за нивните земји.

Кога ја префрлил реката Тигар и се приближил кон Вавилон, го пресретнале дипломатските претставници на Калдеанците, кои го предупредиле за влегувањето во Вавилон, бидејќи според пророштвото од Мардук тоа за него ќе било лошо. Александар Македонски имал причини да се сомнева во лагата на лукавите свештеници.

Тој научил дека тие се покориле од страв и наскоро ја игнорирале наредбата што тој им ја издал во 331 година за да го обноват храмот на Мардук, а кој бил уништен од Ксеркс, бидејќи со завршувањето на работата тие би го загубиле богатиот приход на храмот кој сега одел во нивните џебови.

Затоа тој го одбил нивното предупредување. Но, кога најпосле тие го замолиле да влезе во градот од западната страна, а не од источната, имал желба да се соочи со нив за ова, но наскоро сфатил дека влегувањето од западната страна е невозможно. Така, наспроти предупредувањето на свештениците тој влегол во градот од источната страна. Природно, веднаш потоа пророштвото предвидело негова смрт.

Првата работа што Александар ја направил во Вавилон била таа што започнал со голем ентузијазам да ја подготвува својата арапска експедиција. Немал намера да го освои арапското копно, туку само некои делови на морскиот брег или блиските острови, на кои имало добри пристаништа или биле погодни за стационирање; сакал да ги освои со цел да му послужат во натамошните патувања на трговските бродови.

Но, најважна цел била да се пронајде водениот простор околу Арабија, да се открие патот до Црвеното Море и погоре до Херунпол (во близината на Суец) и да се направи морска врска меѓу Вавилон и Александрија македонска. За оваа експедиција требало да се собере флота во Вавилон. Океанската флота на Неарх која отпловила по реката Еуфрат до Вавилон, го чекала кралот и била зголемена со бродови направени од кипарисите на Вавилон.

Исто така, било наредено да се изградат воени бродови во погодните пристанишни места на феникијските градови. Бидејќи биле разделени на делови можеле да се транспортираат по копно до Тапсак, таму да се состават и можеле да се доведат по реката Еуфрат до Вавилон.

Во исто време Александар наредил да се започне со ископување на големо пристаниште во Вавилон, толку големо, како што вели Аријан, да

прими 1.000 воени бродови во својот простор. Ова е само бројка која не го потврдува заклучокот дека Александар Македонски сакал тогаш или подоцна да собере илјада воени бродови на тоа место.

Не се претпоставувало дека огромното пристаниште ќе биде само за азиската флота која била многу помала, туку тоа да биде станица за трговски бродови. Во иднина Александар сметал на голема трговија меѓу Индија, Персискиот Залив и Египет, а Вавилон требало да биде главното место за размена на ваквата источна трговија. Во согласност со неговите древни традиции, Вавилон прераснал во центар на азиско-атичкиот свет.

Погрешно е мислењето дека тој го направил Вавилон постојан главен град на својата целокупна империја. Тоа е вистина само за неговата Азиско-атичка Империја. Ако неговите планови за Запад се материјализирале, не можел да владее со својата светска империја од Вавилон. Но поради својата местоположба, Александрија македонска во Египет била одлично лоцирана за таа намена, како главен град на Западната светска Империја.

Во првиот пример, пред да започне патувањето на флотата, морскиот брег на Арабија требало да се испита што е можно подлабоко. Александар претходно испратил брод со триесетина веслачи на чело со Архија од Пела, кој веќе имал добиено висока позиција во текот на патувањето со Неарх. Меѓутоа, Архија не отишол подалеку од островот Тилос (бахреински остров) во Персискиот Залив. Откако му го предал својот извештај, Андростен од Тасос бил испратен со иста цел и со сличен објект. И тој изгледа дека не отишол зад Тилос, но донел вредни испитувања за флората на островот.

Според неговиот опис, пресметано е дека тој бил во зимата (декември-јануари) и дека овие патувања со научна цел биле определени со наредба од Екбатана (325-324). Третиот кој бил испратен на вакво патување бил Хиерон од Солој кој добил наредба да оди околу Арабија до Херунпол. Тој отишол најмалку до Макета, што Неарх го видел од Ормуз.

Но кога видел колку бескрајно се протега морскиот брег, се вратил и му изјавил на Александар Македонски дека Арабија е изненадувачки голема, но не многу помала од Индија. Попусти биле резултатите за синхронизирање на експедицијата на Анаксикрат, кому Александар му наредил да тргне од спротивната насока и да оди од Херунпол околу Арабија во Персискиот Залив. Тој поминал низ Бавел-Мандеб но се вратил бидејќи му недостасувала вода.

Сите овие пресметки покажуваат дека Александар и неговите современици немале претстава за формата и големината на Арабија. Меѓутоа, и покрај неуспехот тие покажале колку пасионирано се подготвувале за големите експедиции на море. Тој ја натерал флотата да врши маневри на реката Еуфрат и понудил венци како награда за најдобрите веслачи и кормилари.

Во тоа време Александар Македонски имал намера лично да ѝ се придружи на флотата, што, секако, го покажувало неговиот личен интерес во патувањата за откривање, но, веројатно, и затоа што му овозможило повторно да се појави на Медитеранот, во Александрија, а потоа да се посвети на своите планови за Запад.

Во меѓувреме Александар преземал чекори да ги исполни своите планови за населување на северниот морски брег на Персискиот Залив. Од извештаите на Неарх бил убеден дека со

регуларно населување на морскиот брег и на крајбрежните острови, ќе може да создаде „втора Феникија“. За таа цел тој го испратил Микал од Клазомена со 500 таланти во Феникија и Сирија, со цел да земе во воена служба народ од морепловското население, а, исто така, да купи робови кои ќе можат да се населат на овие простори.

За да ја унапреди источната трговија, во заливот меѓу планините Еулај и реката Тигар, бил изграден градот Александрија Харакс (веројатно во 324 година кога тој го посетил овој регион), град кој бил погоден со својата местоположба да стане извозно пристаниште на Вавилон, додека за да ја унапреди пловидбата, веќе ги имал отстрането персиските брани на реката Тигар.

Александар над сè сакал да го зголеми напредокот на целиот Вавилон со изградба на каналска мрежа. Тоа било дури и од времето на Хамураби најглавна задача останата од природата на владетелите на Вавилон, задача што ги преокупирала и денешните инженери, да се регулираат годишните поплави од реките Еуфрат и Тигар со канали и насипи кои треба да станат благослов наместо клетва на земјата. Со целосно разбирање за она што се барало, Александар сосема се посветил на таа работа.

Од Вавилон тргнал на пат за да го испита каналскиот простор, и да ги испита и поправи насипите на каналите на Палакот, со што требало да се култивира голем дел од пустината за производство. Тој патувал и по каналите и езерата што се граничат со Арапската Пустина, и, веројатно, поради заштита од бедуинските Арапи, изградил град што го нарекол Александрија, во кој населил антички грчки наемници, доброволци и ветерани.

Кога Александар се вратил од ова патување во Вавилон, го нашол Пеуцест, намесникот

на Персија, кој имал донесено 20.000 обучени Персијци за војници Косеанци, Тапуријанци и други способни единици од соседните народи. И од Карија и Либија дошле нови единици, а од Македонија дошло коњичко засилување. Доаѓањето на овие нови војнички единици, особено 20.000 Персијци, го натерало Александар Македонски да изврши реорганизација во војската.

Тоа било последното што тој го направил или што го започнал. Наместо да ги постави македонските и персијските единици една до друга (распоред воведен во Опис, во времето на конфликтот), тој решил во воените единици да изврши вистинско спојување на двата народа што ќе одговара на неговите политички намери. Тоа значело целосно напуштање на старата античка македонска фаланга.

Секоја помала единица во иднина требало да се состои од четири антички Македонци, вооружени на македонски начин и дванаесет Персијци, кои биле вооружени или со лак или со копје, а командувањето му било доверено на еден антички Македонец. Надвор од поврзувањето на двата народа, се правеле напори за комбинација на разни оружја во ист војнички состав.

Во судот за оваа типична практика, како што обично се прави, не смеело да не се забележи фактот дека тоа било со намера само за Азиско-атичката Империја и може да се објасни само со азиско-атичката политика на Александар.

57.
ПОСЛЕДНИТЕ ДЕНОВИ ОД ЖИВОТОТ И СМРТТА НА АЛЕКСАНДАР МАКЕДОНСКИ

Во Античка Македонија, секако, старата фаланга требало да продолжи да функционира. Смртта на Александар, наскоро потоа, го спречила целосното извршување на оваа необична идеја. Оваа македонско - персиска војска никогаш не стапила во акција. По смртта на Александар целата политика на спојување била напуштена, како и војничкиот резултат од тоа

Бездруго, може да се биде сигурен дека ако оваа нова војска не успеела да се докаже во практиката, Александар Македонски немало да се колеба да ја замени со друга организација, исто како што ги отстранил персиските намесници кога не се покажале ефикасни.

Таа пролет мнозина амбасадори од Античка Грција дошле во Вавилон. Тие биле испратени таму со разновидни петиции. Мнозина од нив се приближиле, му пришле на кралот со златни круни на главите, со венци тие дошле да му изразат почит на Господ, а со тоа потврдиле дека нивните родни градови ја вовеле неговата апотеоза. Оние амбасадори што морале да се претставуваат спротивно на декретот за враќање на прогонетите, морале да се вратат дома незадоволни. Александар никогаш не правел отстапки.

Околу мај неговите дипломатски претставници се вратиле од оазата во Сивах и известиле дека Амон изјавил дека Хефестион требало да биде почитуван како херој. Иако идејата за култ на почитување била отфрлена, Александар бил многу одушевен дека пророкот одобрил среден курс и веднаш наредил Хефестион да добие херојски почести

Всушност, тој испратил наредби до Клеомен од Наукрат да се изградат два гроба од големи размери и со извонреден сјај на Хефестион, едниот во Александрија, а другиот на островот Фарос. Ова било толку близу до неговото срце што било речено дека му ветил на Клеомен општо простување на грешките за минатото и за во иднина, ако го извршил овластувањето. Но, смртта на кралот потоа го стопирала извршувањето.

Птоломеј, новиот намесник, на кого Клеомен се потпирал немал разбирање за изградба на гробовите. Александар имал намера овие споменици да се изградат во египетска Александрија, со индикација дека, според неговите планови, овој град требало да игра посебна улога во неговата Светска Империја.

По пристигнувањето на пораката од Амон, вистинскиот закоп на Хефестион се извршил во Вавилон. Александар наредил општа жалост во целата земја. Хефестион не бил веќе мртов туку херој, а Александар бил првиот кој приложил жртва што му соодветствувала на херојот.

Се појавил многу тежок проблем околу големиот споменик по смртта на Хефестион што Александар Македонски наредил да се изгради во негова чест во Вавилон. Опишувачот Диодор дава фантастични податоци, кои се темелат врз вистини. Работата му била доверена на архитектот Деинократ, кој ги скицирал плановите за египетска

Александрија. Споменикот требало да се издига високо над 130 лакти на површината од еден четвртест стадион, требало да биде на пет ката, стеснувајќи се нагоре.

Надворешните ѕидови на катовите величествено требало да бидат декорирани. На долната надворешна страна требало да се стават 240 позлатени носови од педесетина големи видови бродови, а на нив требало да се постават клекнати стрелци и други фигури во висина на 4-5 лакти. На вториот кат требало да има огромни факли (високи 15 лакти), декорирани со златни круни и орли што летаат нагоре на кои оздола им гледаат змии. Околу третиот кат требало да има ловечка сцена; околу четвртиот - позлатени кентаури; околу петтиот лавови и бикови едноподруго.

Над сé, градбата требало да завршува со антички македонски и „варварски“ оружја, бездруго, не како што мислел Диодор, да означуваат победа и пораз, туку да го симболизираат спојувањето на античките Македонци и Персијците во една војска, која потоа требало кралот да ја командува. Притоа, варварските оружја биле персиски.

Трошоците на оваа баснословна и убава градба се движеле од 10.000 до 12.000 таланти. Интересно е да се види како во овој последен уметнички дизајн на епохата на Александар Македонски биле измешани идеите на античката грчка и ориенталната уметност. Така, вавилонските зигурати, иако не зачекориле во зграда како оваа, се стремеле кон вакви планови, без сомнение, влијаејќи врз формата на оваа градба.

Сите автори, вклучувајќи го и Аријан, оваа градба ја нарекле клада, а се претпоставува дека таа била запалена заедно со трупот на Хефестион. Но, тоа не би можело да биде точно, ниту е потврдено од Диодор, кому му го должиме

гореспоменатиот опис. Всушност, како што дознаваме од гореспоменатите забелешки, зградата сé уште не била завршена кога Александар Македонски починал.

Како може да се сфати дека таа гигантска градба, со своето богатство на различни уметнички вредности, била изградена за неколку месеци, во времето меѓу смртта на Хефестион и Александар Македонски? Таа никогаш не била завршена: по смртта на Александар Македонски со наредба на Собирот на војската засекогаш била стопирана нејзината изградба.

Според изворите, Јустин и Плутарх, веројатно, се во право кога овој споменик го нарекувале клада а не гробница. Александар Македонски имал идеја да направи траен споменик за својот почитуван пријател, што по големина и вредност ќе бил на исто рамниште како и колосалните згради на Вавилон, а во срцето на Азија засекогаш требало да ја зрачи славата на Хефестион, како што ќе го правел тоа спомениkот во Александрија македонска за западниот свет. Со орнаментацијата и со надворешниот изглед спомениkот требало да ја прикажува врската на Хефестион со Александар.

Во сцената на ловот очевидно има алузија на кралската кампања на гонење. Бродските носови и античките македонски и персиски оружја можеби укажуваат на тоа што Хефестион на Александар му бил верен помагач во неговите поморски планови и во неговата политика на спојување.

Решението за периодот на жалост и за свеченостите во чест на новиот херој веднаш било проследено со последните подготовки за почетокот на арапската експедиција, која требала да започне за неколку дена. Во меѓувреме, Александар

Македонски приложил жртви за успешниот исход на експедицијата, другите жртви биле упатени кон пророците, а потоа со своите пријатели организирале прослава што траела цела ноќ.

Се појавиле антички грчки уметници и се натпреварувале со рецитирање на сцени од делото Андромеда на Еврипид. Тој приредил веселба и за војската и го донел месото од жртвите и виното меѓу полковите. Утрото на 17 даисиос, (според македонскиот календар 2 јуни 323 година), кога требало да си легне, неговиот пријател Медиос го поканил на една мала забава во која и учествувал. Откако станал од спиење вечерта на истиот ден, повторно отишол кај Медиос и забавата продолжила до зори. Оваа ноќ, меѓу седумнаесетти и осумнаесетти, кај него се појавиле првите симптоми на треска.

Таа била маларичка треска која лесно се добивала во текот на летото во мочурливите предели на Вавилон. Александар малку испил на забавата, како што убедуваат веродостојните извори, спротивно на инвенциите на непријателските преданија. Тој само ги задржувал пријателите за да разговара со нив.

Трогателно е да се следи неговата борба со фаталната болест преку весниците од последните денови, кои подоцна биле публикувани, веројатно, за да се побие лагата со официјални документи дека бил отруен. Се гледа колку секојдневно, сé додека траела неговата моќ, тој им принесувал обични жртви на боговите. Над сè, може да се види како неговите целосни мисли биле посветени на претстојната експедиција во Арабија. На 18 даисиос, иако трески го треселе цела ноќ, испратил наредба од својот болеснички кревет до генералите дека пешадијата треба да биде подготвена да тргне на 22, а тие да отпловат на 23 даисиос.

Вечерта на 18 даисиос од кралскиот дворец, во кој живеел бил одведен на западниот брег, преку реката Еуфрат до кралската градина, каде се надевале дека свежиот воздух ќе го поврати. Меѓутоа, изгледа наредниот ден, на 19 даисиос, се чувствувал полошо.

Зборувал со својот пријател Медиос и се коцкал со него. Испратил наредби до генералите да се појават наредното утро. По треската што ја имал во ноќта, утрото на 20 даисиос добил извештај од Неарх за состојбата на подготовките за заминување на флотата и за неговите доживувања на океанот, а Александар му ја повторил нему и на другите генерали наредбата дека морнарицата треба да тргне на пат на 23 даисиос.

Иако треската од 21 даисиос не го напуштила, тој повторно ги викнал генералите и им наредил дека сé треба да биде подготвено за смотра на флотата и за старт, бидејќи постојано се надевал дека ќе оздрави од болеста.

Меѓутоа, на 22даисиос Александар се чув ствувал многу лошо, иако им говорел на некои генерали во врска со наименувањата и повторно им издал наредба за патувањето на море. Бидејќи на 23 даисиос бил многу болен, не можел лично да им ги дава своите наредби на генералите за експедицијата; тоа бил денот кога се надевал дека ќе може да ја започне експедицијата. На 24 даисиос им наредил на генералите да се соберат во дворот, а другите офицери да бидат пред вратите.

Очигледна била вознемиреноста поради нај авената лоша состојба на кралот. Наредниот ден, на 25 даисиос бидејќи се влошувала ситуацијата, тој самиот отишол преку реката Еуфрат до дворецот. Кога пристигнал таму, еден по еден ги препознавал генералите, но не можел да им каже ни збор. Во ноќта и наредниот ден на 26 даисиос ,

треската била многу силна. Бидејќи кралот овој ден не се видел со никого, неговите единици, особено античките Македонци, многу се вознемириле.

Се проширила гласови дека е мртов и дека се прави обид да не се пренесува веста. Така, со закана ги присилиле аѓутантите на 27 даисиос да им ги отворат вратите и сега неговите стари придружници вооружени поминувале крај неговата постела во долга врволица, тивко и со длабоко чувство. Тој сега можел само со тешкотија да мавта со главата на некои и тивко да ги поздрави со очите.

Пријателите на Александар биле очајни. Човечката моќ ништо не можел да направи; само боговите можеле да помогнат. Тие не се обратиле кон некој антички грчки Бог, туку кон најважниот Бог на Вавилон, Мардук-Бел, кој бил од старо време почитуван како Бог на лекувањето. Вечерта на 27 даисиос шестмина негови пријатели отишле кај Мардук, за да примат одговор на прашањето, на антички грчки начин со преспивање во храмот, дали ќе биде подобро за Александар Македонски да биде донесен во неговиот храм и да биде лекуван од Бога како негов молител.

Откако завршило нивното преноќевање, утрото на 28 даисиос (13 јуни), го добиле одговорот од Бога дека Александар Трети Македонски не треба да биде донесен во храмот, туку дека ќе биде подобро за него да остане таму каде што е. Во ноќта на истиот тој ден Александар Македонски ги склопил очите засекогаш.

58.
ОСВРТ КОН ЖИВОТОТ И ДЕЛОТО НА ГОЛЕМИОТ АЛЕКСАНДАР III МАКЕДОНСКИ

Во делото за Александар Македонски од Урлих Вилкен се вели дека кога Александар починал, имал неполни триесет и три години. Бил занесен од големата младешка сила, како и неговиот прадедо и модел Ахил. Немало наполнето тринаесет години од неговото владеење

Една ретроспектива на неговото гигантско животно дело пред нас донесува една личност со сосем редок ген, извонредна мешавина на демонска страст и трезвена чистина на духот.

Во овој човек со железна волја за акција, кој бил реалист во политиката, ако тоа некогаш некој бил, под површината лежел еден нерационален елемент: на пример, неговиот копнеж за неоткриеното и мистериозното, кој бил споен со неговата желба за освојување и со неговото одушевување од научното откритие, го довело до границите на тогаш познатиот свет.

Меѓу овие причини, кои се без рационална основа, била неговата цврста верба во потеклото од Хераклe и Ахил, што му влеале силен нагон и моќ. Со својата едноставна побожност, која не била поткопана со филозофски скептицизам, тој едноставо бил убеден дека бил под посебна заштита на боговите и затоа верувал во својата

мисија. Така, во брилијантен литературен напис „Древната војничка способност“ се вели:

„Смислата на божествената положба е карактеристична за одржувањето на големите луѓе во античко време“; тоа е точно најмногу со примерот на Александар. Според тоа, во решението на пророштвото за себе како син на Амон, тој нашол потврда на божествената енергија што ја чувствувал во себе и затоа подоцна барал да му се даваат големи божествени почести од античките Грци.

Тој цврсто верувал во својата мисија и таа му влевала апсолутна доверба за победа, без која неговите желби и акции би биле нејасни. Натприродното во неговиот темперамент му овозможило, исто така, контрола над луѓето“.

Генералот и државникот нераскинливо се споени во личноста на Александар. Како генерал Александар бил извршител на својата желба. Како генерал било полесно да се сфати, бидејќи имал завршени дејства, додека задачите како државник сè уште биле во тек на еволуција кога починал. Александар бил кралски генерал кој имал неограничена контрола над воените материјали и апаратот на земјата и сам бил одговорен пред себе.

Тој немал тешкотија да се одржи наспроти стравот, како што сакала атинската демократија и не требало да се заштитува себеси. Уште повеќе како хегемон на Коринтската лига, тој бил надвор од каков и да е војнички критицизам на Федералниот совет.

Понатаму, имал добра иднина, бидејќи ја наследил најдобрата војска на светот во тоа време, заедно со испробаните офицери, а бил поттикнат во вештината на војувањето од неговиот татко, кој бил голем генерал.

Овие среќни услови му ја олесниле работата да се развива како воен гениј, но важно било што оваа генијалност била вродена во него. Сосем е непотребно да се повторува современиот обид, добриот глас за неговите воени постигнувања да се пренесува на Парменион и да се оспорува неговата лична стратешка слава. Воените експерти во древно и модерно време се сложуваат дека Александар како генерал бил толку голем гениј како никој друг во историјата.

Како тактичар го видовме кога се бореше и победуваше на трите битки, на Граник, Ис и Гавгамела, со таканаречената коса борбена формација што ја развил неговиот татко Филип Македонски. Но тактичката идеја била едноставна само за него. Нејзиното детално извршување од страна на Александар варирало според особеностите на земјиштето и на непријателот. Тој најмногу ја развил во опасната ситуација кај Гавгамела. Тука дошол на идеја за втора борбена линија со можна четвртеста формација.

Сосема различно било поставувањето на проблемите што морал да ги реши во многу разновидната герилска војна во Источен Иран. Таму имал брилијантна демонстрација на независноста од традицијата на неговиот татко во операциите на брзите единици и нивното адаптирање на разновидниот начин на војување.

Во жестоките војувања во планинскиот регион северно од Кабул, а особено во освојувањето на Аорнос, Александар ја покажал сета своја величина. Неговата генијалност можеби најдобро може да се види во последната борба на бојното поле кај Хидасп, кога се сретнал со сосема нов проблем, односно со многуте слонови на Порус.

Неговиот стратешки гениј се видел уште во почетокот на реализацијата на планот за Азиско-

атичкиот поход, според кој, за сметка на тешката ситуација во Античка Грција, тој решил со својата копнена војска прво да ги освои медитеранските морски брегови на Персиската Империја, со цел да ја елиминира супериорната персиска флота. Се виде со каква упорност и наспроти сите искушенија како го исполнил тој план, сè до освојувањето на Египет, и како станал господар на морето.

Кога ја повел својата војска во внатрешноста на Азија, се соочил со нови проблеми. До реката Еуфрат со нападот на десетте илјади бил исчистен просторот, а Ксенофон по него го приближил античкиот грчки свет на Исток. Она што било зад реката Еуфрат било сосема непозната земја.

Така, тоа биле мистериозни растојанија каде што Александар ја повел војската, совладувајќи ги сите природни пречки, преку снежната планина Хинду-Куш и преку широките реки, а на крајот низ Пенџаб до Хифас, каде што моралот на единиците опаднал и тој се вратил назад.

Меѓутоа, во неговите патувања немало никаков авантуризам. Од една страна, секогаш и од почетокот се обидувал да добие однапред информации за туѓата земја што сакал да ја освои, се грижел колку било можно повеќе да биде известен од своите шпиони за политичките, воените и месните услови, а како резултат на тоа влегувал во сојузништво со одделни владетели преку вешта дипломатија, како пред Индискиот поход, или испраќал истражувачи кои испитувале, како пред арапската експедиција.

Од друга страна, пак, Александар никогаш не напредувал без да ја заштити заднината. Походот кон Дунав и казнениот однос кон Теба можат да се сметаат како предупредување преземено за да ја заштити заднината за Азиско-

атичкиот поход. Потоа, кога го извршил првото освојување во Азија, веднаш започнал да ги заштитува освоените територии од воен аспект и да обезбедува мир и ред со административни мерки.

Подоцна, кога навлегол во срцето на Азија и во повеќе оддалечени земји, го следел истиот принцип и така, и покрај големата оддалеченост, никогаш не ја загубил врската со својот дом. Само еднаш кај Ис, поради необичноста на настаните, бил отсечен од својата база на операциите, но, сепак, за неколку часа се пробил надвор од опасната ситуација. Неговиот систематски метод го докажал и со тоа што одредил на неговата војска од Античка Македонија и Грција постојано доаѓање на Далечниот Исток според неговите директиви.

Тоа, единствено, било можно, бидејќи тој промислено и највнимателно изградил систем за наредните етапи. Без вакви мерки не би можеле да се постигнат неговиот успех и триумф на толкави далечини, на што сегашните воени експерти повеќе се одушевувале отколку на неговите битки.

За несреќа, нашите информации за неговиот етапен систем се исклучително оскудни, бидејќи древните извори очевидно не знаеле ништо за тоа. Затоа, повеќе мора да се претпоставаат отколку да се опишат патиштата на војската.

Од многуте воени и административни мерки што ги преземале на освоените територии, може да се претпостави дека повеќето служеле за привремените и постојаните потреби на војската. Од 330 година па наваму Екбатана може да се смета како централно место на овој систем. Тоа било таму каде што го оставил Парменион со силната војска и со кралското богатство. Природно, тој, исто така, согледал дека треба да се изградат депоа за храна, а понекогаш се споменувале и магацини на воените патишта.

59.
АЛЕКСАНДАР КАКО КРАЛ НА МАКЕДОНИЈА, ХЕГЕМОН НА КОРИНТСКАТА ЛИГА, ГЕНЕРАЛ, ОСВОЈУВАЧ...

Со изградбата на многубројни градови во Источен Иран, пространство освоено со многу тешкотии, било обезбедено од воено становиште, а служело во прв ред и за комуникација во функција на Индискиот поход, иако главната цел од изградбата на градови служела за исполнување на идните планови

Меѓу најголемите квалитети на Александар како генерал е упорноста со која, кога нешто го сметало за важно, секогаш го доведувале до крај. Тој останал седум месеци пред Тир додека не го освоил. Поради тоа, не треба да се споредува Пирус со него како што направиле древните и современите научници, кои по два месеца ја напуштиле опсадата на Лилибаум, иако тоа значело пропаст на неговата цела сикилјска експедиција.

Александар Македонски самиот се покажал и како голем водач на луѓето, со учество во сите опасности и напорни акции на своите единици. На тој начин ги водел со себе. Во битката им служел како пример со највисока лична храброст. Во нападите немал маки што тој не ги споделил. Ако во опсадите требало да се изгради насип или нешто слично, тој самиот лично учествувал.

Кога ќе се постигнело важен успех, тој сакал да ги награди своите единици, со тоа што одржувал игри и спортски фестивали. Неговите

големи парични награди на војската биле компензација за забраната за плачкање на освоените територии, за кои поради политички причини сметал дека не е потребно да се ограбуваат. За тоа била потребна голема дисциплина. Со хуманоста со која тој се грижел за ранетите по битките, им ги освоил срцата на војниците. Со своите македонски офицери до крај го зачувал другарскиот однос.

Иако не привлекувал внимание со ставата, бидејќи тешко достигнал до средна висина, бил најдоминантен со своите извонредно светли очи. Извонредната природа на неговата личност најчесто е претставена во фактот што луѓето блиски до него, кои по неговата смрт во многу случаи се покажале како силни владетели, слепо се покорувале за време на неговиот живот. Неарх на почетокот на едно патување по океанот рекол дека војската верува во извонредната среќа на Александар и сметал дека тој нема нешто што не смее или што не може да направи. Тоа било мистично верување на војската во својот водач. Такво верување подоцна можеле да побудат и Цезар и Наполеон.

Уште потешко е да се разбере или, пак, да се цени Александар како државник отколку како генерал, бидејќи неговите погледи како државник биле во фаза на формирање пред неговата смрт. Ниедно од неговите политички дела не добило дефинитивна форма, а постојано произлегувале нови планови од неговиот немирен дух. Невозможно е да се разбере колку поинаков ќе изгледал светот, ако живеел подолго само десет или дваесет години.

Колку тешко може да се цени младешкото дело што тој го направил до 323 година. Не смее да се заборави дека тоа било само почеток. Во

никој случај не бил изречен последниот збор. Гледано однадвор, неговата еволуција покажала непрекинат континуитет од крал на Македонија и хегемон на Коринтската лига до Голем крал на Персиската Империја и на крајот до светски владетел, а тоа било основно за што бил почитуван во античко време, па и денес.

Но, од гледна точка на законот, некој може да го истражува неговиот однос кон овие различни позиции на власт, а некој може да најде продолжување и поддржување на овие различни позиции наместо успех. Овде, главно, историчарите не можеле да го решат законскиот аспект. Вистинскиот историски проблем за него е да се цени како практиката на политичкиот живот се потпира врз овие форми.

Прво треба да се оценат правните форми. Со акламација на војската Александар станал законски крал на Македонија и веднаш потоа со резолуција на Федералниот совет, хегемон на Коринтската лига, која Филип ја создал како слободна и суверена лига на државите со обединување преку неговата личност со кралството на Античка Македонија. Оваа двојна позиција одговарала на двојството на неговите воени цели за преминување на Хелеспонт.

Како хегемон тој имал желба да го води Панелинистичкиот поход за одмазда, а како крал на Античка Македонија сакал да освојува територии. Меѓутоа, не го присоединил кон Античка Македонија она што го освоил, како што направил Филип Македонски со своите освојувања. Со непосредно организирање на намесништва во најраните освоени простори на почвата на Мала Азија, тој го изразил фактот дека овие територии требале да останат надвор од Античка Македонија.

Потоа, како хегемон ги инкорпорирал во Коринтската лига слободните антички грчки градови во Мала Азија, кои не биле приклучени во намесништвата. Како крал Александар Македонски постојано освојувал нови територии сè до конечната победа над Дариј. Од своите Македонци со акламација бил именуван како крал на Азија во Арбела. Меѓутоа, покрај оваа санкција од Собранието на македонската војска, оваа Азиско-атичка Империја, како што било погоре речено, не била приклучена кон кралството на Античка Македонија, туку, едноставно, била обединета преку него, со лично соединување.

Акламацијата на војската повеќе го изразувала фактот дека тој бил крал на Античка Македонија кому сега му припаѓала власта над Азија. Темелот на Александровата моќ била и останала неговата монархија над Античка Македонија. Колку безгранично да растела оваа Азиско-атичка Империја, во политичкиот закон останала како и Коринтската лига, анекс кон Античка Македонија преку личното соединување.

Резултатот од ова бил сосем различната законска положба што Александар ја поставил во овие три дела на својата империја. Во Античка Македонија тој останал, како Филип и неговите следбеници, крал на народот и на војската, за кого нацијата и војската ги зачувала старите права во Собранието на војската. За античките Грци од Коринтската лига тој бил хегемон со права и обврски воспоставени со договорот на Лигата. Како крал на Азија тој бил апсолутен владетел на азиско-атичкиот народ во смисла на Ахеменидите, чиј правен наследник се сметал себеси по смртта на Дариј.

Меѓутоа, овој азиско-атички апсолутизам не бил еднообразен, бидејќи под власта на Ахеменидите се развил во различни форми и во

различни простори на империјата и колку што е можно Александар дозволил овие форми да продолжат непроменети. Во Египет, на пример, доколку се сметало дека тој припаѓа кон монархијата на Азија врз основа на тоа што била територија на Ахеменидската Империја, Александар бил фараон, а, исто така, и божество. Во Феникија и во киприотските градови ги задржал нивните кралеви како свои вазали, исто онака како што ги задржал Порус и Абисар во Индија.

Од друга страна, неговиот апсолутизам не бил добар во Азија со оглед на античките Македонци и античките Грци во војската што го послужувале него или античките грчки градови што тој ги формирал. Од правно гледиште овој дел на целата империја останал непроменет сè до неговата смрт, бидејќи не формирал нова правна формула за контролирање на целата империја. Тој останал крал на Античка Македонија, кон која со лично обединување биле приклучени Коринтската лига и Монархијата на Азија. Обединувањето на Светска Империја зависело од неговата личност.

Би можело да се постави прашањето - Дали во вистинската практика на политичкиот живот Александар Македонски останал верен на овие правни форми што се однесувале на неговиот различен статус во трите дела на својата империја. Особено се поставува прашањето - Дали неговиот голем авторитет како крал на Азија влијаел врз неговата положба во врска со Античка Македонија и Коринтската лига.

Прво, треба да се утврди дека Александар бил свесен за законската разлика меѓу неговата позиција во Азија и Европа, односно во Македонија и во Коринтската лига. Тоа се гледа од податокот дека по смртта на Дариј тој ги заверу-вале писмата испраќани во Европа со својот стар маке-

донски печат, а, од друга страна, писмата наменети за Азија ги заверувал со печатот на Дариј.

Направени се напори да се интерпретира тоа како израз на промените од македонскиот суверенитет до позицијата на наследник на Ахеменидите. Суштината на исказот се состоеле во тоа што е докажан паралелизам на двете правни позиции. Александар Македонски бил свесен за принципот дека законската позиција во Азија не се потврди за Европа. Во Европа останал до крајот на својот живот како крал на Античка Македонија, а како таков и хегемон на Коринтската лига. Дури и кога бил во Азија, се однесувал како крал на Античка Македонија, комуницирајќи како таков и со Античка Македонија и со Лигата. Печатот на Дариј се употребувал само за Кралството на Азија.

Од друга страна, пак, во надворешниот живот на Александар Македонски, неговата Азиско-атичка Монархија повеќе му била пречка колку што одминувало времето. Меѓутоа, не смеел да се превиди фактот дека во преданието, особено она непријателското за него, „ориентали-зацијата“ на кралот е третирана со посебна љубомора и со голема предрасуда.

60.
АЛЕКСАНДАР МАКЕДОНСКИ КАКО КРАЛ НА ПЕРСИСКАТА ИМПЕРИЈА И СВЕТСКИ ВЛАДАТЕЛ

Треба да се испита однесувањето на Александар Македонски како крал на Азија. Употребата на печатот на Дариј потврдува дека по смртта на Дариј, тој се чувствувал дека е негов легитимен наследник. Така, азиско-атичкиот народ тој не го сметал како свој непријател, туку како потчинет

Тргнувајќи од тоа, тој стекнал целосно државничко убедување дека мора да примени сила кон овие нации за да ги реши големите проблеми што му ги наметна Азија.

Овој курс упатува многу повеќе кон она на што требало да се надева дека треба да има смирување и незабележително влијание врз потчинетите народи. Во Карија и во Египет веќе воспоставил цивилна администрација врз тамошното население, бидејќи сега бил прокламиран за крал на Азија во Арбела, тој започнал да назаначува персиски дворјани за намесници. Меѓутоа, тие ја добивале само цивилната власт.

Секој од нив до себе имал македонски офицер како командант на единиците. Главната контрола била во рацете на античките Македонци. Уште поургентна била потребата за пополнување на неговата војска со елитни единици од Азија, бидејќи европските единици биле недоволни за големите планови што му се вртеле во главата.

Пополнувањето на празнините со азиско-атички сили претставувало императив од војнички апсект. Овде, како и на административните места, избирал Иранци, особено Персијци, а по освојувањето на Источен Иран и жители од тој дел

Од семитските народи избирал морепловци за во флотата од Феникијци и Сиријци, но не ги поставувал во копнената војска. Се гледа како во различните реорганизации овие Иранци ги довел поблиску до својата војска. Дури и во последната иновација во Вавилон (323), кога, всушност, ги определил Персијците во единици од по десет војници, командата останала во македонски раце.

Меѓутоа, Александар Македонски, не го запрел влегувањето на Иранците во администрацијата и во војската, што ќе биде признато како политичко право и барање на времето и условите, туку отишол понатаму од тоа со идејата за расно спојување на своите антички Македонци со овие Иранци, идеја што сè повеќе доминирала кај него, како што видовме во последните години од неговиот живот.

Тој лично покажал со пример кога се оженил со Роксана (327), а подоцна со масовните женидби во Суса (324) ги изразил своите политички намери. Очигледно, ова спој-вање го сметал како крајно средство. Неговата цел била да изгради мост меѓу Македонците кои биле повеќе незадоволни со военото вклопување на Персијците, а тие истите да го обноват единството и договорот меѓу двата народа, па така рака под рака да бидат доволна гаранција против можните непријателски реакции на другите нации во империјата.

Така сфатена, политиката на спојување можела да се смета како државничка идеја. Меѓутоа, зачудува мислата за расно спојување поттикнувано од власта. Но, сомнително е дали ваквото

спојување, како што сакал Александар, било, воопшто, изводливо и дали ќе ги постигнело ефектите на кои тој се надевал.

Поимот за светски суверенитет што тој го потенцирал многу посилно во последните години, мора многу да придонел за раѓањето на ваквата мисла во неговата глава. Само светски владетел, пред кого народите ја губат сопствената национална важност, е способен да ја сфати ваквата шема. Во меморандумите за последните планови на Александар Македонски е потврдено дека тој имал намера да изврши трансфер на азиско-атичкиот народ во Европа и обратно, со цел со помош на мешани бракови да направи хармонија меѓу двата континента.

Оскудниот цитат остава премногу отворени прашања за какви и да е заклучоци во врска со неговите мисли за оваа работа. Во секој случај информацијата ниту нè принудува ниту, пак, нè оправдува во мислењето дека спојувањето било планирано со некоја друга раса освен со Иранците.

Во „молитвата кај Опис“, Александар Македонски многу јасно ја изразил концепцијата што ја имал за својата монархија над Азија и за својата политика на помирување, а на големата прослава за обединување им се помолил на боговите за да владее хармонија и партнерство кај античките Македонци и кај Персијците. Бидејќи само античките Македонци не биле доволни да владеат со Азија, претходно доминантните Персијци, кои веќе под Ахеменидите имале привилегирана положба пред другите нации на светската империја, требало да бидат повикани да раководат заедно со нив.

Азиско-атичката Империја на Александар, а само на тоа може да се однесуваат неговите зборови, станала Македонско-персиска Империја.

Во овој идеал, кој требало да биде извршен во слога, тој ја видел најголемата гаранција за сигурноста и постојаноста на својата Азиско-атичка Империја и на својата цивилизирана политика.

Својата желба да биде крал на Азија во форма на владетел на Македонско-персиска Империја, Александар Македонски ја изразил со својата облека. Приказните во врска со неговата кралска облека, каква што била онаа по смртта на Дариј, се многу контрадикторни, бидејќи само тој усвоил разновидна употреба, а, особено во почетокот, се облекувал различно, според тоа дали требало да се појави пред античките Македонци и античките Грци или пред Персијците.

Но, изгледа дека една работа била потврдена: Александар никогаш целосно не ја присвоил носијата на персискиот крал. Сите се согласуваат дека тој никогаш не носел персиски панталони што античките Грци ги сметале за посебно варварски и недолични. Ниту, пак, некогаш носел шапка како круна, иако тоа е предмет на расправа.

Опишаната носија што ја носел секој ден била мешана - македонска и персиска. Носел античко македонски пурпурен мантил, како што носеле македонските благородници, а специјалната македонска тркалезна рамна капа му ја покривала главата. Од Персија ја земал пурпурната облека со бел појас ставен на средината, круна, панделка, што персискиот крал ја врзувал околу својата круна, а Александар ја врзувал околу својата капа.

Изгледа е веројатно дека неговата намера била да го носи ова или слично китење само во Азија, како крал на Азија, а во случај да се врател во Македонија или во Античка Грција тој, секако, би се појавил во македонска облека, како што било

случајот со кралскиот печат на Маке-донија што го удирал на документите што ги испраќал.

Иако, идејата за да ја делат власта во Азија античките Македонци и Персијците му се вртела во главата, азиско-атичкиот апсолутизам го извршил само спрема азиско-атичкиот народ, а не спрема Македонци и војската што го придружувала во Азија. Нив тој ги сметал за државјани на своето кралство на Античка Македонија.

Додека Бес бил казнет според персискиот закон, Филота и другите антички Македонци осомничени за големо предавство биле донесени пред Собранието на македонската војска, а никогаш не се слушнало дека ова Собрание ги загубило своите стари права во Азија. Потврдено е дека кога Александар пресудувал за античките Македонци или за античките Грци, тоа го правел на многу едноставен начин во обичниот дом за судење, но, од друга страна, кога се работело за Ориенталците, судењето се вршело во величествен шатор со публика и на златен трон, како Големиот крал, и со раскошно прикажување на војничкиот сјај.

Се смета дека дури и како крал на Азија го зачувал другарскиот однос со античките маке-донски офицери, потоа македонскиот чин и колоната на маршот, а во битките тој секогаш бил стариот војнички крал. На веселбата на смирување во Опис, иако таму прокламирал обична власт на античките Македонци над Персијците, сепак, античките Македонци имале поголема чест кај Александар отколку Персијците.

Наспроти ангажирањето на Персијци во администрацијата и во војската, командата, како што видовме, била резервирана за античките Македонци. Тие требало да имаат место пред Персијците во ова заедничко владеење.

Наспроти тоа, античките Македонци биле незадоволни што Иранците биле ставени со нив во војската, а особено што нивниот крал делумно ја прифатил персиската облека, а и многу детали на церемонијалот од персискиот дворец. Овие работи сè повеќе се наведувале како камен на препнување, кога античките Македонци зазеле непријателски став, како што била катастрофата на Клит и бунтот во Опис.

Античките Македонци се чувствувале дека се победници и гледале со презир на поразените Ориенталци, на кои сакале да им бидат господари. Голема трагедија во животот на Александар било токму тоа што не можел да ги убеди своите антички Македонци за потребата од својата иранска политика - надвор од идејата за спојување на расите што може да се смета како потреба - со што се проширил јазот помеѓу него и народот.

Античките Македонци дури еднаш се соочиле со непријатниот факт што Александар во своите напори ги присилил на персиските метании, ги довел на исто рамниште со Персијците. Доколку како Персијци тие требало да му прават метании, тоа го правел нивниот неограничен монарх.

Со овој експеримент Александар го напуштил различното третирање на античките Македонци и азиско-атичкиот народ, а барал да воведе еднаквост во личното држење меѓу двете нации, каде што персискиот, а не македонскиот начин на однесување би бил примарен. Се видело дека под влијание на пасивниот отпор на неговите антички Македонци, Александар Македонски се откажал од тие напори и никогаш не им се навратил.

Овде се навраќаме на прашањето споменато погоре, дали огромното предимство на моќта со која Александар се здобил во Азија, влијаело

врз неговиот однос кон античките Македонци и античките Грци. Настојувањето да воведе правење метании претставува прв пример. Тоа се однесувало само за античките Македонци и античките Грци кои биле со него во Азија, што е разбирливо само по себе. Иновацијата требало да се задржи само во новиот азиско-атички двор, но затоа тешко можело да се најде сличен пример во неговото Македонско Кралство.

Меѓутоа, во неговите односи со Коринтската лига има спротивни индикации. Извесни примери на запоставување на правата што ги имала Лигата требало да се анализираат во неговите млади години, како што бил случајот со осудувањето на киотските предавници во Египет. Уште попроклето било осудувањето и егзекуцијата на Калистен, што било извршено пред кралот, иако Калистен како антички Грк требало да биде доведен пред Федералниот совет, што Александар Македонски прво сакал да го направи.

Имало уште помаркантен пример на мешање во 324 година, кога Александар го издал Декретот за прогонетите. Тука тој целосно го скокнал Федералниот совет и со својот авторитет им упатил одлуки на државите на Лигата, кои се однесувале на нивните интереси. Може да се признае дека неговата позиција како хегемон била во согласност со неговиот азиско-атички апсолутизам.

Ако се тргне од политичкиот став на Александар Македонски кон организацијата на неговото Азиско-атичко Кралство, ќе се дојде до вистината дека, во позицијата на генерал, а, исто така, и во администрацијата, тој не бил оптоварен со каков и да е еднообразен однос. Зависно од различните територијални околности, тој избирал многу различни форми на владеење, а и според

промените на своите идеи применувал нови експерименти, и не се колебал да се откаже од она што во практиката не било во ред.

Ова особено се однесува на административните форми на намесништвата, кои уште од почетокот заедно со името ги презел од Ахеменидите како основа за организација на власта. Во првите години, во западните делови на империјата, канцелариските работи на владеење им ги препуштил на античките Македонци. Во случајот на првото намесништво, како она на Лесер од Фригија, целата власт им ја дал на претходните персиски намесници. Но во случајот на другите, како оној од Лидија, вовел значајна иновација што подоцна ја усвоил и во другите делови на империјата.

Бидејќи на овој намесник не му дал доверба на воена и цивилна моќ, тој направил засебна администрација за финансиите и за таксите што му ја доверил на посебен офицер кој не бил потчинет на намесникот. Ова било многу значајно ограничување на моќта на намесникот. Освен тоа, поставил засебен командант на утврдениот град во Сард, онака како што направил подоцна во градовите Пелусиум, Мемфис, Вавилон, Суса и Персепол. Командантите на овие кралски градови директно му биле одговорни на Александар.

61.
КОВАНИТЕ ПАРИ НА АЛЕКСАНДАР ВО АНТИЧКАТА МАКЕДОНСКА ИМПЕРИЈА

Дури и во западниот дел на империјата понекогаш, поради политички цели, им давал цивилна моќ на луѓето од тие места, како што било случајот во Карија и Египет, но во ваквите случаи воената власт им ја давал на македонски офицери

Во источните региони, прво во Вавилон, ваквиот начин на владеење го вовел за неколку години, ставајќи македонски офицери со титула стратег или надзорник до персискиот намесник кого тој го наименувал само за граѓанската власт.

Оваа намера одговарала, како што се видело, на неговите идеи за давање дел од власта на Персијците, но вистинската власт била резервирана за античките Македонци. Не е познато за посебни финансиски службеници во источните намесништва, веројатно, поради тоа што економијата на овие региони се темелела не врз валута туку врз стока. Меѓутоа, ова организирање никогаш не станало определена шема.

Во тешките години на војната во Источен Иран понекогаш имало лошо искуство со овие персиски намесници. Па така, од 328 година наваму, со еден исклучок, повеќе не направил ориентално намесништво, а подоцна кога се вратил од Индија дознал дека за време на неговото отсуство повеќето од ориенталните

намесници се однесувале многу лошо, затоа ги казнил и насилно ги отстранил.

Во времето на неговата смрт само тројца намесници биле Иранци, а сите други намесништва биле во рацете на античките Македонци. Ова разочарување не го поколебало во неговите идеи за спојување на нациите, но како практичен државник, а во интерес на безбедноста на својата империја, ги зацртал потребните заклучоци и не отстапил од тоа, признавајќи дека експериментот не успеал во практиката.

Политичките услови во Индија му наложиле други комбинации. Во основа, тој таму ги оставил малите раи како управници под македонските намесници, но помоќните владетели, како што биле Порус и Абисар, ги ставил надвор од намесништвата, како независни вазалски принцови.

Посебниот однос кон финансиите и таксите, што била оригинална идеја на Александар Македонски, покажала дека има особен интерес за финансиското работење во новата империја. Во овој дел од работата подоцна тој вовел важни иновации, кои постепено воделе кон централизација.

Прво, во Египет, целата финансиска администрација на земјата и нејзините зависни делови ја ставил во рацете на античкиот Грк Клеомен. Наскоро потоа споил неколку намесништва во големи финансиски подрачја под раководство на финансиски директори.

Мала Азија западно од Таурус ја оформил во вакво подрачје под надзор на Филоксер, а Киликија, Сирија и Феникија биле другото подрачје под Керан. Во 330 година, кога Александар станал господар на многу богати персиски куќи, решил да го оддели военото од царското богатство што дотогаш го следело движењето на војската, и да го централизира под раководството на својот

пријател Харпал како царско богатство концентрирано во Екбатана. Така Харпал, кој подоцна се преселил во Вавилон, бил водечка личност на финансиската администрација, на таксите и на богатството на Азиско-атичката Империја.

Харпал не требалое само да го чува богатството, туку и да работи со него и да направи ковани пари. Како што се виде, Александар, главно, ја прифатил политиката на персиските кралеви и започнал да пушта билиони валути во оптек. Со својата постојана благодарност, тој ги дистрибуирал парите до службениците, војниците и пријателите и со порастот на трошоците во неговиот двор, новите богатства наскоро преминувале од една во друга рака. На денот на неговата смрт, се смета дека државното богатство не било поголемо од 50.000 таланти.

Напорите на Александар Македонски да ја обедини финансиската организација јасно се гледаат во неговите мерки за правење ковани пари. Во деновите на Големиот крал во Персија, ковањето на пари од злато било резервирано за кралот, а намесниците ковале сребрени пари, во многу различни видови и вредности.

Но Александар Македонски ги задржал за себе и сребрените пари, така што во намесништвата, со еден исклучок во случајот на Мазај, постоела само кралска валута, што, веројатно, била обезбедена од финансиските директори од името на кралот. Пред сè, тој вовел еднообразен вид, а можеби од политички причини го одбрал атичкиот стандард. За кратко време новата тетрадрахма на Александар Македонски станала најголемата валутна вредност во светот.

Создавањето на еднообразна кралска валута претставува извонреден пример на Александровото проникнување во економската

политика. Во финансискиот и монетарниот систем тој вовел централизација што го подигнала неговиот систем високо над конфузијата во Ахеменидската Империја.

Александар Македонски ние го гледаме и како економист кој знаел што наумил, а тоа било детално изразено во развојот на трговијата. Тој изградил бројни градови кои можеле и имале за цел да бидат потпирачи на неговото далечно движење. Неговата прекрасна градба, Александрија во Египет, прво било планирано да биде пазар.

Дури и многу други градови на Далечниот Исток биле лоцирани на старите трговски патишта со цел да ја развиваат трговијата. Така, некои од нив дури и денес се напредни, како што се Херат, Кандахар и Којенд. Тој отворил нови морски трговски патишта: патувањето на Неарх ги споило новите колонијални територии во Индија со Вавилон.

Непосредно пред смртта, Александар Македонски имал намера да ги поврзе Вавилон и Египет со експедиција што би патувала по морето околу Арабија. Тој го овозможил пловењето по реката Тигар, а „новата Феникија“ била зацртана на морскиот брег од Персискиот Залив; биле преземени големи пристанишни работи во Патала и Вавилон за развој на пловидбата и трговијата. Сите овие достигнувања и проекти биле со колосални димензии и покажале генијалност во работата. Тој имал намера да тргне по патиштата што ги сметал дека се вистински за економиката на неговата Светска Империја.

Тоа, пред сè, покажува од колку големо значење биле кованите пари на Александар Македонски за персиското богатство и создавањето на неговата кралска валута за економскиот

живот на овие земји. Тоа значело сосема нова основа за пуштање на парите во оптек. Колку напори вложил да го забрза напредокот на населението и плодородноста на просторот е прикажано во неговите настојувања да ја подобри мрежата на вавилонските канали.

Според неговите планови тој имал за цел да го исуши Копаиското Езеро во Бојотија, што никогаш не се остварило. Од активностите на Горг во Индија, може да се види дека Александар бил нестрплив за испитување на минералното богатство на новиот свет. Дури и кога бил далеку не ги заборавил економските интереси на својот дом.

По освојувањето на Аспасијците северно од Кабул, тој ги собрал најдобрите и најголемите стада од говеда и ги испратил во Македонија за да го унапреди домашното одгледување на говеда. Овие се само оскудни и случајни информации кои ни даваат слика колку многустрани биле неговите економски интереси.

На крајот треба да се објасни неговата политика за цивилизирање. Така, Александар тргнал во поход како вљубеник на античката грчка култура, кој требало да го отвори Исток за нејзиното влијание. Дали тој останал верен на оваа задача по запознавањето со старите култури на Исток, кои ја импресионирале неговата чувствителна природа? Дали тој сè уште бил верен на идејата за спојување на нациите, која постојано се засилувала?

Една работа е непобитна: наспроти целата иранска политика, тој докрај бил вљубеник во античката грчка култура. Учениците од Аристотел никогаш не ја напуштиле идејата за патување и за нови откритија, со што и овозможиле на античката наука да се запознае со непознатите земји дотогаш.

Од последните години треба да се истакне големото истражување во Индија, експедициското патување на Неарх и на крајот мисијата на Хераклид на Каспиското Море. Уште повеќе, напорите што Харпал ги направил за да аклиматизира европски растенија во градините на Вавилон, без сомнение, треба да се припишат на иницијативата на Александар.

Љубовта на Александар Македонски кон античката грчка литература докрај останала непроменета. Тој започнал со Хомер, а подоцна барал од Далечниот Исток да му испратат други дела од литературата, класични и современи. Тој имал особено длабоко почитување кон трите големи трагедии, но над сè кон Еврипид, кого добро го познавал и бил во состојба да рецитира негови стихови.

Доколку поетите кои го придружувале неговиот патувачки двор не биле од прв ранг, тоа не било грешка на неговиот вкус, туку на ниското ниво на античката поезија во тоа време. Освен поети, во неговиот камп имало филозофи и филозофски образовани луѓе од најразлични школи, киници како Онесикрит и Анаксимен, демокританец како Анаксарх и неговиот ученик Пирхо скептикот.

62.
ИЗГРАДБА НА БРОЈНИ ЗНАЧАЈНИ ХРАМОВИ ПОСВЕТЕНИ НА АНТИЧКОТО ВРЕМЕ

Интелектуалниот живот на дворот на Александар Македонски, што е насликан како многу аниматорски, бил наполно антички грчки. Онолку колку што се знае, тој не се запознал со литературите на ориенталните народи

Ова, веројатно, не може да се објасни, едноставно, со непознавањето на јазиците, бидејќи тоа можело да се надмине со помош на преведувачи. Литературите на Египет, на Вавилон, на Персија и на Индија очигледно останале непознати за него. Изгледа тој имал извесен интерес за индиските гимнософисти, и на негова покана Индиецот Галан бил гостин во неговиот двор неколку години, сè до неговото саможртвување. Меѓутоа, ништо не се слушнало за некоја подлабока интелектуална врска.

Ако Александар поднел жртва на ориенталните богови, тоа значело дека постапил како да е антички Грк. Меѓутоа, достојно е за почит што, иако поради политички причини, го натерал Персиецот Магијан да врши верски обред заедно со антички грчки пророци на прославата за помирување кај Опис, тој никогаш не побарал да се запознае со свети книги од персиската религија, во вистинската смисла на зборот.

Античката грчка уметност останала за него вистинска уметност. Во Египет Александар

наредил да се уништат доградбите до храмовите на Амон во Карнак и во Луксор, а во Вавилон наредил повторно да се изгради храмот на Мардук. Овие потези биле направени од политички причини.

Во двата случаја зградите биле изградени во домашен стил. Од неодамнешните испитувања е заклучено дека деталите на овие свети места во Карнак и во Луксор имале античко влијание. Не е потврдено дека ориентални уметници работеле за Александар, туку сите уметнички дела ги правеле антички Грци. Најмногу сакал неговите портрети да му ги прават Апеле и Лисип, кои се сведоци за неговото разбирање на уметноста од тоа време.

Архитектите, исто така, биле антички Грци, а само во некои згради можело да се сретне мал дел ориентална уметност која подоцна имала тенденција на пораст. Директно влијание на гигантските вавилонски зигурати е присутно во дизајнот за мавзолејот на Хефестион во Вавилон, па дури и во надворешниот изглед.

Шаторот за публиката во Суса, исто така, бил земен како модел од Персија. Шесте храмови што според неговите последни меморандуми ги планирал во Античка Грција и Античка Македонија, кај Делос, Делфи и Додона, а и во Дион, Амфипол и Кирхус никогаш не биле изградени. Тие требало да бидат колосални згради, со чист антички надворешен изглед, за огромна сума од 1.500 таланти за секој од нив.

Со иста толкава цена на чинење требало да се изгради големиот храм во Атина кај Илиум. Исто така, потврдено е дека Александар Македонски имал намера да изгради споменик за својот татко Филип Македонски со големини како Кеопсовата пирамида, очигледен доказ дека со голема почит сакал да се поврзе кон својот татко на земјата. Но,

во сево ова, исто така, се гледа јасен доказ за соперништво со Истокот, чие влијание најмногу се чувствувало на полето на архитектурата.

Од друга страна, Александар Македонски се појавил како претставник на чистиот антички елинизам во својот култ кон натпреварувачките игри и кон нивното воведување во Ориентот. Тој сакал да организира гимнастички и музички натпреварувања, кога по победите своите единици сакал да ги освежи и да им го сврти вниманието, а и да ја изрази својата благодарност кон боговите.

Натпреварувањето со награда за евентуалната победа било посебен елемент на античката култура, а тоа било сосем непознато на Исток. Така, кога Александар Македонски организирал вакви игри по положувањето жртва на Апис кај Мемфис, на тој начин мислел да прогласи дека оттогаш античката култура треба да се воведе во Египет паралелно со египетската.

На Исток, особено во Блиска Азија, каде што многу лесно можеле да се најдат потребните антички изведувачи, тој инсистирал да се организираат вакви игри со посебна големина по враќањето од Индија, а со тоа потврдил дека сака да ја прошири античката грчка култура кај ориенталниот свет.

Меѓутоа, ништо немало посилно влијание за античката елинизација на Исток (доколку некој би зборувал за нешто од тој вид), отколку Александровото формирање на градови, особено оние новите што биле организирани како полиси - заедници, односно како антички грчки градови, а кои ги имало во голем број според првиот модел - Александрија македонска во Египет, и тоа пред сè во Источен Иран и во Индија.

Колонистите што биле населени во овие градови биле, главно, антички грчки наемници, од

кои повеќе илјади биле оставени во местата во заднината со помал број антички Македонци, веројатно, ветерани. Бидејќи овие наемници во поголема мера потекнувале од бездомниците кои го напуштиле своето место, а чии населби во Мала Азија Исократ ги препорачал на Филип, некој може да смета дека Александар Македонски формирал градови за да ги реши големите социјални и економски проблеми.

Често во практиката, доколку немало доволно време, по наредба на Александар, се граделе само градските ѕидини од страна на војската, а внатрешниот дел на градот бил оставен да го градат колонистите. Овие градови добивале античко уредување: совет, народно собрание и градска судска управа. Наспроти ова, тие, веројатно, немале целосна автономија, туку биле потчинети директно под кралот.

Поради очигледните практични причини, Александар Македонски секогаш ги формирал своите градови на веќе постојните населени места. Така, Александрија во Египет, на пример, била блиску до населбата Ракотис, а старите жители продолжиле да живеат во новиот град. Меѓутоа, домашното население, не припаѓало кон градското тело на новата полис-заедница.

Само античките Грци и Македонци добиле државјанство. Со тоа започнале да постојат антички заедници, каде што владеел античкиот закон, античката богослужба и преовладувале античките навики на живеење, во директен контакт со старите населби. Во почетокот колонистите се држеле настрана од домашното население, во текот на времето доаѓале до постапно приближување, а потоа следело мешање меѓу нив.

Бидејќи немало антички Гркинки, античките Грци и античките Македонци земале ориенталки.

Затоа, било неизбежно преку нив да навлезат ориенталните обичаи и погледи на животот во античките семејства.

Во времето на формирањето на градовите во Источен Иран, Александар Македонски веќе имал идеја за зближување на Иранците со Македонците и античките Грци, а наскоро потоа бил преокупиран со фузијата на овие народи.

Дали тој бил неверен кон својата оригинална намера за ширење на античката култура на Исток? Лично, и покрај сите политички отстапки што ги направил кон Иранците, како што се виде, тој докрај останал целосен вљубеник во античката култура, а тоа морало да биде уште и негова амбиција за да направи колку што е можно повеќе да преовладува античката грчка култура.

Но, веднаш штом сфатил како политичар дека не може да ја управува Азиско-атичката Империја само со античките Македонци, во активните контакти со ориенталните култури мора да му било јасно дека не ќе може античката грчка култура да биде доминантна. Затоа, прво, било нужно да се изградат центри од каде што ќе се шири античката грчка култура, а тоа го постигнал со изградбата на градовите.

Иако мешањето на културите се очекувало да се случи подоцна, сепак, во своите ставови за античката грчка култура Александар Македонски морал да има желба и убедување дека тоа ќе биде водечкиот фактор. Најголемото прашање за иднината, всушност, било која од двете култури повеќе ќе се докаже. Многу векови ова било главниот проблем на историјата на цивилизацијата. Првиот услов бил исполнет со изградбата на градовите од страна на Александар Македонски.

63.
ПРЕГЛЕД НА ЗАВОЈУВАНИТЕ СТРАНИ И ПРОПАЃАЊЕ НА МАКЕДОНСКАТА ИМПЕРИЈА ПО СМРТТА НА ГОЛЕМИОТ АЛЕКСАНДАР

Величината на Александар Македонски во целост може да се види само кога се имаат предвид ефектите од неговото животно дело во сукцесивните периоди на историјата. Во неколкуте години од своето владеење тој, всушност, го поставил стариот свет врз нова основа

Целиот иден тек на историјата, политичкиот, економскиот и културниот живот, не може да се разбере одделно од кариерата и делата на Александар Македонски.

Џон Густав Драјзен, кој прв ја истакнал важноста на Александар во светската историја, го започнал своето искажување за него со следниве зборови: „Името на Александар означува крај на една и почеток на друга епоха“.

Задача на авторот не е да ја приближи историјата на следните векови. Нема да направи ништо повеќе од едно кратко објаснување за влијанието на Александар Македонски и на неговите судбоносни идеи врз текот на античкиот свет. Само во неколку реченици би можело да се каже историското минато, толку колку што е потребно за да се разбере.

Политиката, економијата и културата во секој историски момент се тесно поврзани меѓу себе и кога се разгледуваат нивните заемни врски се добива целосна историска слика. Резултатите што ги постигнал Александар Македонски во овие три правци, ќе бидат појасни ако во искажувањето се разгледаат едноподруго.

Поради прераната и ненадејна смрт на Александар Македонски, водачите на војската во Вавилон одеднаш се соочилеа со големи проблеми. За нов владетел бил избран Пердика, кому кралот на умирање му го оставил својот прстен.

Бидејќи требало да се одржи единството на империјата, бил избран нов крал, а Собранието на македонската војска уште еднаш било ставено во прв план. Но, желбите на пешадијата, во која се чувствувал стариот македонски дух, и на коњицата, која станала повеќе достапна за новите идеи на Александар, не можеле да се усогласат.

По еден жесток конфликт кој довел до војна и крвопролевање, е донесен несреќен компромис: определени се заедно да владеат Архидеј - кандидат од пешадијата, епилептичен, но син на Филип Македонски - и сѐ уште нероденият син на Бактријанката Роксана, кој се родил неколку недели подоцна и кој станал миленик на коњицата.

Така, двајцата малолетници кои не биле способни да владеат, требало да го заземат местото на незаменливиот. Колку била послаба оваа фантомска монархија, толку била посилна амбицијата на генералите за моќ. Така, прво, тие ги завладеале намесништвата според новиот распоред направен во Вавилон: Птоломеј синот на Лаг отишол во Египет, Лисимах во Тракија, Антигон во Голема Фригија, додека Пердика останал со кралевите во Вавилон.

Пред да го напуштат Вавилон, било решено врз кои принципи ќе се постави државата. За да ја отстрани одговорноста од себе, пред Собранието на војската, Пердика го изнел споменатиот меморандум за последните планови на Алек-сандар Македонски, за што едногласно било решено да се одбие, бидејќи тие планови ги содржеле точно оние идеи на Александар на кои античките Македонци со години се спротив-ставувале.

Ова решение се одразило како врз политиката на спојување, така и врз политиката за Светска Империја, која водела кон освојување на Запад. Двете идеи на Александар Македонски, кои сè повеќе го окупирале во последните години од животот, не биле прифатени од војската. Меѓутоа, тие не исчезнале од историјата.

Секако, неговите наследници во последните генерации, со принципите на националното македонско владеење се бореле да го спречат спојувањето на античките Македонци и античките Грци со ориенталните народи. Но самиот факт што народите живееле блиску еден до друг довело до нивно мешање. Така, идејата за освојување на светот никогаш не била прифатена од античките Македонци и античките Грци. Таа идеја на Александар Македонски имала свој ефект за остварување на светската доминација од страна на Римската Империја.

Веста за ненадејната смрт на кралот, што го изненадило целиот свет, не предизвикала немири кај ориенталните народи. Големо признание за Александровиот гениј е тоа што тие не се обиделе да ја вратат својата независност. Тој знаел како да ги смири во новонастанатите ситуации. Вознемирувањата што избувнале во Бактрија не биле предизвикани од домашното население.

За тоа биле виновни античките грчки колонисти; тие се побуниле и пред неговата смрт. Копнеејќи по антички грчки живот, тие правеле напори да го одржат начинот на живеење како во својата родна земја. Обидот бил задушен со крвопролевање по наредба на Пердика.

Од друга страна, пак, на веста за смртта на Александар Македонски, во Античка Грција избувнале нереди кои сосема ја избришале Коринтската лига. Под водство на Демостен, кој со големи почести бил примен назад, Атина се кренала и ги повикала античките Грци да се борат за слобода против Античка Македонија. Наместо Коринтската лига била формирана Елинистичката лига, хегемонија што била преземена од Атина.

Меѓутоа, ниеден правен приговор не можел да ја укине Коринтската лига. Членовите биле обврзани да останат во сојуз со Александар Македонски и со неговите потомци, но во моментот на бунтот немало правен наследник. Овој формален чин од Законот, иако спомнат од најдобрите извори, не бил решавачки; вистинската причина за безредијата во Атина и Аетолија бил декретот на Александар за прогонетите.

Оваа состојба довела до голема напнатост. Потоа, следела таканаречената „Ламијанска војна“ во која победил Антипатер. Атина, чија позиција како морска сила била засекогаш загубена поради поразот на нејзината флота кај Аморгос (јули 322), го примила античкиот македонски гарнизон, го променила своето демократско уредување во олигархиска смисла и им го вратила Самос на Самијците.

Антипатер, кој склучил засебен мир со секоја побунета држава, ја распуштил Елинистичката лига, но не ја обновил старата Коринтска лига. Сепак, ова дело на Филиповиот гениј не

престанало да ја игра својата улога во историјата. Елинистичките владетели, чија цел била да направат протекторат од Античка Грција, неколку пати се обидувале со повеќе или со помалку успех да ја оживеат Филиповата Коринтска лига.

Наскоро потоа започнал судир меѓу амбициозните намесници, кои меѓу себе постојано се бореле за превласт. Ваквиот број на моќни личности каков што бил во кругот околу Диадохите (следбеници) никогаш не се повторил сè до епохата на кондотиерите и тираните на италијанската ренесанса. Најмоќен од Диадохите бил Антигон, кој постепено освоил голем дел од Азија и се стремел за самостоен суверенитет врз империјата на Александар Македонски.

По подолго војување против него и против неговиот син Деметар, била воспоставена коалиција со Птоломеј од Египет, Селеук од Вавилон, Лисимах од Тракија и Касандар, синот на Антипатер од Македонија. Монархијата со која сè уште формално се одржувало единството на империјата, наскоро исчезнало; Кралот Филип Архидеј бил убиен од одмаздничката Олимпија (317). Олимпија наскоро потоа била победена и погубена од Касандер, а и малиот Александар со својата несреќна мајка Роксана, исто така, бил убиен од Касандар.

Домот на Александар завршил со страшен масакр. Таму веќе немало крал, туку само насилнички војувања за престол. Во 306 година, по победата кај Саламис, Антигон се прогласил за крал и ја добил целата империја на Александар. Но, неговите ривали не го прифатиле, нарекувајќи се и самите кралеви, кои за разлика од Антигон, мислеле дека се кралеви на нивните територии.

На тој начин било загубено единството на империјата на Александар Македонски. Откако

Антигон бил победен и убиен кај Ипс во 301 година, неговиот син Деметар со својата извонредна еластичност, со години ги држел противниците настрана. Овие конфликти на Диадохите завршиле во 281 година во борбата кај Корупедиум. Со Лизимах, кој на 80-годишна возраст храбро загинал борејќи се докрај, и со неговиот победник Селеук, кој наскоро потоа бил убиен, загинале и последните следбеници на Александар.

Како резултат на над четириесетгодишната војна, од империјата на Александар Македонски се создале три големи монархии, Египет под Птоломејците, Азија под Селеукидите и Античка Македонија под Антигонците. Покрај нив била Античка Грција, делумно контролирана од Античка Македонија, а во исто време придобивана и од Египет, но и покрај големите нови сојузи, Атолискиот и Ахејскиот сојуз, биле жртва на вечна расправа и спорно прашање во судирот на големите сили.

Слично на тоа околу триесет години по смртта на Карло Велики (843), поради несогласувањата на неговите внуци, неговата Светска Империја била поделена на три одделни држави. Така, европскиот и ориенталниот дел од империјата на Александар Македонски се разделила, и, на Исток, Азија и Египет се разделиле како и порано. Неуморните битки на Александар Македонски не биле бескорисни, бидејќи со години потоа дел од Исток останал под античката македонска власт, па во таа смисла можеле да опстанат античката култура и економските идеи.

64.
ПТОЛОМЕЈ I НЕ ГИ СМЕСТИ ПОСМРТНИТЕ ОСТАНКИ ВО АМОН, КАКО ШТО БЕШЕ ЖЕЛБАТА НА АЛЕКСАНДАР, ТУКУ ВО МЕМФИС, А ПОТОА ВО КРАЛСКИОТ ДЕЛ НА АЛЕКСАНДРИЈА

Кралството на Птоломеј било мало по големина во споредба со тоа од Селеукидите, но било цврсто и строго централизирано. Природата непобитно го направила Египет негов центар и имал огромно природно богатство

Поттикнати од тоа, првите Птоломејци ја проширile својата моќ, освојувајќи ги Кирена и Кипар, како и Јужна Сирија, населувајќи се на јужниот и на западниот брег на Мала Азија сè до Тракија. Главна цел на нивната политика била да го контролираат морето на источниот дел од Медитеранот и така да имаат водечка улога во меѓународната политика, а со својата трговија да доминираат во светот.

Во кралството на Селеукидите не била можна ваква централизација на државата како што била во Египет, бидејќи таму живеел само еден народ, Египќаните. Селеукидите, пак, биле владетели на разни раси како што биле Семитите, Анатолијците и Иранците. Дури и Александар Македонски постапувал различно со различни делови на државата, со почитување на нивните особености и традиции, па, веројатно, и Селеукидите го правеле истото.

Но, тие не биле доволно силни за да ја одржат империјата. Наскоро, некои делови се одделиле, прво, Индија им била одземена од Кандрагупта, основачот на Муријанската династија, кој ги обединил регионите на реките Инд и Ганг во една голема држава. Потоа, во III век пропаднале Бактрија, Партија, Галатија и кралството на Пергамум, а подоцна и Еврејското Царство на Хасмонанците.

Ниту државата на Птоломејците, ниту онаа на Селеукидите не била национална држава. Тие биле територијални држави, во кои античката македонска династија, потпомогната од античките Македонци и античките Грци владеела со над еден милион ориенталци. Луѓето немале право на кралско државјанство. Само третата голема сила, Античка Македонија, можела да се опише како национална држава, бидејќи античката македонска династија владеела со предоминантниот антички македонски народ.

Овој начин на владеење покажал посебна моќ, особено кога ја споредуваме Античка Македонија со двете други сили, моќ која била искажана и со својот единствен воен систем. Тоа била причината поради која Римјаните гледале во Античка Македонија најопасен противник на Исток.

Напорот да се одржи наследството на Александар Македонски особено дошло до израз кај Птоломеј I. Тој инсистирал посмртните останки на Големиот крал да се пренесат во Египет, но не го сместил во оазата на Амон, како што била желбата на Александар, туку во Мемфис, од каде што бил пренесен во величествена гробница подигната во кралскиот дел на Александрија.

Птоломеј, чија посебна длабока почит кон Александар е очигледна во неговите мемоари, барал да добие ексклузивно одобрување и

благослов за своето кралство дека е произлезено од лозата на Александар Македонски.

Во Александрија, каде што според античките поими херојските почести се направени поради Големиот крал, како основач на градот, и поради други причини, тој направил култ од Александар Македонски, чиј едногодишен свештеник бил епоним за целото кралство. Во текот на целиот период на Птоломеј, античките грчки и демотичките документи датирале не само од годината на кралот, како што тоа било обичај во Египет, туку и од годината на овој свештеник на Александар.

Од почетокот Селеукидите и Птоломејците имаа за цел да привлечат колку што е можно повеќе античко македонско и античко грчко население во своето кралство. Само на овој начин тие можеле да се здобијат со рамнотежа среде ориенталните маси. Селеукидите ги заштитиле своите потчинети, според моделот на Александар, со изградба на бројни градови со античка организација.

Селеук I и неговиот син Антиох I се меѓу најголемите колонизатори во светската историја. Не само во Мала Азија, каде што Антигон бил нивни наследник, туку особено во Северна Сирија, тие спровеле обемна програма за изградба на градови, па како резултат на тоа една „друга Античка Македонија“ се издигнала во овие делови.

Понатаму, кон Исток можеле да се најдат, исто така, нивни градови. Тие биле многубројни со Месопотамија, а најмногу во Источен Иран, каде што Александар им го покажал начинот за изградба на градови.

Меѓутоа, од воен аспект, тие започнале да градат многу воени колонии кои, бидејќи биле селски општини, немале градска организација.

Птоломејците следеле поинаква политика. Во нивното надворешно присвојување, како што било, на пример, во Јужна Сирија и на други места, изградиле антички градови, но во самиот Египет, го изградиле Птоломај во Горен Египет, чиј основач бил Птоломеј I, единствениот антички град што тие го приклучиле кон Александрија и Наукрат.

Обратно, тие ја следелеа интензивната внатрешна колонизација со населување на античка македонска и античка грчка војска во селата со пренесување на правото на сопственост на земјата.

Владеењето на Селеукидите и Птоломејците било неограничено, како кога бил на власт Александар Македонски со сета своја моќ како крал на Азија. Тој, всушност, за нив бил модел. Според преседанот што тој го направил за нив, главно, како за елинистички кралеви, обичниот амблем на кралската моќ била дијадемата, оригинален персиски симбол. Во случајот на Птоломејците имало посебна разлика, поради фактот што во очите на нивните египетски потчинети тие биле фараони.

Според тоа, веднаш по станувањето крал (305) Птоломеј I, следејќи го примерот на Александар Македонски, ја земал за себе египетската кралска титула што му била понудена од свештениците, со која бил изразен египетскиот култ кон кралот (како Хорус, како син на Ра итн.).

Слично на тоа, сите Птоломејци до крајот на династијата биле претставени на египетски споменици како божествени фараони. Селеук I, а и неговите наследници, како и Александар Македонски, Вавилонците го сметале за нивни посебен крал, иако во овој случај немало божествен култ што го спојувал со монархијата.

Овој апсолутизам бил ограничен од античките Македонци со фактот што Селеукидите и Птоломејците, повторно следејќи го примерот на Александар, не ги намалиле правата на Собранието на античката македонска војска. Подоцна, бидејќи античките Македонци се измениле под источното влијание, оваа институција станала сè понезначајна.

Природно, со поголем ефект била зачувана во Античка Македонија. Од друга страна, пак, апсолутизмот, во сите случаи номинално, не им бил наметнат на античките Грци, па така на многу-мина им била дадена слобода и автономија. Но, всушност, кралската власт во различни форми и степени, сепак, се мешала во владеењето на овие градови.

Независно од ова делумно ограничување, овој елинистички апсолутизам кон сите потчинети понел обоеност од таканаречениот „расветлен апсолутизам“, кој црковниот приход на нацијата го сметал како кралска обврска.

Писателите од поново време се склони да ги одобрат овие елинистички монархии, но, притоа, не треба да се загуби од вид дека Александар Македонски имал незгоди при првото влегување во Азија, за да ги смири освоените народи и да ги потчини на новиот режим, оставајќи ги во сила колку што е можно повеќе нивните стари уредувања и споделувајќи ги нивните традиционални расни особености.

Слободно може да се рече дека тој ја вовел оваа фундаментална концепција на владеење. Меѓутоа, додека тој во овој случај бил во спротивност со својот тутор Аристотел, неговите наследници биле поведени од филозофските доктрини на „расветлената“ концепција на кралската служба.

Ваквите пропозиции повеќе биле разгледувани во расправите за „монархијата“. Филозофското влијание најјасно може да се смести кај Антигон Гонат, синот на Деметар, кој го формирал антигонидскиот ред во Македонија. Тој студирал во Атина кај Зено, основачот на Стоичката школа, а во текот на своето владеење во практиката ги поставил стоичките идеи.

Неговата теорија за кралските обврски е одразена во славната изрека дека монархијата е „величествена услуга“, фраза која точно е аналогна на изреката на Фредерик Велики дека „кралот е првиот слуга на државата“.

Односите на Птоломејците и Селеукидите кон филозофијата на нивниот период биле многу помалку цврсти, а затоа, пак, киничките и стоичките идеи изгледа влијаеле и врз нивниот концепт за должностите на кралот.

Првите големи кралеви на овие династии многу сериозно го прифатиле извршувањето на своите обврски. Во случајот на Птоломејците, во детали можел да се следи начинот на кој преку дневната работа тие барале правичност во задачите на кралот со неограничена монархија. Товарот на аудиенциите мора да бил огромен; секој, па дури и селанецот, можел да се појави пред кралот преку водителите на судовите на правдата.

Поради тоа, совесниот работник Момсен ја споредувал монархијата на Лагидите со онаа на Фредерик, од што, тој вели, не бил далеку од своите фундаментални карактеристики. Во интерес на повисоката администрација, дневната јавна работа на кралевите морала да биде документирана.

И овој пат, Александар Македонски бил тој кој го дал примерот. Тоа било направено по неговиот модел на дневни документи, според кои Птоломејците и други елинистички владетели имале

свои дневни акции, забележани во офици-јални весници.

За да се заокружи нашата карактеризација на Елинистичката Монархија, има уште еден многу важен дел со кој се објаснува култот кон елинистичкиот крал. Тоа нема ништо заедничко со гореспоменатиот египетски култ на Птоломеј како фараон, ниту, пак, се други релевантни ориентални цели и традиции.

Повеќе личи на издигнување на античките грчки идеи на апотеозата за Александар Македонски, иако не треба да се тргне од моделот на Александар. Овој факт што постепено се развивал во втората генерација по Александар Македонски ја забранувал ваквата директна врска.

Во својот целосен развиток тоа било нешто сосем различно од апотеозата на Александар: култот на елинистичкиот крал станал официјален култ на државата и бил поврзан со античките Македонци и со античките Грци, како и со ориенталците, каде што Александар никогаш не вовел државен култ на својата личност, а неговата апотеоза била заведена само во градовите на Коринтската лига.

Затоа, имајќи ги предвид овие елинистички кралеви, може да се зборува за една божествена монархија на кралство, но не, како што често се сфаќа, во врска со Александар Македонски. Сепак, не е погрешно да се рече дека апотеозата на Александар била историска претпоставка за овој различен вид на култ на елинистички крал, а вршел директно влијание врз неговото потекло.

65.
ВОСПОСТАВУВАЊЕ НА КУЛТОТ БОЖЕСТВО КАЈ ДИНАСТИИТЕ ПО СМРТТА НА АЛЕКСАНДАР МАКЕДОНСКИ

Античката идеја за длабока почит спрема човекот со натчовечки достигнувања како божество била воведена од Александар Македонски многу силно и без грешка од кога и да е порано

Последицата била таа што кај наредната генерација по неговата смрт, античките Грци биле повеќе од кога и да е склони да покажат божествена почит во различни форми и степени кон луѓето кои направиле големи дела за нив, особено кон оние што ги еманципирале или, едноставно, ја прокламирале нивната еманципација.

Познатите примери покажуваат колку силни станале овие идеи во античкиот свет по смртта на Александар Македонски како последица на неговата акција. Меѓутоа, ниеден од неговите директни наследници, ниту Птоломеј, ниту Селеук I, не барале божествена почит за себе.

Првиот чекор за култ кон елинистичкиот крал бил прифатен од Птоломеј II Филаделф. Веројатно, повеќе за да го покаже престижот на својата династија отколку од религиозни потреби, по смртта на својот татко, тој направил свој државен култ како „божествен спасител“, а, исто така, бил организатор и на големи прослави кои морале да се одржуваат секоја четврта година и да се слават низ целиот антички свет.

Подоцна, кога починала неговата мајка Береника, тој ги споил своите родители во култот како „божествени спасители“. Исто така, кога неговата сестра и нејзиниот сопруг Арсиное II умреле во 270 година, тој формирал државен култ кон неа како „божествена Филаделфа“ (таа која го сака својот брат). Дотогаш само покојни членови на династијата биле воздигнувани на степен на божество, а врз основа на тоа што божеството го „отстранува“ покојството, кралот го воспоставил култот.

Сега Филаделф презел решавачки чекор во напредувањето; создал државен култ кон себеспасителот и кон својата мртва сестра, под името „божество брат и сестра“. Така, беше отворена вратата за идниот развој на птоломејскиот култ кон кралот. Од третиот Птоломеј наваму, кралот и неговата сопруга, веднаш штом ќе извршеле значајно дело во својот живот, добивале заслуга како божество.

Големите епитети на култот на овие Птоломејци, што Египќаните тешко можеле да ги репродуцираат во својот јазик, покажуваат дека овој култ на елинистичкиот крал е од чисто античко грчко потекло. Сотер (Спасителот), Еуергет (Добродетелот), Епифан (Богојавувачот) се поими на античката грчка религија. Меѓутоа, култот, како што погоре било речено, имал значење не само за античките Македонци и античките Грци, туку и за Египќаните.

Овие апотеозни Птоломејци, како соединение на богови, не биле соединети само со античките грчки богови, како Александар од Александрија, туку и со главните богови на египетските државни простори. Така, свештеници на Ис од островот Фила биле богови на Ис и на апотеозните Птоломејци.

Култот ги обединувал сите потчинети, без разлика на расата на која и припаѓале. Може да се забележи религиозна политика во чинот на воспоставувањето на култот кон Сарап за античките Грци и Египќаните што го направил Птолемеј I.

Примерот на Филаделф наскоро бил следен од Селеукидите, но формата на апотеозата била различна според карактерот. Додека култот, несомнено, им бил даван само на мртвите, првите кралеви биле споредувани со определени богови. Така Селеук I, како Бог, бил опишан како „Селеук Зевс Никатор“ (Освојувачот), а неговиот син Антиох I како „Антиох Аполон Сотер“ (Спасителот). Но, култот на кралот, едноставно, не бил организиран во земјите на Селеукидите, како што било во високо централизираното кралство на Птоломејците.

Изгледа античките градови имале свои епонимички свештеници, додека во намесништвата на чело на култот стоеле архисвештеници. Невозможно е да се оди во натамошни детали околу различните форми на кралскиот култ во различни кралства, но неопходно е да се потенцира дека во Античка Македонија култот никогаш не бил признат.

Ова, веројатно, се должи на едноставниот и обичен карактер на Антигон Гонат, но, пред сè на карактерот на македонскиот народ, кој, како што се гледа од случајот на Александар, бил сосем непријателски настроен кон овие антички грчки поими.

Во источните подрачја кралскиот култ ставил силни окови околу кралот и луѓето. Иако култот не можел да се надомести со недостатокот на национално чувство, сепак, ги обединил сите потчинети со длабоко почитување кон кралот како божество и создале духовно единство во центарот во кој стоела кралската куќа.

Овие елинистички кралства, чија просторна позиција едно до друго овозможила извесна рамнотежа во политичката ситуација на источниот медитерански свет, можеле успешно да им се спротивстават на Римјаните, доколку заедно ја задржеле својата значајна воена моќ и ако посветеле внимание на светската сила што се зајакнувала на Запад.

Наместо тоа, преку континуирано соперништво, обично со отворено војување, тие се ослабеле меѓу себе, па така со успех биле голтнати од Римската светска Империја. Така, овие големи монархии не успеале да влијаат врз развојот на Римската Империја, а идеите што потекнувале од времето на Александар повторно биле актуализирани и реализирани во римската историја.

Во втората половина на III век пред н.е., кога елинизмот навлегол во Рим и рапидно се проширил во образованите кругови, брилијантната слика за светскиот освојувач Александар влијаела и врз римското општество. Римајните биле оние што на Александар му ја дале титулата „Велики“ (Магнус). На античките грчки историчари им било оставено да направат споредба меѓу Александар и големиот Сципион Африкански, покорувачот на Ханибал и основачот на Римската светска Империја.

Тие го направиле Сципион син на Јупитер Капитолинус, и му ја пренеле легендата за Александар Македонски дека е потомок на божја змија. Меѓутоа, за овие поими жестоко се расправало и во римското општество. Подоцна светлата слика за Александар во римската литература била затемнета со непријателско омаловажување.

Сè уште мошне важен момент е тоа што Светската Империја на Александар Македонски и кралствата на Дијадохите влијаеле врз конечните

планови на диктаторот Цезар. Со освојувањето на Галија, Цезар ги проширил границите на Римската Империја до Атлантскиот Океан и Северното Море.

Кога по поразот на Птоломеј, неговите соборци го поставиле за господар на империјата, Цезар планирал голем поход, првин против кралството на Гетите и Дакијците на реката Дунав, а потоа против Партијците, кои во тоа време владееле од реката Еуфрат до границата на Бактрија, каде што Индо-Скитијците ја држеле управата.

Со припојувањето на оваа империја кон Римската Империја би се создала светска империја, слична на онаа што била крајната цел на Александровите последни намери. Дека кај Цезар единствен израз не била одмаздата за поразување на Крас, прикажано е во изјавите на неговите планови за поход. Со оваа војна, која требало да биде војна со шеснаесет легиони, навистина, имало намера да го заврши освојувањето на светот.

По покорувањето на Гетите и Дакијците, намерата на Цезар била да ја покори Партијанската Империја во правец кон Мала Арменија, а очигледно со намера да ја освои целата империја, бидејќи, како што вели Плутарх, по освојувањето на Партијците тој мислел да се врати низ Хирканија што била припоена кон Индоскитијанската Империја.

Понатаму, тој имал намера да тргне по должината на Касписко Море, за кое тогаш се претпоставувало дека е залив на океанот, и по преминувањето на планината Кавказ да продолжи по должината на Црно Море, да ги покори земјите на европските Скитијци, да ги нападне Германците одназад, да ја прегази нивната земја и повторно да влезе во Италија откај Галија. Со тоа, како што покажуваат изворите, тој би го заокружил римскиот

глобус „така што империјата би била заокружена со океан од сите страни“.

Иако е веројатно, овие зборови одново ги репродуцираат идеите на Цезар, сепак, тој би се нашол по стапките на Александар, кој толку многу пасионирано го барал океанот на исток како граница на својата Светска Империја. Нема сомневање дека овие партијански планови на Цезар не случајно се совпаѓале со плановите на Александар Македонски.

Цезар уште од својата младост бил голем љубител на Александар, постојано го имал пред себе и него и неговата Светска Империја. Овие две надарени природи биле темелно различни: на многу постариот диктатор му недостасувало нагонот на младиот освојувач, но, сепак, тие дошле значително блиску еден до друг со финалните планови. Не било судено плановите на Цезар да се исполнат повеќе од оние на Александар. Три дена пред да тргне во пресрет на својата војска, Цезар бил убиен од заговорниците.

Римската светска Империја не можела постојано да биде управувана според формите на Римската република. Ова било потврдено во историјата од претходните децении, во кои републиканската конституција се докажала како поадекватна на потребите на Светската Империја, најголемата империја што дотогаш била создадена.

Монархистичките аспирации на Цезар можеле се објаснат со условите на Рим во тоа време. Но, тој не можел да ја формира својата монархија врз римските традиции. Дури и силната позиција што ја имал кратко пред својата смрт како диктатор, со што, всушност, ја укинал републиката, не била во состојба да го задоволи. Која титула ќе ја земел, доколку живеел подолго, е многу спорно прашање.

66.
ИДЕИТЕ НА РИМСКИТЕ ВЛАДЕТЕЛИ ЗА ПРОШИРУВАЊЕ И ЗАОКРУЖУВАЊЕ НА СВЕТСКАТА ИМПЕРИЈА НА АЛЕКСАНДАР МАКЕДОНСКИ

Со сигурност може да се претпостави дека во формирањето на монархистичката позиција Цезар пред себе како модел го имал апсолутниот суверенитет на Александар Македонски, што подоцна се развил во елинистичките монархии на Дијадохите, доколку Цезар се врател дома победоносно

Од Партија, би ја земал круната на Александар Македонски и на Дијадохите како внатрешен симбол на оваа кралска сила.

Цезар, навистина, го вовел елинистичкото божество во монархијата. Идејата за воздигнување на степен на божество, спонтано му била понудена од елинизираниот Исток. Веројатно, во овие делови божествените почести долго време им се оддавале на римските владетели, но тоа било извонреден чекор напред, кога по победата кај Фарсалија (48), која го одлучила ривалитетот меѓу Цезар и Помпеј, сите антички грчки градови во провинцијата Азија го славеле Цезар во еден ефесијански натпис како „Бог кој потекнува од Арес и Афродита кој се открил сам себеси“ и „општ спасител на човечката раса“.

Тоа било со цел да се нагласи потеклото на семејството на Цезар од Афродита, врз кое тој се

потпирал толку многу, колку што Александар Македонски се потпирал врз своето потекло од Ахил и Хераклe. Потеклото од Арес и Афродита, секако, била банална титула, но титулата „општ спасител на човечката раса“ била нова идеја, изразувајќи признавање на победата кај Фарсалија како монарх на Светската Империја. Она што доброволно било понудено од елинистичкиот Исток, морало да биде завиено во други форми за Рим и Италија, каде што Цезар го сметал како многу важно да ја воведе божествената монархија.

Божествените почести, решени за него од покорниот Сенат, морале да бидат поврзани со римските идеи. Според тоа, во Рим тој бил издигнат до редот на државните богови како Јупитер Јулиус, а свештеникот за неговиот култ, Јулианус, бил наименуван за модел на Јупитер, Марс и Квиринус. Во основа, ова не било ништо друго освен елинистичка концепција за божествен крал во римска форма.

Освен тоа, многу други почести, што тој си ги доделил, го изневерувале нивното елинистичко потекло, како што било: правото за портретирање, што му дозволувало да го стави својот лик на кованите пари, елинистичката заклетва кон кралот, што била воведена во римската заклетва во форма на заклетва кон „генијот на Цезар“, прославата на неговиот роденден како народен празник; сето тоа требало да биде придружено со државни принесувања на жртви итн.

Кратко пред смртта се ширеле гласови дека Цезар има намера да го напушти Рим и да ја пренесе својата престолнина на Исток, или во Илиум, каде што при неговата посета во 48 година, бил почитуван на ист начин како Александар во Александрија. Всушност, природно овие намери ја носеле во себе претпоставката, откако победо-

носно се вратил од Партијанската војна, дека центарот на империјата треба да се помести кон Исток.

Александрија би била крајно задоволна како центар на ваквата „Светска Империја“, а, веројатно, и Александар Македонски ќе го изберел овој град како свој главен град, доколку ги спровел своите последни планови. Овде имало додатен мотив за предноста на Цезар: тој можел да ја води својата царска политика многу полесно врз елинистичката почва во Александрија отколку во Рим, каде што републиканските традиции биле вкоренети, бидејќи неговата политика не била насочена кон националната Римска Империја, туку кон една интернационална Светска Империја што требала да го зафати целиот свет на елинистичко-римската култура.

По смртта на Цезар, овие елинистички идеи нашле заштитник во Марк Антонио, кој иако Римјанин, во Александрија, како сопруг на Клеопатра, се однесувал како елинистички крал и сонувал за освојување на Источната Империја на Александар Македонски.

На својот син роден со Клеопатра, кого што тој смислено го крстил Александар, му ветил доминација на цела Азија од реката Еуфрат до Индија. Доколку Антонио победел, Александрија, секако, ќе била главен град на светот. Но, победникот во борбата за оној што го бара своето право не бил Антонио, туку присвоениот син на Цезар, Октавијан, последниот Август, кој ја претставувал националната римска политика, спротивно на елинистичко-ориенталната.

Неговата победа била главна ориентација за светската историја, бидејќи со оваа победа Рим во наредните векови ја задржал својата командна позиција како главен град на светот, сè додека на

крајот Константин не го пренел престолот на Исток. Спротивно на планот на Цезар за космополитска Светска Империја, Август, кој целосно бил Римјанин, ја формирал Римската Империја, во која Римјаните биле господари над другите нации.

Овде не е место за да се истакне како Август со извонредно проникнување и мудрост успеал да ја прикрие својата вистинска монархија со републикански форми. Момсен бил првиот кој нѐ учи за ова во своето големо дело „Римската држава“.

Но, треба да се назначи фактот дека овој „прв граѓанин“, како што Август сакал сам да се опише, не презирал некои од надворешните лица на елинистичкото владеење: тој исто ги барал елинистичките привилегии што Цезар ги имал присвоено - неговата личност на кованите пари, заклетвата на неговиот гениј и народното прославување за неговиот роденден.

Од друга страна, пак, спротивно на Цезар, тој ја прифатил Елинистичката божествена Монархија само со големи ограничувања. Во Рим, тој сосема ги забранил божествените почести, иако не се мешал во работите на италијанските заедници; а во провинциите го дозволил својот култ само заедно со божицата Римјанка. Природно, немало ограничување на правата за лично длабоко почитување.

Заслужува да се спомене дека во провинцијата Египет, којашто била исклучена од контролата на Сенатот, а му била потчинета лично нему, тој се сметал како наследник на Птоломејците и имал кралска специјална позиција. Овде, тој и неговите следбеници како Александар и Птоломејците, од тамошното население го добил старото фараонско обожавање. Но, како со Алек-

сандар Македонски, така и со Август, тоа имало чисто локално значење.

Овде, пак, не е место да се напомнува како во текот на вековите одделни владетели ги уништиле римските градови што ги формирал Август според Цезаровиот и елинистичкиот поглед на државата, сè до моментот кога Цезаровиот апсолутизам на крајот триумфирал. Римските и елинистичките тенденции, или идеите на Август и на Цезар ја поттикнале тензијата на внатрешната историја во империјалниот период.

Идеите на Цезар за проширување и заокружување на Светската Империја ги актуализирале многу владетели и по Август, кои иако официјално мирни владетели, направиле многу во таа смисла со таканаречените погранични војни. Тоа, секако, се однесува на Трајан, бидејќи тој постојано го имал во своите мисли не само Цезар, туку и Александар Македонски, последниов како неисполнет идеал.

Тој најбрилијантно го исполнил првиот дел од Цезаровата програма со Лакијанските војни, а потоа го презел и вториот дел, војната со Партија, водејќи ја лично командата, и постојано држејќи го ликот на Александар Македонски пред себе.

По окупирањето на Ктесифон, главниот град на Партија, тој како и Александар Македонски копнеел да плови по должината на реката Тигар до океанот - Персискиот Залив. Кога излегол на морето и видел брод што плови кон Индија, се вели дека извикал дека и тој би сакал да замине за Индија. Тој сметал дека Александар Македонски, навистина, бил среќен, иако сè уште бил млад.

Подоцнежните извори погрешно зборуваат за војните во Индија планирани од Трајан. Но, овие зборови ја оддаваат само тажната резигнација на постариот монарх, кој со задоволство би се

натпреварувал со младиот херој. Потоа во Вавилон, Трајан ја изразил својата почит кон Александар Македонски на симболичен начин, со давање жртва за него како херој во собата на старата палата, каде што Александар починал.

Подоцнежните владетели оддавале почит во знак на сеќавање на Александар Македонски, особено во почетокот на III век, а во некои случаи и на невкусен начин. Исто така, и во IV век Јулијан Апостат, кој во својот Персиски поход се почувствувал себеси како следбеник на Александар, му оддал почит, но таа не била толку импресивна како онаа на Трајан, една од најдобрите што им била дадена од римските императори.

Кога се зборува за креветот во кој починал Александар, време е да се заклучи какви биле повратните ефекти од неговата политика и да се истакне фактот дека основите на Римската Империја го нашле своето објаснување во римската историја, а тоа проширување било под силно влијание на идејата на Александар Македонски за доминација над светот.

Последниот пример укажува дека треба да се оди назад до Александар Македонски, со цел да се објасни повторното будење на идејата за Римската Империја во средниот век.

Се дошло до прашањето: каков ефект имало животното дело на Александар врз економскиот развој на светот? Ако некој сакал да ја разбере феноменалната револуција што тој ја извел во економскиот живот на тоа време, морал да согледа каква била економската позиција на светот што му претходела.

67.
ТРГОВСКИТЕ ПАТИШТА ЗА ВРЕМЕ НА АЛЕКСАНДАР МАКЕДОНСКИ И РИМСКАТА ИМПЕРИЈА

Во економските работи Исток и Запад до Александар Македонски биле еден до друг, како два круга кои имале контакт и заеднички одос, но во целина формирале две суштини. Веројатно, во вториот милениум Кританците, кои не биле антички Грци, имале заеднички трговски зделки со Исток, а преку просторот на Крит одвреме-навреме пристигнувале и ориентални производи во Античка Грција

Потоа, во почетокот на првиот милениум феникијските трговци дошле кај античките Грци и им ги изложиле своите ориентални стоки, а по морски брег отишле сè до Шпанија.

Веројатно и феникијските колонии на западниот дел на Мала Азија, каде што се сечеле двата круга, имале трговски зделки со народите зад себе, иако под персиска власт во помала мера отколку претходно под Лидијанците. Освен тоа, со поставувањето на темелите на Наукрат во делтата на Нил под заштита на фараоните на Саитичката династија, омилената странска стока овозможила да се создадат директни комерцијални односи со Египет. Но, тоа било исклучок античките грчки трговци и занаетчии да навлезат длабоко во Азија.

На Сирискиот морски брег немало ниедна античка грчка колонија; крајбрежните градови во Мала Азија биле единствените краеви на тргов-

ските патишта кои доаѓале од Далечниот Исток и кои биле во античко грчки раце.

Ова се изменило во моментот кога Александар Македонски ја покорил цела Блиска Азија сè до делтата на реката Инд и Египет до првиот катаракт на Нил. Биле отворени пространи предели за античката грчка претприемчивост, неограничени простори со суровини и пазари.

Освојувањето не било цел сама за себе, туку Александар Македонски промислено го земал во свои раце отворањето на своите освоени народи кон античката грчка економија, а неговите наследници го следеле неговиот пример: целосно ја презеле неговата економска политика и енергично ја спроведувале.

Во војните на Александар Македонски биле отстранети претходните економски бариери меѓу Исток и Запад и наредните генерации. Илјадници антички грчки трговци и занаетчии навлегле во новиот свет да ја бараат својата среќа во новите градови кои никнувале како печурки по дожд. На овој начин двата претходно одвоени круга се слеале еден во друг и формирале еден единствен економски круг.

Кога Западен Медитеран бил привлечен кон орбитата на големата револуција што се појавила на Исток, се создала светска трговија, која го опфатила целиот населен свет и се проширила од Шпанија до Индија и зад тоа до Централна Азија и Кина. Овој развој бил довршен само под Римската Империја, но основите за тоа биле поставени со освојувањето на Азија од Александар Македонски. Економските резултати на Алек-сандровиот подвиг, речиси, се исти како и откривањето на Америка.

Доколку имаме намера подетално да ја насликаме оваа кратка скица на главниот тек на развојот, нас постојано не оневозможува фрагмен-

тарниот карактер на изворите, со исклучок на случајот со Египет. За Селеукидите преданието било особено оскудно. Заклучено е дека тие биле колонизатори во голема мера, кои го следеле примерот на Александар и дури го надминале.

Мотивот на нивната политика бил претставен како желба да привлечат колку што е можно повеќе антички Македонци и антички Грци во својата земја. Но, тука мора да се назначи дека голем број од новите градови биле направени со цел да служат за целите на трговијата. Според тоа тие биле изградени по должината на големите трговски патишта, преку стариот премин во Азија, како што бил случајот со Селеукија на реката Тигар, првиот главен град на Селеук I и местото каде што се среќавале трговските патишта од Запад и од Далечниот Исток.

Овој град, што Момсен го нарекол наследник на Вавилон и претходник на Багдад, наскоро станал еден од првите трговски градови во светот. Потоа, кога поради политички причини Селеук се преселил уште кон Запад во Антиох, што го изградил на реката Оронт во Северна Сирија, неговата главна грижа била да го поврзе Антиох со своето пристаниште на Медитеранот, Селеукија во Пиерија, што се наоѓала во устието на реката Оронт, да ја поврзе со големата мрежа на патишта што воделе кон Исток и да ја спои со Селеукија на реката Тигар.

Ова било постигнато со изградба на нови патишта. На ист начин Селеукидите ги подобриле старите персиски патишта, кои воделе од Далечниот Исток низ Мала Азија до Егејскиот брег, поврзувајќи голем број нови градови. Со оваа изградба тие многу ја унапредиле трговијата на крајбрежните градови во Мала Азија.

Иако наскоро Индија била загубена за Селеукидите со формирањето на империјата на Чандрагупта, сепак, прометот со Индија останал важен дел во нивната надворешна трговија. За врската со Индија тие ги имале на располагање не само старите трговски патишта по копно, туку и морскиот пат што скоро бил пронајден од Неарх. Двата пата биле користени, но морскиот пат бил почесто употребуван, бидејќи се појавувале незгоди со Партијците кога се одело по копното.

Унапредувањето на трговските односи било направено преку дипломатски врски што Селеукидите ги имале со Чандрагупта и неговите наследници. Мегастен отишол како амбасадор на Селеук I во Палимботра (Паталипутра) на реката Ганг, а потоа за античките Грци ја напишал најдобрата книга што дотогаш била напишана во Индија. Извесен Даимах од Платеа, исто така, отишол како амбасадор во Индија, овој пат кај Амитрохат, синот и наследникот на Чандрагупта.

Исто така, имало постојани дипломатски односи со неговиот син, Асока, кој го вовел будизмот во Западна Индија. По карактер сосема како Александар Македонски, Селеукидите ја проширилеа својата трговија на Исток од Индија. Веќе било речено дека во деновите на Александар кинеската свила дошла до Индија. Во наредните векови Кина сè повеќе извезувала свила, а патот на свилата водел во Селеукидската Империја и низ неа. Така, со размена елинистичките производи стигнале до Централна Азија и Кина, дури и подоцна кога Партијанската Империја се издигнала како сила.

Скоро, во Северна Монголија се пронајдени остатоци од такенини од Сирија, што се сметале дека се од I век пред н.е. Не без причина се претпоставува дека династијата Хан имала тесни

врски со елинистичка Средна Азија. Мисијата на Патрокле на Каспиското Море по наредба на Селеук I и неговиот син Антиох се поврзувала со трговските интереси на Селеукидите.

Нему му било доверено да врши испитувања дали Каспиското Море е внатрешно море или ракав на океанот, прашање што претходно Александар сакал да го реши Хераклид. Но, како и Александар Македонски, Селеукидите имале интереси за трговска политика, бидејќи Патрокле требало да го испитува патот на индиските карвани, а кој одел по должината на јужниот крај на Каспиското Море сè до Црно Море.

Тој немал многу среќа во решавањето на географските проблеми. Не отишол доволно далеку кон север и затоа добил впечаток дека Каспиското Море е ракав на океанот, грешка што Ератостен ја вовеле во географијата. Но, тој напишал вреден труд за трговските патишта од Индија до Каспиското и натаму до Црно Море.

Со оваа експедиција на Патрокле, Селеукидите остварале еден од последните планови на Александар, но не ја прифатиле неговата последна голема планирана експедиција, за која тој бил подготвен кога умрел - обиколката на Арабија.

Несомнено, тие си мислеле дека нивните главни трговски ривали, Птоломејците, ќе им донесат огромна корист со врската преку море меѓу Вавилон и Египет. Наспроти тоа, тие не сакале да се откажат од вредните мирудии од земјите на Себанците и Минанците во Јужна Арабија. Тие ги приморале Герхеанците, кои живееле на источниот морски брег на Арабија на Персискиот Залив, во Вавилон да испраќаат најмалку дел од стоките што ги добивале од Јужна Арабија, но не можеле да го спречат ширењето кон

Арабија до Петра, јужно од Мртвото Море, а со тоа до кралството на Птоломејците.

Има многу подобри информации за птоломејската економија, отколку за селеукидската. Бидејќи во овој век, а особено во последните педесет години, се пронајдени голем број материјали од илјадници антички грчки папирусни документи, кои не само што се однесувале на делови од јавниот и приватниот живот, туку и на економскиот живот на птоломејскиот период и ни даваат богати информации, какви што постојат за другите земји на древниот свет.

Нашето познавање сè уште е некако скрпено од повеќе делови. Вон некои кралски одлуки, главно, овие документи ни откриваат детали за дневниот живот и така многу општи прашања биле разјаснети.

Птоломејците не ја затвориле политиката за освојување на туѓи простори како Селеукидите, туку имале за цел да ги прошират своите надворешни врски. А поседувајќи го Египет, природно, најбогатата земја во светот, со помош на флота и копнена војска, настојувале да играат водечка улога во Источен Медитеран.

Оваа силна интернационална позиција се темелела врз нивната економска и трговска политика, а во гореспомнатите проширувања нивната територијална трговија играла важна улога, ако не и најважна. Кога Птоломеј I го окупирал Кипар, секако, бил под влијание на фактот што овој остров поседувал изобилство на две-три суровини што не можеле да се добијат од Египет, а тоа биле дрвен материјал (градежно дрво) и бакар.

68.
ВРСКИТЕ ПО КОПНО И ПО ВОДА СО БРОДОВИ МЕЃУ ЦРВЕНОТО МОРЕ, МЕДИТЕРАНОТ И РЕКАТА НИЛ

Неколкуте војни што Птоломејците ги воделе со Селеукидите за Сирија, освојувајќи ја Сирија со Палестина и Феникија, а по подолго време дури и пристаништето Антиох,Селеукија во Пиерија, биле сврзани со трговската политика којашто имала различни мотиви

Сирија била извонредно значаен трговски регион, кој секогаш имал особена важност за трговијата меѓу Истокот и Западот. Овде била крајната точка на карванскиот пат што водел од Дура на реката Еуфрат по патот кај Палмира и Дамаск до Тир.

Тука, исто така, завршувал патот кој водел од Јужна Арабија, северно по должината на западниот морски брег на Арабија до важниот набатеански центар Петра, а оттука кон Газа, така што со освојувањето на Јужна Сирија Птоломејците кон своите доминиони испратиле еден значаен дел од вредните зачини на Јужна Арабија. Тие, исто така, тргувале со окупираните делови на морскиот брег на Мала Азија, а извонредно важниот артикал за извоз што го произведувала Киренајка, тие веднаш го монополизирале.

Медитеранската трговија била значително изменета со доаѓањето на лигата на егејските острови под нивна заштита, сѐ до нивниот пад како морска сила кога Родос го зазел нивното место. Со ставање на морето под контрола Птоломејците,

исто т-ака, му ставиле крај на пиратството, следејќи го примерот на Александар Македонски, кој преземал мерки против пиратството веднаш штом станал господар на морето.

Не војувајќи за контролата на Медитеранот, Птоломејците биле предодредени да го направат Црно Море значајно за нивната трговија. Овде, повторно, тие го следеле примерот на Александар во отворањето на нови патишта на море и во проширувањето на знаењето за светот, иако она што тие го направиле било делумно реализирано од последното нивно заобиколување на Арабија.

Веројатно, без да го знаат тоа, тие ги следеле чекорите на старите фараони, кои во зенитот на египетската историја во третиот, а, исто така, и во вториот милениум, ги испратиле своите бродови до брегот на Сомалиската земја (Пунт), земјата на темјанот и на миртата.

Филаделф, кој имал голем интерес во економските работи, бил пионер. Тој го обновил каналот на Нехо, кој водел од Пелузијанскиот ракав на реката Нил низ Горчливите Езера во Црвеното Море, а со тоа воспоставил врска со брод меѓу Црвено Море и Медитеранот. Освен тоа, почнувајќи од Коптос во Горен Египет изградил карвански пат низ пустината до Береника на Црвено Море, во географска ширина на Асуан.

Тој, како и неговите наследници, направиле серија од населби на африканскиот морски брег на Црвеното Море, кои во почетокот биле изградени, главно, како пристаништа за ловците на слонови, бидејќи тие имале потреба од африкански слонови за да им се спротивстават на индиските слонови на Селеукидите, но во исто време тие служеле како природни пристаништа за трговските бродови.

Кога во II век слоновите повеќе не се употребувале за војување, населбите продолжиле

да се употребуваат како пристаништа или како трговски стоваришта на трговските бродови. Од времето на Еуергет I бродовите, исто така, со страв се движеле низ опасниот теснец Бабел-Мандеб и доаѓале до морскиот брег на Сомалиската земја, за да му донесат на кралот мириси и мирта над кои имал монопол.

Ова отворање на Црвеното Море за трговија водело и кон трговски односи со арапскиот морски брег, на кој се лоцирал и Филаделф. Но, Птоломејците не ги ограничиле своите цели до морскиот брег на Африка и Арабија. Тие правеле напори да се прошират во други делови до Индија и да прават трговски зделки по море до нивните земји и така се оддалечувале од ривалот Селеукидите, иако во почетокот не со голем успех. Филаделф влегол во дипломатски односи со Индија.

Таму испратиле некојси Дионисие за амбасадор, а славниот Асока ги знаел Птоломејците, како и другите елинистички кралеви. Но, во почетокот тргувањето не можело да се врши директно со Индија, затоа што египетските трговци не отишле зад Аден или островот Сокотра јужно од Арабија.

Така, индиските трговци доаѓале таму и ги разменувале своите стоки со Египќаните. Овој систем не се изменил, сè до околу 100 година пред н.е. кога еден смел антички грчки капетан по име Хипал, верувајќи на монсуните, бил однесен преку морето до делтата на реката Инд. Од тоа време, врската со Индија преку море значително се зголемила, но била важна само до периодот на Август, кога Александрија станала средиште на индиската трговија кон Запад.

Птоломејците, исто така, развиле трговија со внатрешноста на Африка. Тука повторно тргнале по стапките на Александар, кој еднаш

испратил експедиција до Горен Нил, која требала да реши некои научни прашања и која, несомнено, воспоставила блиски врски и со Етиопјаните.

Првите Птоломејци испратиле емисари во Судан, кои во некои случаи отишле зад Меро, а Филаделф ја проширил египетската граница до Нубија, со цел да ги освои големите рудници за злато во Вади-Алаки, што и подоцна ги експлоатирале Птоломејците. Така, продуктите на внатрешна Африка: абоносово дрво, слоновата коска, кожите од животни, се носеле по Нил во Египет.

Сите производи од целиот свет што биле увезувани во Египет од северната и од западната страна на Медитеранот, како и од источната и јужната страна се сконцентрирале во Александрија, што генијално ја формирал Големиот крал и која Птоломеј во раниот период од своето владеење ја направил престолнина на власта.

Да се направи овој град централно место како на египетската трговија, така и на меѓународната, била една од главните цели на Птоломејците, а тоа било и реализирано. Со векови, сè додека не паднала во сенката од Рим, Александрија била најголемиот и најнапредниот трговски град на светот.

Земјоделските и индустриските продукти на Египет, увезената стока од Африка, Арабија и Индија - со исклучок на тоа што се употребувало во земјата и суровините од кои се правеле стоки - од Александрија оделе широко низ светот, до Масалија (Марсеј) и Картагена, со кои имала многу блиски трговски односи, од Италија и Сицилија, до Античка Грција, Сирија и Мала Азија, а и подалеку кон север до морските брегови на Јужна Русија. Александрија наскоро станала најголем центар за меѓународна трговија, каде што трговци на копно и по море од целиот свет општеле со тамошното

население. Од средината на II век пред н.е. и римските трговци се доселиле во Александрија.

Би било добро да се дознае дали формите на птоломејската економија детално ја следеле онаа на Александар, но многу малку се знаело за да може да се одговори на ова прашање. Меѓутоа, изгледа дека постоеле извесни врски меѓу економските намери на Птоломејците и на Клеомен од Наукрат, кого Александар во 331 г. го поставил за главен на финансиската администрација.

Во секој случај, во текот на животот на Александар Македонски, Клеомен собрал големо количество пари (8.000 таланти) со шпекулација на пченка и слични артикли. За Птоломејците карактеристично било нивното настојување да донесат колку што е можно повеќе пари во кралската каса. Во оваа смисла некој може да ги споредува со меркантилистите од XVII и XVIII век, кои, притоа, сметале дека добивањето пари е главен проблем на владите.

Во други случаи ова нуди многу аналогии. Токму кога развитокот на меркантилизмот претпоставил отворање на големи дуќани за скапоцени метали во Европа со откривање на Америка и на морето околу Индија, и токму кога пренесувањето било олеснето од средновековната економија заснована врз видот на стоката, до економијата заснована врз пари и сè така до капитализмот, Александар со ковањето на пари пуштил во оптек големо богатство на скапоцен метал натрупан од Ахеменидите, што позитивно се одразило врз развојот на монетарната економија на светскиот пазар.

Еден стар писател вели: „Кога Александар Македонски го земал богатството од Азија, се појавила моќна сила на богатство од која Пиндар пропаднал“. Постепениот пораст на монетарната

економија по Александар Македонски оставила трага во Египет во кралската економија, како и во економијата на храмовите и на приватните лица. Освен тоа, Птоломејците, следејќи ги постапките на Клеомен, на Египет му дале своја валута.

Тоа се однесува и на средствата дадени од Птоломејците во интерес на оваа тенденција за да се добијат пари, а многу споредби повторно можат да се направат со современите меркантилисти. Од тоа се гледа големата надмоќ што е јасно од документите, за таксите во пари, за таксата над такса во рати (само таксата на земјата била собрана на рати), како и за системот на државната претприемчивост.

Од друга страна, пак, кралот бил најголемиот земјопоседник во земјата. Како и старите фараони, тој барал супериорно сопственишство на целата земја, така што голем дел од државата бил под кралска доминација, додека другиот дел бил даден на храмовите или на војската од населбите, или на големите богаташи (како подарок). Според тоа, економијата на целата земја била под кралска контрола.

Снабдувањето на земјата и на престолнината било една од главните задачи на кралот, како и системот за складирање на стока што го преземал од Древниот Египет. Извозот на жито во странство, исто така, било во негови раце. Од друга страна, кралот бил најголемиот мануфактурист во земјата.

69.
ТРГОВСКИ МОРСКИ ГРАДОВИ ПРЕКУ КОИ СЕ ОДВИВАЛА ГОЛЕМА ТРГОВИЈА НА СТОКИ И ПАРИ МЕЃУ ДРЖАВИТЕ

Птоломејците ги монополизирале целосно или делумно сите важни индустрии, на пример, производството на папирус, преработката на мириси во парфеми и масти, домашната преработка на масло, производството на пиво, производството на текстил итн

Од претходните фараони Птоломејците го присвоиле монополот над минералите (природни монополи), а освен тоа во голема мера го развиле и монополскиот систем во споредба со економијата на античките градови. Во основа вистина е дека птоломејската економија претставувала мешавина на фараонските традиции и на античките грчки цели, со тоа што вторите претрпеле големи измени под влијание на апсолутизмот.

Големите трезори со пари што се собирале, Птоломејците ги зголемиле со парични манипулации, бидејќи во Египет го вовеле антич-киот банкарски систем, но целосно изменет со монополизирање на целата банкарска деловност

Преку нивната Централна банка во Александрија, тие, исто така, направиле монетарна трансакција со странските држави. Тоа можело да се заклучи од изјавата во периодот на Првата пунска војна кога Картагенците го замолиле Филаделф за заем од 2.000 таланти, но тој го

одбил тоа, со цел да ја зачува својата неутралност спрема Рим.

Наспроти оваа апсорпција на државни функции, Птоломејците колку што е можно го поткрепиле економскиот развој на античките Грци во селата и во градовите, додека Египќаните ги оставиле во нивната претходна положба. Една од главните цели на Птоломејците, како и на Александар – а, исто така, како што видовме и кај Селеукидите - било да ги привлечат античките Грци во својата земја, а со тоа, наспроти сите кралски монополи, поволната прилика требала да им овозможи напредок и богатство во нивната земја.

За ова постојат само делови од информации кои покажуваат како било спроведено тоа во практиката. На пример, на античка иницијатива било оставено да се донесат од Сома-лискиот брег суровини, мириси и мира за кралскиот монопол на мирудии. Тоа било опасна работа, но корисна, поради големата разновидност на трговскиот круг на Александрија. Слично на тоа, но во друг случај, античката грчка претприемчивост била успешна. Се разбира, со оглед на системот што преовладувал, оваа приватна активност на античките Грци не можела да биде она што била привилегија регулирана од кралот.

Ова повторно одговарало на современиот меркантилизам, кој бил корисен колку и споредбата и толку колку што помагал да се средат деталите на документите во една општа концепција, при што не смееле да не се забележат големите разлики: спротивно на современите меркантилисти, кои им служеле на интересите на националните држави, птоломејскиот меркантилизам имал финансиски карактер, бидејќи отсуствувала идејата за национална држава. Оваа кратка скица на птоломејската економија морала да задоволува,

зашто наш предмет не е елинистичкиот период, туку единствено се земаат предвид ефектите од делото на Александар Македонски.

Економските револуции опишани и изведени по освојувањето на Азија и Египет од Александар Македонски, кои го инфилтрирале античкиот грчки трговец и индустријалец на Исток, го зголемилеа влијанието врз економскиот развој на самата Античка Грција. Целата основа на античката грчка трговија во Медитеранот, навистина, била изменета. До Александар Македонски, Атина, потпомогната од својата централна позиција, меѓу античките грчки колонии, со своето првокласно пристаниште Пиреј, била природен центар на античката грчка трговија уште од деновите на Првата атинска лига.

Во почетокот, изгледа дека, перспективите што ги отвориле револуциите за препород на трговијата и индустријата, корисно влијаеле врз економскиот развиток на Античка Грција. Дури и во годините (317-307) кога во Атина владеел Деметри од Фалерум, Античка Грција доживеала голем економски напредок. Во тоа време, Истокот, отворен од Александар Македонски, сигурно сакал да се оддели од деловниот живот на мајката земја.

Кога новите трговски градови на Исток - Александрија, Антиох, Селеукија на реката Тигар - многу пораснале и станале гигантски градови кои најпосле ги надминале големите градови од постарите времиња со своите неколку стотини илјади жители, центарот на економскиот живот се преселил на Запад. Природно, градовите на мајката земја просперирале бидејќи имале многу попогодна географска положба во споредба со новиот свет, додека другите пропаднале.

Некој може да направи споредба со она што се случило по откривањето на Америка.

Европските држави кои се свртеле кон новиот свет доживеале голем напредок, а Лисабон, Антверпен и Лондон ја имале водечката улога во светскиот пазар, што претходно ја држеле Венеција и Џенова. Така, Атина, којашто веќе не била во центарот на античкиот промет била лишена од својата доминантна позиција на Коринт, кој станал прв трговски град на Античка Грција и останал како таков сè до неговото брутално уништување од Римјаните (146).

Оваа предоминација на Коринт се должела на неговата погодна положба на Истмус, кој за поморците што сакале да го избегнат носот Малеа бил природен половина пат меѓу Исток и Италија. За да се избегнат непријатностите на транспортот на стоките преку Истмус, Деметри, синот на Антигон, размислувал да направи премин. Проектот делумно бил прифатен во античко време, но неговото изведување било оставено на современите инженери (1893).

Погодна позиција за тоа имал островот Родос, сместен точно каде што се сечеле трговските патишта, кои воделе од Александрија преку море кон Север, а од Антиох и Тир кон Запад, па затоа бил означен како место за средба меѓу древниот и современиот свет.

Важно било да се каже дека изградбата на бродови на Родос станала совршена и како резултат на тоа бродо-вите за пловидба исклучително биле употребувани во трговски цели, подобро да се одделат од брегот и да се управуваат преку отвореното море.

Со погодниот ветер можело да се плови од Александрија до Родос за четири дена, а оттаму до Крим биле потребни повеќе од десет дена. Бидејќи целата трговија на Александрија до Античка Грција

одела по патот кон Родос, имало многу блиски односи меѓу островот и Птоломејците.

Родос, кој не бил управуван од радикална демократија, туку бил република од добро организирани трговци, наскоро се развил во истакната трговска сила, и во времето како и секој стар град ја употребувал вое-ната флота, со која го чувал морето од пиратите, со цел да ја заштити својата трговска политика.

За античките грчки градови на западниот морски брег на Мала Азија настапил период на развој по нивното ослободување од персискиот јарем. Дијадохите го зголемиле овој напредок - Антигон со повторната изградба на Смирна, а Лизимах со повторната изградба на Ефес. Потоа, дошле ефектите од силната елинизација на Мала Азија од страна на Селеукидите, преку кои во голема мера се развила трговијата во внатрешноста на земјата.

Величествените згради од овој век, дури и нивните урнатини, сведочат за богатството на овие антички грчки градови во Мала Азија. Во текот на времето нивниот просперитет бил во опасност од ненадејните напади на Галите.

Поголем пустош бил направен подоцна од Римјаните со одано-чувањето на селаните откако провинцијата Азија им била дадена од Гај Грах. Но, Цезар им дал помош на градовите и со Август било воспоставен уште еден успешен период.

Поттикот што Александар Македонски ѝ го дал на трговијата, општо земено, бил од корист за неговата родна земја Античка Македонија. Двата пристанишни града изградени од Цезар - Касандра (Потида) и Тесалоники (Солун) - израснале во важни центри на трговијата. Во текот на долгото и умно владеење на Антигон Гонат (277-239) и Македонија имала голем економски напредок.

Суштествена претпоставка било што Античка Македонија, откако уште еднаш станала независно кралство, повеќе не била регрутирачко место за другите владетели. Од друга страна, пак, елинистичките кралеви од Античка Грција започнале да ги привлекуваат силните мажи за својата флота и за војската.

Пред времето на Александар Македонски, како што видовме, Античка Грција страдала од пренаселеност со тоа што безземјашите копнееле за проширување, а сега во текот на III век, поради наведените причини, прекумерно се населувале и биле зацврстени на Исток, за да започне во II век фаталното опаѓање на тој број, не поради емиграцијата, која имала подолг прекин, туку од економски, социјални и морални причини, што ги наметнала мизеријата на римската власт, што била изразена, како што вели Полиби, со промислено ограничување на семејствата на едно или две деца.

Ефектите на економската револуција изведена од Александар Македонски наскоро се почувствувале на запад од медитеранскиот басен. Античките Грчки градови на Сицилија и во долна Италија, кои секогаш биле во трговски врски со источните антички Грци, не можеле да ги прифатат промените што се случиле на Исток, особено кога Птоломејците започнале да бараат трговски односи со Запад.

Агатокле очигледно бил првиот кој воспоставил врски со Исток. Тој не само што по примерот на Диадохите ја присвоил титулата крал, како дијадема, туку преку женењето со ќерката на Птоломеј I барал да стапи во сојуз со новата египетска династија. Во економската сфера тој ја изразил оваа врска со усвојувањето на сребрените пари на птоломејскиот (феникијски) стандард.

Тоа било усвоено и од Масалија. Кралот Хиерон од Сиракуза (III век) ги продолжил овие односи со Птоломејците. Тој го претставил кралот Птоломеј со гигантски брод, изграден за транспорт на пченка и патнички сообраќај меѓу Исток и Запад.

Уште поважно е да се согледа дека врз неговиот систем на даноци влијаел елинистичкиот Исток. Во секој случај неговиот закон за даноците, публикуван од Цицерон, покажувал изненадувачко сродство со законот за неговиот современик Филаделф, кој го регулирал плаќањето на даноците, познато од папирусите.

Дури и надвор од античкиот грчки свет, трговските држави на Запад имале врска со елинистичкиот Исток. Таков е случајот со Картагена, најголемиот град на Запад, кој, како што се покажа, со барањето да воспостави економски врски со Филаделф, што веќе е спомнато, имал пријателски односи со Птоломејското Кралство. Трговијата со Александрија е докажана преку пронајдоците во картагенските гробови, во кои е најдена постапна замена на елинистичките увезени стоки од Александрија со чисто египетски артикли.

70.
ПРОБИВ НА РИМСКИОТ ЕКСПАНЗИОНИСТИЧКИ ЕКОНОМСКИ КРУГ НА СИТЕ СТРАНИ НА СВЕТОТ

Влегувањето на Рим во елинистичкиот трговски систем било изведено по мирен пат. Наскоро по заминувањето на Фирус од Италија, Филаделф, кој тогаш на своја страна ја имал својата умна сестра и нејзиниот сопруг Арсиное II, испратил амбасадор во Рим за да честитаат за победата, а римскиот амбасадор во Александрија му ја возвратил благодарноста на граѓанството, и така се изградило традиционалното пријателство меѓу Египет и Рим

Неколку години подоцна, откако ги покорил античките грчки градови во долна Италија и го презел обучувањето на новопотчинетите, Рим на непогрешлив начин ја прогласил својата определеност да влезе во конкуренција со други трговски држави. Тоа било периодот кога римскиот експанзионистички круг почнал да станува активен и кога се пробила аграрната политика што довела до Првата пунска војна (264).

Четири години пред тој пресвртен момент (268), кога со право се гледало дека Рим не би можел да успее меѓу современите трговски држави со своите несоодветни бакарни метални пари, откако претходно се обидел со кампанијанската валута, Сенатот решил да воведе сребрени пари

(денариус), според моделот на драхмата на Александар Македонски.

За да се снабдат со нови ковани пари за промет, на денарот му била дадена малку поголема вредност од драхмата на Александар. Некој можеби се одушевувал на валутата со која Сенатот ја овозможил оваа циркулација во новата држава на светот. Тогаш кругот , кој го обединил целиот свет во еднообразен систем на трговија, бил затворен, со што семето на Александар Македонски, навистина, изникнало.

Во доменот на културата подоцнежните ефекти на Александровиот период биле подлабоки и потрајни отколку на полето на политиката и економијата. Но тие многу потешко можеле да се насликаат, бидејќи има голем број изолирани феномени кои се протегале во целиот свет од Шпанија до Кина.

Тука можеле да се забележат широки линии на развој и со одделни примери да се илустрираат победоносните напредувања на елинизмот, најнапред на Исток, подоцна под водство на Рим на Запад, а потоа, будењето и засилувањето на ориенталските реакции кои на крајот воделе кон ориентализација на Исток, а делумно и на Запад.

Александровиот водечки принцип за проширување на источната античка грчка култура, која дури и пред неговото време започнала да ги минува границите на античкиот грчки свет, свесно и решително бил усвоен и спроведен од неговите наследници.

Особено Селеукидите, кои и од политички и од економски аспект имале најголем интерес да привлечат што е можно повеќе антички Грци и антички Македонци во своето кралство, во голема мера обезбедиле соодветни услови за развој на

античкиот грчки живот во многу градови што ги изградиле по примерот на Александар Македонски.

Така, во средината на ориенталниот свет се издигнале антички грчки полиси, чии граѓани ги донеле со себе и продолжиле да го употребуваат античкиот јазик и религија, законот и општествените обичаи. Овие градови биле декорирани со пазари и јавни згради за нивните совети и собранија каде што се состанувале и со храмови на античките грчки богови.

Насекаде спортските сали биле градени со училишта и бањи, бидејќи античките Грци добро знаеле дека нивното национално гимнастичко тренирање, кое целосно било туѓо за ориенталците, било најдобро средство за зачувување на својот посебен карактер.

Тоа била нивната цел, односно по секоја цена во првата генерација, кога сè уште се чувствувале дека се победничка и доминантна раса, да станат супериорни над ориенталното домашно население. Во втората книга на Макаби (IV.13) гимназијалскиот систем е добро опишан како „крајност на елинизмот“. Природно, концентрацијата на атичкото население била поголема во главните градови на Селеукидите - Селеукија, на реката Тигар, и Антиох. Овие два града играле голема улога во интелектуалниот живот. Иако во Антиох имало голем прилив на Сиријци, Евреи и други туѓинци, сепак, Селеукидите настојувале, но без успех, да го зачуваат атичкиот карактер на својот град.

Меѓутоа, Птоломејците, успеале во уште поголема мера да ги развијат своите главни градови во центри на елинистичката култура. Вистина е дека многу туѓинци се населиле во Александрија заедно со атичките Македонци и граѓаните на атичките грчки полиси. Ракотис, исто

како и порано, останал египетска четврт, а во прво време странците од сите делови на светот се собирале тука, како што тука во поголем број се собирале Евреи кои имале посебни права во заедницата, надвор од телото на граѓаните, односно „Политеума“.

Наспроти интернационалниот карактер што наскоро Александрија го стекнала, таа станала центар на атичкиот грчки интелектуален живот, благодарение на првите два Птоломејца, кои веднаш мислеле да го направат главниот град колку што е можно повеќе интелектуален и артистички центар на целиот цивилизиран свет. Тие успеале овој период од историјата на цивилизацијата да го наречат „александриски“.

Овој опис бил даден од современите писатели, бидејќи Александрија, секако, била еден од најголемите центри во тоа време, а и многу векови потоа играла важна улога. Во тој период била престолнина за изучувањето на различни гранки од науката. По смртта на Аристотел, кого го прифатила целата светска јавност, од овие гранки на науката, почнувајќи од филозфијата, се одвоиле повеќе независни предмети на истражување.

Во Александрија оваа нова наука го достигнала својот зенит во III век. Но, сепак, Атина останала центар на филозофијата, која можела да се развива подобро во нејзините мирни околни места отколку во бучниот кралски двор.

Во Атина продолжиле да егзистираат не само старите училишта, како што биле академијата и перипатетичките, туку биле основани и нови од страна на Зенон, основачот на стоичкото училиште, и од Епикур, иако не бил Атињанин.

Птоломеј I, кој имал намера да ја развие и филозофијата, се обидел да го привлече Теофраст, водачот на перипатетичкото училиште

да дојде во Александрија, но Теофраст ја одбил поканата, како што направил Менандер комичарот, па така, сепак, Атина останала домот на новата комедија.

Поради Птоломеј I новата научна гранка го нашла својот дом во Александрија, а создавањето на музејот за неа било од најголема важност во тој однос. Веројатно, во организирањето помагале Деметри од Фалерум, ученикот на Теофраст, кој отишол во неговиот двор, откако неговата политичка кариера во Античка Грција била при крај. Но, иако Птоломеј ги слушал неговите сугестии, можело да се претпостави дека самиот имал личен интерес за овие студии.

Еден од најстарите пријатели од младоста на Александар Македонски, кој како „телохранител“ бил во најтесни врски со него во текот на Азиско-атичкиог поход и бил сведок за неговиот пасиониран интерес во науката, тој несомнено му го должи овој интерес на своето дружење со Александар Македонски.

Бидејќи Птоломеј оставил нежни спомени за својот кралски пријател во својата книга „Мемоари“, несомнено во неговата величествена слобода кон науките, кои му беа омилени, тој се однесувал онака како што би направил Александар Македонски.

Всушност, Александар Македонски бил првобитниот извор на култивирање на науката во Александрија. Музејот, наречен по култот на Музата, бил устроен по моделот на Лицеум, школата на Аристотел, но не бил наменет да служи за учење толку многу како за научно иследување.

Тоа може да се наречe со современиот израз „Кралска академија“. Кралот ги викнал на помош највидните учени луѓе од различни гранки и им дал издршка и плата, за да ги продолжат своите

истражувања без материјални грижи, што било невообичаено и непознато во прекуморските полиси.

Како и во Лицеум, Аристотел ги снабдил со средства за научно иследување, така што во голема мера биле набавени потребните апарати.

Најважна била изградбата на библиотеката, формирана од Птоломеј I по совет и со помош на Деметри, а комплетирана од неговиот син Филаделф. Првпат во античкиот свет се појави библиотека, каде што целото богатство на античката литература било собрано во неколку стотици илјади папирусни ролни.

Во Серапеум Филаделф создал уште една помала библиотека. Подоцна, во ривалство со Птоломејците, Аталидите изградиле библиотека во Пергам, што е потврдено од најновите ископини. Ништо не може да се спореди со библиотеката на Птоломеј, но зачувана е и голема клинеста библиотека формирана во VII век од Асурбанипал, кралот на Асирија, врз чии остатоци, главно, се потпирало познавањето на старата вавилонска литература.

Меѓутоа, овој акт на Асурбанипал бил за одушевување и било важно да се согледа разликата меѓу ориенталниот деспотизам и просветениот апсолутизам на Птоломејците. Клинестата библиотека на кралот била сместена во неговиот двор во Нинева „со цел и тој лично да чита"", додека библиотеката во Александрија служела за општите цели на науката. Од буквалниот критицизам и толкувањето на овие литературни богатства, филологијата се развила како нова наука.

71.
АЛЕКСАНДАР МАКЕДОНСКИ ГИ ПОТТИКНА НАУЧНИЦИТЕ ВО УНАПРЕДУВАЊЕТО И РАЗВОЈОТ НА РАЗЛИЧНИ ГРАНКИ ВО НАУКАТА

Нема место да се опишува колку биле унапредени и цветале предметите на природните науки. Доволно е да се спомене дека за астрономското учење била изградена опсерваторија и дека нов поттик и бил даден на медицината со дозволувањето на секцирање на човековото тело, со што важна научна дисциплина станала и анатомијата

Биле извршени и зоолошки изучувања во соодветните градини, во кои Филаделф без голем личен интерес собирал ретки примероци на егзотични животни.

Првите научници на времето работеле во Александрија: како математичарот Ауклид, докторот Херофил, сестранообразованиот Ератостен и многу други. Странските научници, исто така, биле во тесна врска со своите колеги од Александрија, како Архимед од Сиракуза, најталентираниот математичар и механички иноватор, астрономот Аристарх од Самос, кој, веројатно, бил од Александрија, и кој ја сфатил хелиоцентричната идеја на Коперник дека Земјата се врти околу својата оска и околу Сонцето, идеја што тој не можел со сигурност да ја докаже.

Иако овој почеток и развиток на различни гранки од науката биле самоинициирани, треба да се сфати дека Александар Македонски преку своите учени луѓе обезбедил многу вреден материјал и значително ги поттикнал научниците. Често се истакнувало колку многу делото на Теофраст „За растенијата“ се должи на Александар Македонски.

Проширувањето на географските хоризонти и коригирањето на поранешните карти од Александар Македонски биле од огромно значење за географијата. Новите факти што Александар Македонски и неговите наследници ги откриле биле прифатени од Ератостен во неговата нова слика за Земјата во III век.

Во Александрија, имало напредок не само на полето на науката, туку и поезијата и уметноста. Птоломејците правеле напори да ги привлечат во својот главен град и да ги задржат најславните поети и уметници од тоа време. Од поетите на Александрија посебно треба да се спомне Калимах од Кирена, кој се зафатил со подготовка на научен каталог за библиотеката. Понекогаш, исто така, и Теокрит од Сиракуза останувал таму и напишал некои од своите најубави идили.

Обилноста со која Птоломејците ги наградувале победниците во музичките натпреварувања и сјајот на нивните фестивали привлекле поети, музичари и уметници од најразличен вид да дојдат во Александрија. Дијадохите од Александар ја преземале идејата за организирање на игрите како инструмент за пропаганда на античката грчка култура на Исток. Александар Македонски во својот двор или во логорот во некои случаи ги организирал уметниците и музичарите, кои ги носеле за натпреварување во сојузи под контрола на истакнати уметници.

Лесно е да се претпостави дека ова водело кон формирање на постојани тела од уметници, кои во елинистичкиот период ја презеле организацијата во музичката уметност. Надвор од нивната организација и за пари тие го ангажирале потребниот персонал, писатели, уметници (кои учествувале во трагедии или комедии), музичари, (свирачи на лира, флејтисти и др.).

Овој распоред, кој бил многу важен за уметничкиот живот на иднината во времето на Александар Македонски, кој постепено го покривал целиот простор на античката грчка култура, сè должел на својата оригиналност. Пластичната уметност била развиена и се изведувала и во времето на Птоломејците. Привлечноста што градовите им ја нуделе на уметниците само се зголемувала. Тие ги украсувале зградите, дворците и храмовите. Овде може да се спомне прекрасниот светилник, дело на Сострат од Книд.

Наспроти извонредните успешни напори на Птоломејците да ја направат Александрија центар на античката грчка култура, на прв поглед било тешко да се усогласи фактот дека во долината на реката Нил, надвор од сите поединечни спомнати очекувања, Птоломеј не изградил антички грчки градови во Горен Египет.

Многумина мислат дека тие немале намера да ја елинизираат земјата. Всушност, од политички или од економски причини, што само можат да се претпостават, тие се служеле само со различни средства за да го рашират античкото грчко население, а со тоа и античката грчка култура во својата земја.

Тие, навистина, направиле многу за елинизацијата на своите воени единици, пополнувајќи ги, главно, со антички Македонци и антички Грци, бидејќи Египќаните во почетокот биле

исклучени од служба во војската и директно биле контролирани од кралот. Не се граделе блиски населби. Според својата позиција, нивните атари им припаѓале на градовите или на селата.

Античките Македонци и античките Грци биле широко распространети низ целата земја, понекогаш во поголем компактен број, како на почвата на Фајум што била добиена со исушување на земјиштето. Но фчките војници не биле единствените жители на земјата. Античките трговци и занаетчии, како што видовме, на различен начин вработувале и голем број од Египќаните, чиј број бил позначителен, особено во подрачјата на поголемите градови.

Така, во овие градови, кои порано биле центри на египетскиот живот, се формирале антички грчки квартови во кои наскоро се гледале надворешни знаци на античката грчка култура, терени за гимнастика, Театар и храмови на античките грчки богови. Дури и во селата, кои често биле опседнати од античките војници, повремено се создавале гимнастички терени.

Најдобар доказ за ширењето на античката грчка култура во земјата биле пронајдоците на литературните папируси растурени насекаде по земјата дури до Првиот катаракт. Ако античките папирусни документи давале претстава за ова ширење на античкиот јазик, остатоците на литературните папируси биле многу позабележливи од гледиштето на културата. Тие покажувале кој автор бил популарен и дека античката грчка литература се читала не само во големите градови, туку во извесна мера и во селата. Се разбира, во многу села египетскиот живот продолжил сосема неизменет.

Ова сместување заедно на античките Македонци и античките Грци, кои дошле од најразлични

места на античкиот свет да живеат постојано еден до друг во градовите на Александар Македонски и на Селеукидите, како и во населбите во Египет, природно извршило големо влијание. Разликите на расите што во нивните земји биле силно изразени во јазикот и законот, религијата и обичаите требало да се отстранат во овој случајно измешан свет.

Овој процес бил највидлив во случајот со јазикот. Локалните дијалекти постепено исчезнувале, а бил подготвен терен за заеднички јазик. Во еден папирусен документ од времето на Александар Македонски биле дадени доризми и атицизми во тогаш предоминантниот јонски текст, додека во голем број документи од III век не се појавувале вакви мешања на дијалекти или дијалектички форми. Не било пронајдено ништо друго освен таканаречениот „заеднички говор“.

Резултатот на напредокот на културата во V и IV век довеле до тоа, атичкиот јазик, јонизиран во зборови и идиоми, да се смета како да е универзален јазик на светот. Ширењето на атичкиот јазик било под влијание на Филиповото усвојување, како што е означено, во неговиот врховен суд, а подоцна било прифатено и од Александар Македонски. Наскоро заедничкиот говор бил употребуван и во литературата и преовладувал во елинистичкото време сè до почетокот на империјата кога бил истиснат од атицизмот.

Често се поставува прашањето, како исчезнале дијалектите и различните погледи на законот во измешаното општество на новите населби? Луѓето не можеле веќе да ги имаат оние права што ги поседувале во своите полиси. Законите еднакво ги обврзувале сите граѓани, независно од кој предел дошле. Во законодавството на елинистичкото време се појавил

атичкиот законшто веќе бил многу раширен од Делијанската лига. Секако, законите на Александрија, како што информирал еден вреден папирус, потекнувале од законите на Солон.

Освен тоа, придобивките од привилегиите на некои градови, како и докажаните права на други градови, доделувани одвреме-навреме од кралот во извесна мера придонеле да има рамномерност во таа смисла. Постепено, наместо локални разлики, во законот како и во јазикот започнале извесни обединувања. Разбирливо е што под императорите античкиот грчки закон често се задржувал наспроти римскиот, а во извесна мера и влијаел врз него.

Исто така, и во религијата дошло до изедначување на локалните карактеристики преку врската на различни антички грчки населби. Решавачко било тоа што кралските основачи на градови по правило определувале на кој бог треба да му се изгради храм, како што е забележано во случајот на Александар Македонски, на пример, кога ја основал Александрија во Египет. Според законите на градовите, граѓаните требало да земат кралска заклетва.

Низ сите овие влијанија локалните разлики на населените луѓе сè повеќе слабееле, а контрастите меѓу античките Македонци и античките Грци, кои сè уште биле силни под Александар Македонски и неговите најблиски соработници, биле посмирени, иако, веројатно, никогаш не исчезнале, делумно поради посебната воена привилегија што Македонците ја имале сè до римско време. Ако ова соединување на античкиот елемент, наместо претходната поделба, го поттикнало елинизмот, сепак, тие биле под влијание на ориенталците, кои ги проширile своите позиции со конфликтот на културите.

72.
МЕШАЊЕ НА РАЗЛИЧНИТЕ КУЛТУРИ, РЕЛИГИИ И НАЦИИ НА НАРОДИТЕ ОД ЗАПАД И ОД ИСТОК

Нема точни податоци, но нема ни сомневање дека во сите антички грчки населби имало големо мнозинство ориенталци. Во најголемиот развој на Египет, наспроти можеби седум милиони Египќани, немало, речиси, ни милион антички Македонци и антички Грци

Во Азија, дури и по огромната колонизација на Селеукидите, имало предели каде што немало антички грчки градови, или имало само неколку изолирани. Тоа било само сосем тенок горен слој од античките Македонци и античките Грци што се проширале низ Египет и Азија. Наспроти гореспомнатите населени региони, нивните градови и населени места биле како острови што изникнувале од големото море.

Другата тешкотија била извонредната упорност со која ориенталците, главно, биле привржани кон своите лични стандарди на цивилизацијата; дали тоа било цврсто или лабилно тешко било да се верува дека ќе можат да живеат заедно

Овој податок особено се однесувал на нивниот јазик зашто и покрј ширењето на античкиот, тие го зачувале и својот јазик, со исклучок на еврејската заедница. Кога било нагласено смалувањето на елинизацијата, тоа повеќе се однесувало на нивната религија.

Додека античките Грци, како што погоре било речено, секогаш биле подготвени да ги признаат туѓите богови како свои и сакале да ги заменат своите обични имиња со странски, народот од Ориентот постојано одбивал да ги прими античките богови и култот. Кога Птоломеј I сакал да создаде обичен култ за античките Грци и Египќаните, не мислел на предлагање антички грчки бог сред Египќаните.

Озирис Апис од Мемфис бил издигнат да биде општ Бог под името Сарап. Тој брзо бил прифатен од Грците, кои сега во него гледале како во Плутон, но иако сега како друг Бог, а Египќаните во своите домашни текстови го нарекле Озирис Апис како и порано. Во однесувањето на античките Грци можело да се види длабокото почитување кон боговите што ги откриле во природата и дека насекаде се исти, иако можеле да се нарекуваат со различни имиња.

Некој можел да бара толеранција, но во историјата на цивилизацијата овој однос е слаб изговор за ориенталците, кои не прифаќале компромиси и спогодби. Официјалниот политеизам долго не ги задоволувал самите антички Грци, а образованите барале одговор во филозофијата. Затоа, склоноста кон проселитизам станувала сè послаба кај античките Грци. Навистина, оваа мисла пред тоа им била сосема туѓа, а во барањето на религиозното задоволство тие биле повеќе наведувани да бараат одговор во странскиот култ.

Според една изрека на Виламовиц, владеењето на Елините на Исток требало да пропадне „бидејќи тие не можеле да ја освојат душата на Истокот“.

Наспроти овие контрасти и многубројната надмоќност на ориенталците, идеите на Александар Македонски за ширење на античката грчка

култура на Исток биле реализирани со голем успех од неговите наследници во Азија и Европа. Брилијантноста со која се развивал античкиот живот во нивните главни градови веќе била прикажана. И на друг начин градовите изградени од Александар и од неговите наследници се одржале како центри на античката грчка култура.

Античкиот грчки јазик и живот се ширеле и во различните населби на Птоломејците. Но, независно од религијата елинизацијата на ориенталците во градовите, што по правило биле формирани со поврзување на ориенталските населби што веќе постоеле, постапно била ограничувана од ориенталското население што живеело едно до друго со новодојденото. Спротивно на тоа, каде што не живееле античките Грци, ориенталците го задржале својот начин на живеење.

Проширувањето на античкиот јазик меѓу образованата горна класа на ориенталците во новоформираните градови на Исток, веројатно, било под влијание на фактот што античкиот јазик станал официјален јазик на империјата, јазик што судските управи го употребувале во своите прокламации. Исклучок претставувало кога за државен интерес сите потчинети морале да се запишат на документи кои се преведувале и на месниот јазик отпечатени покрај античкиот текст, како што било забележано во Египет.

Според тоа, горниот круг на ориенталците, кои биле во тесна врска со антички грчки службеници, или биле амбициозни да стекнат кариера за себе, наскоро го учеле античкиот јазик како додаток на нивниот мајчин јазик, без да се откажат од својот.

На пример, во Египет свештениците во почетокот го употребувале античкиот грчки јазик

кога имале врска со службениците, бидејќи тој бил официјален јазик. Несомнено, ориенталците кои се занимавале со трговија и занаетчиите веднаш започнале да го учат официјалниот јазик од трговски причини.

Евреите во заедницата многу брзо и толку интензивно го прифатиле светскиот јазик што во III век во Египет требало да се преведува Светото писмо на антички јазик, бидејќи во јавната служба верниците не можеле да го разберат и оригиналниот еврејски јазик. Така, се појавил Септуагинт, античкиот превод на Стариот завет, во III и II век, а и елинистичката еврејска литература.

Но овој елинизам претставувал само надворешна фасада. Всушност, Евреите останале Евреи, верни на својот закон и се конфронтирале со паганците, независно што макабанското движење било возвишено. Подоцна имало конфликти во многу места меѓу Евреите и античките Грци.

Дури и кај втората генерација по Александар Македонски можеле да се најдат некои истакнати ориенталци, кои биле толку многу целосно елинизирани што пишувале книги во античката грчка литература на антички јазик. Еден од нив е Берос, свештеник од Мардук во Вавилон, кој се посветил на Антиох I, тој ја напишал книгата на старата вавилонска историја на антички јазик употребувајќи клинестоформни преданија.

Другиот е Мането, египетски свештеник кој во периодот на Филаделф напишал египетска историја на антички јазик, врз основа на преданијата за египетските храмови. Овие книги на Берос и Мането биле многу интересни докази за победата на елинизмот, зашто порано ни Вавилонците, ни Египќаните, иако оставиле вредни летописи и слично, не мислеле да пишуваат

историја на својата земја во смисла на античката историографија.

Еден друг Евреин многу пред нив подлабоко навлегол во античкиот интелектуален живот. Тоа бил Зенон, од феникиско потекло, од Китум на Кипар, кој при крајот на V век, по завршувањето на филозофија во Атина, ја формирал Стоичката школа, која многу векови играла водечка улога во интелектуалниот живот, најнапред, кај античките Грци, а потоа и кај Римјаните. Елинизирани Евреи се појавиле и подоцна во античката грчка филозофија, како Картагенецот Клитомах, првобитно наречен Хасдрубал, кој во II век станал управник на академијата во Атина.

Уште од порано можело да се забележи влијанието на античката грчка уметност, или соработката на античките грчки уметници во ориенталските дела, како во гореспоменатите детали во времето на Александар Македонски кај Карнак и Луксор, или кај спомениkот на Петосир во Хермопол, во периодот на Птоломеј I.

Од друга страна, пак, нагласено било античкото влијание. На Исток многу рано почна мешањето на културите. Тоа карактеристично било за елинистичкиот период, и креирањето на сосема нов живот со реципрочно проткајување и навлегување на античките грчки и ориентални елементи.

Надвор од сферата на ориенталната култура, античката грчка уметност продолжила да се развива во Елада и на островите, особено на Родос, а, исто така, и во античките грчки градови на брегот на Мала Азија, како во Милет, Приена и Магнезија. Таа особено се одржала во Пергам, со прославувањето на победите на Атал и на Великиот Алтар.

Во Пергам борбата со Галатијците била претставена како борба со „варварите“ и така контрастот меѓу античките Грци и варварите се зачувал како извор на старата здрава национална идеја, која, како што ќе се види, во другите места веќе била исчезната. Во врска со тоа, во Пергам можел да се најде стил на уметноста што ја оживувал класиката, а од II век наваму тој стил се проширил низ целиот грчки свет.

Меѓутоа, на Исток, немало мешање само на културата, туку и на расата, што достигнало големи димензии со текот на времето. Собранието на македонската војска во Вавилон по смртта на Александар Македонски ја одбил оваа политика на мешање, а неговите наследници во Азија и во Египет не мислеле да го обноват тоа, туку ја продолжиле националната античка македонска политика.

Сепак, постојаното населување на античките Македонци и на античките Грци заедно со ориенталците, како крајна последица - без акција на владите - предизвикала напуштање на ова гордо гледиште на супериорност и готовност за склучување бракови со ориенталниот сосед.

Од средината на III век во Египет можат да се најдат првите докази за вакви мешани бракови. Во II век имало античко и грчко-египетско мешано население, дефинитивно, формирано така што постојано растело.

Така, природните услови на животот, иако само овде-онде и во долните класи, воделе кон мешање на расите. Историскиот резултат бил различен од оној што го постигнал Александар Македонски. Додека тој мислел исклучително на мешање на Иранците, вистинското мешање се случило со оние народи со кои тој немал намера, со Египќаните и Семитите.

Основната идеја што доминирала кај Александар Македонски во последните години, горе-долу се реализирала: стариот контраст меѓу „Гркот и варваринот“ со ова мешање сосема исчезнало. Александар Македонски со својата иранска политика и со нејзината кулминација - мешање на нациите, го прекинал националниот принцип, иако во младоста многу посилно ја прифатил панелинистичката идеја.

Сè она што било извршено во реалниот историски развој во текот на овие генерации не било без влијание врз теоријата на филозофите. Несомнено, теоријата отишла подалеку од практиката. Киниците ги одржале космополитските погледи во периодот пред Александар Македонски.

Меѓутоа, овие идеи биле продлабочени од Стоичката школа и го поставиле темелот на нивниот нов поглед на светот, со што Александар Македонски ги исфрлил бариерите меѓу античките Грци и варварите. Развојот на наредните генерации кои ги отстраниле бариерите само ги зближиле теоријата и практиката. Така, елинизмот и во теоријата и во практиката го добил својот космополитски карактер.

73.
ЕФИКАСНОСТА НА РОМАНИ-ЗАЦИЈАТА ВО ЗАПАДНА ЕВРОПА И ВО ИСТОЧНИТЕ ЗЕМЈИ

Околу еден век по Александар, големиот научник Ератостен зборувал како претставник на современ елинистички човек, кога ги укорувал оние што како Аристотел наспроти Александар Македонски, ги поделиле луѓето на антички Грци и варвари

Притоа, првите да бидат третирани како пријатели, вторите како непријатели, а барал тие подобро да се поделени на добри и лоши според своите морални и интелектуални квалитети, бидејќи имало многу лоши антички Грци, а меѓу варварите имало многу образовани, како, на пример, Индијците и Иранците, а, исто така, и Римјаните и Картагенците, кои на политички план заслужувале восхитување.

Ова кажување од Ератостен, во кое тој чисто и јасно ги изнел резултатите на практиката од овој револуционерен век, стои како граничен белег во историјата на Грците. Старата епоха во која имало силен антички национален сентимент престанала, а нејзиното место било за-менето со идејата на интернационалното државјанство на светот. Мора да се посвети внимание на уште една од последиците на оваа промена која постепено зреела од времето на Александар.

Влијанието на Александар за ширењето на античката грчка култура не било ограничено само на Исток. Победоносниот марш на елинизмот кон

Запад не треба да се сфати надвор од неговото животно дело. Иако тој не ги спровел своите последни планови, кои биле насочени кон Запад, сепак, со поставувањето на основата за светското ширење на античката грчка култура во неговата Источна Империја, Александар Македонски создал услови за нејзина експанзија и кон Запад, надвор од политичките граници на своето кралство.

Дури и пред неговото време, античката грчка култура направила извесна експанзија подалеку на Запад; но освојувањето на Рим од елинизмот, а тоа е она што е вредно во историјата на светот, никогаш немало да заземе место какво што го имало, без да се создадат услови за тоа.

Бидејќи во периодот на кралевите на Рим биле преземени многу елементи на античката култура преку античките градови во Долна Италија, прво азбуката, потоа култот на боговите, уметноста и некои законски норми - сепак, тоа било само капка во споредба со широкиот поток, со кој во голема мера од средината на III век пред н.е. античката култура го заситила римското општество.

Почетокот на овој процес започнал во 240 година, една година по победоносниот крај на Првата пунска војна, кога атичкиот слободњак Ливиус Андроникус од Тарентум првпат направил латински превод на античкото уметничко дело за римските игри. Има две работи карактеристични за Рим во оваа смисла.

На прво место тоа бил Сенатот по чии наредби било изведено делото. Многу значајно е да се одбележи дека овој чекор, официјално, дошол од власта. Ако се знае дека тоа бил Сенатот кој пред дваесет и осум години ги иницирал сребрените пари со кои ја вовел римската трговија во елинистичката трговска зона, многу е

значајно што истиот Сенат сега го наредил изведувањето на ова античко дело.

Тоа го оправдува постоењето на програмата за култура, паралелно со економската програма. Се барало спојување со елинистичкиот свет преку интелектуалната сфера. Затоа изгледало легитимно да се каже дека елинизирањето на Рим го пресоздало животното дело на Александар. Ако античката грчка култура не постигнала широка светска позиција, Сенатот немало да согледа и да ја воведе во Рим.

Второ, тоа бил највисок дострел кога била направена античката грчка претстава на латински јазик. За идната историја на Европа тоа бил важен момент што Римјаните, откако ја презеле античката литература го прифатиле латинскиот, односно својот мајчин јазик. Оваа независност што Римјаните ја задржале против странската култура ги разликувала од ориенталските народи, а одговарала на нивната силна и горда национална самосвест, во што лежела тајната на нивната извонредна моќ.

Но, бидејќи од почетокот античката грчка поезија се задржала на латински, латинската проза сѐ уште не била развиена и првите имитации на античката прозна литература во Рим биле на антички јазик.

Првиот Римјанин кој имал намера да напише римска историја, Фабиус Пиктор - бил римска копија на Берос и Мането - на крајот од III век го напишал своето дело „Летопис“ на антички јазик, а така направиле и неговите следбеници. Като постариот во II век бил првиот кој составил латинска историја во своето дело „Оригиналност“. Оттогаш па наваму Римјаните ја пишувале својата проза само на латински јазик.

Овде не е местото да се опише како оваа елинизација, свечено воведена од Сенатот, претставник на владејачката аристократија, силно се проширила во римското општество во наредните векови, особено во кругот на Скипиосите во II век.

Треба само да се каже дека во јазикот, како и во другите работи, а особено во уметноста, Римјаните, наспроти целата елинизација, постојано го бранеле својот посебен карактер, така што резултатот бил грчко-римско мешање, чиј квалитет, иако определен од античкиот составен дел, сепак, поседувал еден специфичен римски тон.

Кај Цицерон и поетскиот круг на Август ова грчко-римско мешање на културата постигнало дострел што ја издигнал многу повисоко од декадентната античка грчка култура во тоа време. За целиот тек на подоцнежната европска историја до денешен ден, од огромна важност било тоа што Римјаните постојано постигнувале успех во ширењето на оваа грчко-римска култура на Запад од континентот, особено во Шпанија и Галија.

Тие го поставиле камен-темелникот на романските нации и нивната култура и одлучиле латинскиот јазик да биде јазик што ќе се употребува на Запад, како што бил античкиот јазик на Исток. Треба да се одбележи и тоа што грчко-римската култура, која развила една уметност на почетокот на империјалната епоха, имала втор ефект на Исток сега под римска власт, особено во Сирија, каде што Римјаните изградиле големи згради во Балбек и Палмира.

Суштествената независност и важноста на оваа грчко-римска мешана култура присилувала да се прекине елинистичкиот период со Август, а со него и да почне една нова епоха на древната историја, а тоа била Римската Империја.

Додека романизацијата во Западна Европа ги покажувала своите ефекти и до денешни дни, елинизацијата на Исток го напуштила ориентализмот. Оваа разлика се објаснувала не само со предимствата на римскиот метод на колонизација и со силната заштита што Римската Империја ја задржала во колониите на Запад, туку, главно, и поради тоа што на Запад прашањето за воведување на култура било сред варварските народи, кои биле на инфериорно рамниште, додека на Исток задачата била да се прошири античката култура кај народи со цивилизација од висок степен.

На Исток би имало вистинито војување на културите. Треба да се каже дека кога Александар дошол кај овие ориентални народи, зенитот на нивниот развој бил поминат со векови.

Но, античката грчка култура со Александар и со неговите наследници им понудила будење од долгиот сон. Без разлика дали тие допуштале оваа античка грчка култура да влијае врз нив, или чувствувале поттик да се спротивстават, нивните интелектуални сили се зајакнале, а нивниот живот почнал да пулсира посилно.

Борбата за триумф запирала до границите на Исток; растежот на ориенталците одговарал на постепеното намалување на античката виталност. Имало различни причини за тоа. Треба да се нагласат разорувачките ефекти на мешањето на колониите со различни ориенталци, кои во тоа време ја измениле положбата на античкиот свет на Исток.

Исчезнала моќта и желбата за спротивставувањето на ориенталството: ориенталните жени ги донеле своите обичаи, а над сè религијаиа во античките фамилии. Потоа, многу значајно било влијанието на различната клима, што предизвикувала прифаќање на ориенталните навики. Кога Ливи говорел во 189 година, рекол дека античките

Македонци кои живееле во Александрија, во Селеукија и во други колонии се изопачиле во Египќани, во Сиријци и Партијци.

Во тоа време имало и некои реторички преувеличувања, но, исто така, имало и вистина. Меѓутоа, најопасна работа била таа што античките Грци ја загубиле, како што видовме, својата горда национална самосвест, која пред тоа била изразена во антитезата на античките Грци и варварите.

Не е случајно што големите дела на античката грчка култура, која поседувала вечна вредност биле создадени не во деновите на космополитизмот, туку во оние претходни векови кога античките Грци гордо, свесни за својата моќ и супериорност, ја избрале формулата со која го изразиле своето национално чувство.

Секако, елинизацијата на Исток, онолку колку што успеала, била голем подвиг на дел од античките Грци, но главната придобивка им припаднала на ориенталците: тие, по правило, биле оние што примале, а античките Грци биле оние што давале; и на крајот, со губењето на своите национални чувства, Грци се откажале од тоа.

Потоа, значаен момент што довел до распаѓање на античката грчка моќ било владеењето на Римјаните, кои во II век го парализирале античкиот свет и имале надмоќ над Античка Грција.

Полошо од економските резултати било интелектуалното угнетување. Ниедна нација не можела да просперира ако немала целосна слобода; ако е под туѓа власт положбата и е безнадежна, како во овој случај кога немала напредок ни обнова на слободата. Била загубена мисијата на нацијата, така што повеќе не можела да верува во самата себе.

74.
РАЗВОЈНИОТ ПАТ НА БРОЈНИ НАУЧНИ ДИСЦИПЛИНИ ОД ЕГИПЕТ И ВАВИЛОН КОН ИСТОК И ЗАПАД

Горенаведените причини овозможувале да се разбере како од II век распаѓањето станувало сè поевидентно во сите области на античката грчка култура. Во исходот на големата борба со кренатите Ориенталци не требало да има сомневање

Текот на овој конфликт можел да се насликa во кратки црти. Селеукидите пред да бидат застапници на елинизмот низ цела Блиска Азија, заштитата била ограничена на многу одреден простор, кога со поразот во 129 година, тие биле обврзани да се откажат во корист на Партијците од сите територии зад реката Еуфрат, а биле ограничени да владеат само во Сирија и Цилиција.

Партијските кралеви, Арсацидите, не само што го толерирале елинизмот во своето кралство, бидејќи им требала античката грчка трговија, туку често, официјално како Филелините, кокетирале со елинизмот, со цел да го унапредат и да му дадат елинистички надворешен изглед на својот дворец во Ктесифон, спротивно на Селеукија што се наоѓала на реката Тигар, каде што го имала сместено својот главен град.

Античкото грчко влијание било очигледно и во партијската уметност, но овој филелинизам бил ограничен на дворот, а меѓу партијскиот народ, особено меѓу богатите и војската, дефинитивно се гледало со немилост. Овие кругови упорно се

приврзувале кон ориенталните начини и така започнала реакцијата против елинизмот.

Во Египет, исто така, уште во почетокот на III век се појавило националистичко движење, што едно време предизвикало губење на Горен Египет, а под слабото владеење на подоцнежните Птоломејци, дошло до зголемување на египетскиот елемент наспроти античките Грци.

Оваа реакција на Исток против елинизмот, јавувајќи се овде-онде на почетокот, а подоцна станувајќи општа, била од извонредна важност за сегашното време, што сведочи за повторно будење на Исток и нетрпеливост кон Европејците. Само во овој век имало настојувања Азија да се направи европска што овозможило ваков феномен, така што потоа напорите на Александар Македонски и на неговите наследници да ја елинизираат Азија предизвикале слична ненадејна промена.

Доколку некој го истражувал целиот тек на прогресивното напредување на ориентализмот, ќе согледал дека развојот, надвор од локалните разлики, не бил постигнат и не завршил на ист начин во различни области на културата. Религијата најрано и најмногу земала замав на Исток. Победата, исто така, била целосна и во јазикот, па така античката уметност и наука не биле никогаш прифатени, иако повеќепати го оплодиле Исток до доаѓањето на исламот.

Религиозната победа на Исток се објаснува со толерантниот дух на античките Грци, конфронтиран со тврдоглавоста на Ориентот во привржаноста кон својата религија. Освен тоа, ориенталните религии имале извесни квалитети кои ги привлекувале оние антички Грци што биле незадоволни од својата религија, така што сè повеќе навлегувала во мислата и чувството на

различниот источен свет, како што денес многу Европејци гледале заштита во будизмот.

Најголем восхит предизвикале големите ориентални религии во идниот живот кој ветувал целосна среќа во иднината на верниците, на секоја индивидуа, независно од нејзината националност. На античките Грци од порано им биле блиски ваквите идеи од орфичкото учење и од елеусијските мистерии, но сега ориенталните религии ги ставиле на искушение и ги победиле со силната пропаганда, која станувала сè порешавачка, како копнеж за сигурност во идниот живот развиен во долните класи, кои не можеле да најдат утеха во филозофијата.

Ова силно ориентално движење не било ограничено само во елинистичкиот Исток, туку триумфално минало низ Античка Грција и продолжило до Рим и на Запад. Божествената мајка на Мала Азија водела по патот - Кибел, чиј оргијастичен култ бил воведен во Рим со послушност на еден сибилински пророк во текот на Ханибалската војна (204). Ако се давала прилика за ова, подоцнежните култови би дошле на Запад во текот на главната експанзија што била поткрепена од ориентални трговци, кои сè повеќе го посакувале Запад, а насекаде ги изведувале своите култови во религиозни групи.

Така, египетските богови Ис и Осир втасале на Запад, а новиот Бог Сарап, кој бил споредуван со различни богови и во II век на н.е. го прифатиле под заеднички храм: со извикот „Сарап е еден“ и неговата заслуга била многу распространета во империјата. Сириските богови, Хадад и Атаргат станале широко познати, онолку колку што сириските трговци ја проширувале трговијата. Со боговите дошла и астрологијата, оригинален дел на старата вавилонска религија, но сега изградена

во незаконска наука која претендирала да ја определи верата на секој поединец според cosвездието на часот на неговото раѓање.

Берос, кој погоре е спомнат како историчар, се обидел на античките Грци да им го соопшти ова вавилонско учење, а откако во II век бил напишан канонскиот прирачник во Египет, астрологијата победоносно продолжила кон Запад. Като постариот ги известил своите сонародници за Калданците, кои во 139 година биле прогонети од Рим. Но, тие се вратиле, па затоа на ист начин култот на Ис неколкупати безуспешно бил забрануван во Рим; на крајот несреќната фатална супериорност достигнала до највисоките кругови, дури и до владателскиот трон и многу векови се задржала во Европа.

Тоа било знак за дезинтеграција на општеството денес, во кое ова суеверие повторно оживеало. Подоцна дошол персискиот Митрас со своите мистерии, откако претрпел некои измени во Мала Азија, а со него дуалистичката доктрина на Заратустра. Овој митраски култ, особено преку римската војска, се раширил сѐ до Германија и Британија. Сите овие ориентални култови не само што биле ривали на римските државни богови, туку воделе и огорчена војна еден со друг.

На крајот сите тие биле поразени, заедно со боговите на римската држава, од новата христијанска религија, која сите ги потиснала во длабочината на своите цели. Борбата била уште пожестока и се водела уште посилно со ориенталните конкуренти отколку со боговите на римската држава, чија власт била послаба од другите. Во основа христијанството било ориентална религија. Неговата победа довела до зголемување на ориенталното влијание во светот; но во историјата на неговото ширење и внат-

решниот развој, елинизмот уште еднаш одиграл важна улога.

Уште еден доказ зборувал за силата на елинизмот: оваа нова ориентална религија го барала античкиот јазик за своја пропаганда. Во овој заеднички антички јазик имало книги за исповед на христијанството. Со ширењето на елинизмот во Мала Азија, каде што прво започнал, на христијанската пропаганда ѝ се отворил многу слободен пат.

Освен тоа, внатрешниот развој на христијанската доктрина била под влијание на фактот дека таа постепено навлегувала во тесна врска со духот на античката грчка наука, така што можело да се зборува за елинизација на христијанската доктрина.

Овде можело да се покаже кон големите татковци на црквата, Клемент и Ориген од Александрија (II и III век на н.е.), кои во конфликт со непријателите на христијанството го позајмиле интелектуалното оружје на античката наука и ја поставиле основата на сродството со античката филозофија. Значи, во историјата на христијанството, стариот град на Александар Македонски повторно играл водечка улога. Центар за тоа била христијанската Катехетичка школа, чие уредување било под влијание на примерот на паганскиот Музеј, делото на Птоломеј I.

Времето на Ориген било следено со политичка револуција, фатална за постоењето на елинизмот на Исток. Во 226 година владеењето на партијските Арсакиди било урнато од Ардашир I (Артаксеркс) кој ја формирал династијата на Сасанидите. Тој бил во роднинска врска со персиските династии, кои во Истакр, недалеку од Персепол, ја зачувале својата независност под

Селеукидите и Арсакидите, а со тоа и персиската традиција, а особено религијата на Заратустра.

Во новата Персиска Империја на Сасанидите, која во почетокот била насочена кон обнова на Ахеменидската Империја, оваа персиска религија била подигната на ниво на државна црква, а персиското национално чувство се зголемило, спротивно на арсакидната политика, до свесна непријателска реакција против елинизмот.

Со векови, прво, Римјаните, а потоа Византијците, како претставници на грчко-римската и византиската култура, морале да се борат со оваа Персиска Империја, сè до средината на VII век кога таа подлегнала на нападот на муслиманите и станала дел од империјата на калифите. Наспроти начелниот антагонизам, високата култура на Сасанидите не можела сосема да го избегне античкото грчко влијание, како што тоа влијаело и врз византиската култура.

Дури и пред националната реакција на Сасанидите против елинизмот, Римјаните му задале смртен удар на источниот елинизам со срамното уништување на античкиот грчки град Селеукија на Тигар, што го изгореле до темел во 164 година во текот на војната кај Верус со Партијците. Во оваа голема несреќа античките Грци ја загубиле тврдината зад реката Еуфрат. Античкиот грчки јазик имал тенденција да исчезне, а арамаичкиот јазик, кој веќе достигнал широка распространетост за време на Ахеменидите, сè повеќе се ширел.

75.
ИМЕТО И ДЕЛОТО НА АЛЕКСАНДАР III МАКЕДОНСКИ РАШИРЕНИ ОД АНТИЧКА МАКЕДОНИЈА ДО ИНДИЈА

И на други места, исто така, ориенталните јазици, кои никогаш не постоеле во земјата надвор од античките грчки градови, на крајот го истиснале грчкиот јазик.

Во Сирија, арамаичкиот јазик бил толку силен во текот на целиот селеукиден период, што во империјата бил познат како сириски јазик и станал важен литературен јазик, кој можел да се најде особено во службата на христијанските цркви, а кој, исто така, оставил световни дела како што е Сириско-римскиот законик, од кој се гледа дека во Сирија, покрај римскиот, и античкиот закон имал свое место.

Губењето на елинизмот било означено со фактот што исчезнале античките македонски имиња на градовите, а им се дадени старите домородни имиња. Така, Алепо и Ако ги земале своите стари имиња, а нивните елинистички имиња Берој и Птолоемеј биле заборавени.

И во Египет на крајот победил домородниот јазик во споредба со античкиот јазик. Последниот антички папирусен текст - арапско-грчки билингвален - припаѓал на X век. Бидејќи најстариот папирус бил од времето на Александар Македонски, а тоа е голем период - околу 1300 години - можеле да се следат ефектите на Алек-

сандровото животно дело во континуитет на антички јазик во долината на реката Нил

Во тој период преовладувал египетскиот јазик . Наспроти целосниот успех на елинизацијата, стариот египетски јазик засекогаш преживеал меѓу народните маси, а откако тие станале христијани, таканаречени „копти“, се развила литература која, како и сириската, била предоминантно христијанска, во која била вклучена и световната литература, како коптичка верзија за визијата на Александар Македонски.

Тоа можело да се смета како последен триумф на елинизмот што од III век во н.е. Египќаните го транскрибирале овој коптички јазик, кој не е ништо друго туку развиен стар египетски јазик, со античка азбука, со неколку додатни демотични знаци, а подоцна ги отфрлиле хиероглифите и демотичкиот ракопис. Коптичкиот јазик, наспроти арапскиот, односно на јазикот на новиот освојувач, продолжил сè доXVIII, а во неколку случаи и до XIX век. Коптичката библија сè уште се читала во коптичката литургија, иако не се разбирала. Но, во Средна Азија арапскиот јазик бил вистинскиот освојувач.

На крајот, ако се сврти вниманието кон развојот на уметноста на Исток, нема да може целосно да се покаже, како во периодот на вековите, мешањето на античката со ориенталната уметност, почеток кој погоре е опишан, поминало низ различни комплицирани промени.

Внатрешните и надворешните причини, кои, главно, воделе кон слабеење на елинистичкиот фактор, придонеле во текот на времето ориенталните елементи во уметничката сфера да станат повеќе значајни. Сепак, во многу гранки елинис-

тичката уметност ја покажала својата креативност како силен фактор на културата.

Треба да се забележи дека дури и во уметноста на Сасанидите, наспроти националистичкиот став на нивните владетели, елинистичкото влијание било очевидно. Покриената зграда со кубиња и сводови била раширена во сасанидската уметност - на пример, дворецот на основачот на династијата, Ардашир I, во Фирусабад - се темелел врз претходниот развој на овие форми во сириската елинистичка уметност, иако сводот не бил непознат за Древниот Исток.

Благодарение на последните изненадувачки резултати од истражувањата, еволуцијата на елинистичката уметност во Бактрија, а и нејзиното влијание кон Исток, заслужувале посебно внимание. Во оваа земја, за која Александар Македонски морал многу да се бори и во која кон средината на III век Диодот воспоставил независно античко кралство, античката грчка култура изгледа постигнала еден висок степен.

Во поголема мера се знаело само за кованите пари на бактријските кралеви, кои со своите пријатни портрети и со своите божествени типови, покажувале извонредна убавина и зрелост на уметнички израз, од кој можело да се заклучи како тие ја развивале уметноста во земјата.

Одвоени од западниот свет со јакнењето на Партија, експанзионистичките сили на државата и на културата се свртеле кон Исток. Во почетокот на II век кога овие владетели успеале да ја окупираат долината Кабул, како и Пенџаб, а подоцна и јужната долина на реката Инд, бактријската уметност имала големо влијание и врз индискиот живот.

Бактријските уметници ги елинизирале индиските богови, а по аналогија на типовите на античките богови ги претставиле пред будис-

тичките потчинети со јазикот на античката уметност. Како што покажало последното истражување, тие, веројатно, прво, за Индијците направиле медитативен тип на Буда, позајмувајќи го античкиот божествен тип. Иако оваа грчко-индиска уметност била претставена во бројни уметнички дела, прво во уметноста на империјата Гандхара, регион на Пешавар, сепак, било веројатно дека овие типови биле од поново време.

Извонредните пронајдоци на пруско-турфанските експедиции, што можеле да се видат во Ле Коксовиот оддел на Берлинскиот етнолошки музеј, ги даваат почетните информации дека античко-будистичката уметност пристигнала до Источен Туркестан, каде што се среќавале бројни споменици од IV до IX век. Дури и далечните резултати од елинистичката уметност сè уште не се исцрпени, бидејќи оваа уметност на Источен Туркестан извршила силно влијание врз уметноста на Кина, па дури и на Јапонија, посебно во сликарството и склуптурата.

Така, перспективното становиште навлегло во Источна Азија со оваа медијација на античката грчка уметност, што ја прифатила во V век. Персискиот поет Нисами (XII век) во својата книга за Александар Македонски вели дека Искандер дошол во Кина преку Индија по патот преку Тибет и дека се појавила конкуренција меѓу античките грчки и кинеските уметници, во која на крајот победиле античките Грци.

Според досегашното сознание од оваа поетична фантазија, може да се види едно длабоко значење: античката уметност немала да ги донесе своите ефекти до Кина, доколку Александар Македонски не го покорел Исток сè до Индија и доколку не ја раширел античката грчка култура толку далеку.

Неодамнешните истражувања јасно укажале дека уметноста на исламот и исламската култура, воопшто, биле под силно влијание на елинизмот. Додека Момсен исламот го нарекол „извршител на елинизмот“, сегашните исламски научници гледале во елинизмот една од компонентите на исламската култура, и, всушност, еден од темелите врз кој бил изграден.

Се знаело дека Арапите ја презеле античката филозофија, медицината и другите науки и ѝ го вратиле Аристотел на средновековна Европа. Подоцна било докажано дека Александрија македонска, во која сè уште имало учени луѓе во времето на арапското освојување на Египет, одиграла значајна улога во трансмисијата на античките науки кај Арапите.

Неодамнешните истражувања покажале дека покрај сасанидската и византиската уметност, елинистичката уметност била еден од изворите на исламската уметност кој постепено се развивал. Новото гледиште можело да се формулира авторитативно во фразата: „без Александар Македонски ќе немаше исламска цивилизација“.

Книгата на Нисами за Александар Македонски веќе спомнавме дека е една од последните фази на Александровата визија, која води потекло од Александрија од минатото време, а подоцна, од почетокот на средниот век, се проширила низ целиот свет, како на Исток така и на Запад.

Иако грчката верзија на Псевдо-Калистен, што била темел на сите овие ориенталски и западни дела, не е толку популарна книга, како што порано се претпоставувало, бидејќи има малку научна содржина, слична со историчарите на Александар Македонски, а особено со Клитарх, сепак, циркулацијата на овој туѓ литературен

продукт покажала колку е голема импресијата на херојската фигура на Александар Македонски врз наредните генерации.

Од латинските преводи на Јулиус Валериус (IV век) и на Аркпрезвитер Лео (X век), Александровата визија на Псевдо-Калистен станала позната за цивилизираните народи на Европа и била репродуцирана на различни јазици сѐ до Исланд. Дури и германската поема за Александар Македонски од свештеникот Лампрехт (околу 1130 година) низ медиумот на француската поема на Алберих од Безансон (XI век) се враќала на истиот извор.

Слично, и ориенталните народи презеле половина прозаична, половина митолошка книга на Псевдо-Калистен, која била преведена и соединета со многу карактеристики на легендата за Александар Македонски што израснала на Исток. Додека христијанските ориенталци ја зачувале карактеристиката за легендата што се појавила од египетскиот локален патриотизам, при што Александар бил син од последниот египетски фараон. Нектанебо II, Фирдауси и Нисами од персиска национална гордост го направиле Александар Македонски потомок на Ахеменидската куќа, а со тоа и нивни национален херој.

Кај муслиманските поети Александар е муслиман, кој, како кај Нисами, оди до Мека и се моли во Каба. Во Коранот Александар Македонски продолжил да живее. Дулкарнаин (оној со два рога), спомнат во XVIII век, се идентификувал како Искандер, веројатно, како сеќавање на синот на Амон декориран со два рога на Амон. Дури и во еврејската есхатолошка литература Александар има свој дел. Така, секоја раса на свој начин се обидела да го присвои Александар Македонски.

Најмногу изненадува она што, според извештаите на современите патници, дури и во наше време, сеќавањата за Александар се незрели и сосема несигурни во многу места. Така, Франц Фон Шварц, кој на крајот од минатиот век живеел подолго време во Туркестан, потврдил дека главните водачи на источните планински предели на Бадакстан се директни потомци на Александар Македонски, додека другите жители на оваа земја се сметаат за потомци на Александровите генерали и борци.

Во Маргхелан, главниот град на Ферхана, и ден денес мажите длабоко го почитуваат црвеното свилено знаме, верувајќи дека Александар го употребувал во своите походи и дека неговиот божемен гроб е задржан како свето место. Свен Хедин известува за нешто слично на ова.

Бидејќи Александар никогаш не дошол до овие источни предели, Фон Шварц, веројатно, тоа го поврзува со старото население на Бактрија и Согдијана кое било прогонето од Монголците во овие региони, а со себе ги понело спомените за Александар во своите нови домови. Така, името на Александар не е избришано дури и со пљачкашките напади на Џенгцин Кан и на Тамерлан.

Но, за Запад низ средниот век најмалку до периодот на ренесансата, Александар останал во човековите мисли чист како легендарен херој на занес, а неговата вистинска историја била заборавена. Со текот на времето и постепено вистинскиот Александар Македонски повторно бил оживеан.

Се навршри еден век откако Дрејзен го напишал своето талентирано пионерско дело. Дотогаш секоја генерација се обидувала да создаде своја претстава за оваа единствена

личност и тоа ќе биде така сè додека има култура што ја отфрла врската со древниот свет.

На крајот од овие 75 продолженија пренесени преку порталот „Македонска нација“, за што искрено се заблагодаруваме, сакаме да подвлечеме дека Големиот Александар Македонски отвори нова ера во историјата на светот и со своето животно дело го определи развитокот во многу наредни векови. Тој е еден од најпочитуваните меѓу големите луѓе на историјата, бидејќи неговото дело било остварено во многу краток период. Како голем освојувач ја импресионирал човечката имагинација на сите раси. Го подјармил Исток и навлегол во Индија. На тој начин неговата моќ влијаела врз историјата на човештвото па дури и до наше време.

Многу нешто е кажано за овој македонски освојувач во поново време, но овој пат го претставивме историскиот роман „Александар Македонски“ од германскиот научник Улрих Вилкен (Ulrich Wilcken - ALEXANDER THE GREAT), преведен и приспособен од англиски на македонски јазик како „Александар Македонски“ од Славе Николовски - Катин, а во издание на Издавачката куќа „Мисла“ од Скопје, во 1988 година. Овој превод беше прво дело за Античка Македонија во Република Македонија на македонски јазик и добро беше прифатено пред триесетина години

Инаку, историскиот роман „Александар Македонски“ од германскиот научник Улрих Вилкен (Ulrich Wilcken - ALEXANDER THE GREAT) многу светски научници го сметаат за најмодерна, сензибилна биографија за светската личност Александар Македонски.

ДОДАТОК

МАКЕДОНСКАТА ГОЛГОТА

Македонија има долга и макотрпна историја проткаена со бескрајни страници, но и со премрежиња и турбуленции кои оставиле длабоки траги кај населението што со векови живее на овие простори. Таа е земја каде древните Македонци и римската цивилизација оставиле бројни траги, а потоа христијанството и исламот долго се бореле за превласт. Македонија е земја каде што се судирале, но и меѓусебно проникнувале древно-македонскиот, елинскиот, римскиот, словенскиот, муслиманскиот, српскиот, бугарскиот, грчкиот, албанскиот и други етноси и каде македонскиот народ опстојал под сите видови притисоци и вековни обезличувања и се зачувал со силата на својата исконска култура и традиција. Иако наклонетоста на судбината најчесто го заобиколувала, сепак, сета логика на долгата и вековната исцрпувачка борба, проследена со востанија и порази, со пркоси и победи, ги научила Македонците успешно да ја совладуваат суровата школа на опстанокот.

Во античкиот период Македонија постоела како самостојна робовладетелска држава, која се наоѓала на територијата на истоимената област, порано нарекувана Ематија. Древна Македонија се граничела на југ со Грција, на запад со Епир, на северозапад со Илирија и на исток со Тракија. Мнозинството население на државата биле македонските племиња Орести, Линкести,

Елимиоти и Еродејци, кои во етнички поглед биле блиски со Траките, Елините, Илирите и други. Во VI век пр.н.е. Македонија немала поблиски комуникации со елинските држави и култури. Во општествен поглед, таа сé уште живеела првобитен поредок, но постепено навлегувала во епохата на таканаречената воена демократија. Кога веќе развојните процеси ја вклучиле и Македонија во класното општество дошло до прво обединување на расцепканите области на земјата. Царот Александар Први (498-454 пр.н.е.) е првиот обединувач на Македонија. Царот Архелеј силно ја зацврстил централизацијата и вовел парични и воени реформи (413-399), додека во времето на Филип Втори (359-336) Македонското Царство се проширило. Тој ја организирал војската, ги ликвидирал сепаратистичките тенденции, а со битката кај Херонеја (338 год. пр.н.е.) на Елините и на целата антимакедонска коалиција, им го нанел најголемиот пораз, издигајќи ја Македонија во една од најсилните држави на Балканот и пошироко.

Наследникот на Филип Втори – неговиот син Александар Македонски, или наречен уште и Александар Велики (336-323 пр.н.е.) ги продолжил завојувачките походи. Хегемонијата на Елините и над поголемиот дел од Балканот утврден со Коринтскиот конгрес (лига) во 337 година пр.н.е. Александар, пак, ја уништил и со своите походи на Исток дошол до Индија. Тогаш Македонија станала центар на една огромна држава која се протегала на три континенти и која го достигала врвот на својот развој. Но, по смртта на Александар Македонија како држава почнала брзо да се распаѓа, а завојувачките стремежи на Римјаните на Балканот довеле до три таканаречени македонски војни. По ова Македонија била покорена и поделена на четири автономни области во рамките

на римската провинција, со центар во Солун, а подоцна и во Стоби.

Доаѓањето на словенските племиња (Драговити, Сагудити, Струмјани, Смољани, Березити и др.) се случило кон крајот на VI век и траело до средината на VII век. Освен Солун, тие ја населиле територијата на цела Македонија, мешајќи се со староседелците, кои брзо ги асимилирале, создавајќи го на тој начин идниот етнички амалгам на Склавините или Македонците, односно на денешните Македонци, кои заедно со античките Македонци имаат право да го носат славното име на Македонија.

Наоѓајќи се на најпрометниот дел на Балканот, Македонците набрзо станале објект на туѓински аспирации и завојувања, зашто Византија секогаш во евентуалната македонска поцврста државна организација, гледала потенцијална опасност од создавање на нова силна македонска држава. По жилав и долг отпор кој траел повеќе од 200 години, Македонците биле покорени од Византија. Едно од најпознатите антивизантиски востанија била Буната на синовите на брсјачкиот кнез Никола во 976 година. Синот на Никола – Самуил, успеал до крајот на X век да ја ослободи цела Македонија и да ја организира првата државна заедница на Македонците.

Царството на Самуил траело од 976 до 1018 година. Тогаш Македонија била една од најсилните држави на Балканот, со престолнина, најпрвин во Преспа, а потоа во Охрид. Нејзината Црква имала ранг на патријаршија. Во рамките на Самуиловата Македонска Држава влегувале Тесалија, Епир, дел од Албанија со Драч, Северна Бугарија, Босна, Дукља и Рашка. Откако Византија успеала да го порази Самуила во битката кај Беласица, за Македонија започнале вековите на

робување. Најпрвин, Византија, потоа бугарските и српските војувања и освојувања, за најпосле турското ропство да се протегне низ пет столетија, сé до почетокот на XX век. Наспроти тиранијата почнувајќи од XI век наваму Македонија постојано се извишувала над своите величествени мигови на непокорот. Прво, востанијата против византиската власт (Петар Делјан во 1040/41 и Ѓорѓи Војтех во 1072/73 год.) биле задушени со крв. Само за споменување е дека од XII век до Балканските војни, Македонците воделе непрекинати битки против освојувачите, независно дали биле бугарски или српски, а особено турски, кои османлиското владеење на овие простори го зачувале цели пет века. Најмасовно востание против турската власт Македонците имале во времето на Австро-руската војна до 1689 година, позната како Карпошово востание. Со свои чети активно учествувале и во Српското и во Грчкото востание против Турците, во 1804 и 1821 година.

По освојувањето на Македонија од Турците дошло до крупни промени во животот на Македонците. Според турскиот административен систем, кој првпат се споменува во XI век населението од овој регион свесно за својата национална припадност, водело енергична борба против Цариградската патријаршија, која преку воведувањето на грчкиот јазик во црквите и училиштата се обидувала да го асимилира. Меѓутоа, во периодот од 1846 до 1880 година во македонските поголеми населби биле отворени голем број училишта, во кои наставата се изведувала исклучително на македонски јазик (месно наречје). Тоа е време кога грчката влада доселениците од Кавказ, познати како Просвиги, ги наоружала и ги направила чувари од опасноста од север, давајќи им неограничени права. Оружјето го

носеле со себе дури и на нивите. Македонскиот селанец не се чудел, бидејќи и Турците своите пушки ги носеле на рамо, а сабјите во појасите, топорејќи му се на населението со закани за ограничување на нивните слободи и права.

Во текот на Грчко-турската војна, како и по нејзиното завршување, животот во Македонија бил многу тежок, поради тоа што мажите биле земани на фронтот, а земјата немало кој да ја обработува. По завршувањето на војната, повеќето од мажите заминале на печалба во прекуокеанските земји. По селата останале, главно, жените кои ги воделе домаќинствата, вршејќи тешки полски работи.

Грците што дошле во Македонија во сите служби поставиле свои луѓе, кои ги носеле од Грција. На македонскиот селанец никогаш не му било дозволено да раководи. Сите освојувачи кои доаѓале го терале Македонецот само да работи, никој за него не се грижел, поради што излезот тој го барал надвор од земјата. Во тој период грчката влада сé уште не била во состојба да го забрани македонскиот јазик, поради што, тој се зборувал и дома и во селските училишта.

Во 1926 година, со посебен закон на грчките власти, македонските имиња на населението, како и топонимите на селата и градовите, на планините и реките биле заменети со грчки имиња.

Во текот XIX век почнало распаѓањето на турскиот феудален систем и дошло до премин од натурално кон стоковопарично стопанство. Промени кои довеле до растеж на градовите, до создавање на граѓанскиот сталеж, а со тоа и до зачетоците на културното и национално будење на Македонците. Се ширела мрежата на просветата, се создавала литература на народен јазик, се печателе првите книги на македонски јазик. Со еден збор, Македонија влегла во периодот на

преродбата, но и во активна битка против турското ропство и грчката духовна тиранија. Актери на тие битки биле ајдутите, комитите, револуционерите, на чело со Гоце Делчев, организатори и реализатори на Илинденското востание, потоа преродбениците, писателите, како Димитрија и Константин Миладиновци, Партение Зографски, Кузман Шапкарев, Ѓорѓија Пулевски, Григор Прличев, Крсте Мисирков и други.

Организираниот отпор против турското владеење фактички започнал кон крајот на XIX век, откако неколку локални востанија и буни ја разнишале земјата, отворајќи пат кон нови подвизи. Тоа биле Кресненското востание од 1878 година, Брсјачката буна од 1880/81, акциите на војводите дедо Илљо Малешевски, Спиро Црне, Сирма Војвода, Славејко Арсов, дедо Геро и други. Во 1893 година во Солун биле ставени темелите на Внатрешната македонско-одринска револуционерна организација, позната под името ВМРО, која се борела за автономија на Македонија, во рамките на турската држава. Основачи на ВМРО биле Дамјан Груев, Гоце Делчев, Ѓорче Петров, Петар Поп–Арсов, а нејзини познати активисти и раководители, подоцна биле Јане Сандански, Димо Хаџи Димов, Пере Тошев, Никола Карев и други. Во овие години се создале и првите социјалистички групи во Македонија, кои прокламирале дека „*ослободувањето на Македонија е работа на самите Македонци*“, пропагирајќи ја идејата за создавање на самостојна и независна Македонска Република.

Епилогот на своето дејствување Македонската револуционерна организација го добила во Илинденското востание од 1903 година, кога во Крушево била создадена десетдневната Крушевска Република. Десеттина години подоцна,

во Балканските војни било урнато османлиското владение на Балканот и во Македонија. Сепак, иако Македонците земале активно учество на страната на сојузничките војски, Македонија не ја добила својата национална слобода. Со договорот од Букурешт во 1913 година, Македонија била поделена меѓу Србија, Бугарија и Грција (Вардарска, Пиринска и Егејска Македонија). Со договорот во Неј во 1919 година, оваа поделба, за жал, била и санкционирана.

Својата вековна слобода, но само во Вардарскиот дел, Македонија ја извојувала во Народоослободителната борба што ја водела во текот на Втората светска војна против германско-бугарско-италијанските фашистички окупатори. Во текот на, речиси, петгодишната крвава борба, во која Македонија дала преку 20.000 жртви, во заедница со другите југословенски и балкански народи, македонскиот народ, за првпат во својата историја се здобил со своја државно-правна заедница, тогашна Народна Република Македонија, подоцна трансформирана во Социјалистичка Република, а по распаѓањето на бившата Сојузна Република Југославија – во Република Македонија, како самостојна и независна држава, а денес како Република Северна Македонија.

Од 1991 година до денес Македонија минува низ сцилите и харибдите на својата демократска трансформација. Жилаво се бори со тешките економски, социјални, меѓуетнички, верски и други проблеми, кои ја потресуваат од корен. Иако со статус на членка на Обединетите нации, асоцијативна членка на Европската Унија, на Советот на Европа и на многу меѓународни организации, македонската млада држава, сé уште не може да се ослободи од старите апетити на

некои соседи, но и од глобалните интереси на големите држави, кои се прекршуваат на Балканот, по распаѓањето на комунизмот во Источна Европа. Нејзин хендикеп се и внатрешните партиско-политички конфронтации, неединството во македонскиот политички блок и агресијата од Косово, мотивирана од идејата за создавање голема Албанија, а поддржана и од некои моќни западни држави или албански лоби групи во нив. Македонскиот народ и деловите од него иселени во Соединетите Американски Држави, Канада, Австралија, Европа и ширум светот, веќе десетина години заедно се во грч како да се излезе од досега затворениот маѓепсан круг на промените и да се влезе во една релативно помирна фаза на стабилизација на земјата и консолидација на нејзиниот стопански развој врз принципите на пазарната економија.

И покрај негативните појави на политички, општествен, стопански, културен и друг развој, Македонецот, како библиски народ има верба, надеж и љубов кон иднината и се надева дека ќе опстои сé додека светот светува и веков векува.

ПОТЕКЛО – ЕТНОГЕНЕЗА НА ДРЕВНИТЕ МАКЕДОНЦИ

Древните или античките Македонци припаѓаат на семејството на индоевропските народи, кои се творци на неолитската култура на Централниот Балкан во периодот меѓу 6 500 - 5 500 години п.н.е. Како проиндо-европски народ, Македонците ја населиле „Стара Европа" (Гимбутас, 1982), најпрво деловите на Средно Подунавје. Потоа, од Панонската Низина нивните племиња се доселувале на југ и го населувале теснецот на Централниот Балкан по должината на сливот на реките Бистрица, Вардар, Струма и Термајскиот Залив, кога биле создадени погодни климатски услови, по последниот леден период.

Првобитните имиња на нивните племенски организации не се познати. Од историските податоци се гледа дека нивните етноними, односно филоними (братства или племиња), најчесто се добивани од географската конфигурација на теренот, т.е. од хоронимите, како на пример: Орести-Горани, Елимеи-Криворечани, Десарети-Шумадинци итн. Потоа од занимањата, како Алмопии-Солари, Ботиаи-Сточари итн. Во етногенетската еволуција, заедничкото име им станало Македонци, а нивната татковина Македонија. Говорниот јазик на Македонците бил дијалект од палеобалканската глосологија, познат како проиндоевропски јазик на народите на „Стара Европа".

Зборот македон е од протоиндоевропско потекло и припаѓа на палеоглосологијата на Балканот. Етимолошки постојат две варијанти. Според прата, како сложен збор, што значи богат,

блажен, среќен, добростоечки и суфиксот ар, навистина, точно. Другиот дел кеднос, грижлив, чесен, т.е. благороден. Аналоген збор во Хипербореја е во денешна Мачва во рамница меѓу реките Сава и Дрина. Зборот мачва етимолошки припаѓа на палеобалканската глосологија, каде мак е богат, имотен, а фа во фа-го е даде, храна. Овојдел е словенизиран така што к е претворено во ч, додека σ во в, па Мачва значи богата земја со храна, па и градот Богатиќ во средиштето на Мачва.

Според втората варијанта, од етимологот Мпампиниоти (1998, 1043), македон потекнува од епитетот македнос, каде зборот маки, макрос во значење тенок, висок, додека -кедон, кедонес, потекнува од зборот земја, тло, па значењето на овој збор се однесува на првобитниот топоним. Според тоа, Македонија била далеку, високо на север на земјите, а Македонците биле Борејци, а подалеку од нив Хиперборејци. Спротивно на ова Сенц (1910, 503) изнесува дека кеднос значи драг, грижлив, чесен, дар, мираз.

Во слободен превод, зборот македон би значел господар, домаќин, газда, богаташ, чорбаџија, додека Македонија била земја на господари и богаташи, односно мак-богата, земја.

Со обзир на тоа дека современите, претерано исполитизираните грчки историчари своите главни аргументи за елинското потекло на античките Македонци, а пред сè на родоначалникот Македон и арголитската македонска династија на Филип II и Александар Велики, ги базираат на сомнителни легенди, на митологијата ќе ѝ биде даден поголем простор

Митологијата во себе носи прафилозофски и пранаучен исконски облик на уметничко создавање. Митовите се она првобитното, народно

раскажување кое во себе содржи производи од народната фантазија со цел да ги објасни природните појави и човечкиот живот со помош на наивно обликување. Веќе беше кажано дека митологијата на балканските простори е вткаена во светлоста на елинската (грчката) митологија. Меѓутоа, таа претставува огромно наследство не само на античките Елини, туку и на сиот егејски свет и на Југоисточна Европа.

Судејќи според археолошките остатоци од материјалната култура, посебно од ликовната уметност и митологијата, древна Македонија имала значаен и единствен, самостоен митолошки систем. Тој содржи етнолошки, етнографски, лингвистички, историски, книжевни и антрополошки елемети, кои можат топографски да се лоцираат на географско-политичките простори на Македонија.

Придржувајќи се на ваквиот пристап, македонската митологија може да се прикаже одделно од елинските митови, како автохтоно културно наследство. Значи македонскиот мит е дел од палеобалканската и „егејската" култура и и во голем дел претставува религиозно-политичка праисторија на староседелците на тлото на Македонија. Овде ќе бидат прикажани некои пишани легенди кои се однесуваат на македонските простори, со цел да се изврши нивна идентификација и да се направи хармонична целина.

На основа на античката литература, посебно во епската и лирска поезија од Хомер и Хесиод, до подоцнежните митови, воглавно постојат две преданија за Македонците и нивните родоначалници.

Према едно предание, чиј автор е Диодорус Сицулус (90-20 година п.н.е) во творбата „Библиотека" (I, 18, 1; 20, 3), митолошкиот крал на Македонија по име Македон е син на египетскиот

бог Озирис и божицата Изида. Према оваа легенда, кога Озирис кој му припаѓал на првиот круг на египетските богови, од петтата династија владетели на оваа земја, која владеела околу 2 500 - 2 340 година п.н.е., ѝ го препуштил владеењето на жена си Изида и тргнал во освојување на светот, со себе ги повел своите синови Македон и Анубис. Стасувајќи во Тракија, Озирис го убил тракискиот крал Ликург, син на Дријант, а својот син Македон го прогласил за крал и го оставил во земјата, која според него е наречена Македонија.

Додека владетелите на IV египетска династија биле градители на големите пирамиди (Кеопс, Кефрен и други), во петтата династија, во религиски поглед, доаѓа до поставување на богот на сонцето Ре на врвот на египетскиот Пантеон. Меѓутоа, покрај владеењето на оваа династија, за време на фараонот Озирис или Бузирис, дошло до духовни и религиозни промени и апотеза (величење) на кралевите. Озирис станал бог (Амон) на плодноста и подземниот свет, зашто по египетско верување тогаш, задгробниот живот заземал најважно место. Во Македонија, во Термајскиот Залив, Озирис е идентификуван како Дионис од Кисеј (Тхомсон, 1954, 133).

На основа на оваа легенда за Озирис како египетски бог Амон, кој подоца на Балканот се идентификувал како Зевс, потеклото на кралот на Македонија Македон е боженствено, односно дека Македон бил син на богот Зевс. На основа на оваа легенда, владеењето на кралот Македон може да датира околу 2 340 година п.н.е., т.е. при крајот на V египетска династија.

Еден сличен мит веројатно му послужил и на Псевдо-Калистен да го преточи во творба со наслов „Животот и делото на Александар

Македонски”, каде исто така го истакнува боженственото потекло на Александар Македонски од богот Амон. Според оваа приказна, како и по Еурином кај Пелазгите, богот Амон од Либија, во облик на змија се обвиткал околу Олимпијада во смисла на орфичко-дионизиска мистерија.

Меѓутоа, авторството на оваа легенда му се припишува на Калистен (360-327 година п.н.е.) од Олинт во Македонија, внук на Аристотел, кој учествувал во походот на Александар Македонски како негов службен историчар. Во редакцијата Б на оваа творба, од страна на Диодор Сиц., фараонот Нектанеб доаѓа како Амон во Македонија, каде ја заведува Олимпијада (Псевдо-Калистен, 1987).

Другиот син на Озирис од митологијата Анубис, се вратил во Египет каде станал крал и египетски бог, со глава на пес како симбол, каде му е изградено светилиште (Анубисово светилиште). Херодот (II, 144) наведува дека Озирис имал уште еден син, по име Орос или Хор, кој кај Пелазгите бил славен како бог Аполон.

Хесиод (околу 700 години п.н.е.) пак, дава друга и постара варијанта за Македонците. Како што е познато, Хесиод е прв елински митолог и покрај Хомер, ги создал првите приказни за постанокот на боговите (теогонија) и човечкиот род (гениогонија). Тој во својата творба „Фрагменти” истакнува дека богот Зевс и нимфата Тие имале два сина, Магнет и Македон.

МАКЕДОНИЈА ВО ПЕРИОДОТ НА ФИЛИП II МАКЕДОНСКИ

Кралот Филип II Македонски владеел со Македонија во периодот 359-336 година п.н.е. Тој многу брзо ги ликвидирал династичките борби и покажал високи државнички и воени способности. Појавата на оваа цврста личност во историјата, е поврзана со најголемите политички и воени успеси кои почнала да ги доживува Македонија, која многу брзо ја претворил во најмоќна држава на тогашниот свет.

Филип II Македонски ја проширил својата држава на исток и ги ослободил Амфипол (357 година п.н.е.), Метона (354 година п.н.е.), Пинд, Потидеја и други градови на македонските брегови на Егејското Море, со што обезбедил излез на Средоземјето. Енергичниот крал на Македонија, уште на почетокот на владеењето, радикално го неутрализирал влијанието на Атина во внатрешната политика на Македонија и обезбедил влијание над соседните Илири, Пеони, Трибали, Тракијци, Тесалци, Олинчани и Епирци. Со растот на авторитетот на Филип и во самата Елада, се појавило промакедонско движење.

На планот на внатрешната политика, Филип II Македонски спровел општествени и воени реформи. Ги неутрализирал сепаратистичките тенденции на старата аристократија и истата ја ставил под контрола. Истовремено тој ги укинал локалните династии во северномакедонските области на Горна Македонија (Орестида, Линкестида, Елимеја), го зацврстил единството на државата и власта. Покрај тоа, вовел финансиски

реформи и ја промовирал својата златна валута „македонски статер", со што ги поткопал економските позиции на Персија и Атина.

Со ова придонел во развојот на трговијата, на останатите стопанства и на целокупното обезбедување на земјата од надворешните непријатели. Кралот направил големи инвестициски вложувања во изградбата на патишта, пристаништа, градови, тврдини и друго. Така на пример, во 344 година п.н.е., на многу погодно стратешко место во Пелагонија, е изграден градот Хераклеа, покрај денешна Битола, а нешто подоцна, во 356 година п.н.е., градовите Филипи и Филипопољ во Тракија.

Истовремено, Филип II Македонски спровел големи реорганизации во армијата на Македонија. Вовел нова стратегија и тактика на војувањето, со употреба на разни видови формации и комбинирани дејства. Главна ударна сила станала македонската фаланга, еден вид тешко вооружана пешадија, чија ударна сила немала на себе рамна во тогашниот свет.

Тоа биле одреди на пешадијци, распоредени во тактички формации со длабочина од 16 редови, а вооружени, покрај останатото, со копја (сарисе) долги околу пет метра. Коњаницата станала многу важно средство за напад, изненадувања и маневри. Македонската воена и мирновременска морнарица, со бази во Термајскиот Залив, придонела во развојот на стопанството и заштита на бреговите.

Кралот на Македонија ги усовршил воената дисциплина, обуката на војниците и вооружувањето на својата армија. Вовел нови опсадни средства, дотогаш непознати, како и употреба на кучиња-трагачи и чувари за воени дејства, пред сè во планините на Тракија, Илирија и Грција. Тој ги

проширил правата и привилегиите не само за припадниците на коњаничките единици составени од аристократски семејства, туку и за целата војска.

Чувајќи ја старата македонска традиција на својата Аргеадска династија, Филип II Македонски бил врховен војсководец, судија, како и првосвештеник. На собрание на војската се решавале сите важни прашања. Собранието го потврдувало и новиот крал со акламација, го решавало прашањето за наследникот и претставувало врховен суд во случај на велепредавство.

Централизацијата на власта која ја спровел Филип имала општествена и интегративна функција. Ова многу критички го изнел Демостен (384-322) од Атина, кој рекол дека „Филип Македонски бил истовремено војсководец, благајник, политичар, дипломат и дека никој никогаш така не ја зоврел Европа како синот на Аминт".

Вечниот антагонизам меѓу Македонија и Елада, освен Спарта, дошол повторно до израз за време на Светата војна во Средна Грција, кога Фокиќаните го ограбиле Делфинското светилиште и со сета војска ја тероризирале цела Грција. Не можејќи да се справат со тоа, Грците му се обратиле на Филип за помош. Македонската интервенција во 352 година п.н.е. настапила со блескава победа, со казнување на Фокиќаните и со проширување на македонската власт од Тесалија до Термопил.

Во наредните осум години, Македонија се проширила од Јадран до Црното Море, а на Халкидики градовите паѓале еден по друг. Сето ова носело големи загуби во атинската трговија и престижот. Во настанатите прилики посебно бил изразен многу агресивниот став на Атина, на чело

со најголемиот беседник и водач на антимакедонската партија во Атина, Демостен (384-322).

Во 348 година п.н.е. Демостен ја одржал „Првата Филипика", каде првпат отворено истапил против Филип и ги повикал Елините во борба против „македонските варвари". Тој отворено истакнувал дека секој е варварин ако не е Елин, што уште еднаш потврдува дека Елините од тој период, Македонците не ги сметале за Елини. Непријателствата се ределе и покрај „Филократовиот мир", кој следел меѓу Атина и Македонија, во 346 година п.н.е.

Во пролетта, 340 година п.н.е., македонскиот крал Филип II Македонски војувал во Тракија против Перинт, на Долен Дунав против Скитите и во Горна Мезија против Трибалите. Неговите успеси ја иритирале антимакедонската партија која не можела да се помири со фактот дека Атина ќе ја изгуби политичката хегемонија во егејскиот свет. Заради тоа Демостен не се плашел ниту од сојузот со Персијците, како и од земање на персиското злато за поттикнување војна меѓу Атина и Македонија.

До неминовниот конечен судир меѓу Македонците и обединетата елинска коалиција (Атина, Теба и други освен Спарта) дошло на 2 Август (Илинден), во 338 година п.н.е. во рамницата кај Херонеја во Беотија, каде елинската војска била потполно поразена. Прекалената македонска фаланга и нејзиниот генијален војсководец, кралот Филип II, извојувале голема победа над грчките сојузници. Оваа победа и денес ја симболизира велинчествениот споменик „Лавот Херонеј".

Оваа значајна победа на воената и економска надмоќ на Македонците и непосредниот Сеелински конгрес, кој бил одржан во 338/337

година п.н.е. на Коринт, претставуваат крај не елинската независност во целина и на поединечните полис-држави посебно, воспоставување на македонска хегемонија и општ мир на Балканот. Во овој решавачки судир, во кој двајцата најмоќни непријатели на Македонија, Атина и Теба, биле совладани, дорска Спарта останала неутрална. Во Атина на Филип му е издигната почесна статуа, додека на неговиот син Александар му е дадено граѓанско право.

Прогнозите на Демостен не се обестиниле. Филип во текот на своето владеење од 24 години, создал многу модерна држава. Најпрво тој склучил спогодба за „општ мир" и сојузништво меѓу Македонија и Елада, а исто и меѓу полисите меѓусебно, со што престанале постојните меѓу-себни војни. Морскиот сообраќај станал слободен, па трговијата добила нови можности. Кралот Филип Македонски станал врховен воен и политички водач. Потврдена е неприкосновеноста на приватната сопственост. Ги ослободил робовите, земјата ја поделил на селаните, со што ги задоволил следбениците на промакедонската партија во Елада.

Бидејќи персиската опасност била постојано присутна, кралот на Македонија го искористил „сојузништвото" со Елините и на Коринтскиот конгрес, 337/336 година п.н.е., е избран за хегемон на сите држави на Коринтскиот конгрес и врховен командант-стратег автократ во војната против Персија, со посебни овластување.

Бидејќи ги уредил односите со Елините и ги извлекол сите политички консеквенци од својата победа, Филип се вратил во Македонија да се подготви за војна против Персија, бидејќи нивните интереси се судрувале на Егеј, Медитеранот, а посебно на Босфорот. Во пролетта 335 година п.н.е. Филип формирал македонски експедициски

корпус, во состав од 10.000 војици под команда на Парменион и неговиот зет Атал, како претходница во Мала Азија. Корпусот без поголем отпор поминал преку Хелиспонт и ја зазел Троја, продрел до Магнезија на Меандра, кога до Парменион стасала веста дека кралот е убиен.

До убиството на македонскиот крал Филип II Македонски дошло за време на мажењето на неговата ќерка Клеопатра со египетскиот крал Александар. Филип бил убиен на свеченостите на дворот во старата македонска престолнина во Егам за време на гимнастичките натпревари.

Кога аренатa била полна, тргнала свечената поворка со учесниците кои носеле украсени статуи на олимписките богови и величествена статуа на кралот Филип на престол. Кога се појавил Филип, настанало големо воодушевување на присутните, а тој ги замолил своите телохранители да го следат од далечина.

Тогаш ненадејно излегол младиот Македонец Паузанија со нож в раце и го извршил атентатот. Прерaната смрт на македонскиот крал на 47 години, кој бил најголема воена, политичка и историска фигура, не само на Балканот туку и во Европа, довела до криза во воспоставувањето цврсти односи на Балканот посебно во Елада.

Филиповата смрт била ненадејна. Но неговите дела биле грандиозни. Тој пред сѐ ја изградил моќна Македонија, со сила ги смирил Елините и зад себе го оставил достојниот наследник Александар Македонски, чија слава не ја помрачила славата на неговиот истотака голем татко. Македонскиот крал Филип II е погребан во Егам во величествена кралска некропола, со гробница каква не е најдена слична во Елада, со должина од 110м, а височина 12 м.

АЛЕКСАНДАР МАКЕДОНСКИ ВО ИЗРАЕЛ

Секоја светост, за да остане трајно во колективното паметење и да биде вечна инспирација на новите генерации, мора, најпрвин, да биде осквернавена. Храмот во Ерусалим бил разурнат од вавилонскиот крал Набу-кодоносор, а Евреите биле протерани како робови во Вавилон. Оттогаш потекнува псалмот кој со текот на времето се претвора во заклетва. Тој гласи: „Ако те заборавам Ерусалиме, нека ми се исуши десната рака, јазикот нека ми се залепи со непцето, ако те заборавам, ако ти, Ерусалиме, не ми бидеш најголема радост“.

Во летописот на Ерусалим се наоѓа и Александар Македонски. Имено, Ерусалим бил освојуван од бројни воини, меѓу кои и од Александар Македонски. Интересно е тоа што градот доживува значаен процут за времето на Александар Македонски, кој овде дошол во 332 година, пред новата ера, протерувајќи ги оттука Персијците. Во неговото време, како и во времето на неговиот наследник Птоломеј, Ерусалим јакнел како религиозен центар и станал израз на духовната хармонија на Израелците.

Познато и потврдено е дека, походот на Александар Македонски против Персија бил успешен. Во неколкуте поголеми борби персиската војска била разбиена, а со тие територии загосподарил Александар Македонски. На тој начин и Евреите, кои дотогаш се наоѓале под власт на Персија потпаднале под власта на Македонија. Овој настан ја засегнал политичката и економската

положба на еврејскиот народ и неговиот внатрешен живот, неговиот бит и обичаите, културата и, воопшто, целокупното живеење на еврејскиот народ.

Во врска со покорувањето, односно завладувањето со Евреите, при нашата посета на Израел ни беше речено дека меѓу Евреите останала забележана и една интересна легенда која пластично го претставува и „Освојувачот“ Александар Македонски. Имено, во еврејската историја се раскажува дека Александар Македонски на враќање од Египет, каде што бил примен со големи почести и прогласен за син на Богот Амон, решил да го завладее и Израел. Самарјаните по поразот на Персијците на Ис, побрзале да му ја изразат својата покорност на македонскиот завојувач и без отпор ја примиле неговата власт. Меѓутоа, јудејските управници, кои се чувствувале обврзани со клетвата за верност кон персискиот владетел, одбиле да го сторат тоа. Нивното обраќање го разгневило Александар Македонски, кој решил да ги казни и тргнал на чело на армијата кон Ерусалим. Така, имено дошло до легендарната епизода што се одиграла пред древните ѕидишта на бесмртната еврејска престолнина.

Кога ја виделе опасноста од „Освојувачот“ Јудејците вознемирени, побрзале да формираат многубројна делегација од првенци и свештенослужители, кои требало да го омекнат гневот на Александар. Тие облечени во великолепни свештенички одежди и со запалени факли во рацете го дочекале пред градските ѕидишта, на чело со првосвештеникот Јадуа.

Потоа, историската легенда зборува дека кога Александар се исправил пред јудејските свештенослужители и првенци, кои го очекувале, како да настанало некак-во чудо. Изненаден, тој го

запрел својот коњ, и на големо изненадување на неговите полководци и целата придружбата, пристапил кон првосвештеникот Јадуа, и со почит му се поклонил. Од неговиот претходен бес немало ниту трага.

Полководецот Парменион не се воздржал и го прашал царот зошто толку бргу неговиот бес се претворил во необична милост кон покорените Евреи. Ти си највеликиот цар на земјата – рекол Парменион Зошто се понижуваш, поклонувајќи се пред овој стар Евреин?

Александар, меѓутоа, ја прифатил раката на првосвештеникот и одговорил:

„Кога бев уште во Македонија и мечтаев да ја покорам Азија, ми се јави на сон едно чудно провидение, кое многу прилегаше на ликот на овој првосвештеник. Тој ми претскажа да не се плашам и да го преземам својот поход, бидејќи походот ќе заврши со блескава слава и со големи победи. Сега, кога го видов јудејскиот првосвештеник, се сетив за мојот сон. И поради тоа сакам да бидам милозлив и великодушен кон народот на чело на кој стои овој свештенослужител“, меѓу другото рекол Александар Македонски.

Потоа, легендата вели дека Александар Велики го поткрепил со својата моќна десница стариот белобрад првосвештеник и заедно со него, влегол во Ерусалим. Меѓутоа, неговото влегување во Вечниот град било не како покорувач, туку како најверен пријател, со цел да му принесе на Храмот жртва на израелскиот Бог. Наредниот ден Александар Македонски им соопштил на првенците дека им дозволува слободно да ја извршуваат својата власт и верските обичаи, според нивните закони и разбирање.

АЛЕКСАНДАР МАКЕДОНСКИ НА Д-Р ВЛАДАН ВЕЛКОВ

Историскиот роман „Александар Македонски“ од д-р Владан Велков, од Скопје,чиј рецензенти се Александар Донски и Славе Николовски-Катин, е луксузно издание на Книгоиздателството “Македонска искра” од Скопје. Тоа претставува значаен придонес и прилог кон осветлувањето на голем број аспекти за древноста и континуитетот на историската вистина за Македонија, со посебна нагласка на античкиот период.

Кај нас, за жал, античкиот период не бил често и континуирано истражуван, затоа бројот на делата кои се занимаваат со оваа прашање е многу мал, за разлика од нашите јужни и други соседи, кои со векови копаат по “нивната”, за да ја замаглат и покријат нашата вистина. Меѓутоа, вистината неможе да се закопа во земја, кога тогаш таа ке излезе на површина.

Токму затоа имаме можност и убава прилика овој пат на македонски јазик да го претставиме и да се соочиме со историски роман што е базиран врз вистинските аргументи и историските пишани материјали за Античка Македонија. Овој историски роман на д-р Владан Велков е лика и прилика за развојниот континуитет на Македонија, претставен во романизирана литературна форма, со посебна нагласка на ликот и делото на големиот стратег, мислител и дипломат - Фип II Македонски и најголемиот досега воин, освојувач на земји, гениј над гениите, обединувач на народите, почитувач на различните култури,

традици и обичаи, и цар на силното Македонско Царство - Александар III (Велики) Македонски.

Затоа, со право може да се рече дека ова дело претставува библиска вистина за македонските корени и непресушен извор од каде секој Македонец ќе ја пие чистата патриотска љубов кон татковината - Македонија кон својот народ, со правичен однос и почит кон своите собраќа, пријатели, соседи, кон човештвото…

Историскиот роман Александар Македонски на авторот д-р. Владан Велков претставува сублимат на традиционалната македонска вистина, култура и наследство, почнувајќи од времето на владеењето на Филип II Македеонски (359-336 пред Христа) до владеењето и смртта на неговиот син Александар III Македонски (336-323 пред Христа). На 734-те страници од романот е обработена македонската вистина, успешно се претставени ликовите на Филип и Александар, како и на другите личности од тој период.

Авторот навлегол во корените од каде проникна ‘ртулецот на принцот Александар, а потоа го следи неговиот раст од небесните височини, за да напише дека тој наследил од своите претци душа како Шарената Планина и ум чист како бистрите води на реката Бистрица. Но, откако во Оазата Сива ја доживеал чудесната трансформација од човек во Бог, чинот на просветлувањето, јасно ја видел Екумената, братската заедница на целото човештво.

Александар Македонски верувал дека наближува времето кога ќе создаде еден единствен свет на рамноправни луѓе со кои тој владеел, не како нивен господар, туку како добродушен и правичен Бог. Сакал да им покаже и докаже на сите како ја замислувал Екумената на

дело. И кога видел како мислата станува дело, се побунтубале неговите Македонци.

Верувал дека лесно ќе излезе на крај со нив, но не било така. Колку тој влечел кон Екумената, толку тие влечеле кон Татковината. Меѓутоа, вистината е таа дека Александар, со своето големо дело, не само со силината на мечот, туку и со доблеста на душата, како никој пред него и по него направил најповеќе да ги сплоти луѓето од сиот Свет во Екумената, братската заедница меѓу сите народи, за која верувал дека таа некогаш ќе стане стварност. Со еден збор, тој бил основачот на денешната заедница во Европа и пошироко.

Романот Александар Македонски е поделен на три дела. Првиот дел е озаглавен како “Филип Македонски (Корени). Ова поглавје почнува со свадбата, а завршува со смртта на Филип.

Покрај големиот Филип, авторот ги опишал и Олимпијада, Парменион, македонските цареви Пердика, Аминта Први, Архелај, Клеопатра, потоа Аристотел, учителот на Александар, непопустливиот и големиот противник на Македонците, Демостен, како и бројни настани од тој период, каде особено доми-нираат и недоволно до денес истражените области од културното достигнување на Античка Македонија. Притоа, битката кај Хајронеја(Хиронеја) што се одиграла на 2 август 338-та година пред Христа, како Прв Илинден остава посебен впечаток кај читателот.

Вториот дел се однесува на Александар Македонси, насловен како “Ртулец, со сите негови подвизи и дела, со посебна нагласка на формирањето на единственото Македонско Царство. Притоа е претставен Александар Трети, царот на Македонија и неговите походи на Коринт, Граник, Халикарнас, Ис, Тир и Оазата Сива како и цивилизацискиот придонес, со целиот блесок на

создавањето на познатите градови со висока култура, како и бројни библиотека (како пример Александриската).

Посебна важност има третиот дел озаглавен како “Александар Велики (Цветна билка)”, каде Александар Македонски е претставен како Амонов син, кој патува од Александрија во Гавгамела, во Вавилон, преку Суса и Персепол до Пакистан, за да стаса до Хиндукуш, “на крајот на Светот”. Потоа, заради различни околности, по морски пат се вратил во Вавилон, каде ги поминнал последните мигови од неговиот краток но бурен живот.

Романот Александар Македонски од авторот Владан Велков опфаќа значаен и голем период на настани што се случиле на просторот од Македонија и Македонското Царство, чии граници и континуитет се менувал, но многу нешта останале трајни со неизбришливи траги во историјата на цивилизацијата.

Овој историски роман, во кој се претставени извонредните раскажувачки способ-ности на авторот, кај читателот буди силни чувства за нараснатиот интерес на недоволно проучените периоди од античкиот период и ја јакне љубовта кон Македонија.

Историскиот роман „Александар Македонски“ од д-р Владан Велков, претставува библиска вистина за македонските корени инепресушен извор од каде секој Македонец ќе ја пие чистата патриотска љубов кон татковината-Македонија.

ЗАКЛУЧОК

За подобро да се разбепе животот и делото на Александар III Македонски (Велики) ќе споменемедел од неговата биографија. Имено , тој е роден во Пела, на 21 VII 356 г. пр.н.е. а умира во Бабилон, 11 VI 323 пр.н.е.. Александар III Македонски (Велики) е македонски цар од династијата на Аргеади, син на Филип II и на Олимпија.

Александар уште како мал бил многу одговорен и свесен за обврските и одговорностите како иден крал на Македонците. Тој наспроти своите врсници не ги ценел парите премногу, ами славата и духовното богатство. Него уште го краселе и чесноста и достоинството, како и неговата умерена скромност, што го спречувала да се фали за своите дела насекаде како татко му Филип. И покрај тоа што имал огромна страст за разни работи, тој сепак во телесните уживања влегувал многу трезвено и умерено.

Телесно Александар бил добро граден, со широки гради и исправено држење на телото. Најкарактеристичен бил неговиот копнежлив поглед, за којшто најмногу дознаваме од делата на скулпторот Лисип од Сикион.

На едукацијата на Александар Филип посветил големо внимание. Неговото образование, Филип им го доверил на цела плејада учени луѓе на чело со Леонид. Од него, Александар научил да биде штедлив, умерен и физички издржлив.

Од сериозните постапки на Александар и неговиот непопустлив карактер, Филип увидел дека кај сина си може повеќе да влијае со совети и молби отколку со наредби. Иако тој на Александар му овозможил да учи од најучените луѓе, фило-

зофи во тоа време тој сепак ним никогаш целосно не им го отстапувал неговото образование.

Кога Александар наполнил тринаесет години, Филип од Елада му го довел Аристотел, најголем и најславен мислител и филозоф на стариот век. За подучувањето на Александар, Филип му дал на Аристотел голема награда и повторно го изградил Стагира, градот од каде што потекнувал Аристотел, којшто самиот го разурнал.

Цели три години, од тринаесетата до шестнаесетата години, Александар бил образован од прочуениот грчки филозоф. Аристотел го учел него: етика, политика, медицина и литература.

Уште на самиот почеток Александар многу го засакал својот учител, Аристотел па дури и велел дека на Филип му го должи животот, но дека Аристотел е заслужен за неговиот поубав живот. Како и да е подоцна Александар го надминал егоцентрис-тичкиот став на грчкиот филозоф дека сите негрци треба да бидат третирани како робови и го напуѓтил неговото учење. По ова Александар се оддалечил од својот учител и заедно со татка си почнал да ја учи техниката на војување. Тој уште тогаш ги покажал своите желби за војување и освојување и честопати велел дека ако татко му продолжи со воените походи за него нема да остане да освои ниту едно значајно место.

Всушност Александар имал само двајца вистински учители. Едниот бил Аристотел, а другиот неговиот татко Филип.

Во 340 година пне, Александар за првпат учествувал во битка. Додека неговиот татко Филип се борел против Тракијците кај Византиум, Александар останал да го заменува и да го чува кралскиот жиг. Иако шеснаесетгодишник, Александар ефективно ги покорил Мејаните кои се побуниле и на тоа место формирал мешана

населба на која и го дал името Александропол. Во 338 година пне заедно со својот татко, Александар учествувал и во битката против Елините кај градот Хиронеја. Во таа битка Македонците победиле, а на Елините по поразот им била укината политичката независност.

Македонците често го нарекувале Александар свој крал, а Филип врховен заповедник. Филип на ова воопшто не се лутел, ами напротив тоа придонесло тој уште повеќе да го засака својот син. Како и да е нередите во кралскиот дворец како последица на неговите женачки причиниле многу остри кавги и расправии.

Во пролетта 334 година пне Александар ги преминал Дарданелите, со што го започнал навлегувањето во Азија. Како свој намесник во Европа, Александар го оставил Антипатер, со војска од над 13 000 луѓе.

Александровата војска пак броела 30 000 војници пешадија и 5 000 коњаничка војска. Втор заповедник на војската, по Александар бил Парменион. Бидејќи во кралската каса немало доволно пари, Александар на некои од војницити им давал земја, на некои приходите од населбите, а на други пак пристаништата. Кога Александар ги раздал скоро сите кралски имоти, Пердика (Македонски генерал) го запрашал што ќе остави за себе.

Тогаш кралот рекол дека за себе ги остава надежите, на што Пердика рекол дека тие надежи ќе мора да ги дели со оние со кои што тргнал во поход и го одбил имотот. По примерот на Пердика постапиле и неколку други војници на што Александар не се противел, но на оние што барале подароци тој од срце им давал.

Во зимата 334-333 година пне го продолжил освојувањето на јужниот дел од Мала Азија, освојувајќи ги градовите Ликија и Писидија. Во

пролетта 333 година пне, Александар го продолжил походот кон исток, движејки се по патот за Перга и минувајки преку планината Климакс. Тој бил решен да го покори целото Малоазиско крајбрежје се до Киликија и да се пресели на источниот дел од Арабискиот полуостров и да ја освои Феникија. Неговото поминување и освојување на Памфилија, многу историчари го искористиле за вметнување на фантастични приказни.

Додека Александар, бил во Киликија Дариј планирал нов напад како да ја разбие и да ја скрши неговата војска. Долгиот престој во Киликија на Александар, Дариј го толкувал како кукавичлак, а толкувањата на гаталците за неговите сништа, уште повеќе го охрабрувале.

Дариј располагал со војска од 600 000 луѓе, меѓу нив се наоѓал и некој Македонец по име Аминта. Тој знаејќи го начинот на војување на Македонците, го предупредувал Дариј да не оди да го бара Александар зашто Александар ќе дојде да го бара него. Дариј не го послушал и се симнал од рамнината во клисурите. Кога слушнал дека Дарий се наоѓа кај Ис Александар тргнал по него, но се разминале, такашто Александар се нашол на пространата рамнина, а Дариј долу во клисурите.

Од Ис, Александровата војска се упатила кон Сирија и Феникија. Кралевите од Кипар без борба му ја предале власта. За кратко време тоа се случило и со древната Феникија. Во тоа време Дариј пратил писмо во кое барал примирје со Македонците, на што Александар арогантно одговорил.

Во ноември 332, Александар пристигнал во Египет. Наместо со борба жителите го пречекале со поздрав и со веселба. Откако персискиот сатрап се предал, Александар веднаш бил прифатен како

нов владетел. По ова точ отижол во Мемфис каде-што принел жртва на светиот бик Апис, а веднаш потоа бил крунисан со двојна фараонска круна.

Уште на самиот почеток Александар многу го засакал својот учител, Аристотел па дури и велел дека на Филип му го должи животот, но дека Аристотел е заслужен за неговиот поубав живот. Како и да е подоцна Александар го надминал егоцентристичкиот став на грчкиот филозоф дека сите негрци треба да бидат третирани како робови и го напуѓтил неговото учење. По ова Александар се оддалечил од својот учител и заедно со татка си почнал да ја учи техниката на војување. Тој уште тогаш ги покажал своите желби за војување и освојување и честопати велел дека ако татко му продолжи со воените походи за него нема да остане да освои ниту едно значајно место.

Всушност Александар имал само двајца вистински учители. Едниот бил Аристотел, а другиот неговиот татко Филип.

Во јули 331 година пне, Александар пристигнал во Тапсакус на Еуфрат. Наместо да продолжи походот по течението на Еуфрат до Вавилон тој отишол во северна Месопотамија пред реката Тигар. Кога Дариј слушнал за ова се под-готвил и со милионска војска тргнал да му се спротивстави.

Битката кај Гавгамела кон крајот на септември и почетокот на октомври истата година. Уште на почетокот војската на Александар успеала да натера еден дел од персијската во бегство. Дариј бил во средината на својата војска обиколен од коњаница составена главно од благородници. Бидејќи непријателската војска се доближувала до него, а гледајќи како неговата војска гине под тркалата, Дариј се уплашил и неможејќи да ја сврти својата кочија, јавнал една кобила и со неа

побегнал. Александар тргнал со дел од војската да го гони, но бидејќи некои Персијци сеуште не побегнале и се бореле со Парменион кој не можел да ги совлада, Александар се откажал од ова и тргнал да му помогне.

Потрагата по Дариј била мачна и исцрпувачка. За единаесет дни Александар со дел од својата македонска војска морал да помине околу 3 300 километри. Неговата војска, а и тој самиот биле преморени од патот и од сувото време. Кога некои патници му понудиле вода тој одбил затоа што така ќе им го скршел моралот на другите војници.

Конечно на видикот се појавила Персиска војска. Тие биле убедени дека со нив е и Дариј, но додека Александар и останатите од неговата придружба ги бркале Персијците, Полистрат го забележал него како лежи во една кола целиот прободен со стрели. Откако се напил вода и откако се созел, ми рекол на Полистрат дека поголема несреќа од оваа не можела да го снајде оти не ќе може да му се заблагодари на Александар за добротата што ја покажал кон неговото семејство и пред да дојде Александар испуштил душа. Кога Александар стигнал до мртвото тело на Дариј го покрил, а потоа ја викнал мајка му и брат му Ексатар, кој му станал доживотен пријател, и величествен закоп му направил. Со смртта на Дариј, Александар се прогласил за господар на Азија т.е. на Персија во 330 година пне

Откако ги победил петпати побројните Персијци, Александар ги бркал цели 35 милји се до Арабела, но сепак не успеал да го фати Дариј кој побегнал во Медија. Битката кај Гавгамела ја означила пропаста на Персиската држава.

По ова во истата година, Александар го окупирал градот Вавилон, а и целата провинција

Вавилонийа. Мазеј кој се борел од страната на Дариј во битката кај Гавгамела, мудро се предал и бил поставен за сатрап, но воената власт била под македонски командант. На Мазеј дури и му било дозволено да кова пари. Александар останал таму еден месец, а потоа отишол во главниот град на Елам Суса, којшто веќе бил покорен од Филоксен.

Кога Александар стигнал до мртвото тело на Дариј го покрил, а потоа ја викнал мајка му и брат му Ексатар, кој му станал доживотен пријател, и величествен закоп му направил. Со смртта на Дариј, Александар се прогласил за господар на Азија т.е. на Персија во 330 година пне.

Откако Александар седнал на Дариевиот престол својот поход го продолъил кон централна Азија. Поголемиот дел од војската го оставил, а со себе зел 20 000 војници пешадија и 3 000 коњаника. Тој поминал низ планината Елбурз и стигнал до брегот на Касписките езеро каде ги освоиле градовите Задракарта и Хирканија. Овде му се предале група од сатрапи и персиски благородници.

Во раното лето во 327 година, Александар ја напуштил Бактрија и со засилена армија се упатил кон Индија. Тие поминале низ Хинду Куш, а потоа дел од неговата армија командувана од Пердика и Хефестион поминала низ преминот Кубер, а Александар се упатил кон северните планини. Тој брзо напредувал и откако го освоил Аорнос тргнал кон Сват и Кандахара кои што исто така за кратко време ги освоил.

Во јуни 326 година Александар ја извојувал својата последна голема победа на левиот брег на реката Хидасп. Таму му умрел коњот Букефал, којшто бил многу стар 30 години. Набргу потоа Александар изградил град и во негова чест го нарекол Букефалија. Подоцна кога му пцовисало и кучето Перита изградил град и во негова чест, а за

да ја означи оваа победа го изградил градот Никеја.

Македонската војска била исцрпена од оваа битка, а и од долгото лутање по непознатите краишта и преку Коен побарала да се вратат назад. Александар се почувствувал изневерен и многу се натажил оти нема да може да продолжи понатаму, но сепак ја почитувал нивната желба.

Пред враќање Александар наредил во Хифас да се изградат 12 олтари за дванаесетте Олимписки богови, а на Хидасп биле изградени од 800 до 1 000 бродови. На враќањето назад Македонците се движеле по Петоречието со бродови, а половина од војската по крајбрежјето. Ниту ова патување не било без борба.

Тие по пат покорувале многу градови но кога стигнале во градот на Малијците на брегот на реката Хидраот, Александар само што не ја загубил главата. Кога тој почнал да се качува по скалата за да влезе во тврдината таа се скршила и тој паднал на земја каде што собрани биле многу Малијци.

Тие почнале да го ранувааат Александар со копјата, а потоа една стрела го погодила и му го пробила оклопот. Сепак со крајни напори на неговите пријатели и лекарите, Александар успеал да преживее.

Поради тоа што многу сатрапи со одметнале од Александровата власт, бидејќи наслушнале дека тој нема да се врати, Александар не му се придружил на Неарх, туку патувал по копно. Во периодот помеѓу 326 и 324 година пне, една третина од сатрапите биле сменети, а шестмина биле убиени. Тој дознал и дека Кировиот гроб бил раскопан и наредил да се фатат виновниците и да се напише: "О човеку кој и да си и од каде и да си - зошто ќе дојдеш, тоа го знам -

Јас сум Кир, кој на Персијците им извојував власт затоа не земај ми го ова парче земја, кое го покрива моето тело." Овие зборови оставиле длабок печат кај Александар за тоа што тој сфатил дека се е минливо.

Во пролетта 324 година пне, тој се вратил во Суса. По пат организирал натпревар во пиење, но за несреќа и оној кој победил, а и мнозина други се разболеле од треска и набргу умреле. Таму тој дознал дека Харпал побегнал со неговите пари во Грција. Подоцна Харпал бил уапсен во Атина, но побегнал во Крит кадешто загинал.

Во Суса Александар организирал свадба за изедначување на победниците и покорените народи при што 10 000 Македонски војници се ожениле со Персиски девојки, а Александар се оженил со Дариевата ќерка Статира. Овој настан бил наречен "Свадба на Европа со Азија". Со ова јасно се покажува дека Александар сакал да изгради светска држава на рамноправни народи.

Политиката на изедначување на народите не предизвикала воодушевување кај Македонците но затоа Персиците многу го ценеле ова. Тој во својата војска зел 30 000 персијски момчиња кои ја изучувале Елинската култура и начинот на војување, а кога стигнале во Опис голем дел од Македонската војска бил пратен назад во родните краишта. Ова уште повеќе ги разгневило Македонците што тие почнале многу да го критикуваат.

Кога Александар се движел накај Вавилон во пролетта 323 година пне, на реката Еуфрат го пристигнал Неарх кој му рекол дека сретнал некои Халдејци кои му порачале да му каже на кралот да не оди во Вавилон. Александар на ова не обрнал големо внимание.

Александар во главниот град на својата огромна империја, Вавилон почувствувал дека е опкружен со непријатели, а најмногу се плашел од синовите на Антипатер: Јол и Касандар. Овде присуствувал на многу пиенки што придонело тој да се разболе. Десет дена подоцна во приквечерието на 13 јуни 323 година пне, во својата 33 година од својот живот, Александар починал. Целата Македонска војска тогаш поминала покрај мртвото тело на својот голем војсководец.

Во тоа време се појавил и сомнеж дека Александар бил отруен, такашто мајка му Олимпија наредила да се убијат мнозина. Најголем сомнеж паднал на Јол за којшто се мислело дека го подготвил отровот.

Во истрагата за ова пет години подоцна биле откопани неговите останки. Некои пак тврделе дека зад сево ова стои Аристотел којшто го набавил отровот, па преку Антипатар стигнал до Јол. Кога Александар умрел, Роксана носела негов син и била особено почитувана, а неговата друга жена Статира била убиена токму од неа.

Александровата смрт е опишана во „Дворскиот дневник“ кого го цитира Плутарх (Ц, Александар, 76). Во него се истакнува дека за големиот војсководец се одржани комеморации и му се укажани почести невидени дотогаш, со церемонии од македонските свештеници, неговата војска и претставници на целиот свет, во траење од триесет дена.

Желбата на покојникот била да биде погребан скромно ва Амоновата Оаза во Либија. Меѓутоа, еден од неговите наследници, идниот крал на Египет Птоломеј I, инсистирал неговите мошти да се пренесат во Мемфис, а потоа биле пренесени во прекрасната кралска гробница во кралскиот дел на Александрија. Со ова Птоломеј

целел кон наследството на Александар, што од страна на Птоломеј II е претворено во величење и во државен култ на боженствената монархија на Птоломеј.

На државен план меѓутоа, ненадејната и трагична смрт на императорот, го поставила прашањето за наследник и за карактерот на власта. Пред смртта, кога го прашале Александар на кого му го остава кралството, тој одговорил „…на најдобриот меѓу најдобрите“.

По сите церемонии, македонската војска и нејзините претставници биле построени во Бабилон, на чело со нивните војсководци. На собирот на војската, решено е да биде двојно царство. Така, за кралеви се избрани малолетниот син на Филип II со Фелина од Лариса, младиот Аридај, како Филип III и идниот син на Александар со Роксана (што се случило три месеци подоцна), како Александар IV. Со оваа спогодба, сочувано е формалното единство на Македонската империја.

Истовремено е решено власта во Македонија и европскиот дел на Империјата да ја задржи Антипатар, додека во другиот дел да бидат две личности. Прв бил Пердика, кој потекнувал од кралското македонско семејство од Орестида-Костурско, односно заповедник на коњаницата „дружбеници“ и неофицијален „Голем везир“ (хилијарх). Тој бил поставен за командант на македонската војска надвор од татковината и претседател на владата.

Плутарх (Алекс. 15) изнесува интересна анегдота за односите меѓу Александар и Пердика. Кога пред тргнувањето во персискиот поход Александар им поделил богати подароци на своите пријатели, речиси сите кралски поседи, Пердика го прашал што ќе му остане нему, а Александар му одговорил: „Надежта“.

На тоа Пердика одговорил дека и тие кога тргнуваат со него сакаат да учествуваат во тие надежи, па и тој го поделил својот имот во Орестида, а неговиот пример го следеле и други.

Втората личност бил Кратер од Линкестида, еден од најдобрите Александрови генерали, кој станал чувар на државниот трезор и регент на малолетните кралеви Филип III и Александар IV. Бил најомилен кај војниците, верен на прадедовските обичаи и останал прав Македонец. Умрел две години по смртта на Александар.

Меѓутоа, и покрај тоа работата станала тешка и за да не дојде до граѓанска војна, Пердика, како главен управител, надвор од европскиот дел на Империјата ја извршил следната поделба, меѓу генералите.

Птоломеј го добил Египет, Леонат хеле-спонтската Фригија, Антигон Монофталм Фригија, Памфилија и Ликија, Лисимах Тракија, Питон Медија, Лаомид Сирија, Евмен Кападокија и Пафлагонија итн. Ваквата поделба била прва манифестација на националистичкиот и сепа-ристички дух на наследниците, спротивно на големата Александрова идеја за единството на комонвелтот.

Тежнеењето на поедини владетели за самостојност и децентрализација од една страна и недостаток на доволни политички и економски предуслови заради хетерогеноста од друга страна, довело до антагонизам, меѓусебни сојузи, конфликти и до граѓанска војна. Непосредното посталександрово време означено е како период на „наследниците или дијадохите“, со траење од 323-281 и период на „следбениците“ или „епиго-ните“ од 281-221 п.н.е.

Во антагонизмот меѓу династиите значајна била улогата на жените од македонскиот двор.

Пред сè, доминантно место заземала Александровата мајка Олимпија, ќерка на кралот Неоптолен од Молосија. Следат, жената на Александар Роксана, Аридаевата жена Евридика, роднината на Пердика и сестра на Александар, Клеопатра.

Во меѓудинастиските борби кај Ипса (Sipsin-Karahisar), силите на противниците биле изедначени. Во оваа борба загинал еден од најзначајните Александрови соработници, Антигон Монофталм (август 301 п.н.е.), а со него е погребана идеја на Александар за „единствена држава“. Во оваа сурова граѓанска војна страдала и мајката на Александар, Олимпија (316), неговата жена Роксана и синот Александар IV (309) и Евридика со Филип III.

Конечно, во 275 година п.н.е., по смртта на непосредните Александрови соработници: Птоломеј I, Селевк, Антигон, Монофталм, Лисимах и други, дошло до поделба на Александровата империја во три водечки македонски кралства: Балкан, Египет и Азија.

БИОГРАФИЈА НА СЛАВЕ КАТИН

Славе Николовски-Катин, кој е познат само како **Славе Катин** е голем вљубеникво својата родна Преспа и Охрид, во етничка Македонија и македонскиот народ, како и во македонската дијаспора и во Античка Македонија. Тој е познат на македонската и на меѓународната јавност по неговите бројни публикации, новинарски и научни трудови кои се посветени, главно на етничка Македонија, на животот на Македонците во светот и на Античка Македонија. Исто така, неговата работа се однесува и на низа други аспекти поврзани со македонската дијаспора, како и со културата, литературата, јазикот, историјата, журналистиката и религијата. Тој е автор на педесет и седум публикации, на над сто научни трудови презентирани на различни симпозиуми и други собири, како и на преку 3.000 новинарски текстови објавени во Македонија и во светот, кои можат да се видат и прочитаат на Веб – страница: www.slavekatin.com e-mail: slavekatin@gmail.com

Славе Катин е роден на 19 август 1941 година во Долна Преспа, во куќа која во тоа време ја заплиснувале брановите на Преспанското Езеро, во непосредна близина на старата населба Наколец. Меѓутоа во Љубојно, го минува поголемиот дел од детството и младоста, а се навраќа во него цел живот. Таму од мали нозе го почувствувал тешкиот печалбарски живот на луѓето од Преспа, особено преку печалбарската сага на неговото семејство.

Основното и осумгодишното училиште (со мала матура) го завршува во училиштето „Димитар

Влахов“ во Љубојно, а Средно техничкото училиште, Геодетски отсек во училиштето „Здравко Цветковски“ во Скопје. Студирал две години Геодезија на Вишата геодетска школа во Белград, потоа една година се школувал во Торонто, а дипломирал на Катедрата за англиски јазик и книжевност на Филолошкиот факултет „Блаже Конески“ при Универзитетот “Св. Кирил и Методиј” во Скопје.

Во брак е со Нада Николовска, родена Иванова, во Винива во 1949 година. Таа денес е пензионерка, а беше советник и инспектор по македонски јазик во Бирото за развој на образованието при Министерството за образование на Република Македонија. Таа е автор на дваесетина учебници и дидактички дела по македонски јазик кои значат голем придонес во наставниот процес во училиштата во Македонија.

Тој работел во Хидробиолошкиот завод во Охрид, во Матицата на иселениците од Македонија и во списанието *„Македонија“,* а беше и на државни функции Во 1991 година, од Собранието на самостојна Република Македонија беше именуван на функцијата - потпретседател на Републичката комисија за односи со верските заедници.

Во 1999 година повторно се враќа во Матицата на иселениците од Македонија, сега веќе трансформирана во Министерство за иселеништво како уредник во списанието „Македонија“. Меѓутоа, по една реконструкција на Владата, Министерството за иселеништво беше дегра-дирано во Агенција за иселеништво, која, во 2001 година, ја напушта и заминува во предвремена пензија.

Меѓутоа, во наредните дваесеттина години по пензионирањето, тој е активен во издавачката и преведувачката дејност. Како главен и одговорен уредник на Книгоиздателството „Македонска искра“ од Скопје, тој постигнал видни резултати во издаваштвото, особено во учебникарството. Славе

Катин уредил и објавил неколку стотина наслови од кои најголем број учебници и дидактичка литература, кои значат голем прилог и придонес во образовните процеси во Република Македонија и за учениците во дијаспората, а кои се одобрени од Министерството за образование и наука на Република Македонија. Исто така, објавил бројни дела на македонски иселеници, асоцијации и организации во Канада, САД, Австралија и Европската Унија.

Како функционер на Владата на Република Македонија, тој бил на посети и разговори кај поглаварите на Романската, Украинската, Руската и Српската православна црква, потоа во Цариградската патријаршија во Истанбул и повеќе пати во Ватикан во Рим. Меѓу другото, бил и во делегацијата на Владата на Република Македонија за погребот на Мајка Тереза во Калкута, Индија.

Во неговата биографија е забележано дека Катин беше почесен член на "Академијата за слобода на религијата" во Вашингтон, САД, секретар на друштвото "Македонија-Канада", секретар на Здружението на новинарите на Македонија, беше акредитиран новинар од Македонија за "Австралиско-македонски неделник" од Мелбурн и "Меѓународна политика" од Белград. Денес е член на „Друштвото за наука и уметност" од Битола и е постојан член на најголемата фондација „Атанас Близнаков", при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје. Тој е почесен член на литературните друштва „Браќа Миладиновци" од Торонто и „Григор Прличев' од Сиднеј.

Славе Катин е добитник на бројни признанија и награди, меѓу кои и на престижната награда "Крсте Петков Мисирков" на Здружението на новинарите од Македонија од областа на журналистиката.

ОБЈАВЕНИ ПУБЛИКАЦИИ НА СЛАВЕ КАТИН

1. ***An English–Macedonian Limnological Dictionary Англиско–македонски лимнолошки лексикон,*** Хидробиолошки завод, Охрид, 1986, 1-206, (на англиски и македонски).
2. ***Development and Nutrition of the Young Cyprinids of Lake Ohrid,*** a Doctoral Disertation by Milcho Tochko, Part I and II, Hidrobiological Institute, Ohrid, 1988, 1 – 387, (превод од македонски на англиски).
3. ***Македонски холокауст*****,** НИО „Студентски збор“, Скопје, 1990, 1-236 (на македонски).
4. ***Македонските православни црковни општини во Австралија, Канада и САД*****,** НИО „Нова Македонија“, Скопје, 1991, 1-192 (на македонски).
5. ***Во Австралија како дома***, „Матица македонска“, Скопје, 1992, 1-136 (на македонски).
6. ***Македонскиот иселенички печат***, НИО „Студентски збор“, Скопје, 1993, 1-254 (на македонски)..
7. ***Печалбарски копнеж*****,** „Матица македонска“, Скопје, 1993, 1-156 (на македонски).
8. ***Во чест на свети Кирил и Методиј*** - В. Стојчевска-Антиќ, С. Николовски-Катин, „Матица македонска“, Скопје, 1994, 1-212 (на македонски).
9. ***Македонски вознес***, С. Николовски-Катин и Ф. Танаскова, МПЦ „Свети Климент Охридски“, Торонто, 1994, 1-232 (на македонски).
10. ***An English-Macedonian Bio-technical Dictionary Англиско-македонски биотехнички речник***, „Македонска искра“, Скопје, 1994, 1-192, (на англиски и македонски).
11. ***Поетски иселенички меридијани*** - Ф. Танаскова и С. Николовски-Катин, Матица на иселениците од Македонија, Скопје, 1995, 1-122 (на македонски).
12. ***English-Macedonian Veterinary Dictionary Англиско-македонски ветеринарен речник,*** И. Дракулевска-Грубовиќ, С. Николовски-Катин и Никола Јордановски, „Матица македонска“, Скопје, 1996, 1-296, (на англиски и македонски).

13. ***Македонски иселенички паноптикум,*** Друштво за наука и уметност, Битола, 1996, 1-296
14. ***Македонски клуб Илинден 1903 во Хамбург (1978-1998),*** Ф. Танаскова, С. Николовски-Катин, „Македонска искра“ - Скопје, 1997, 1-86 (на македонски).
15. ***Библиски речник*** - П. Златевски, С. Николовски–Катин, Библиско здружение на Македонија и „Македонска искра“, Скопје, 1997, 1-215 (на македонски).
16. ***Речник во слики-Ајде да учиме англиски и германски***, „Македонска искра“, Скопје, 1997, 104.
17. ***Речник во слики-Ајде да учиме англиски и француски***, „Македонска искра“, Скопје, 1997, 104.
18. ***Речник во слики-Ајде да учиме англиски и македонски,*** (на турски јазик) - С. Николовски-Катин и И. Шабан, „Македонска искра“, Скопје, 1998, 104.
19. ***Речник во слики-Ајде да учиме англиски и македонски,*** (на албански јазик) - С. Николовски-Катин и Л. Реџепи, „Македонска искра“, Скопје, 1998, 104.
20. ***Речник во слики-Ајде да учиме англиски и македонски,*** *(на влашки јазик)* - С. Николовски-Катин и З. Порчу, „Македонска искра“, Скопје, 1998, 104.
21. ***Речник во слики-Ајде да учиме англиски и македонски,*** (на ромски јазик) - С. Николовски-Катин и Љ. М. Демири, „Македонска искра“, Скопје, 1998, 104.
22. ***Иселенички хоризонти,*** „Македонска искра“, Скопје, 1999, 1-226 (на македонски).
23. ***Монографија за Атанас Близнаков*****,** Ректорат на Универзитетот „Свети Кирил и Методиј“, Министерство за иселеништво - Скопје, 2000, 1-336 (на македонски).
24. ***Водич низ комјутерската терминологија,*** С.Томовски, С. Николовски-Катин, „Македонска искра“ Скопје, 2000, 1-256, (на англиски и македонски).
25. ***Монографија за Андреа Бранов од Австралија***, „Македонска искра“, Скопје, 2001, 1-222, (на македонски и англиски).
26. ***Моите патувања низ светот***, „Македонска искра“ - Скопје, 2001, 1-192 (на македонски).
27. ***Македонците во САД и Канада***, „Македонска искра“ - Скопје, 2002, 1-382, (на македонски и англиски).
28. ***Монографија за семејството Јановски од Торонто***, „Македонска искра“, Скопје, 2002, 1-226, (на македонски и англиски).
29. ***Илинден 1903 - 2003 и македонските иселеници***, „Македонска искра“ - Скопје, 2003, 1-232 (на македонски).

30. ***Придонесот на Македонија во светската цивилизација*****,** А. Шкокљев-Дончо, С. Николовски-Катин, „Македонска искра“ - Скопје, 2004, 1-346 (на македонски).
31. ***Монографија за Гога Печенковски од Ресен*** – „Македонска искра“, Скопје, 2004, 1-112.
32. ***Монографија за Светле Стамевски од Детроит****,* „Македонска искра“, Скопје, 2005, 1-222, (на македонски и англиски).
33. ***Монографија за Георги Томов од Њујорк*****,** „Македонска искра“,Скопје, 2007, 1-320, (на македонски и англиски).
34. ***Од Панонија до Егеј,*** *А. Шкокљев-Дончо, С.Николовски-Катин*, „Македонска искра“, Скопје, 2007, 1- 196 (на македонски).
35. ***По патеките на Евлија Челебија*****,** , „Македонска искра“,Скопје, 2007, 1-192, (на турски).
36. ***Монографија за митрополитот Кирил*****,** Полошко-кумановска епархија, „Македонска искра“, Скопје, 2007, 1-342, (на македонски и англиски).
37. ***Ореолот на Дева Марија и Света Богородица Сливничка во Преспа*****,** В. Стојчевска-Антиќ, С. Николовски-Катин,„Македонска искра“, Скопје, 2007,.1-164 (на македонски).
38. ***Иселеничка вртелешка***, „Македонска искра“ - Скопје, 2008,1-254,
39. ***Монографија за Бошко Рајчовски-Пелистерски од Детроит***, „Македонска искра“ - Скопје, 2008, 1-254 (на македонски и англиски)
40. ***40 поклонениј пред гробот на свети Кирил во Рим*****,** В. Стојчевска-Антиќ, С. Николовски-Катин, епископ Климент, „Македонска искра“, Скопје, 2008, 1-228 (на македонски).
41. ***Macedonia in Ancient Times, (Македонците во античкиот период),*** А. Шкокљев, С. Катин и Р. Стефов, „Македонска искра“, Скопје, 2010, 1-232, (на англиски).
42. ***Монографија за донаторот Петар Стаматов од Чикаго****,* С. Николовски-Катин, М. Трајковски, Ректорат на Универзитетот „Свети Кирил и Методиј“, Скопје, 2010, 1-192, (на македонски и англиски).
43. ***Love Stories*****, (*****Љубовни приказни*****),** „Македонска искра “, Skopje, 2011, 1-130, (на англиски).
44. ***Монографија за Ѓорѓи-Џорџ Атанасоски од Флорида****,* „Македонска искра“, Македонско сонце и ТВ Сонце, Скопје, 2012*,* 1-468, (на македонски и англиски).

45. ***Илинден во Љубојно и Преспа*****,** С. Николовски-Катин, Б. Рајчовски-Пелистерски, „Македонска искра“, Скопје, Македонско друштво „Љубојно“- Детроит, 2013, 1-320 (на македонски и англиски).
46. ***Монографија за бизнисменот Силјан Мицевски од Битола****,* С. Николовски-Катин, Ѓ. Лумбуровски, „Македонска искра“, 2014, 1-320 (на македонски).
47. ***Монографија за донаторот Атанас Близнаков,*** Ректорат на Универзитетот „Свети Кирил и Методиј“, Скопје, 2014, 320, (на македонски и англиски).
48. ***The Balkans and Macedonia,*** A. Shkokljev-Doncho, S. Nikolovski-Katin, R. Srefov, „Контура“, Скопје, 2014, 1-308, (на англиски)
49. ***Светот на дланка****,* „Тримакс“, Скопје, 2014, 1- 424 (на македонски).
50. ***Монографија за Ѓорѓи-Џорџ Атанасоски од Флорида***, (II издание) „Македонска искра“, Македонско сонце и ТВ Сонце, Скопје, 2015, 1-496, (на македонски и англиски).
51. ***Монографија за донаторот Атанас Близнаков***, Ректорат на Универзитетот „Свети Кирил и Методиј“, Скопје, 2014, 320, (на македонски и англиски).
52. ***Монографија за бизнисменот Благоја Механџиски,*** „Македонска искра“ и “Зегин“, Скопје, 1-400, подготвена за печат (на македонски и англиски).
53. ***Монографија за бизнисменот Гојко Јаковлевски,*** „Македонска искра“,Скопје,1-300, подготвена за печат (на македонски и англиски).
54. **Македонски иселенички меридијани, „**Македонска искра“ и „Матица македонска“, Скопје, 2017, 1-582, (на македонски).
55. ***Израел и Македонија,*** „Македонска искра“, Скопје и Фондација „Ѓорѓија –Џорџ Атанасоски“ Прилеп, 2017, 1-376, (на англиски и македонски).
56. ***Macedonians in the World,*** „Македонска искра“ и Фондацијата „Џорџ Атанасоски“, Скопје, 2018, 1-432, (на англиски јазик).
57. ***Монографија за семејството Видиновски,*** „Македонска искра“Скопје, 2019, 1-300, подготвена за печат (на македонски и англиски).

БИОГРАФИЈА НА ГЕОРГИ БРАНОВ

Докторот по ветеринарни науки Георги (Џорџ) Бранов потекнува од село Буф, Леринско, Егејска Македонија. Тој е роден на 13 јуни 1944 година во виорот на Втората светска војна, кога грчките власти ги прогонувале Македонците од своите корени во Егејска Македонија.

Националниот состав на населението во егејскиот дел има претрпено големи етнички измени, особено по Балканските војни и по поделбата на Македонија. До Балканските војни македонското население во Егејска Македонија било најбројно. Македонците под грчка власт биле и сè уште се подложени на асимилација и присилна емиграција, со единствена цел да се измени етничкиот состав на Македонија.

Меѓутоа, Македонците не само што постоеле, постојат, туку и ќе постојат, зашто не е лесно да се искорени еден народ таму каде што живеел со векови и покрај насилството и денационализацијата.

Таков е случајот со Георге Бранов кој е роден во село Буф, Леринско, Егејска Македонија. Како и голем број македонски семејства за време на граѓанската војна неговата фамилија се преселила во Битола, во Република Македонија. Таму Бранов го започнал своето образование и таму му се отвориле патиштата кон иднината.

По завршувањето на основното училиште се запишал во Средното ветеринарно училиште во Битола, каде му се родила љубовта кон таа интересна наука. Потоа, по завршувањето на средното училиште се запишал на Ветеринарниот факултет на Универзитетот во Белград каде што и дипломирал во 1969 година.

Судбината на Георги Бранов е слична или иста како на голем број деца протерани од Егејска Македонија. Тој како факултетски образован човек

Истата година се преселил во Канада, каде по извесен период започнал да работи на својата струка. Во Кичинер, во провинцијата Онтарио среќно се оженил со Десанка со којашто имаат два сина и една ќерка кои им подарија 6 внучиња.

По две години престој во Канада, во 1971 година успешно го положил Државниот ветеринарен испит и добил канадска лиценца за ветеринар. Истата година се вработил во Федералната инспекција за месо како феде-рален ветеринарен инспектор. Исто така, тој беше назначен како ветеринарен научник за патологија на домашните животни кои се користат во исхраната кај луѓето.

Во својата дејност како ветеринар се усовршувал и се служел со голем број стручна и научна литература. Тоа му овозможило да започне да пишува стручна литература.

Така, за време на неговото работење во Агенцијата за храна, ја издал книгата „Атлас за патологија кај говедата“ (Clour Pathologytlas of Beef Inspection) кој се уп-требува како прирачник во секојдневната практика.

Исто така, тој е автор на „Прирачник“ за ветеринарните инспектори кои работат во кланичката инспекција за месо од говеда, свињи, овци, елени и северни елени (Inspection Procedures Manual for Beef, Hog, Sheep, Deer and Elk); Прирачник за живина, инспекциски процедури – кокошки, мисирки, препелици и други птици, (Inspection Procedures Manual for Poultry – chickens, turkeys, silkies, quail, emu).

Џорџ Бранов живееше во градот Кембриџ цели педесет години. Оваа пријатна населба го добила името по стариот универзитетски град во Англија. Овој град се протега по должината на брегoвите на реката Гранд во југозападниот дел на провинцијата Онтарио. На градот природата му подарила убавини и богатства, па оттука и тој е една од побогатите градски населби во Канада.

Уште со доаѓањето во новата демократска канадска средина, Бранов започнал со своите активности меѓу Македонците во Кичинер и пошироко. Со тоа тој сакал да докаже дека никогаш не ја заборавил својата прва татковина Македонија, која цел живот ја носел во своето срце. Како резултат на неговото вклучување и активностите во македонските организации во Канада, во 1989 година го организирал Првото македонско друштво во Кембриџ, во кое се приклучиле голем број македонски фамилии од сите делови на Македонија кои живеат на тие простори.

Во Кембриџ, пак, живеат околу сто и дваесетина илјади жители, од кои поголемиот дел се од англосаксонско, а потоа и од германско и шпанско говорно подрачје. Тој е индустриски град, со развиена лесна индустрија и земјоделство. Кембриџ, заедно со градовите Кичинер, Ватерло и Гуелф е град на бројни паркови и зелени површини.

Ватерло, пак, е еден од најголемите и најзначајните универзитетски центри во Онтарио, каде многу од студентите се од македонско потекло, а голем број се стекнале со факултетско образование токму во Ватерло. Во тие неколку градови свиле гнезно повеќе од илјада македонски доселеници од Македонија, претежно од Леринско, Костурско, Битолско, Воденско, Скопско, Велес, Струмица и од други места на етничка Македонија.

Во минатото, македонските семејства од Кембриџ за да ги задоволат своите верски потреби на својот мајчин македонски јазик, патувале стотици километри до македонските православни цркви „Свети Наум Охридски“ во Хамилтон и „Свети Климент Охридски“ во Торонто. Затоа, се појавила желбата за своја црква, особено кај семејствата од Егејска Македонија, врз кои се вршело силно грчко влијание и пропаганда.

Така, на 28 јули 1987 година, група Македонци, на чело со Георги (Џорџ) Бранов се собрале и одлучиле да формираат македонски клуб. Целта на новоформираната асоцијација била

да прерасне во место за средби на Македонците од сите делови на Македонија, кои живеат во Кембриџ, Кичинер, Ватерло, и Гуелф, а потоа да се формира македонски православен духовен национален дом.

Така, во почетокот на 1994 година тие ги започнаа преговорите за купување на една зграда на Копската православна црква во Кембриџ. На 15 август истата година, црквата беше купена и адаптирана во македонски православен храм, кој денес го носи името на мајката Божја „Света Мала Богородица“.

Благодарение на македонските иселеници, особено на Георги Бранов денес МПЦ „Света Мала Богородица“ е место на духовен мир за Македонците во Кембрич, Кичинер, Ватерло и Гуолф. Тоа е место за средби на младите и старите македонски генераци и место каде тие можат да ги продолжат и негуваат маке-донските обичаи, традиции и љубов кон својот мајчин македонски јазик и својата земја Македонија.

Во последните дваесет години Георги Бранов проучил повеќе од шеесет историски и научни книѓи со тема за Античките Македонци, како и за Филип и Александар Македонски. Неговата главна цел е повеќе да се запознае со овој дел од историјата, посебно да види како светските историчари го докажуваат потеклот на овој антички народ.

Така, меѓу другите факти со кои се објаснува во таа светска литература, меѓу другото се поставува прашањето: Дали античките Македонци биле по народност Грци?

Според неговите сознанија и податоците од историјата, Македонците биле нарекувани “варвари” (не Грци и културно заостанати). Грците не ги сметале Македонците за грчки народ исто и Македонците не се сметале за Грци.

Во историската литература е потврдено дека околу 60.000 грчки платеници војувале и загинале против војските на Филип и Александар. На пример, само во борбата кај реката Граник

загинале околу 18.000 грчки војници-платеници и 2,000 била заробени, врзани во синџири и пратени како робови во Македонија да работат во рудниците. Исто се случувало и во војните кај Ис, Гангвамела и други битки . Со еден збор голем број Грци се бореле против Македонците.

Како пример го споменува суденјето на Филота кој бил прашан на кој јазик сака да се брани на судот ? Тој одговорил - на грчки. На тоа Александар се насмевнал и им рекол на судиите; „Видете го, се страми од својот јазик“.

Дру пример Бранов го кажува дека на спотртските игри кои биле организирани после победите и кои биле слични на денешното борење, имало битка помеѓу македонски војник и грчки професионал борач. Во таквата борба македонскиот борач губел и му претело да биди убиен. Тогаш, Александар скокнал на теренот кај борачите и ги одделил со зборовите “Нема да дозволам Македонец да биди убиен “.

Исто така, Бранов го потврдува фактор какошто кажуваат историчарите дека античките Македонци во целата десет годишна воена операција се кажувале дека се Македонци, а не Грци. Затоа, тој остава на читателите да се запознаат со античката историја и сами да одлучат дали Македонците биле Грци или посебен македонски народ.

Андреа Бранов, чиј корени се од Егејска Македонија се надева и верува дека античката историја ќе остане како историја, а денес Македонците и Грците потребно е да имаат добрососедски заеми односи на европски начин за доброто и иднината на двата народа.

СОДРЖИНА

	ВОВЕД	**5**
1.	**Урлих Вилкен: ВОВЕД ВО СТУДИИТЕ ЗА АЛЕКСАНДАР ТРЕТИ МАКЕДОНСКИ (ВЕЛИКИ)**	**17**
2.	**Урлих Вилкен: СОВРЕМЕНИ ПРОУЧУВАЊА ЗА ГОЛЕМИОТ АЛЕКСАНДАР (ДЕЛ I)**	**23**
3.	**Урлих Вилкен: СОВРЕМЕНИ ПРОУЧУВАЊА ЗА ГОЛЕМИОТ АЛЕКСАНДАР (ДЕЛ II)**	**28**
4.	**КОЈ Е УРЛИХ ВИЛКЕН АВТОРОТ НА РОМАНОТ „АЛЕКСАНДАР ВЕЛИКИ“?**	**33**
5.	**ИЗВОРИ ЗА ВИСТИНАТА НА АЛЕКСАНДАР МАКЕДОНСКИ (ВЕЛИКИ)**	**38**
6.	**ВИЛКИНСОНОВАТА БИОГРАФИЈА ЗА АЛЕКСАНДАР МАКЕДОНСКИ (ВЕЛИКИ)**	**42**
7.	**ДЕЛ ОД ВИСТИНАТА ЗА АНТИЧКИТЕ ГРЦИ ВО IV ВЕК**	**49**
8.	**КОНФЛИКТИ НА ЕЛИНИСТИЧКИТЕ (АНТИЧКИТЕ) ГРЧКИ ГРАДОВИ – ДРЖАВИ**	**55**
9.	**МОНАРХИЈАТА- СИСТЕМ НА ВЛАДЕЕЊЕ КАЈ ЕЛИНИТЕ**	**60**
10.	**РАЗЛИКИ И ЕДНАКВОСТ МЕЃУ ЕЛИНИТЕ И ВАРВАРИТЕ**	**66**
11.	**КОИ БИЛЕ ЕЛИНИТЕ, А КОИ МАКЕДОНЦИТЕ?**	**71**
12.	**ГОЛЕМИОТ ГЕНЕРАЛ, ДРЖАВНИК И ДИПЛОМАТ ФИЛИП ВТОРИ МАКЕДОНСКИ**	**77**
13.	**ФИЛИП МАКЕДОНСКИ – КРЕАТОРОТ НА МАКЕДОНСКАТА ФАЛАНГА**	**83**
14.	**ФИЛИП МАКЕДОНСКИ И НЕГОВИТЕ ВИЗИИ И ПЛАНОВИ ЗА АНТИЧКА МАКЕДОНИЈА**	**90**
15.	**ФИЛИП ВТОРИ МАКЕДОНСКИ - ГОЛЕМИОТ ХЕГЕМОН**	**97**
16.	**ФИЛИП МАКЕДОНСКИ–СТРАТЕГ НА КОРИНТСКАТА ЛИГА**	**103**
17.	**МЛАДОСТА НА ИДНИОТ КРАЛ АЛЕКСАНДАР МАКЕДОНСКИ**	**110**
18.	**УБИСТВОТО НА ГОЛЕМИОТ СТРАТЕГ ФИЛИП МАКЕДОНСКИ**	**115**
19.	**МЛАДИОТ КРАЛ АЛЕКСАНДАР И НЕГОВОТО ВЛАДЕЕЊЕ ДО ВОЈНАТА СО ПЕРСИЈА**	**121**
20.	**АЛЕКСАНДАР ЈА ПРОШИРУВА АНТИЧКА МАКЕДОНИЈА ПРЕКУ РЕКАТА ДУНАВ**	**128**
21.	**ПО СТАПКИТЕ НА ФИЛИП - АЛЕКСАНДАР СЕ ЗАЦВРСТУВА КАКО ХЕГЕМОН**	**134**
22.	**ПОДГОТОВКИТЕ НА АЛЕКСАНДАР МАКЕДОНСКИ ЗА ПЕРСИСКАТА ВОЈНА**	**141**
23.	**ПОЧЕТОЦИ НА ПОБЕДОНОСНАТА ВОЈНА ВО МАЛА АЗИЈА**	**146**
24.	**ПРИМЕНА НА „КОСИОТ БОРБЕН СТРОЈ“ НА ГРАНИК ПРВАТА БИТКА СО ДАРИЈ**	**151**
25.	**АЛЕКСАНДАР МАКЕДОНСКИ КАКО ИДЕН ВЛАДЕТЕЛ НА МАЛА АЗИЈА**	**156**

26. ВЛАДЕЕЊЕТО НА АЛЕКСАНДАР СО ПРОВИНЦИИТЕ ЛИДИЈА И КАРИЈА 162
27. АЛЕКСАНДАР ТРЕТИ МАКЕДОНСКИ ГО ПРЕСЕКУВА ГОРДИЕВИОТ ЈАЗОЛ 167
28. БИТКИ КАЈ РЕКАТА ПИНАР ВО СИРИЈА – ЕДНА ОД ПОБЕДОНОС-НИТЕ ЗА АЛЕКСАНДАР 172
29. ПОБЕДОНОСНАТА БИТКА НА АЛЕКСАНДАР КАЈ ИС 178
30. АЛЕКСАНДАР ГИ ОСВОИ ГРАДОВИТЕ ДАМАКС И СИДОН 183
31. БИТКАТА КАЈ ТИР И ПОНУДАТА НА ДАРИЈ НА СВОЈАТА ЌЕРКА И 10.000 ТАЛАНТИ 189
32. АЛЕКСАНДАР МАКЕДОНСКИ ВОЗДИГНАТ НА СТЕПЕН НА БОЖЕ-СТВО ВО ЕГИПЕТ 194
33. АЛЕКСАДАР МАКЕДОНСКИ ВО АЛЕКСАНДРИЈА – ПРИСТАНИШТЕ-ТО НА ИДНИНАТА 199
34. АЛЕКСАНДАР МАКЕДОНСКИ ВО ОАЗАТА СИВА – ЕГИПЕТ 204
35. АЛЕКСАНДАР МАКЕДОНСКИ НА СРЕДБА СО ПРОРОКОТ ВО ХРАМОТ ВО СИВА 210
36. ЗАМИНУВАЊЕТО ОД ЕГИПЕТ – ПРЕОБРАЗУВАЊЕТО НА АЛЕКСАНДАР ВО СИН НА БОГА 216
37. БИТКИТЕ КАЈ ГАВГАМЕЛА МЕЃУ АЛЕКСАНДАР МАКЕДОНСКИ И ПЕРСИСКИОТ ЦАР ДАРИЈ 223
38. ПРЕСТОЈОТ НА АЛЕКСАНДАР МАКЕДОНСКИ ВО ВАВИЛОН 229
39. АЛЕКСАНДАР МАКЕДОНСКИ ВО ПЕРСЕПОЛ – РИЗНИЦАТА НА ДАЛЕЧНИОТ ИСТОК 235
40. АЛЕКСАНДАР НА ПАТ КОН ОСВОЈУВАЊЕТО НА ИРАН 240
41. БИТКИТЕ ШТО АЛЕКСАНДАР ГИ ВОДЕЛ ВО ИРАН 246
42. АЛЕКСАНДАР И НЕГОВАТА ЉУБОВ РОКСАНА 253
43. ОСУДАТА И УБИСТВОТО НА ФИЛОТА И ПАРМЕНИОН 259
44. ЗАГОВОРИ ПРОТИВ АЛЕКСАНДАР МАКЕДОНСКИ И УБИСТВОТО НА КАЛИСТЕН 265
45. ПОХОДОТ НА АЛЕКСАНДАР МАКЕДОНСКИ КОН ИНДИЈА 270
46. ПРВАТА БИТКА НА АЛЕКСАНДАР ВО ИНДИЈА 277
47. ПОСЛЕДНАТА БИТКА ЗА КОЊОТ БУКЕФАЛ И ОТКРИТИЈАТА ВО ИНДИЈА 283
48. ПРИКЛУЧУВАЊЕ НА ИНДИЈА КОН АЗИСКОТО ЦАРСТВО 389
49. ЗАМИНУВАЊЕТО НА ВОЈСКАТА НА АЛЕКСАНДАР МАКЕДОНСКИ ПО РЕКАТА ИНД 296
50. ВРАЌАЊЕТО НА АЛЕКСАНДАР ОД ПАТАЛА ВО ИНДИЈА 302
51. ГРАДОТ СУСА –МЕСТО НА СРЕДБИ И РАЗДЕЛБИ 308
52. АЛЕКСАНДАР СЕ ОЖЕНИ СО СТАТИРА А ХЕВЕСТИОН СО ДРИПЕТА - ЌЕРКИТЕ НА ДАРИЈ 314
53. ПРОБЛЕМИТЕ СО ПАРИЧНИТЕ СРЕДСТВА ВО АТИНА И ВО ДРУГИ РЕГИОНИ НА ЕЛАДА 321
54. ПОМИРУВАЊЕ НА АЛЕКСАНДАР СО СВОИТЕ АНТИЧКИ МАКЕДОНЦИ 325
55. АЛЕКСАНДАР ТРЕТИ МАКЕДОНСКИ ОБЕДИНУВАЧ НА ЦЕЛИОТ ИСТОК 333
56. ЗНАЧАЈНИТЕ ИСТРАЖУВАЊА ВО АРАБИЈА И КАЈ РЕКИТЕ ТИГАР И ЕУФРАТ 339

57. ПОСЛЕДНИТЕ ДЕНОВИ ОД ЖИВОТОТ И СМРТТА НА АЛЕКСАНДАР МАКЕДОНСКИ 345
58. ОСВРТ КОН ЖИВОТОТ И ДЕЛОТО НА ГОЛЕМИОТ АЛЕКСАНДАР ТРЕТИ МАКЕДОНСКИ 352
59. АЛЕКСАНДАР КАКО КРАЛ НА МАКЕДОНИЈА, ХЕГЕМОН НА КОРИНТСКАТА ЛИГА, ГЕНЕРАЛ, ОСВОЈУВАЧ 357
60. АЛЕКСАНДАР МАКЕДОНСКИ КАКО КРАЛ НА ПЕРСИСКАТА ИМПЕРИЈА И СВЕТСКИ ВЛАДАТЕЛ 363
61. КОВАНИТЕ ПАРИ НА АЛЕКСАНДАР ВО АНТИЧКАТА МАКЕДОНСКА ИМПЕРИЈА 371
62. ИЗГРАДБА НА БРОЈНИ ЗНАЧАЈНИ ХРАМОВИ ПОСВЕТЕНИ НА АНТИЧКОТО ВРЕМЕ 377
63. ПРЕГЛЕД НА ЗАВОЈУВАНИТЕ СТРАНИ И ПРОПАЃАЊЕ НА ИМПЕРИЈА ПО СМРТТА НА АЛЕКСАНДАР 382
64. ПТОЛОМЕЈ I НЕ ГИ СМЕСТИ ПОСМРТНИТЕ ОСТАНКИ ВО АМОН, ТУКУ ВО МЕМФИС, А ПОТОА ВО КРАЛСКИОТ ДЕЛ НА АЛЕКСАНДРИЈА 388
65. ВОСПОСТАВУВАЊЕ НА КУЛТОТ БОЖЕСТВО ПО СМРТТА НА АЛЕКСАНДАР МАКЕДОНСКИ 395
66. ИДЕИТЕ НА РИМСКИТЕ ВЛАДЕТЕЛИ ЗА ПРОШИРУВАЊЕ И НА СВЕТСКАТА ИМПЕРИЈА НА АЛЕКСАНДАР 401
67. ТРГОВСКИТЕ ПАТИШТА ЗА ВРЕМЕ НА АЛЕКСАНДАР МАКЕДОНСКИ И РИМСКАТА ИМПЕРИЈА 407
68. ВРСКИТЕ ПО КОПНО И ПО ВОДА СО БРОДОВИ МЕЃУ ЦРВЕНОТО МОРЕ, МЕДИТЕРАНОТ И РЕКАТА НИЛ 413
69. ТРГОВСКИ МОРСКИ ГРАДОВИ ПРЕКУ КОИ СЕ ОДВИВАШЕ ГОЛЕМА ТРГОВИЈА НА СТОКИ И ПАРИ МЕЃУ ДРЖАВИТЕ 419
70. ПРОБИВ НА РИМСКИОТ ЕКСПАНЗИОНИСТИЧКИ ЕКОНОМСКИ КРУГ НА СИТЕ СТРАНИ НА СВЕТОТ 425
71. АЛЕКСАНДАР ГИ ПОТТИКНА НАУЧНИЦИТЕ ВО УНАПРЕДУВАЊЕТО РАЗЛИЧНИ ГРАНКИ ВО НАУКАТА 432
72. МЕШАЊЕ НА РАЗЛИЧНИТЕ КУЛТУРИ, РЕЛИГИИ И НАЦИИ НА НАРОДИТЕ ОД ЗАПАД И ОД ИСТОК 438
73. ЕФИКАСНОСТА НА РОМАНИЗАЦИЈАТА ВО ЗАПАДНА ЕВРОПА И ВО ИСТОЧНИТЕ ЗЕМЈИ 445
74. РАЗВОЈНИОТ ПАТ НА БРОЈНИ НАУЧНИ ДИСЦИПЛИНИ ОД ЕГИПЕТ И ВАВИЛОН КОН ИСТОК И ЗАПАД 451
75. ИМЕТО И ДЕЛОТО НА АЛЕКСАНДАР РАШИРЕНО ОД АНТИЧКА МАКЕДОНИЈА ДО ИНДИЈА 457

ДОДАТОК: МАКЕДОНСКАТА ГОЛГОТА 466
ПОТЕКЛО – ЕТНОГЕНЕЗА НА ДРЕВНИТЕ МАКЕДОНЦИ 473
МАКЕДОНИЈА ВО ПЕРИОДОТ НА ФИЛИП II МАКЕДОНСКИ 478
АЛЕКСАНДАР МАКЕДОНСКИ ВО ИЗРАЕЛ 484
АЛЕКСАНДАР МАКЕДОНСКИ НА Д-Р ВЛАДАН ВЕЛКОВ 487
ЗАКЛУЧОК 491
БИОГРАФИЈА НА СЛАВЕ КАТИН 504
ОБЈАВЕНИ ПУБЛИКАЦИИ НА СЛАВЕ КАТИН 507
БИОГРАФИЈА НА ГЕОРГИ БРАНОВ 511

CIP - Каталогизација во публикација
Национална и универзитетска библиотека "Св. Климент Охридски", Скопје

94(381)"-0356/-0323"
32-05Александар Македонски

КАТИН, Славе
Александар Македонски / Славе Катин, Георги Бранов. - Скопје : Македонска искра, 2019. - 522 стр. ; 21 см. - (Едиција Историја)

Биографија на Славе Катин: стр. 504-506. - Биографија на Георги Бранов: стр. 511-515. - Библиографија: стр. 507-510

ISBN 978-608-202-068-6
1. Бранов, Георги [автор]
а) Александар Македонски (356 г.п.н.е-323 г.п.н.е) б) Македонија, античка - Историја
COBISS.MK-ID

СЛАВЕ КАТИН
АЛЕКСАНДАР МАКЕДОНСКИ

Главен и одговорен уредник
Славе Катин

За издавачот
Драган Поповски

Уредници
Зорица Ангеловска – Ковачевиќ
Славе Катин

Лектор
Елена Тошева

Ликовно и графичко обликување
Бобан Аврамовски - Македон
КОНТУРА, Скопје

Печат
ОФСЕТ, Скопје